БИЛТЕН

7/8

2001

Интернет адреса
на Министерството за финансии на Република Македонија
http://www.finance.gov.mk/

Интернет адреса
на Агенцијата на Република Македонија за приватизација
http://www.mpa.org.mk/

Интернет адреса
на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност
http://www.mse.org.mk/

Интернет адреса
на Комисијата за хартии од вредност
http://www.sec.gov.mk/

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јули/август 2001

СОДРЖИНА

Перспективи на светската економија 7
Глобално Евро 12
Економски трендови во Европската унија 14

ТАБЕЛИ И ГРАФИЧКИ ПРИКАЗИ

Табела 1: Република Македонија - Основни макроекономски индикатори 17
Одбрани макроекономски индикатори во земјите-кандидатиза прием во Европската унија 17
Бруто домашен производ 18
Цени 19
Работна сила (според Анкетата на работната сила) 19
Надворешно-трговска размена 19
Индустриското производство во 2001 година 20
Цените во 2001 година 21
Надворешно-трговската размена во 2001 година 23
Надворешен долг 25
Табела 2: Состојба на надворешниот долг 25
Буџетски приходи 26
Табела 3: Приходи на Централниот буџет на Република Македонија 29
Буџетски расходи 30
Табела 4: Расходи на Централниот буџет на Република Македонија 33
Табела 5: Буџет - Централна државна власт 34
Табела 6: Фонд за пензиско и инвалидско осигурување 35
Табела 7: Фонд за здравствено осигурување 36
Табела 8: Републички завод за вработување 37
Табела 9: Фонд за магистрални и регионални патишта 38
Македонска берза на долгорочни хартии од вредност 39
Табела 10: Македонска берза - Извештај за тргување од 1.05 до 31.05.2001 41
Пазар на пари и краткорочни хартии од вредност 43
Факти за приватизацијата 44
Табела 11: Ранг листа на големи фирми 50

СТАТИИ

Драган Тилев - Европската унија - стратешка цел на Република Македонија 51
Александра Наќева - Реформата на пензискиот систем во Република Македонија 59
Зорица Апостолска - Осврт на капитално финансираното
пензиско осигурување и предлог законот 63
Слаѓан Михајловски - Виртуелните Е-трговија, Е-бизнис и Е-банкарство - повеќе од реалност . . . 67
Златко Ветеровски - Основните карактеристики
на царинскиот систем на Република Македонија 70
Ванчо Каргов - Ребаланс на буџетот 2001 77
Трајко Спасовски - Предлог буџетските пресметки
за 2002 година и нивната програмска структура 84
Нада Пенова - Новини во законот за трговските друштва од аспект
на поедноставувањето и забрзувањето на постапката за упис 87
Марија Крстевска - Реосигурување - најбрз и најефикасен начин на дисперзирање на ризикот . . . 90

Томо Томовски - Законот за инвестициони фондови
во Република Македонија - мотив за профит 92
Стеван Шапчевски - Централен регистар - од визија до стварност 97
Виолета Стојановска Петровска - Небанкарски финансиски институции
во Република Македонија - состојби и перспективи 100
Златко Антевски - Правната рамка - важен фактор
во привлекувањето на странските инвестиции (Трет дел) 105
Менка Спасовска / Љубомир Јорданов - Законот за јавни набавки и потребата
од неговото изменување и дополнување 108
Доне Влашки - Цели и приоритети на развојната политика на Република Македонија 113
Д-р Борис Блажевски - Странските директни инвестиции - пропулзивен фактор на развојот 118
Оливера Цветановска - Предизвикот на слободната трговија 123
Зорица Дончевска - Слободни економски зони 127
Лилјана Поповиќ - Можности за странски вложувања
во Република Македонија од аспект на законот за градежно земјиште 130
Александар Стојков - Макроекономската рамка
во редизајнираната програма поддржана од ММФ 133
Доне Влашки / д-р Борис Блажевски - Малите и средните претпријатија
- двигатели на развојот и вработеноста 137
Ирена Папазова - Воспоставување на компатибилен пресметковен систем
во Република Македонија 142
Стивен Ночески - Имплементација на законот за регистрирање
на готовински плаќања - вовед во фискална автоматизација 149

Закон за спречување на перење пари 153
Извештај за економските импликации од кризата во Република Македонија 155
Даночниот систем, даночната политика
и надворешно - трговскиот систем во Република Македонија 161
Банки во Република Македонија 187

ПОЧИТУВАНИ,

Пред Вас е летниот двоброј на билтенот на министерството за финансии.

Јули и август оваа година не беа месеци во кои македонците се одмараа како порано, како и сите останати. Преполни со бурни, и секако историски настани поврзани со политичката криза, овие два месеца ни одблиску не личеа на истите во претходните години.

Покрај сите проблеми од таков тип, сепак парламентот неодамна го усвои **законот за спречување на перење пари** кој министерството за финансии и Владата го изготвија и прифатија уште во јуни. Така оваа исклучително важна материја си го доби своето место во правно економскиот систем на Македонија.

Перењето пари е сериозен проблем кој подолго време ја загрозува глобалната економија. „Нечистите“ пари се штетни за угледот на секоја земја и ги одвраќаат чесните инвеститори. Мерките и дејствијата кои се превземаат со македонскиот закон за откривање и спречување перење пари во македонскиот закон се однесуваат на идентификација на клиенти кога готовинските трансакции надминуваат износ од 10.000 ЕВРА во денарска противредност или во случај на поврзани трансакции (трансакции кои се повторуваат) кои заедно ја надминуваат вредноста од 10.000 ЕВРА, како и следење на одредени трансакции кои се одвиваат во невообичаени околности и за кои постои сомневање за економската и правната оправданост. Законот предвидува формирање дирекција за спречување на перење пари, како орган кој во соработка со неколку други државни органи и меѓународни институции ќе превзема мерки за откривање и спречување на перење пари и ќе врши прием, анализа и обработка на податоците и извештаите од превземените активности. Па така, од први март следната година, од кога ќе започне имплементацијата на овој закон, при извршување на трансакции кои задоволуваат определени критериуми согласно овој закон, субјектите се должни да ја известуваат дирекцијата за спречување перење пари. Доколку дирекцијата од проверката на податоците, а врз основа на цврсти докази утврди дека постои основано сомнение за перење пари, ги известува надлежните државни органи (судовите, министерството за внатрешни работи и други).

Покрај овој закон парламентот го усвои и **законот за агенција за управување со средства** (кој го заменува претходниот закон за санација на банка), измените и дополнувањата на **законот за државна ревизија**, на **законот за сметководство** (со кој меѓу другото се формира саморегулирачка сметководствена организација), и уште неколку други закони од реформски тип, а е и пред донесување на новиот закон за централната банка, како и новите закони за чек и закон за меница. **Во министерството веќе се работи на закон за лизинг, закон за штедилници, нов закон за осигурување, буџетот за 2002 година, нов закон за буџет, измени на законот за јавни набавки како и проектот за електронска трговија и електронско банкарство**.

По почетните турболенции од политичката криза и превземените мерки на министерството за финансии и централната банка **курсот на денарот се врати на претходното ниво и се стабилизира, цените се стабилни, а запрен е и трендот на намалување на девизните резерви на земјата**, кој се појави од почетокот на воената криза (февруари) па до почетокот на јули. **Денарската ликивидност по постигнатиот негативен шпиц во јуни и јули сега се подобрува и дава позитивни сигнали. Меѓубанкарските позајмувања се враќаат на претходните нивоа.**

Сепак економијата многу губи од сегашните случувања во политиката и нападот од албанските терористи и намалувањето на извозот, производството и БДП е очевидно. Ова влијае на зголемување на невработеноста и на сиромаштијата. Ова е главно заради фактот што огромен број странски партнери на македонските компании, исплашени од настаните во земјата ја прекинаа соработката од би-

г-дин Никола **ГРУЕВСКИ**

Министер за финансии

ло каков вид со домашните компании. Исто така и домашните инвеститори одложија дел од своите планирани инвестиции. Од друга страна донесувањето на ребалансот на буџетот од страна на парламентот доцнеше речиси 4 месеци, со што изостана ефектот на инвестирањето на дел од средствата од продажбата на македонскиот телеком. Јунските проекции подготвени со ММФ во однос на БДП сега изгледаат недостижни. Впрочем тие се базираа на претпоставката дека сите воени дејства ќе завршат до крајот на јули а проектите од телекомот ќе започнат да се имплементираат уште во јуни, што исто така не се случи. Па така наместо 2,5 процентен проектиран раст на БДП, сега веќе очекувањата се дека годинава веројатно ќе ја завршиме помеѓу пад од 1 процент или најмногу нула пораст. Како и да е и ова е условено од воените дејствија на албанските терористи.

Сега земјата е во фаза на **расправа на уставните промени**, и сите големи економски сили од меѓународната заедница нескриено најавуваат дека по завршувањето на оваа фаза ќе дадат економска помош на земјата на **донаторска конференција** која би требало да се организира веднаш по завршувањето на расправата во парламентот за уставните промени. Нашите досегашни искуства од вакви настани не се многу позитивни, па затоа овојпат со голема доза на скептицизам ја очекуваме донаторската конференција.

Трансформацијата на платниот промет е речиси на средината на шестмесечниот период на трансформација и **се одвива согласно планот**.

На прагот сме на воведувањето на спроведувањето на законот за готовински плаќања и воведувањето на фискалните машини и читачите на пластични картички во целокупната малопродажба.

Сепак, и покрај сите наши напори, ова е време кога македонската економија е најдиректно условена од политиката, поточно војната со албанските терористи ги детерминира рамките на економските состојби и развој.

Никола Груевски

ПЕРПСЕКТИВИ НА СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА

Глобалното индустриско производство падна на годишна стапка од 6% во првата половина од 2001 година. Наскоро, сликата може да стане и полоша. Првичните проценки наведуваат на тоа дека бруто светскиот производ, како целина, би можел да се намали во вториот квартал, што е веројатно прв пат во последните две децении. Посакајте ѝ добредојде на првата глобална рецесија на 21. век!

Една по една, економиите низ светот паѓаат како домино. Со повторното намалување на каматните стапки оваа недела-седми пат оваа година, Федералниот резервен систем се надева дека може да ја извлече Америка од рецесијата. Но, во сè поголем број економии, од Јапонија и Тајван до Мексико и Бразил, бруто домашниот производ веќе се намалува. Глобалното индустриско производство падна на годишна стапка од 6% во првата половина од 2001 година.

Наскоро, сликата може да стане и полоша. Првичните проценки наведуваат на тоа дека бруто светскиот производ, како целина, би можел да се намали во вториот квартал, што е веројатно прв пат во последните две децении. Посакајте ѝ добредојде на првата глобална рецесија на 21. век!

Досега, Америка избегна техничка рецесија изразена преку опаѓање на БДП во два квартала. Но, на 29 август од ревидираните цифри се очекува да покажат дека порастот на БДП на Америка во вториот квартал беше приближно нула или дури негативен, за разлика од првично најавената годишна стапка од 0,7%. Бидејќи растот на БДП во текот на неколку квартали беше многу понизок од планираното, а во исто време профитот се намалуваше и невработеноста растеше, сегашната состојба многу „мириса“ на рецесија.

Американскиот индекс на главните економски индикатори порасна во текот на четири последователни месеци, навестувајќи дека постои можност најлошото да помине. Но, сепак, не постои знак на брзо закрепнување на економијата (во форма на буквата „В“), кое повеќето економисти го ветија претходно во текот на оваа година. Опаѓањето на новите нарачки за електротехнички стоки од 32% во текот на годината до јуни, сигнализира дека потрошувачката и понатаму ќе опаѓа како одговор на слабиот профит и вишокот капацитет на фирмите. Извештајот на Федералниот резервен систем за месечно следење на економската активност, навестува дека опаѓањето во производството сега се проширува на остатокот од економијата.

Досега, потрошувачите ја одржуваа американската економија-делумно благодарејќи на зголемените цени на станбениот простор; кои извршија амортизација на падот на цените на акциите. Но, продажбата на мало остана на приближно еднакво ниво и во јуни и во јули, од годишна стапка на пораст од 10% на почетокот на 2000 година, а потрошувачките кредити забележаа пад во јуни. Многу коментатори сметаат дека Америка сè уште може да ја избегне рецесијата, сè додека потрошувачката целосно не „колабира“. Но, ако се земе предвид 1982 година, сега работите стојат поинаку. Тогаш Америка се наоѓаше во најдлабоката рецесија од триесеттите години наваму, а сепак потрошувачката продолжи да расте, компензирана со намалување на инвестициите и извозот.

Грижата за работните места може да доведе до поголеми заштеди од страна на работниците. Стапката на невработеност порасна за 0,6 процентни поени од минатиот октомври, а неодамна најавените големи отпуштања на работници, наговестуваат понатамошно зголемување. Голдман Сакс предвидува стапка од 5,2% во 2002, во споредба со минатогодишната стапка од 3,9%. Никогаш досега невработеноста не пораснала толку многу, а тоа да не доведе до рецесија.

НИКАДЕ НЕ Е СИГУРНО

На почетокот од оваа година, кога Америка прв пат „кивна“, Европската централна банка (заедно со повеќето економисти од приватниот сектор) тврдеше дека евро-зоната е изолирана од падот во Америка и не постои место за грижа. Се чини дека ова беше погрешно тврдење. Во Германија постојат стравови од рецесија поради намалувањето на деловните инвестиции и продажбата на мало. За ова е виновна послабата домашна потрошувачка, а не извозот. Новите показатели од оваа недела ја потврдија стагнацијата на БДП во Германија во вториот квартал. Но, истражувањето на ИФО за деловната доверба даде подобри резултати од очекувањата во јули, зголемувајќи се за прв пат оваа година.

БДП во Италија опадна во вториот квартал, и иако порастот се држеше подобро во Франција и Шпанија, повеќето економисти сметаат дека порастот во еврозоната во целина беше близу нула во кварталот. Никој не предвидува рецесија во евро зоната за оваа година, но повеќе не се очекува таа да претставува двигател на светскиот пораст.

Што се однесува до Јапонија, таа веројатно веќе се наоѓа во рецесија. БДП на Јапонија незначително порасна во првиот квартал, но само поради фактот што потрошувачката беше поттикната од воведувањето на нов закон за рециклирање, кој ги поттикна домаќинствата да купуваат фрижидери и телевизори. Голдман Сакс смета дека цифрите од 7 септември можат да покажат дека БДП опадна на годишна стапка од 6% во вториот квартал, а намалувањето веќе речиси сигурно ќе продолжи во втората половина од годината.

Постојаната дефлација продолжува да го ослабнува трошењето со зголемување на реалното оптоварување на долгот и поттикнување на потрошувачите да го одложат трошењето. Ревидираниот индекс на трошоци на живот во Јапонија, кој треба да се објави следната недела, веројатно ќе покаже дека дефлацијата е полоша од она што се мислеше. Новиот индекс ќе вклучува ажурирани пондери и нови стоки чија цена е нагло опадната, како на пример, давачките за персоналните сметачи и мобилните телефони.

Грижите околу дефлационата спирала ја поттикнаа Банката на Јапонија минатата недела да објави дека ќе впумпа повеќе ликвидност во економијата, покачувајќи ги резервите на банките во централната банка и откупувајќи повеќе државни обврзници. Тоа беше вистински чекор, но веројатно недоволен за да се избегне дефлацијата. Владиниот план за намалување на јавната потрошувачка, исто така, веројатно ќе ја намали економската активност.

ОСНОВНО СЦЕНАРИО ЗА СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА НА СРЕДЕН РОК

	1999	2000	2001	2002
	Годишни стапки			
Светски реален БДП	3,5	4,8	3,2	3,9
Развиени економии	3,4	4,1	1,9	2,7
Земји во развој	3,8	5,8	5,0	5,6
Земји во транзиција	2,6	5,8	4,0	4,2
Индекс на потрошувачки цени				
Развиени економии	1,4	2,3	2,1	1,8
Земји во развој	6,7	6,1	5,7	4,8
Земји во транзиција	43,9	20,1	15,3	10,0
Реални каматни стапки				
Шестмесечна ЛИБОР	4,0	4,6	2,5	2,2
Светска долгорочна каматна стапка	3,3	2,9	2,2	2,3
	Процент од БДП			
Салдо на тековната сметка				
Развиени економии	–0,5	–1,0	–1,1	–1,0
Земји во развој	–0,4	0,9	0,0	–0,7
Земји во транзиција	–0,3	3,6	1,6	0,4
Вкупен надворешен долг				
Земји во развој	43,4	39,2	38,2	36,7
Земји во транзиција	53,1	49,8	44,6	42,0
Сервисирање на долгот				
Земји во развој	7,3	6,4	5,6	5,2
Земји во транзиција	6,7	6,4	6,2	6,1

Извор: World Economic Outlook, May 2001, International Monetary Fund, Washington D.C.

Ако се тргне од фактот дека порастот во вториот квартал беше приближно нула во Америка и во евро зоната, и дека во Јапонија имаше остар пад, БДП на богатите економии земени во целина за прв пат од

крајот на 1990 се намалува. Но, за разлика од 1990, голем број на економии во подем, исто така, се движат кон рецесија.

ЗАЕДНО ПРОПАЃАМЕ

Некои економски индикатори кои пристигнуваат од Источна Азија се навистина застрашувачки. Сингапур и Тајван доживеаја пад на БДП во два квартала. БДП на Сингапур опадна на годишна стапка од 11% во првата половина од годината, а на Тајван на 6%. Економијата на Јужна Кореја остро се намали, а показателите од вториот квартал покажуваат дека Малезија и Тајланд исто така опасно се приближуваат кон рецесија. Проценката на Ј. П. Морган е дека економиите во подем во Источна Азија, со исклучок на Кина, доживеаја пад во вториот квартал и дека тоа повторно ќе се случи во третиот.

Проблемот на Источна Азија се состои во тоа што регионот во преголема мерка се потпира на извоз на опрема за информатичка технологија (ИТ) во САД. Бумот во инвестициите на Америка во ИТ им овозможи на азиските економии да заздраваат од финансиската криза во 1997-98 многу побрзо од очекуваното, но бидејќи бумот се претвори во пропаст, сега тие беа повлечени надолу. Вкупниот извоз на Тајван опадна за 28% во текот на целата година до јули. Покрај колапсот во извозот, Азија исто така се соочува и со огромно заслабнување на капацитетите, а истовремено и со ризик од остро намалување на инвестициите.

Иако падот на Америка може да биде главниот виновник, поранешните тигри од Источна Азија, исто така, носат дел од вината. Силата на нивното заживување доведе до поттикнување на потребата за структурни реформи, како на пример, чистење на билансите на банките и намалување на долговите на претпријатијата. Како резултат на тоа, порастот на домашната побарувачка беше релативно слаб, правејќи ги економиите дури и позависни од извозот. Извозот на стоки и услуги на Јужна Кореја порасна од 30% од БДП во 1996 година на 45% минатата година; на Тајланд од 39% на 66%. Според тоа, Азија е поизложена на глобалниот пад од кога и да е.

Во Латинска Америка, Аргентина и Мексико веќе се во рецесија, а се чини дека и Бразил ќе им се приклучи по падот во вториот квартал на неговиот БДП од 4% на годишно ниво. Проблемот на Аргентина потекнува од ригидната врска на пезосот со доларот, што ја намали конкурентноста и ги зголеми каматните стапки на нејзините големи долгови. Бразил беше погоден од финансиската инфекција од неговиот сосед; главоболката на Мексико се состои во тоа што нејзиниот извоз во Америка изнесува 25% од неговиот БДП. БДП на Мексико опаѓаше во текот на три последователни квартали.

Постојат некои исклучоци во светот за економиите, коишто се чини дека се релативно непогодени од глобалниот пад на економската активност. На пример, иако порастот на Кина се намали на 5% (на годишно ниво) во вториот квартал, сè уште се смета дека ќе порасне за речиси 8% за целата година, а кај Индија за 5%. Но, со одржувањето на производството или неговото опаѓање во вториот квартал во економиите кои заедно сочинуваат две третини од светското производство, светот може веќе да се наоѓа во рецесија.

Најзагрижувачкиот аспект на моментниот пад на глобалната економија е тоа што тој е пошироко распространет отколку претходните светски падови во 1975, 1982 или 1991 година. Во сите три години официјално беше прогласена светска рецесија, но сепак глобалниот пораст на БДП се движеше меѓу 1,2% и 1,9%, бидејќи рецесијата во некои делови од светот беше амортизирана со пораст на друго место. (Ова е причината зошто порастот од 2% или помалку се смета за светска рецесија). Во 1975 година, иако порастот на цените на нафтата ги втурна богатите економии во рецесија, Латинска Америка и Азија останаа релативно силни. Во 1990-91, Америка падна во рецесија, но Јапонија, Германија и најголем дел од економиите во подем продолжија да напредуваат.

На почетокот од оваа година, кога Америка прв пат "кивна", Европската централна банка (заедно со повеќето економисти од приватниот сектор) тврдеше дека евро-зоната е изолирана од падот во Америка и не постои место за грижа. Се чини дека ова беше погрешно тврдење

Светската економија порасна за 4,8% во 2000 година, највисоко ниво од 1984 година наваму, и повеќето економии очекуваа 2001 година да биде уште една амортизирачка година. Дури и оние кои предвидуваа тешко приземјување на американската економија, не очекуваа целиот свет да доживее пад заедно со неа. „Надолните“ ревидирања на предвидувањата за порастот за 2001, беа невообичаено избрзани и веројатно тие се сè уште премногу оптимистички. Каде тргна наопаку?

Најмалку четири негативни сили доведоа до глобалниот пад:

- Прва и најважна, глобалниот бум во информатичката технологија почна да „се топи“. Минатата година беше очигледно дека меурот на американската информатичка технологија почна да

пука со пропаста на Насдаљ и опаѓањето на интернет компаниите, но беше нашироко признаено дека ова беше само мал меур во шоковите кои ги претрпе Интернет. Наместо ова публицитетот на „новата економија“ го наруши секторот на глобалната технологија и рамнотежата во целата американска економија.

Преголемиот ентузијазам за идните профити и евтиниот капитал поттикна преголеми инвестиции, особено во информатичката технологија. Последователниот колапс во потрошувачката на капитални добра оваа година ги погоди производителите на информатичка технологија, како дома, така и во странство. Во вториот квартал, деловните инвестиции опаднаа за годишни 15% во Америка и за проценети 18% во Јапонија според Морган Станлес.

- Вториот, тесно поврзан фактор, е колапсот на пазарите на акции низ целиот свет, кој го намали и богатството на секторот на домаќинства како и нивната желба да продолжат да трошат следејќи ја динамиката од минатата година. Просечниот пад од 28% во цените на акциите од почетокот на 2000 година, избриша 10 трилиони долари од глобалното богатство. Берзите во Европа и Азија пропаднаа уште повеќе од оние во Америка. Домаќинствата во Европа поседуваат помалку акции од американските, така што ефектот од богатството врз потрошувачката е помал. Сепак, падот во цените на акциите сериозно ја намали деловната доверба и инвестиционите планови.

Најзагрижувачкиот аспект на моментниот пад на глобалната економија е тоа што тој е пораширен отколку претходните светски падови во 1975, 1982 или 1991 година. Во сите три години официјално беше прогласена светска рецесија, но сепак глобалниот пораст на БДП се движеше меѓу 1,2% и 1,9%, бидејќи рецесијата во некои делови од светот беше амортизирана со пораст на друго место

Според една неодамнешна студија на ММФ беше заклучено дека додека промените во вредноста на нетехничките акции имаат мало влијание врз потрошувачката или инвестициите во Европа, секое намалување или зголемување во вредноста на техничките акции има исто толку големо влијание врз инвестициите и штедењето, како и во Америка. Ова може да објасни зошто растењето на американскиот технолошки меур влијаеше негативно врз порастот на Европа повеќе од очекуваното.

- Порастот во цените на енергентите минатата година ги намали реалните приходи кај економиите кои трошат нафта и ги намали профитите на фирмите. Економското влијание од повисоките цени на нафтата беше помало отколку во седумдесеттите, бидејќи богатите економии денеска користат само половина количина нафта за долар од БДП од порано. Сепак, повисоките цени на нафтата, недвосмилсено, го намалија глобалниот пораст.
- Последно, но не и најмалку важно, распространувањето на падот во Америка кон остатокот од светот е многу поинтензивно, отколку во минатото. Со поголемата интеграција на светската економија, падот во една економија се проширува побрзо на друга. Во текот на неколкуте минати години, светот во голема мера зависеше од Америка како двигател на порастот. Стивен Рош, од Morgan Stanley, смета дека две петтини од светскиот пораст на БДП во текот на последните пет години отпаднаа на САД, директно или индиректно преку впивање на увозот од другите земји. Ваквата зависност доведе до поголема чувствителност на светот на пропаста на Америка.

Економиите станаа цврсто поврзани со Америка преку трговијата, глобалните синџири за набавки и мултинационалните компании. Во текот на последната деценија, светската трговија порасна 2,3 пати побрзо од светскиот БДП, споредено со само 1,4 пати во претходните две децении. Увозот на Америка сега изнесува 6% од БДП на остатокот на светот, или два пати повеќе од 1990 година. Но, во првата половина на годината, увозот на Америка падна на годишна стапка од 13%, а увозот на опремата за информатичка технологија опадна на стапка од речиси 50%.

Синџирите на индустриската понуда станаа се' повеќе глобализирани, бидејќи фирмите во богатите економии го селат своето производство на поевтини места, како Источна Азија. Две петтини од порастот на Азија, без Јапонија, во 2000 година се должеше на порастот на извоз на информатичка технологија во Америка. Но, конвенционалната трговска статистика го потценува порастот во трговските врски, бидејќи мултинационалните компании играат растечка улога. Во 1998 година локалната продажба на американските подружници на германски фирми беше речиси четири пати поголема од нивниот извоз во Америка.

Така, падот во Америка го намали профитот на матичните компании. Американските мултинационални компании, исто така, одговорија на домашниот пад со намалување на производството и работните места во Европа и Азија, со префрлање на епидемијата од една област во друга. Исто така, Фуџитсу, проблематична јапонска електронска фирма, што туку најави дека ќе

укине 16.400 работни места, 10% од нејзината глобална работна сила. Поголемиот дел од укинувањата ќе бидат надвор од Јапонија.

Во текот на „добрите„ времиња, зголемената интегрираност меѓу економиите, им дозволи на другите земји да учествуваат во бумот на Америка. Сега, сепак, Америка извезува дел од нејзината рецесија во странство со тоа што помалку увезува. За возврат, економиите погодени од падот на Америка, купуваат помалку од САД и остатокот од светот, што понатаму ја намали побарувачката. Во првата половина од оваа година, увозот и извозот на Азија опаднаа за околу 20% на годишна стапка. Всушност, глобалната трговија се движи кон пропаст. The Economist Intelligence Unit, компанија сестра на The Economist, предвидува дека порастот во вкупната светска трговија ќе опадне на само 3% оваа година, од 13% во 2000. Ова е најостар пад од 1975.

КРАТКАТА И ДОЛГАТА ВЕРЗИЈА

Колку долго ќе трае светскиот пад во економијата? Повеќето економисти сè уште очекуваат дека и американската и светската економија ќе заживеат кон крајот на оваа година. Голдман Сакс на пример, смета дека глобалната економска активност ќе се „тетерави“ во овој квартал. Сепак, се очекува постепено заживување.

Постојат две причини за оптимизам. Прво, во голема мера благодарејќи на намалувањето на американските краткорочни каматни стапки од 6,5% на 3,5%, понудата на пари кај побогатите економии нагло се зголеми. Ако монетарната политика дејствува со истите задоцнувања како и во минатото, светот може да очекува силно заживување следната година. Второ, цените на нафтата паднаа, повлекувајќи ја инфлацијата и поттикнувајќи ги реалните приходи и профити.

Но, за жал билансот на ризикот лежи во недостатоците. На врвот на листата е ризикот дека Америка може да падне во рецесија со тоа што зголемувањето на невработеноста ја попречува потрошувачката. Ако доларот слободно падне, а не дојде до негов планиран пад, и тоа може да предизвика намалување на економската доверба. Економскиот пад на Америка веројатно, исто така, ќе трае многу подолго отколку што порано се очекуваше. Тој се разликува од другите економски циклуси од Втората светска војна. Обично, рецесиите беа предизвикани од високите каматни стапки наметнати против прегреанта побарувачка и инфлација. Напротив, ова претставуваше инвестиционен циклус на бумови и падови, повеќе налик на рецесиите пред војната. Во циклусите раководени од инвестиции, намалувањата на каматната стапка имаат тенденција да бидат помалку ефективни при поттикнувањето на побарувачката сè додека прекумерниот капацитет и долговите не се намалат.

Потоа, постои ризик од потфрлање на Аргентина во однос на долгот. Оваа недела ММФ се согласија на нов заем од 8 милијарди долари за Аргентина, како привремено решение. Фискалната дисциплина потребна за задоволување на условите на ММФ веројатно ќе ја пролонгира рецесијата на Аргентина. Добрата вест е што ризикот од широкото распространување на епидемијата од Аргентина на другите економии во подем може да е помал од оној од пред неколку години. Повеќето економии во подем имаат поголеми девизни резерви, помал краткорочен долг и флуктуирачки девизни курсеви. Се чини дека инвеститорите прават и поголема дискриминација меѓу заемопримачите. Сепак, ако Аргентина на крајот потфрли, другите економии во подем сигурно ќе страдаат.

Веројатно, најголемиот проблем кој носи висок ризик е тоа што цените на акциите во Америка се чини дека се сè уште преценети. Всушност неодамнешните надолни ревизии на порастот на продуктивноста и вкупните профити, мерени во рамките на националните сметки, го зголемија степенот на веројатноста дека навистина се работи за преценетост. Еден од успешните случаи на новата економија, веројатно, беше порастот во продуктивноста и профитот во доцните деведесетти. Но, официјалните показатели објавени неодамна повторно ја напишаа историјата. Се чини дека порастот на продуктивноста беше помалку воодушевувачки, отколку што се мислеше додека бумот во профитите во доцните деведесетти беше претежно илузија.

Новите показатели, кои ја земаат предвид вистинската вредност на акциите, покажуваат дека профитот опаѓаше како дел од националниот доход уште од 1997 година. Намалувањата во порастот на производството придонесоа предвидувањата на аналитичарите за порастот на долгорочните профити, и со тоа цените на акциите, да изгледаат дури и посмешни. Тие, исто така, наведуваат дека одржливата стапка на пораст на БДП на Америка е доста пониска од онаа во последните години.

Ризиците од поголем економски пад остануваат високи. Но, дури и ако Америка оваа година избегне рецесија, мала е веројатноста дека брзо ќе се врати на среќните денови од последните години. Многу американски инвеститори и потрошувачи сè уште не се свесни за овој факт.

Преземно од The Economist, August 25th 2001 (A global game of dominoes, Special report: The world economy).

ГЛОБАЛНО ЕВРО?

ДАЛИ ЕВРОТО КАКО МЕЃУНАРОДНА ВАЛУТА НЕКОГАШ ЌЕ МОЖЕ ДА МУ БИДЕ СОПЕРНИК НА ДОЛАРОТ?

Една од поголемите мистерии во економијата е зошто толку често предвидувачите даваат грешни проценки. Во случајот на еврото, тие направија спектакуларна грешка. Уште од неговото создавање, и покрај сите очекувања, еврото падна, а финансиските пазари продолжија да ги претпочитаат доларите во однос на еврата. Дали ова фатално ги ослабна шансите на еврото да му се спротивстави на доларот како меѓународна резервна валута?

Светот толку многу се навикна на доминантната улога на доларот како најшироко употребувана валута, така што тешко е да се припомни дека едно време (доцните седумдесетти години) беше хронично слаб, а исто толку тешко е да се размислува за идните промени. До крајот на деведесеттите години, повеќе од четири петтини од сите девизни трансакции беа трансакции во долари. Близу половина од светскиот извоз е деноминиран во долари. Делот од официјалните резерви искажан во долари се искачи од околу половина во 1990 година на две третини во 1999 година.

Сепак, еврото е, или барем има потенцијал да биде, првиот целосно независен ривал на доларот после повеќе од половина век. Некои економисти сметаа дека постоењето на една валута во целата евро зона ќе го задоволи, исто така, и вкусот на финансиските пазари надвор од Европа, така што ќе има поголемо влијание отколку валутите кои што ги замени. Како што европските пазари на капитал стануваа сè повеќе интегрирани, поликвидни и полесни за користење, евровалутниот пазар растеше, намалувајќи ги трансакционите трошоци. Оваа идеја посебно им се допадна на некои европски политичари кои видоа шанса најпосле да ѝ се стави крај на хегемонијата на доларот. Сепак, исходот не беше баш таков.

Џефри Фриден, професор на Харвардскиот универзитет, тврди дека при одредувањето на меѓународната улога на една валута особено важни се следниве четири фактори: стабилност, која го намалува ризикот од чување средства во таа валута; силен девизен курс, за да се избегнат капиталните загуби на инвеститорите; длабоки и ликвидни финансиски пазари, кои им овозможуваат на корисниците да ја диверзифицираат нивната сопственост или, пак, лесно да ја претворат во ликвидни средства; и цврста регулатива во заднината заради минимизирање на можноста од кризи.

Не се потребни многу анализи за да се види дека еврото до сега не успеа да ги исполни првите два критериуми на г-динот Фриден. Од јануари 1999 година, еврото падна од околу 1,20 долари на околу 87 центи, во одредени периоди дури и пониско. Не се стори ништо за да се привлечат потенцијалните инвеститори.

Сепак, изненадувачки голем дел од меѓународните обврзници и меници сега се деноминирани во евро. Според Банката за меѓународни порамнувања, повеќе од една третина од издадените обврзници и меници

во 2000 година беа во евро; новата валута доби посилен залет во првиот квартал од од оваа година, така што дури 47% отпаѓаат на таквите должнички инструменти. (Се разбира, ќе треба подолго време износот на долгот деноминиран во евро да достигне повисоко учество во вкупниот износ). На тој начин се чини дека еврото ги исполнува третиот и четвртиот критериум на г-дин Фриден и тоа му помогна да зазе ме добра позиција на меѓународните финансиски пазари.

Безрезервна поддршка?

Приказната за официјалните резерви е малку поинаква. Работниот документ[1] објавен од страна на Меѓународниот монетарен фонд, издаден минатата година, заклучи дека, со тек на време, односот меѓу побарувачката за одредена резервна валута и главните

[1] „Валутната структура на девизните резерви: ретроспектива и перспектива„ од Бери Ајхенгрин и Доналд Ј. Метисон.

фактори кои што влијаат врз таа побарувачка (трговските текови, финансиските текови и валутните режими), е неверојатно стабилен. Големината на евро зоната и новосоздадениот финансиски пазар, како и фактот дека на трговските текови отпаѓа поголем дел од бруто домашниот производ во евро зоната во однос на САД, укажува на неговата растечка улога во структурата на официјалните резерви.

Сепак, податоците на ММФ покажуваат дека, уште во 1999 година, девизните резерви кои се деноминирани во долари, всушност, го зголемиле учеството во вкупните резерви. Сè уште нема сигнал за поголемо фаворизирање на еврото. Документот на ММФ забележува дека навиките на централните банкари бавно се менуваат и дека, и покрај очекувањата на некои економисти, нема причина да се очекуваат радикални промени во валутната композиција на резервите. Како што се вели во документот, треба да помине време за да може една валута да стекне углед во поглед на обезбедувањето на ценовна стабилност; пред централните банки да ја надминат неволноста за широка примена на еврото, Европската централна банка (ЕЦБ) ќе треба да развие добар систем за следење.

Ова сепак не ја објаснува слабоста на еврото. ЕЦБ честопати се обвинува дека не се грижи за надворешната вредност на еврото, и дека испраќа противречни сигнали во врска со сопствените намери. Банката успеа да збуни и отуѓи многу набљудувачи. Но, ова доаѓа оттаму што банката невешто го објаснува тоа што го прави, а не затоа што е погрешно тоа што го прави. Критичарите често пати забораваат дека нејзината главна обврска е да обезбеди ценовна стабилност.

Дел од објаснувањето за слабоста на еврото би можел да биде расчекорот во економскиот раст на Америка и Европа. Економскиот раст во евро зоната веројатно ќе го надмине оној на Америка оваа година, но гледано на среден рок, Америка сè уште може да оствари подобри резултати од Европа. Токму оваа седмица, Пол О'Нил, американскиот секретар за финансии, изјави во Лондон дека моќта на доларот го одразува поголемиот потенцијал за пораст на продуктивноста во Америка.

Светот толку многу се навикна на доминантната улога на доларот како најшироко употребувана валута, така што тешко е да се припомни дека едно време (доцните седумдесетти години) беше хронично слаб. Сепак еврото е, или барем има потенцијал да биде, првиот целосно независен ривал на доларот после повеќе од половина век

Се разбира, како што можат да потврдат британските креатори на политиката кои се бореа да ја зачуваат вредноста на фунтата во 70-тите години, меѓународната валута е меч со две острици. Колку е поголема глобалната улога на еврото, толку е поголема можноста за негова варијабилност (нестабилност), а посложени ќе бидат импликациите за домашните креатори на економската политика. Работата на ЕЦБ тогаш би можела да биде уште потешка.

Преземено од The Economist, July 28th-August 3rd 2001.

ЕКОНОМСКИ ТРЕНДОВИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во 2002 година се очекува повторно да се забрза економскиот раст во Европската унија, благодарение на подобрената состојба на меѓународната економија. Реалниот БДП во Европската унија се предвидува дека во просек ќе се зголеми за 2,9%. Инаку, порастот, главно, ќе се потпира врз домашната побарувачка

Претходната година беше една од најдобрите во изминатава деценија. Просечниот пораст на БДП во Европската унија достигна 3,4%, а земјите кои што претходно заостануваа (Германија, Италија), успеаја да закрепнат. На нето основа се отворија околу 2,8 милиони работни места во ЕУ, а стапката на невработеност падна речиси цел процентен поен достигнувајќи го на тој начин нивото од 8,3% во ЕУ, или 8,9% во евро зоната. Стапката на инфлација (2,3% во евро зоната) го надмина предвиденият таргет на Европската централна банка, но стабилноста на платите оневозможи порастот на цените на нафтата и ослабнатото евро да се преточат во повисока инфлација.

Сепак, поинтензивното (во однос на очекувањата) забавување на американската економија кон крајот на минатата година, ги замаглува економските перспективи и е главен извор на несигурност. Ова има два аспекти, коишто се меѓусебно поврзани. Првиот е степенот на забавувањето на САД. Според пролетните предвидувања на Европската комисија веќе во вториот квартал од 2001 година ќе дојде до закрепнување кое ќе овозможи остварување на просечна стапка на пораст од 1,6% оваа година, што претставува драматично ревидирање надолу во споредба со нивото од 3,3%, кое Комисијата го предвиде минатата есен. Во 2002 година, порастот на американската економија се очекува да биде 3,0%.

Инфлацијата, мерена преку хармонизираниот индекс на потрошувачки цени, се проценува дека го достигна врвот во ноември 2000 година и дека ќе опаѓа паралелно со намалувањето на цените на нафтата и зајакнувањето на еврото. Во втората половина на 2001 година, стапката на инфлација можно е да падне под 2%

Вториот аспект се последиците за светската економија и особено за ЕУ. Се претпоставува дека трансмисијата на негативните ефекти од забавувањето на САД ќе биде запрена преку пазарите на капитал и девизните пазари и дека, главно, ќе се одвива преку трговските канали. Трговската изложеност на ЕУ е лимитирана, а внатрешните фактори на порастот остануваат силни, пред сè, како резултат на создавањето на нови работни места, даночните намалувања и ценовната стабилност. И покрај сето тоа, ЕУ нема да остане непогодена. Минатата година светскиот БДП порасна за 4,8% и се очекува да се зголеми за само 3,3% во 2001 година, но следната година би требало да се врати на пораст од близу 4%.

Просечниот пораст во ЕУ во 2001 година беше ревидиран и сведен на 2,8%, поради тоа што извозот и инвестициите во опрема се очекува да бидат помалку динамични. Порастот на личната потрошувачка ќе продолжи да расте достигнувајќи 2,75%, потпомогнат со закрепнувањето на куповната моќ, која претходната година беше силно погодена од ненадејното покачување на цените на нафтата. Исто така, даночните намалувања во голем број земји одат во прилог на зголемувањето на расположливиот доход на домаќинствата. Понатаму, постојаното создавање на работни места и опаѓачката стапка на невработеност ќе ја одржуваат довербата на потрошувачите.

Иако последиците како резултат на кризата на пазарите различно беа почувствувани во одделни земји, сепак, разликите во економскиот раст најверојатно ќе бидат помалку изразени меѓу земјите-членки на ЕУ во сегашното, однадвор поттикнато, забавување. Во сите земји-членки домашната побарувачка е сега посилна и може подобро да ја неутрализира послабата странска побарувачка. Па сепак, се чини дека економскиот пораст во Германија е повеќе погоден, додека Италија изгледа дека е повеќе имуна (отпорна).

Франција, со просечна стапка на пораст близу 3% е изложена на сосема мало влијание. За разлика од повеќето земји-членки каде што влошениот меѓународен деловен амбиент е тој што го смалува порастот, во Шпанија и Португалија се чини дека ефектите на заситеност, како последица на силниот пораст на потрошувачката на домаќинствата, се поважен фактор при објаснувањето на забавувањето.

Во 2002 година се очекува повторно да се забрза економскиот раст во ЕУ, благодарение на подобрената состојба на меѓународната економија. Реалниот БДП во Европската унија се предвидува дека во просек ќе се зголеми за 2,9%. Инаку, порастот главно ќе се потпира врз домашната побарувачка. Зголемувањето на побарувачката на светскиот пазар следната година поволно ќе влијае врз извозот, но, истовремено, ќе се изгуби дел од конкурентноста поради претпоставката дека еврото ќе зајакне. Увозот ќе биде поддржан од силната домашна побарувачка, така што нето ефектот од надворешниот сектор врз економскиот пораст останува неутрален.

Во 2001 и 2002 година нема да се отворат толку многу работни места како во претходните две години, но порастот на нето вработеноста веројатно ќе остане над 1% годишно. Во двете години, вкупната вработеност во ЕУ ќе се зголеми за околу 3,8 милиони работни места, во споредба со над 5-те милиони нови вработувања во периодот 1999-2000. Тоа ќе ја намали стапката на невработеност на 7,3% од работната сила (или 7,9% во евро зоната) во 2002 година.

Инфлацијата, мерена преку хармонизираниот индекс на потрошувачки цени, се проценува дека го достигна врвот во ноември 2000 година и дека ќе опаѓа паралелно со намалувањето на цените на нафтата и зајакнувањето на еврото. Во втората половина на 2001 година, стапката на инфлација можно е да падне под 2%. Некои задоцнети, но минливи ефекти на увезена инфлација врз домашните цени и плати ќе оневозможат стапката на инфлација да биде многу пониска од 2% во текот на 2002 година. Генерално, се очекува да преовладува стабилно ниво на плати, иако е предвидено извесно зголемување во 2002 година, како резултат на неочекуваното зголемување на цените на нафтата, коешто ја еродираше куповната моќ. Тоа придонесува кон стапка на инфлација, која што е значително над просекот во циклично напредните земји или во земјите со нефлексибилни пазари на работна сила (Шпанија, Ирска, Холандија, Португалија). Сепак, разликите во стапките на инфлација најверојатно ќе се стабилизираат во разгледуваниот период.

Поради влошените услови на размена, поврзани со порастот на цените на нафтата, во 2000 година салдото на тековната сметка на платниот биланс на ЕУ беше негативно, а најверојатно тој тренд ќе продолжи и во оваа, но и во следната година

Што се однесува до јавните финансии, во текот на 2000 година беше остварен буџетски суфицит и во евро зоната и во Европската унија, но ова првенствено

ЕКОНОМСКИ ТРЕНДОВИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Реални стапки, доколку не е поинаку наведено	*1997*	*1998*	*1999*	*2000*	*2001*	*2002*
Пораст на БДП	2,6	2,8	2,5	3,4	2,8	2,9
Инвестиции во опрема	6,2	10,3	7,0	6,6	5,4	5,6
Вработеност	1,0	1,6	1,6	1,7	1,2	1,2
Стапка на невработеност [1]	10,6	9,9	9,2	8,3	7,7	7,2
Инфлација [2]	1,7	1,3	1,2	2,1	2,1	1,8
Салдо на буџетот на државната власт (% од БДП)	–2,4	–1,5	–0,6	1,2	–0,2	0,0
Јавен долг (% од БДП)	71,1	69,0	67,5	64,5	61,7	59,3
Салдо на тековната сметка (% од БДП)	1,4	0,8	0,3	–0,2	–0,3	–0,3
Пораст на БДП во евро зоната	2,4	2,8	2,5	3.4	2,8	2,9

1) Процент од работната сила.

2) Хармонизиран индекс на потрошувачки цени, номинална промена.

3) Во 2000 и 2001 година се вклучени и приходите поврзани со лиценците за универзален систем на мобилни телекомуникации, без кои салдото на државната власт би изнесувало –0,0% и –0,3%, респективно.

се должеше на продажбата на дозволи за универзален систем на мобилни телекомуникации (UMTS) во некои земји. Без нив, развојот е порамномерен, а салдата на државните буџети продолжуваат да се подобруваат во повеќето земји-членки. Во текот на 2001 година буџетската политика на Европската унија имаше умерено експанзивен карактер. Ова, главно, се должи на даночните намалувања во СР Германија и Холандија и на полесното водење на фискалната политика во некои други земји, како на пример, Велика Британија, каде што се остварени буџетски суфицити. Во 2002 година, ЕУ како целина најверојатно ќе има врамнотежен буџет. Дотогаш, бројот на земји чија буџетска позиција е во суфицит или е врамнотежена ќе се зголеми на 11. Единствено во Германија, Франција, Италија и Португалија во 2002 година е предвиден буџетски дефицит.

Поради влошените услови на размена, поврзани со порастот на цените на нафтата, во 2000 година салдото на тековната сметка на платниот биланс на ЕУ беше негативно, а најверојатно тој тренд ќе продолжи и во оваа, но и во следната година. Во текот на 2002 година, дефицитот на тековната сметка би можел да изнесува 0,3% од оценетиот БДП.

Преземено од „Европска економија„, Додаток А: Економски трендови, Европска комисија, Генерална дирекција за економски и финансиски работи, Бр. 3/4 (март/април) 2001.

КВАРТАЛНИ ПРОМЕНИ НА РЕАЛНИОТ БРУТО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД И НЕГОВИТЕ ГЛАВНИ КОМПОНЕНТИ
(СПОРЕД РАСХОДНИОТ МЕТОД)

Процентуална промена во однос на претходниот квартал	Западна Европа[1]					Четири големи економии[2]					Евро зона[3]				
	1999	2000				1999	2000				1999	2000			
	IV	I	II	III	IV	IV	I	II	III	IV	IV	I	II	III	IV
Лична (приватна) потрошувачка	0.8	0.7	0.8	0.3	..	0.8	0.6	1.0	0.3	0.3	0.7	0.8	0.8	0.2	..
Јавна потрошувачка	0.4	0.5	0.5	0.3	..	0.4	0.6	0.4	0.2	0.5	0.4	0.7	0.3	0.1	..
Бруто инвестиции	0.9	1.5	0.7	1.0	..	1.2	1.1	0.9	1.0	0.8	0.8	1.8	0.6	1.1	..
Инвестиции во залихи	0.3	–0.1	0.1	–0.2	..	0.5	–0.3	0.2	–0.1	–	0.3	–0.3	0.1	–0.1	..
Вкупна домашна потрошувачка	1.0	0.7	0.8	0.3	..	1.2	0.4	1.0	0.3	0.4	1.0	0.7	0.7	0.2	..
Нето извоз	–	0.1	–0.1	0.3	..	–0.3	0.3	–0.2	0.2	0.1	0.1	0.2	–	0.3	..
Извоз	2.5	2.3	2.5	3.1	..	1.8	2.6	2.9	3.4	2.9	3.0	2.6	2.6	3.6	..
Увоз	2.9	1.9	2.8	2.4	..	3.1	1.7	3.6	2.7	2.6	3.3	1.9	2.8	2.8	..
БДП	1.0	0.8	0.7	0.6	..	0.9	0.8	0.8	0.5	0.5	1.0	0.9	0.7	0.5	..

Извор: Economic Survey of Europe, No. 1, 2001, *Economic Comission for Europe*, UN

[1] 14 земји: Европската унија (без Грција и Ирска) заедно со Норвешка и Швајцарија.

[2] Франција, Германија, Италија и Велика Британија.

[3] Без Грција и Ирска.

[4] Придонес во кварталната промена на реалниот БДП (процентни поени).

ОСНОВНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ

годишни податоци за Република Македонија

		1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999	2000
Реален БДП	%	–9.1	–1.8	–1.2	0.8	1.5	2.9	2.7	5.1 *
Инфлација (просек)	%	349.8	121.8	15.9	3	4.4	1.2	–1.1	5.8 **
Инфлација (крај на период)	%	229.6	55.4	9.2	0.2	4.5	–1	2.3	6.1 **
Буџетско салдо (централен буџет и фондови)	% БДП	–13.4	–2.9	–1.2	–0.5	–0.4	–1.8	–0.1	3.5
Девизен курс, просек	ДЕН/1USD	23.6	43.2	38.0	40.0	49.8	54.5	56.9	65.9
Девизен курс, крај на период	ДЕН/1USD	44.6	40.6	38.0	41.4	55.4	51.8	60.3	65.3
Извоз (F.O.B.)	USD млд.	1.06	1.08	1.20	1.15	1.20	1.31	1.19	1.32 *
Увоз (F.O.B.)	USD млд.	1.01	1.27	1.42	1.46	1.59	1.91	1.78	2.08 *
Трговски биланс	USD млд.	0.05	–0.19	–0.22	–0.31	–0.39	–0.60	–0.59	–0.76 *
Биланс на тековна сметка (со грантови)	USD млд.	0.02	–0.16	–0.22	–0.28	–0.27	–0.31	–0.11	–0.13 ***
како % од БДП	%	0.6	–4.7	–5.0	–6.5	–7.4	–8.7	–3.0*	–3.4 *
Девизни резерви	USD млд.	0.12	0.16	0.27	0.27	0.28	0.34	0.46	0.71
Покривање на увозот (резерви/увоз)	месеци	1.4	1.6	2.3	2.2	2.1	2.3	3.1	3.5 *
Надворешен долг	USD млд.	n.a.	n.a.	1.44	1.17	1.13	1.40	1.44	1.43 *
како % од БДП	%	n.a.	n.a.	32.3	26.6	30.5	41.5	43.4	45.7 *

* Претходни податоци

** Во 2000 година инфлацијата е прикажана преку трошоците на живот.

*** Податокот е заклучно со 30.11.2000

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии на Република Македонија и Народна банка на Република Македонија.

ОДБРАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ ВО ЗЕМЈИТЕ–КАНДИДАТИ ЗА ПРИЕМ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

	Реален БДП				Потрошувачки цени[1]				Тековна сметка (салдо)[2]			
	1999	2000	2001	2002	1999	2000	2001	2002	1999	2000	2001	2002
Кандидати за прием во Европската унија	**1.9**	**3.8**	**3.9**	**4.3**	**11.2**	**13.1**	**9.9**	**6.4**	**-5.8**	**-5.2**	**-5.0**	**-4.8**
Бугарија	2.4	5.0	5.0	5.0	2.6	10.4	8.5	3.2	–5.5	–5.5	–4.4	–3.9
Кипар	4.5	5.0	4.5	4.0	1.8	4.1	2.7	2.7	–4.5	–8.0	–5.3	–4.6
Чешка република	–0.8	3.1	3.0	3.5	2.1	3.9	4.2	4.4	–3.0	–4.8	–4.7	–4.3
Естонија	–1.1	6.4	5.5	5.5	3.3	4.0	5.0	2.8	–5.8	–6.7	–7.2	–6.7
Унгарија	4.5	5.3	4.9	4.7	10.0	9.8	8.5	6.4	–4.3	–3.5	–5.1	–5.1
Латвија	1.1	5.5	6.0	6.0	2.4	2.7	2.1	3.0	–9.7	–7.2	–6.6	–5.5
Литванија	–4.2	2.7	3.2	3.8	0.8	1.0	1.3	2.6	–11.2	–6.9	–6.7	–6.3
Малта	3.5	3.2	4.3	3.3	2.5	2.5	2.5	2.5	–3.7	–3.9	–3.7	–3.1
Полска	4.1	4.1	4.0	4.5	7.3	10.1	7.0	5.0	–7.5	–6.1	–5.4	–5.0
Романија	–3.2	2.0	3.0	4.0	45.8	45.7	34.2	16.4	–3.8	–3.7	–4.4	–4.8
Словачка	1.9	2.2	3.1	4.4	1.7	12.0	6.9	6.0	–5.7	–3.6	–4.8	–4.9
Словенија	5.2	4.9	4.5	4.0	6.2	8.9	7.0	5.0	–3.9	–3.2	–2.7	–2.4

[1] Годишен просек.

[2] Процент од БДП.

Извор: World Economic Outlook, May 2001, International Monetary Fund, Washington D.C.

БРУТО ДОМАШЕН ПРОИЗВОД

- реални стапки, во проценти

Извор: Државен завод за статистика

* Претходни податоци

- во мил. САД долари

	1995	1996	1997	1998	1999	2000[2]
Бруто домашен производ[1]	3,351	3,390	3,439	3,540	3,633	3,290

Извор: Државен завод за статистика

- во САД долари

	1995	1996	1997	1998	1999	2000[2]
Бруто домашен производ по жител[1]	1,705	1,709	1,722	1,763	1,796	1,885

Извор: Државен завод за статистика

1) Пресметани по ПАРЕ методологија на ООН со која се врши конверзија со курс приспособен кон движењата на цените во националната економија. При тоа, како базен е земен курсот на САД$ во однос на денарот во 1994 година и е извршена индексација со дефлаторот за секоја наредна година.
2) Проценка.

ЦЕНИ

- просечни стапки, во проценти



- просечни стапки, во проценти

	1995	1996	1997	1998	1999	2000
Трошоци на живот	15.7	2.3	2.6	–0.1	–0.7	5.8
Цени на мало	15.9	3.0	4.4	0.8	–1.1	10.6

Извор: Државен завод за статистика

- крај на година, во проценти

	1995	1996	1997	1998	1999	2000
Трошоци на живот	8.8	–0.7	2.7	–2.4	2.4	6.1
Цени на мало	9.2	0.2	4.5	–1.0	2.3	10.8

ЦЕНИ



Извор: Државен завод за статистика

РАБОТНА СИЛА
(според Анкетата на работната сила)



Извор: Државен завод за статистика

- во илјади лица

	1996	1997	1998	1999	2000
Активно население	789.1	800.5	823.8	806.7	811.6
Вработени	537.6	512.3	539.8	545.2	549.8
Невработени	251.5	288.2	284.1	261.4	261.7

НАДВОРЕШНО - ТРГОВСКА РАЗМЕНА



Извор: Државен завод за статистика

- во мил. САД долари

	1995	1996	1997	1998	1999	2000[1)]
Извоз на стоки	1,204	1,148	1,237	1,311	1,192	1,319
Увоз на стоки	1,719	1,627	1,779	1,915	1,796	2,085
Салдо	–715	–634	–686	–777	–671	–766

1) Претходни податоци

ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО

Индустриското производство во првото полугодие од 2001 година

Трендот на забавување на производствената активност во Република Македонија, кој започна во втората половина од 2000 година, во првата половина од 2001 година доби рецесиона динамика. Притоа, во периодот јануари-јуни 2001 година е реализиран пад на индустриското производство за 8,8% во споредба со истиот период од минатата година.

Намалувањето на производствената активност во индустријата во првите шест месеци од 2001 година во однос на истиот период минатата година е резултат на неколку фактори:

- високата споредбена основа во првата половина од 2000 година, поради експанзијата на производствената активност по завршувањето на воената интервенција во СР Југославија;
- влошената безбедносна состојба во земјата, почнувајќи од март годинава;
- намалена побарувачка за производите кои во најголема мерка се извезуваат на странските пазари, поради нестабилноста на регионот, и
- отежнатото снабдување со репроматеријали и суровини, како и откажување на поголем дел од склучените договори со странски партнери.

Структурно набљудувано, падот на производството е резултат на намаленото производство на материјали за репродукција за 15,1% и на стока за широка потрошувачка за 1,2%. Истовремено, производството на средства за труд бележи зголемување за 31,6%.

Од вкупно 32 индустриски гранки во периодот јануари-јуни 2001 година само 9 индустриски гранки бележат пораст на производството, од кои најзабележително зголемување на производството имаат следните гранки: преработката на неметални минерали (за 42,5%), производството на пијалоци (за 22,6%) и производството на електрични машини и апарати (за 19%).

Анализирано според месечната динамика, во текот на февруари, март и април 2001 година е регистриран пораст на индустриското производство. Од друга страна, во јануари, мај и јуни се регистрирани негативни месечни стапки на промени на индустриското производство.

Индустриско производство во јуни 2001 година

Во текот на јуни 2001 година е регистриран пад на производството во индустријата од 1,8%, кој се должи на намалувањето на стоките за широка потрошувачка (4,9%) и производството за материјали за репродукција (1,3%). Истовремено, производството на средства за труд бележи пораст од 7,7%.

Од вкупно застапените 32 индустриски гранки во 16 гранки во јуни 2001 година производството во индустријата е повисоко во однос на претходниот месец. Позабележителен пораст е остварен кај производството на обоени метали (за 83,2%), кај преработката на обоени метали (за 30,6%), кај преработката на каучук (за41,8%) и кај производството на готови текстилни производи (за 21,2%).

Споредено со истиот месец минатата година, индустриското производство во јуни оваа година бележи пад од 15,8%. На годишно ниво особено изразено е намалувањето на производството на производството на кожа и крзно (за 66,8%), производството на нафтени деривати (за 44,1%) и црната металургија (за 37,9%).

ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО

	2001 година (по месеци) - индекси					
Индустриско производство	I	II	III	IV	V	VI
Тековен месец / претходен месец	75.5	104.7	106.2	101.0	94.4	98.2
Кумулативен период на изминатите месеци/ ист период од претходната година	100.4	96.6	91.3	92.5	92.8	91.2
Тековен месец / ист месец претходна година	100.4	93.2	83.1	96.0	93.8	84.2



Извор: Државен завод за статистика

ЦЕНИ

Цените во првото полугодие од 2001 година

Во отсуство на немонетарните фактори, кои беа основна причина за остварување на повисока, од проектираната, стапка на инфлација во 2000 година, во првиот квартал од оваа година дојде до намалување на индексот на трошоците на живот. Меѓутоа, во вториот квартал од годината се забележува умерен пораст на животните трошоци. Така, во првите шест месеци просечната стапка на инфлација (мерена преку движењето на трошоците на живот) изнесуваше 6,0%, односно таа е за 0,2 процентни поени повисока во однос на крајот на 2000 година. Во тие рамки, најголем пораст е забележан кај трошоците за сообраќајни средства и услуги (за 14,2%) и станарина, вода и услуги (за 13,0%).

Во вториот квартал од годината, особено во месеците мај и јуни, притисокот на менувачкиот пазар во насока на депрецијација на курсот на денарот во однос на германската марка, не резултираше со посериозно нарушување на ценовната стабилност во Република Македонија. Имено, во јуни 2001 година, трошоците на живот остварија пораст од 2,0% во однос на претходниот месец. Ваквото зголемување, пред сè, се должи на повисоките трошоци за исхрана (за 3,1%), кои произлегуваат од сезонски детерминираниот пораст на цените на земјоделските производи. Од структурен аспект, трошоците за стоки остварија месечен пораст од 2,2%, а трошоците за услуги се зголемија за 0,6%.

Остварувањето на умерена стапка на инфлација во првите шест месеци од 2001 година беше детерминирано од дејството на неколку фактори:

а) Порастот на цената на суровата нафта на светските берзи, надополнет со зголемување на интервалутната вредност на американскиот долар, ги зголеми цените на увозните инпути на производителите на нафтени деривати. Тоа доведе до пораст на цените на производителите на индустриски производи, што се рефлектираше со зголемување и на трошоците на живот;

б) Повисоките трошоци за тутун во првиот квартал од 2001 година во однос на истиот период од минатата година како резултат на нееднаквата споредбена основа, што произлегува од навреме извршениот откуп на тутунот во 2001 година, наспроти временски поместениот откуп во минатата година;

в) Порастот на цените на лебот и печивата во февруари 2001 година за 21,2% и на производите од жито за 15,3%, што се должи на либерализацијата на цените на брашното и лебот;

г) Зголемувањето на агрегатната побарувачка во економијата, како резултат на високото ниво на готови пари во оптек, за што во голема мера придонесоа исплатата на дел од обврзниците за старото девизно штедење, откупот на тутунот од производителите, како и исплатата на отпремнина на вработените кои ја напуштија јавната администрација. Во услови на редуцирана агрегатна понуда, предизвикана од влошената безбедносна ситуација во државата, тоа влијаеше во правец на умерено зголемување на општото ниво на цени во македонската економија;

д) Релативно пониските трошоци на живот во први-

ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ

Трошоци на живот	2001 година (по месеци) - индекси						
	I	II	III	IV	V	VI	VII
Тековен месец / претходен месец	99.7	101.3	100.1	100.9	100.5	102.0	98.3
Тековен месец / ист месец претходна година	104.1	104.7	106.0	103.2	103.2	106.9	106.0
Кумулативен период на изминатите месеци/ист период од претходната година	104.1	104.4	105.0	104.7	104.6	106.0	106.0



Извор: Државен завод за статистика

те три месеци од 2000 година, односно пред воведувањето на данокот на додадена вредност.

Како резултат на влијанието на истите фактори кои го детерминираа движењето на трошоците на живот, цените на мало во првите шест месеци од 2001 година речиси во целост ги следеа флуктуациите на трошоците на живот. Така, цените на мало во периодот јануари-јуни оваа година во однос на првата половина од 2000 година, во просек се зголемени за 6,9%, што е за 3,7 процентни поени помалку во однос на 2000 година. Притоа, најзабележителен пораст на малопродажните цени е остварен во групите: услуги за 11,0% и земјоделски производи за 9,2%.

Освен во месец јануари, кога се остварени дефлаторни движења и месец март, кога индексот на цените на мало остана непроменет, во останатите четири месеци од годината, цените на мало забележаа месечни позитивни стапки на раст. Притоа, најголем пораст на цените на мало од 1,9% е остварен во месец јуни. Во тие рамки, најизразен е порастот на цените на земјоделските производи (дури 12,0%), поради повисоките цени на зеленчукот за 20,7% и овошјето за 9,1%.

Во однос на минатогодишниот јуни, цените на мало се зголемени за 5,8%, при што најголем пораст на годишна основа беше регистриран кај цените на земјоделските производи (за 29,2%) и кај цените на прехранбените производи (за 12,1%).

Цените во јули 2001 година

Во текот на јули 2001 година трошоците на живот забележаа намалување од 1,7% во однос на претходниот месец. Ваквото намалување, пред сè, се должи на намалувањето на трошоците за „исхрана“ за 3,4%, „стоки“ за 2,0% и „покуќнина“ за 0,6%. Истовремено, пораст на трошоците е остварен во следните групи на потрошувачка: „стан“ (0,8%), „услуги“ (0,2%) и „тутун и пијалоци“ и „домување“ (0,1%). На ниво на претходниот месец остана индексот на групата „сообраќајни средства и услуги“.

Во однос на минатогодишниот јули, индексот на трошоците на живот во јули оваа година покажува пораст од 6,0%, што главно е резултат на зголемувањето на трошоците за стан (станарина, вода и услуги) (10,5%), исхрана (9,1%) и услуги (8,6%). Според тоа, забележано е умерено намалување на инфлацијата мерена според индексот на трошоците на живот, која од декемвриско ниво од 6,1% во јули се намали за 0,1 процентен поен.

Просечниот раст на трошоците на живот во првите седум месеци од оваа година во однос на истиот период минатата година изнесува 6,0% и е идентичен со истоветната релација за периодот јануари-јуни.

Цените на мало во јули оваа година се намалија за 1,4%, најмногу како последица на остварено намалување на цените на земјоделските производи (за 18,3% помалку), поради пониските цени на зеленчукот за 32,8%, што е карактеристично за овој период од годината, додека цените на јајцата и овошјето се на ниво од претходниот месец, а цените на рибата се повисоки за 0,7%.

Во однос на минатогодишниот јули, малопродажните цени се повисоки за 4,7%, што претставува намалување од 6,1 процентен поен во однос на декември 2000 година.

ЦЕНИ НА МАЛО

	2001 година (по месеци) - индекси						
Цени на мало	**I**	**II**	**III**	**IV**	**V**	**VI**	**VII**
Тековен месец / претходен месец	99.5	100.4	100.0	100.3	100.5	101.9	98.6
Тековен месец / ист месец претходна година	108.0	107.4	107.5	103.5	103.2	105.8	104.7
Кумулативен период на изминатите месеци / ист период од претходната година	108.0	107.7	107.6	106.7	104.6	106.9	106.5



Извор: Државен завод за статистика

НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Влошувањето на политичко-безбедносната состојба во северо-западниот дел на Република Македонија, што започна во првата половина на март 2001 година, неповолно се одрази врз вкупната размена на стоки со странство. Имено, во првите шест месеци од 2001 година во однос на претходното полугодие обемот на стоковната размена се намали за 281,8 милиони долари. Во однос на првите шест месеци од 2000 година, надворешно-трговската размена забележа позначајно намалување и тоа за 347,3 милиони долари, односно за 20,0%, што е последица на влошената безбедносна ситуација, отежнатото снабдување со репроматеријали и суровини, намалената извозна побарувачка за македонски производи и релативно високата споредбена основа, особено во месец март 2000 година како резултат на влијанието на психолошкиот фактор непосредно пред воведувањето на данокот на додадена вредност.

Намалувањето на надворешно-трговската размена со странство во првата половина од 2001 година се должи на релативно понискиот пад на вредноста на извезените стоки во однос на падот на увозот. Извозот на македонски производи во периодот јануари-јуни 2001 година изнесуваше 576,9 милиони долари, што во однос на претходното полугодие претставува намалување за 94,6 милиони долари. Пад беше регистриран и во однос на првото полугодие од 2000 година и тоа за 70,6 милиони долари, односно за 10,9%.

Вредноста на увезените стоки во првата половина од 2001 година изнесува 810,4 милиони долари, што споредено со претходното полугодие претставува намалување од 187,2 милиони долари, или за 17,8%. На годишна основа (I-VI 2001/I-VI 2000), падот на увозот е поизразен и изнесува 276,7 милиони долари, односно 25,5%.

Движењата на извозот и увозот во периодот јануари-јуни оваа година резултираа со дефицит во надворешно-трговската размена на Република Македонија во износ од 233,5 милиони долари. Во однос на истиот период 2000 година, салдото на размената е значително намалено и тоа за 206,1 милиони долари, односно за 46,9%.

Во разгледуваниот период, најголемо учество во извозот имаа разните готови производи (32,4%), производите класирани според материјалот (32,1%) и пијалаците и тутунот (10,1%), додека на страната на увозот доминираат разните трансакции и неспомнатата стока (26,0%), машините и транспортните уреди (15,4%) и минералните горива и мазива (14,6%).

Набљудувано според економската намена на стоките, во првите шест месеци од годината извозот на производи за репродукција достигна 281,4 милиони долари, односно 48,8%, а веднаш потоа следи извозот на стоки за широка потрошувачка со 279,7 милиони долари (48,5%). На страната на увозот се зголемува учеството на увозот на производи за репродукција (68,6%) за сметка на увозот на стоки за широка потрошувачка (19,8%) и средства за работа (10,9%).

Анализирано според производи, во разгледуваниот период, најголеми приливи се остварени од извозот на топловалани производи од железо (46,8 милиони долари), женски блузи и кошули (34,7 милиони долари) и машки памучни кошули (27,2 милиони долари). Истовремено,

2001 година (по месеци) **- во милиони САД долари**

Надворешно - трговска размена	I - XII 2000	I - VI 2001	I	II	III	IV	V	VI
Вкупен извоз	1317.8	576.9	82.0	98.8	110.8	95.6	88.9	100.6
Вкупен увоз	2081.0	810.4	117.6	129.5	150.0	130.5	141.5	137.9
Салдо	–763.2	–233.5	–35.6	–30.7	–39.2	–34.9	–52.6	–37.3



Извор: Државен завод за статистика

на увозната страна доминираат нафтата и маслата (73,1 милиони долари) и моторните возила (16,0 милиони долари).

Во поглед на географската насоченост на стоковната размена на Република Македонија со странство, во првите шест месеци од 2001 година и натаму доминира групацијата на развиени земји, каде беа пласирани 62,0% од вкупниот македонски извоз, а од каде потекнува 50,1% од вкупниот увоз на Република Македонија. Во рамките на развиените земји, најголемо учество има Европската унија со 47,1% на страната на извозот и 40,3% на страната на увозот.

Во првото полугодие од 2001 година, вкупниот извоз на македонски стоки на пазарите на републиките од поранешната СФРЈ изнесуваше 186,3 милиони долари, со што овие земји обезбедија учество од 32,3% во вкупниот извоз, што е речиси идентично учество, како и во истиот период 2000 година. Од друга страна, вкупниот увоз на стоки изнесуваше 157,7 милиони долари, со што учеството на овие земји достигна 19,5% во вкупниот увоз во првото полугодие од 2001 година. Трета поважна групација на земји во анализираниот период се земјите од Централна и Источна Европа и поранешен СССР, што главно се должи на зависноста на македонските производители од црната металургија од увоз на репроматеријали. Така, од овие земји беа увезени стоки во вредност од 206,7 милиони долари, или 25,5% од македонскиот увоз во периодот јануари-јуни 2001 година. Истовремено, на страната на извозот учеството на овие земји се зголеми на 4,6% од вкупниот извоз.

Во поглед на размената на стоки со поодделни земји, во првата половина од годината не беа регистрирани позначајни промени, односно и понатаму доминираат земјите кои традиционално се помеѓу најважните трговски партнери на Република Македонија. Имено, како и во последниот квартал од 2000 година, најважен трговски партнер на Република Македонија е СР Германија, со која беа разменети стоки во вредност од 233,5 милиони долари, односно 16,8% од вкупната надворешно-трговска размена (21,2% кај извозот и 13,8% кај увозот). Потоа следува СР Југославија со 210,1 милиони долари, или 15,1% од вкупната размена на стоки со странство и Грција со 124,0 милиони долари, или 8,9% во вкупната размена.

НАДВОРЕШЕН ДОЛГ

Вкупниот надворешен долг на Република Македонија го сочинуваат обврските на домашните правни лица кон официјалните (мултилатерални или билатерални) и приватните кредитори врз основа на користени краткорочни, среднорочни и долгорочни заеми и кредити. Состојбата на надворешниот долг на Република Македонија на 30.06.2001 година изнесува 1.415,7 милиони долари, од кој износ на краткорочниот долг отпаѓаат 35,6 милиони долари, додека среднорочниот и долгорочниот долг на Република Македонија (јавен и приватен) изнесуваше 1.380,1 милиони долари. Со оглед на минорното учество на краткорочниот во вкупниот надворешен долг, анализата се однесува единствено на надворешниот долг по користени среднорочни и долгорочни заеми и кредити.

Надворешниот долг на Република Македонија врз основа на долгорочни и среднорочни кредити во првите шест месеци од оваа година оствари намалување од 47,5 милиони долари во однос на состојбата на крајот на 2000 година, достигнувајќи го на тој начин нивото од 1.380,1 милиони долари.

Во однос на мултилатералните кредитори на крајот на јуни 2001 година, долгот е намален за 40,2 милиони долари споредено со состојбата на крајот од 2000 година. Кај билатералните кредитори остварено е намалување на долгот за 11,3 милиони долари, кое во голем дел се должи на отплатата на обврските кон Парискиот клуб на кредитори. Истовремено, долгот кон приватните кредитори е речиси непроменет во однос на крајот на минатата година.

Имајќи го предвид ревидираниот пораст на бруто домашниот производ и проекцијата на кредитни задолжувања и отплата на кредити за оваа година, во 2001 година се предвидува да дојде до незначително зголемување на степенот на надворешна задолженост на Република Македонија за 3,1% од БДП. Според тоа, Република Македонија со стапка на задолженост на крајот на оваа година од околу 46% од БДП и натаму ќе остане во групата на средно задолжени земји. Притоа, на среден рок ќе треба постепено да се намалува постоечкото ниво на дефицит во платниот биланс и внимателно да се дизајнира натамошното задолжување на земјата, посебно во однос на кредити под неконцесионални услови, што е предвидено и во договорената тригодишна макроекономска програма со ММФ.

Според планот на отплата на обврските во втората половина од годината, на нето основа треба да се платат обврски во износ од 95,3 милиони долари, од кои 61,9 милиони долари се обврски по достасана главница, а 33,4 милиони долари се обврски по камата.

СОСТОЈБА НА НАДВОРЕШНИОТ ДОЛГ

(по користени среднорочни и долгорочни кредити и заеми)

Во милиони САД долари	31.12. 1998	31.12. 1999	31.12. 2000	30.06. 2001	План на отплата 01.07 - 31.12.2001 главнина	камата	вкупно
	1	2	3	4	5	6	7
1. ОФИЦИЈАЛНИ КРЕДИТОРИ	**1004.2**	**1030.8**	**1025.2**	**973.7**	**42.8**	**20.8**	**63.6**
1.1. Мултилатерални кредитори	**683.7**	**713.7**	**708.9**	**668.7**	**28.4**	**13.8**	**42.2**
1.1.1 IMF	114.2	113.2	81.6	72.8	2.6	1.0	3.6
1.1.2 IBRD	114.8	116.8	116.5	117.5	2.1	3.6	5.7
1.1.3 IFC	55.5	56.9	57.1	37.5	9.9	2.2	12.1
1.1.4 IDA	179.1	221.9	245.7	242.5	0.0	0.9	0.9
1.1.5 EIB	54.3	68.3	67.4	67.1	1.4	1.7	3.1
1.1.6 EUROFIMA	21.9	17.1	16.7	14.2	2.0	0.6	2.7
1.1.7 Совет на Европска развојна банка	4.8	4.6	7.0	5.9	0.5	0.1	0.6
1.1.8 EBRD	90.1	72.3	76.6	65.6	9.9	2.4	12.3
1.1.9 Европска Унија	48.1	40.8	37.2	42.4	0.0	1.2	1.2
1.1.10 IFAD	0.8	1.7	3.1	3.2	0.0	0.0	0.0
1.2. Билатерални кредитори	**320.5**	**317.1**	**316.3**	**305.0**	**14.4**	**7.1**	**21.5**
1.2.1. Париски клуб на доверители	312.6	279.6	264.5	242.6	12.4	6.0	18.4
1.2.2. Новосклучени кредити	7.9	37.5	51.8	62.4	2.0	1.1	3.1
2. ПРИВАТНИ КРЕДИТОРИ	**394.4**	**407.7**	**402.4**	**406.4**	**19.1**	**12.5**	**31.7**
2.1. Комерцијални банки (Лондонски клуб)	**243.1**	**250.2**	**252.7**	**258.0**	**0.0**	**8.5**	**8.5**
2.2. Останати	**151.3**	**157.5**	**149.7**	**148.0**	**19.1**	**4.0**	**23.2**
2.2.1. Банки и финансиски институции	124.5	131.6	118.8	118.2	15.6	3.2	18.8
2.2.2. Претпријатија (приватни кредитори)	26.7	25.9	30.9	30.2	3.5	0.9	4.4
ВКУПНО (1+2)	**1398.6**	**1438.5**	**1427.6**	**1380.1**	**61.9**	**33.4**	**95.3**

Извор: Народна банка на Република Македонија и интерни податоци на Министерството за финансии.

БУЏЕТСКИ ПРИХОДИ

ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2001

Вкупните приходи на централниот буџет во првото полугодие од 2001 година достигнаа ниво од 24.754 милиони денари, што претставува 40,6% од планираните приходи за целата година или, споредено со истиот период минатата година, буџетските приходи се пониски за 18,2%.

Основните причини за редуцираната наплата на приходите се влошената политичко-безбедносна состојба во земјата, која има силно влијание врз сите полиња од економската активност и намалената финансиска поддршка од странство во форма на грантови и донации. Така, доколку се декомпонира процентот на намалување на буџетските приходи од 18,2%, пониската наплата на даночните приходи учествува со 9,5 процентни поени, додека на намалениот прилив по основ на трансфери и донации отпаѓаат 6,8 процентни поени.

Со оглед на доминантното учество на даночните приходи во структурата на буџетските приходи (86,6% во разгледуваниот период), во продолжение ќе биде разгледана наплатата на поодделните видови на даноци.

Персонален данок од доход. Во првите шест месеци од 2001 година, по основ на персоналниот данок на доход реализирани се 3.609 милиони денари или 46,3% од вкупно планираните приходи. Во однос на првата половина од минатата година, приходите од овој данок бележат пад од 28,9% или, во апсолутен износ, 1.470 милиони денари. Меѓутоа, треба да се истакне фактот дека ваквото намалување на приходите е во рамките на очекуваното, со оглед на измените во Законот за персонален данок на доход направени во февруари оваа година, со кои се изврши намалување на стапките на овој данок и тоа од 23%, 27% и 35% на две стапки од 15% и 18%, респективно. Во структурата на приходите од персоналниот данок на доход во првите шест месеци од годината, вообичаено доминираат приходите остварени од данокот од плати и други лични примања од работен однос со 75,2%, како и од данокот на примања остварени по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица со 7,4%. Учеството на приходите по другите основи во структурата е маргинално, со исклучок на приходите по основ на казни од неплаќање на персонален данок на доход кои имаат релативно висок процент на учество (9,6%).

Данок од добивка. Остварените приходи од данокот на добивка во првото полугодие од 2001 година достигнаа ниво од 1.565 милиони денари што претставува реализација на 51,7% од планираните приходи за целата година. Споредено со истиот период минатата година, кај приходите по овој основ е евидентиран пораст од 113 милиони денари, односно 7,8%. Аналитички набљудувано, во структурата на приходите од данокот на добивка доминантно учество имаат приходите од данокот на добивка од правни лица со општествен и правни лица со приватен капитал и тоа со 64,8% и 34,8% респективно. Данокот на добивка од физички лица кои вршат регистрирана дејност има незначително учество од 0,4%, што е резултат на плаќањата на старите обврски на обврзниците по овој основ. Имено, согласно со измените на Законот за данок на добивка направени во февруари 2001 година, физичките лица кои вршат регистрирана дејност повеќе не се обврзници на овој данок.

Данок на додадена вредност. Почнувајќи од денот на воведувањето, данокот на додадена вредност претставува најзначајна компонента на даночните приходи. Така, во првата половина од оваа година учеството на приходите од овој данок во вкупните даночни приходи изнесува 36,8%. Инаку, во овој период по основ на ДДВ се наплатени 7.887 милиони денари или 43,2% од планираните приходи, што претставува незначително отстапување од планот. Притоа, од вкупно пресметаниот ДДВ за првите пет месеци од оваа година, 11.941 милион денари или 84,8% отпаѓаат на пресметаниот данок на додадена вредност по општа стапка од 19%, додека 2.141 милиони денари или 15,2% на пресметаниот ДДВ по повластена даночна стапка од 5%.

Актуелната безбедносна ситуација во земјата, која се реперкуира врз однесувањето на даночните обврзници и потрошувачите, имплицира дека наплатата на приходите од овој данок во втората половина од годината ќе се соочува со многу тешкотии, меѓу кои главен проблем е намалениот промет во земјата. Имено, просечниот промет пријавен од страна на даночните обврзници во првите пет месеци од оваа година во износ од 21.148 милиони денари, е далеку под просекот за периодот април-декември минатата година, кога изнесуваше 26.303 милиони денари. Вака намалениот обем на прометот е индикатор за намалената потрошувачка, проследена со намалување на стопанската активност и општата ликвидност на субјектите, што неминовно иницира намалена наплата на даноците. Исто така, како причини може да се наведат: намалување на приходите од ДДВ при увозот (за кои мора да се истакне дека во најголем дел не претставуваат приход во буџетот бидејќи за регистрираните даночни обврзници, увозните давачки претставуваат претходен данок за кој истите имаат право на повраќање), како и засиленото враќање на ДДВ на даночните обврзници при што во јуни оваа година е извршен најголем повраќање од 816 милиони денари.

Просечниот повраток на ДДВ во периодот јануари-јуни 2001 година изнесува 551 милиони денари, што претставува зголемување од 7,0% во однос на минатогодишниот просек.

Акцизи. Остварените приходи од акцизи во првите шест месеци од 2001 година во износ од 5.285 милиони денари се за 13,9% пониски во однос на планираните приходи. Намалувањето, пред сè, се должи на: а) неостварување на планираните приходи од акцизи од нафтени деривати во износ од 490 милиони денари, а кои претставуваат најзначајна компонента на акцизните приходи и на кои обично отпаѓаат дури 67% од вкупните акцизни приходи; б) неостварување на приходите од акцизи од патнички автомобили во износ од 444 милиони денари, пред сè, поради високото даночно оптоварување на овој вид акцизни добра и в) нереализација на приходите од алкохолни пијалаци во износ од 89 милиони денари. Поголеми приходи во однос на планот се евидентирани единствено кај тутунските преработки, каде акцизните приходи се повисоки за 163 милиони денари или 19,7%.

Вредно е да се напомене дека согласно со новиот Закон за акцизите, кој е во примена од 1 јули 2001 година, луксузните производи повеќе не спаѓаат во категоријата на акцизни добра.

Царини и увозни давачки. Намалувањето на приходите е евидентно и кај данокот од меѓународна трговија и трансакции, т.е. царините и другите увозни давачки. Имено, во разгледуваниот период по овој основ се наплатени 2.974 милиони денари, што претставува пад од 30,7% во однос на минатата година или остварување на планираните приходи во висина од 39,2%. Причините за пониската наплата треба да се бараат во намалувањето на увозот како резултат на влошената безбедносна состојба во земјата, потоа сниженатa пондерирана царинска стапка и ефектуирањето на некои од склучените договори за слободна трговија.

Покрај даночните приходи, позначаен прилив на средства во централниот буџет е реализиран и од неданочните приходи (претприемнички приход и приход од имот, такси и надоместоци, други владини услуги и сл). Во првите шест месеци од годината по овој основ се наплатени приходи во износ од 2.092 милиони денари, што претставува зголемување од 29,0% во однос на истиот период минатата година. Порастот е исклучиво резултат на повисоките приходи од јавни финансиски и нефинансиски институции, како и други приходи од имот (камати на денарски и девизни депозити). Исклучок претставува намалената наплата на такси и надоместоци, пред се', поради штрајкот на вработените од правосудните органи на почетокот од годината.

Во првото полугодие капиталните приходи (продажба на капитални средства, земјиште и нематеријални вложувања) се евидентирани во износ од 214 милиони денари. Потребно е да се истакне дека овој износ не ги вклучува приходите од приватизација кои се реализирани во висина од 550 милиони денари, затоа што според методологијата на ММФ, односно Статистиката на владини финансии, тие немаат третман на редовни приходи, туку на финансирање. Доколку и тие се вклучат, како што е тоа направено во проектираниот износ на капитални приходи за 2001 година (887 милиони денари), може да се заклучи дека проекцијата ќе биде натфрлена.

Во разгледуваниот период приливот на средства во централниот буџет по основ на трансфери и донации изнесуваше 400 милиони денари, што претставува 22,5% во однос на планот за целата година.

Што се однесува до задолжувањето во странство, единствено во февруари оваа година е евидентиран прилив на средства во износ од 607 милиони денари што претставува прва транша од кредитот на Европската унија наменет за макрофинансиска поддршка.

ЈУЛИ 2001

Во текот на јули 2001 година вкупните приходи на централниот буџет изнесуваа 4.322 милиони денари, што во споредба со истиот месец минатата година претставува намалување од 6,3%. Структурно набљудувано, падот се должи на пониската наплата на даночните приходи (5,9%) и намалениот прилив на донации, што со оглед на актуелната политичко-безбедносна состојба е сосема очекувано. Вредно е да се напомене дека намалениот прилив во буџетот е делумно компензиран со воведувањето на новиот данок на финансиски трансакции, чија правосилност е времен-

Структура на буџетските приходи во периодот јануари-јуни 2001 година





ски ограничена само во втората половина од годината. По основ на овој данок, во текот на јули 2001 година се наплатени 477 милиони денари.

Неданочните приходи во разгледуваниот период беа реализирани во износ од 294 милиони денари, односно на приближно еднакво ниво како и во јули минатата година. Инаку, и во двете години не е евидентирано повлекување на заеми од странство, додека приливите во централниот буџет по основ на трансфери и донации во јули 2001 година се нешто пониски во однос на истиот месец минатата година (во текот на јули годинава се наплатени само 9 милиони денари).

ПРИХОДИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2000 и 2001 година)

(во милиони денари)

Вид на приходи	Остварено во 2000 година			Планирано со	Остварено во	Остварени приходи по месеци							Остварено
	Јануари–Декември 2000 година	Јануари–Јуни 2000 година	Јули–Декември 2000 година	Буџетот за 2001 година	Јануари–Јуни 2001 година	Јануари 2001 година	Февруари 2001 година	Март 2001 година	Април 2001 година	Мај 2001 година	Јуни 2001 година	Јули 2001 година	Јануари–Јули 2001 година
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ	63,097	30,252	32,845	60,980	24,754	4,508	4,156	4,736	3,766	3,936	3,652	4,322	29,076
ИЗВОРНИ ПРИХОДИ	56,760	26,434	30,417	53,035	23,531	4,446	3,504	4,704	3,738	3,828	3,311	4,311	27,842
ДАНОЧНИ ПРИХОДИ	51,120	24,315	26,804	49,728	21,440	4,261	3,256	4,091	3,463	3,310	3,059	4,016	25,456
Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	13,586	6,531	7,055	10,815	5,174	926	890	1,041	768	745	802	756	5,930
Персонален данок од доход	10,793	5,079	5,714	7,789	3,609	715	575	583	587	558	591	551	4,160
Данок од добивка	2,793	1,452	1,341	3,026	1,565	211	315	458	182	188	211	205	1,770
Домашни даноци на стоки и услуги	29,733	13,463	16,270	31,248	13,172	2,900	1,859	2,544	2,362	1,906	1,602	2,401	15,574
Данок на промет и ДДВ (од 1.04.2000)	17,452	7,586	9,867	18,254	7,887	2,252	1,042	1,585	1,298	1,056	655	1,383	9,270
Акцизи	12,281	5,877	6,404	12,994	5,285	647	817	960	1,064	850	947	1,019	6,304
Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки)	7,733	4,292	3,442	7,595	2,974	424	457	500	289	655	649	364	3,337
Увозни давачки	6,040	3,402	2,638	5,911	2,316	338	361	365	215	509	528	291	2,607
Други увозни давачки и такси	1,693	890	803	1,684	658	86	96	135	74	146	121	72	730
Други даноци	63	28	35	60	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Други даноци кои не се класифицирани на друго место	63	28	35	60	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Даноци од специфични услуги	5	2	2	10	1	1	0	0	0	0	0	0	2
Комунални даноци	5	2	2	10	1	1	0	0	0	0	0	0	2
Такси за користење или дозволи за вршење на дејност	0	0	0	0	119	11	50	6	44	3	6	17	136
Дозволи за вршење дејност	0	0	0	0	112	10	48	4	43	2	5	15	126
Такса за моторни возила	0	0	0	0	7	1	2	1	1	1	1	2	10
Данок на финансиски трансакции	–	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	477	477
НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ	3,023	1,620	1,405	3,307	2,091	185	249	612	275	518	252	294	2,385
Претприемачки приход и приход од имот	1,133	663	470	1,287	1,260	84	124	394	152	380	126	167	1,429
Профит од дополнителни активности на Владини институции	15	663	470	1,287	1,260	84	124	394	152	380	126	167	1,429
Приходи од јавни финансиски и нефинансиски институции	697	542	155	800	859	52	70	320	67	296	54	96	955
Други приходи од имот	421	121	300	487	402	33	54	74	85	84	72	71	474
Такси и надоместоци	1,216	635	581	1,420	519	70	69	109	92	89	90	91	612
Парични казни	170	89	81	170	55	17	5	8	9	8	8	14	70
Судски такси	495	280	215	600	215	17	32	48	40	40	38	36	251
Административни такси	551	266	285	650	248	35	32	53	43	41	44	42	290
Други Владини услуги	325	142	183	200	287	28	47	105	27	47	33	38	326
Други неданочни приходи	349	179	170	400	19	3	8	3	3	2	0	0	19
КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ	2,617	408	2,208	887	214	62	33	32	27	29	31	2	217
Продажба на капитални средства	2,617	408	2,208	887	207	60	31	31	27	28	30	0	208
Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	0	0	0	0	8	2	3	1	0	1	1	2	9
ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ	4,155	2,372	1,783	1,778	400	0	12	0	0	78	310	9	409
Трансфери од други нивоа на власт	717	717	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Донации од странство	3,438	1,656	1,783	1,778	400	0	12	0	0	78	310	9	409
Општи и тековни донации	3,438	1,656	1,783	1,778	400	0	12	0	0	78	310	9	409
ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО	2,182	1,536	645	5,280	607	0	607	0	0	0	0	0	607
Меѓународни развојни агенции	2,182	1,536	645	5,280	607	0	607	0	0	0	0	0	607
Задолжувања кај меѓународни развојни агенции	2,182	1,536	645	5,280	607	0	607	0	0	0	0	0	607

БУЏЕТСКИ РАСХОДИ

ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2001

Вкупните расходи на централниот буџет во првото полугодие од 2001 година се извршени во вкупен износ од 30.949 милиони денари, или 50,8% во однос на планот за целата година. Во структурата на реализираните расходи најголемо учество имаат тековните трансфери со 27,7% и платите и надоместоците со 26,6%, по кои следат расходите за стоки и услуги со 18,7%, капиталните трошоци со 16,1% итн.



За плати и надоместоци во првите шест месеци се исплатени 8.218 милиони денари, или 53,8% од планираните 15,3 милијарди денари за 2001 година. Како главни причини за високиот процент на извршување може да се издвојат доцнењето во спроведувањето на реформите на јавната администрација, пролонгираното донесување на измените на Законот за персонален данок од доход, како и зголемениот ангажман на припадниците на безбедносните сили поради влошената безбедносна состојба. Ако се има предвид дека до крајот на годината остануваат уште шест плати, може да се заклучи дека планираната маса на плати е надмината и до крајот на годината ќе се јави значителен недостаток. Оттаму, во Ребалансот на Буџетот за 2001 година, кој е во собраниска процедура, проектираниот износ на масата на плати е ревидиран и тој изнесува 16.492 милиони денари.

Од планираните 6.380 милиони денари за стоки и услуги, во текот на првото полугодие се извршени 5.765 милиони денари, што претставува 90,4% од планот. Високиот процент на реализација исклучиво се должи на пречекорувањето кај трошоците за материјали (веќе 24,7% над годишниот план) и патните и дневните трошоци (надминување на годишниот план за 102,2%), кои во структурата на трошоците за стоки и услуги учествуваат со 52,9% и 16,0%, респективно. Основната причина е влошената безбедносна состојба и мошне интензивниот ангажман на припадниците на безбедносните сили во кризните жаришта. Во прилог на оваа констатација говорат и податоците за месечните извршувања на расходите по овој основ, кои укажуваат на драстично зголемување на трошоците во март, април, мај и јуни. Кај останатите категории на трошоци, како што се, на пример, трошоците за тековно одржување, договорни услуги, комунални услуги и други оперативни трошоци, исплатата се движи во рамките на нормалниот процент на искористување.

Со оглед на високиот процент на извршување, во ревидираната проекција на трошоците за стоки и услуги во износ од 18.685 милиони денари се опфатени и дополнителните трошоци сврзани со кризата, кои се однесуваат на финансирање на зголемените расходи на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи за набавка на материјали, храна, гориво и услуги и исплата на патни и дневни трошоци на редовниот и резервниот состав на безбедносните сили.

Во периодот јануари-јуни 2001 година по основ на тековни трансфери се реализирани 8.560 милиони денари, односно 37,7% во однос на планот за целата година. Во споредба со првото полугодие од 2000 година, тековните трансфери од централниот буџет се пониски за 4,7%. Структурно набљудувано, во рамките на реализираниот износ на тековни трансфери 2,4 милијарди денари или 28,5% се до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, 1,9 милијарди денари или 22,3% до Заводот за вработување, следат 1,5 милијарди денари или 18,0% за социјални програми итн.

Од планираните 980 милиони денари за поддршка на структурните реформи во 2001 година, во првите шест месеци од годината се исплатени само 74 милиони денари. Нискиот процент на извршување исклучиво се должи на проблемите околу решавањето на судбината на претпријатијата загубари во услови на влошена безбедносна состојба. Инаку, во втората половина од годината се очекува зголемена исплата за структурни реформи, при што планираниот износ е ревидиран и според Предлог ребалансот за 2001 година тој ќе биде повисок за 180 милиони денари.

На име реформи во јавната администрација во пр-

вото полугодие се исплатени 595 милиони денари од планираните 835 милиони денари, односно 71,3%. Реформите се имплементираат во три насоки:

- предвремено пензионирање, согласно со Законот за предвремено пензионирање, кој е донесен во 2000 година;
- спогодбен престанок на работниот однос со исплата на еднократен надомест во висина од 24 исплатени месечни нето-плати остварени во последниот месец пред престанокот на работниот однос и,
- отказ по потреба на службата со можност за предвремена пензија или еднократен надомест во вид на испратнина во износ од 12 исплатени месечни нето-плати остварени во последниот месец пред престанокот на работниот однос.

Другите тековни трансфери на име трошоци за програми во областа на културата, социјалната заштита, здравството, земјоделието, образовани-ето, спортот, науката, заштита на животната средина, ученички и студентски стандард и др. битно не отстапуваат во однос на планот.

Каматните плаќања во првите шест месеци од годината изнесуваа 1.974 милиони денари, што е за 2,3 пати повеќе во однос на истиот период минатата година. Најголемиот дел од каматните плаќања се по основ на странски кредити (1.520 милиони денари или 77,0%), додека каматите по домашните обврзници беа исплатени во висина од 454 милиони денари. Структурно набљудувано, 300 милиони денари беа камати по обврзницата издадена во процесот на санација на Стопанска банка, а 154 милиони денари за камати по обврзниците за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија.

За капитални трошоци, поточно за купување на капитални средства и за капитални трансфери во првите шест месеци од годината се потрошени 4.958 милиони денари или 80,8% од вкупно планираниот годишен износ од 6.139 милиони денари.

Трошоците за купување на капитални средства во разгледуваниот период изнесуваа 3.934 милиони денари, од кои најголемиот дел (71,8%), беа наменети за набавка на постројки, опрема и машинерија. Анализирано според месечната динамика, забележително е континуираното зголемување од почетните 64 милиони денари, потрошени во јануари, до 2.120 милиони денари, исплатени во јуни годинава, што исклучиво се должи на трошоците поврзани со актуелната политичко-безбедносна сосотојба во земјата.

Во рамките на капиталните трансфери во споменатиот период како позначајни расходни категории се издвојуваат трансферите наменети за програмата за патишта, реализирани во висина од 887 милиони денари или 53,59% во однос на годишниот план и трансферите наменети за Програмата за инвестиции во земјоделието во износ од 120 милиони денари. Инаку, по основ на капитални трансфери во периодот јануари-јуни 2001 година се потрошени вкупно 1.025 милиони денари, односно 50,8% во однос на планот.

Во периодот јануари-јуни 2001 година редовно беа регулирани обврските кон странските кредитори, при што е отплатена главница по надворешен долг во износ од 1.216 милиони денари, што во споредба со истиот период минатата година претставува зголемување од 48,3%.



ЈУЛИ 2001

Буџетските расходи во текот на јули оваа година се извршени во висина од 7.028 милиони денари, што е на еднакво ниво како и претходниот месец. Доколку се исклучат трошоците за камата и главница по домашни и странски кредити во висина од 1.686 милиони денари, а кои според амортизациониот план не беа предвидени во јули 2000 година, вкупните расходи на централниот буџет бележат пораст од 36,8% во однос на минатогодишниот јули. Оттаму, зголемена-

та буџетска потрошувачка е исклучиво резултат на вонредните трошоци за национална безбедност, кои почнувајќи од март годинава, силно ги оптоваруваат тековните и капиталните трошоци.

Во седмиот месец од годината тековните трошоци на буџетот, кои имаат доминантно учество во вкупните буџетски расходи (74,5%) изнесуваа 5.239 милиони денари, односно за 54,5% повеќе во однос на минатогодишниот јули. Структурно набљудувано, во разгледуваниот период масата на исплатени плати и надоместоци беше за 3% пониска во однос на истиот месец минатата година, а тековните трансфери забележаа пораст од 6,4%. Поради тоа, основните фактори за повисока исплата на тековните трошоци се зголемените трошоци за стоки и други услуги (2,6 пати повеќе во однос на јули минатата година) и каматните плаќања во износ од 823 милиони денари.

Истовремено, капиталните трошоци се извршени во износ од 840 милиони денари, односно 2 пати повеќе во однос на истиот месец 2000 година. Порастот исклучиво се должи на зголемените набавки на опрема, постројки и машинерија за потребите на безбедносните сили. Во текот на јули 2001 година отплатата на главница по странски долгови изнесуваше 863 милиони денари.

РАСХОДИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2000 и 2001 година)

(во милиони денари)

Вид на расходи	Остварено во 2000 година			Планирано со	Остварено во	Остварени расходи по месеци							Остварено
	Јануари–Декември	Јануари–Јуни	Јули–Декември	Буџетот за	Јануари–Јуни	Јануари	Февруари	Март	Април	Мај	Јуни	Јули	Јануари–Јули
	2000 година	2000 година	2000 година	2001 година	2001 година	2001 година	2001 година	2001 година	2001 година	2001 година	2001 година	2001 година	2001 година
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
ВКУПНИ РАСХОДИ	**57,689**	**24,095**	**33,595**	**60,980**	**30,949**	**5,316**	**3,482**	**5,029**	**5,274**	**4,848**	**7000**	**7028**	**37,978**
ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ	**46,985**	**20,616**	**26,369**	**48,510**	**24,516**	**4,197**	**3,153**	**4,184**	**4,440**	**4,012**	**4,530**	**5,239**	**29,756**
Плати, наемнини и надоместоци	**16,285**	**7,930**	**8,355**	**15,271**	**8,218**	**1,424**	**1,342**	**1,426**	**1,330**	**1,346**	**1,350**	**1,368**	**9,585**
Основни плати и наемнини	14,383	6,942	7,441	13,362	7,119	1,240	1,150	1,231	1,153	1,174	1,171	1,199	8,318
Надоместоци	1,902	988	914	1,909	1,098	183	193	195	176	172	179	169	1,267
Стоки и услуги	**6,294**	**2,859**	**3,435**	**6,380**	**5,765**	**380**	**347**	**1,103**	**1,394**	**1,275**	**1266**	**1609**	**7,374**
Патни и дневни трошоци	300	141	159	456	923	25	25	181	217	205	270	367	1,290
Комунални услуги	375	174	201	497	310	25	26	75	49	65	70	59	368
Трошоци за затоплување	486	236	250	696	427	46	87	136	43	71	44	23	449
Материјали	3,076	1,212	1,865	2,446	3,051	196	99	539	881	696	640	918	3,969
Трошоци за транспорт	199	97	102	272	260	15	22	54	49	59	61	80	339
Тековно (рутинско) одржување	126	44	82	144	61	8	3	10	13	19	8	10	71
Договорни услуги	819	385	434	1,237	428	54	59	64	69	101	81	82	511
Други оперативни трошоци	913	571	341	631	304	11	26	43	74	59	91	70	375
Тековни трансфери	**22,790**	**8,984**	**13,807**	**22,697**	**8,560**	**1,197**	**1,317**	**1,544**	**1,404**	**1,363**	**1,735**	**1,441**	**10,001**
Трансфери на владини институции	2,386	878	1,508	2,017	901	95	52	157	162	206	229	171	1,072
лица и на нестопански организации	13,328	5,890	7,438	13,591	6,678	1,077	1,094	1,077	1,060	1,047	1,323	1,171	7,849
Трансфери по основ на субвенции	7,076	2,215	4,861	7,089	982	25	172	309	181	111	184	98	1,079
Каматни плаќања	**1,616**	**843**	**773**	**4,162**	**1,974**	**1,196**	**146**	**112**	**313**	**28**	**179**	**823**	**2,796**
Камата на домашни кредити	0	0	0	1,111	454	1	40	0	284	18	111	18	473
Камата на странски кредити	1,616	843	773	3,051	1,520	1,195	106	112	29	9	69	804	2,324
КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ	**5,186**	**1,399**	**3,788**	**6,139**	**4,958**	**179**	**208**	**586**	**804**	**809**	**2,372**	**840**	**5,799**
Купување на капитални средства	**3,231**	**732**	**2,499**	**4,121**	**3,934**	**64**	**208**	**457**	**503**	**582**	**2,120**	**721**	**4,655**
Купување на земјишта и нематеријални средства	**0**	**0**	**0**	**20**	**20**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20**	**0**	**20**
Купување на градежни објекти	590	22	568	679	294	0	4	77	30	178	5	6	300
Мебел и канцелариска опрема	225	89	136	348	124	9	7	10	27	39	32	12	136
Купување на моторни возила	185	14	171	115	30	0	4	11	10	4	1	29	59
Физибилити студии, подготовка на проекти	4	0	4	28	6	0	0	0	0	6	0	0	6
Постројки, опрема и машинерија	177	11	166	967	2,824	0	130	242	330	208	1,914	540	3,363
Изградба, реновирање и унапредување	951	393	558	1,162	360	51	46	66	51	59	87	75	435
Основно и специјално одржување	1,099	203	896	802	278	4	18	52	56	88	60	59	337
Капитални трансфери	**1,956**	**667**	**1,289**	**2,018**	**1,024**	**115**	**0**	**129**	**301**	**227**	**252**	**119**	**1,143**
Капитални трансфери до владини институции	1,771	620	1,151	1,838	1,012	115	0	129	301	227	240	110	1,122
Капитални трансфери до единиците на локална самоуправа	185	47	138	180	12	0	0	0	0	0	12	9	21
ДАВАЊЕ НА ЗАЕМИ, УЧЕСТВО ВО ДЕЛ ОД ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ И ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА	**5,517**	**2,080**	**3,437**	**6,331**	**1,474**	**940**	**120**	**259**	**30**	**27**	**98**	**949**	**2,424**
Давање на заеми и учество во дел од хартиите од вредност	**3,956**	**1,260**	**2,696**	**3,296**	**259**	**142**	**0**	**12**	**30**	**27**	**48**	**86**	**345**
Заеми на поединци и нестопански организации	3,434	934	2,500	2,846	183	142	0	0	5	5	31	71	254
Учество во дел од јавните претпријатија	522	326	196	450	75	0	0	12	25	22	16	15	91
Амортизација (отплата на главница)	**1,561**	**820**	**741**	**3,036**	**1,216**	**798**	**120**	**247**	**0**	**0**	**51**	**863**	**2,079**
Отплата на домашен долг	8	8	0	8	3	3	0	0	0	0	0	0	3
Отплата на надворешен долг	1,553	811	741	3,028	1,212	794	120	247	0	0	51	863	2,075

БУЏЕТ - ЦЕНТРАЛНА ДРЖАВНА ВЛАСТ

(во денари)

	1999	2000	2000	2001
	Завршна сметка	Ребаланс	Завршна сметка	Буџет
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**50,478,031,862**	**64,771,000,000**	**63,096,945,248**	**60,979,525,00**
ИЗВОРНИ ПРИХОДИ	**44,728,175,441**	**57,175,000,000**	**56,760,081,178**	**53,922,000,000**
ДАНОЧНИ ПРИХОДИ	**41,858,828,319**	**50,931,000,000**	**51,120,246,281**	**49,728,000,000**
Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	**12,793,078,777**	**13,136,000,000**	**13,585,772,246**	**10,815,000,000**
Персонален данок од доход	10,233,016,110	10,523,000,000	10,792,594,721	7,789,000,000
Данок од добивка	2,559,325,945	2,613,000,000	2,793,156,390	3,026,000,000
Други даноци од доход, од добивка и од капитални добивки	736,722	0	21,135	0
Домашни даноци на стоки и услуги	**20,631,883,947**	**29,132,000,000**	**29,733,381,929**	**31,248,000,000**
Данок на промет	9,958,866,206	3,946,000,000	7,055,788,708	0
Данок на додадена вредност (од 1.04.2000)	0	12,938,000,000	10,396,551,663	18,254,000,000
Акцизи	10,673,017,741	12,248,000,000	12,281,041,470	12,994,000,000
Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки)	**8,302,773,971**	**8,600,000,000**	**7,733,381,467**	**7,595,000,000**
Увозни давачки	6,802,005,702	7,176,000,000	6,040,495,875	5,911,000,000
Други увозни давачки и такси	1,500,768,269	1,424,000,000	1,692,885,592	1,864,000,000
Други даноци	**123,627,594**	**55,000,000**	**62,644,972**	**60,000,000**
Други даноци кои не се класифицирани на друго место	123,627,594	55,000,000	62,644,972	60,000,000
Даноци од специфични услуги	**7,464,030**	**8,000,000**	**5,065,667**	**10,000,000**
Комунални даноци	7,464,030	8,000,000	5,065,667	10,000,000
НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ	**2,869,347,122**	**6,244,000,000**	**5,639,834,897**	**4,194,000,000**
Претприемачки приход и приход од имот	**798,125,658**	**1,128,000,000**	**1,133,367,383**	**1,287,000,000**
Такси и надоместоци	**1,156,606,788**	**1,300,000,000**	**1,215,770,217**	**1,420,000,000**
Други Владини услуги	127,316,281	200,000,000	324,812,933	200,000,000
Други неданочни приходи	632,921,803	379,000,000	349,306,600	400,000,000
Продажба на капитални средства	154,376,592	3,237,000,000	2,616,577,764	887,000,000
ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ	**2,419,089,626**	**5,399,000,000**	**4,155,269,452**	**1,777,525,000**
Трансфери од други нивоа на власт	**32,283,095**	**0**	**716,822,828**	**0**
Донации од странство	**2,386,806,531**	**5,399,000,000**	**3,438,446,624**	**1,777,525,000**
ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО	**3,330,766,795**	**2,197,000,000**	**2,181,594,618**	**5,280,000,000**
Меѓународни развојни агенции	3,330,766,795	2,197,000,000	2,181,594,618	5,280,000,000
ВКУПНИ РАСХОДИ	**49,761,209,034**	**57,701,458,567**	**57,689,326,703**	**60,979,525,000**
ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ	**42,088,365,187**	**46,997,572,994**	**46,985,485,342**	**48,489,209,000**
Плати, наемнини и надоместоци	**15,996,631,927**	**16,288,881,140**	**16,285,267,541**	**15,269,902,000**
Стоки и останати услуги	**5,646,765,633**	**6,301,920,572**	**6,293,788,729**	**6,362,705,000**
Тековни трансфери	**18,227,967,627**	**22,790,751,680**	**22,790,409,470**	**22,694,602,000**
Каматни плаќања	**2,217,000,000**	**1,616,019,602**	**1,616,019,602**	**4,162,000,000**
КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ	**2,407,296,601**	**5,186,521,411**	**5,186,477,309**	**6,154,816,000**
Купување на капитални средства	**1,312,799,356**	**3,230,782,373**	**3,230,738,464**	**4,142,216,000**
Капитални трансфери	**1,094,497,245**	**1,955,739,038**	**1,955,738,845**	**2,012,600,000**
ДАВАЊЕ НА ЗАЕМИ, УЧЕСТВО ВО ДЕЛ ОД ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ И ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА	**5,265,547,247**	**5,517,364,162**	**5,517,364,053**	**6,335,500,000**
Давање на заеми и учество во дел од хартиите од вредност	**2,942,547,247**	**3,956,462,370**	**3,956,462,261**	**3,300,000,000**
Амортизација (отплата на главнина)	**2,323,000,000**	**1,560,901,792**	**1,560,901,792**	**3,035,500,000**

Забелешка:
Приходите во 1999 и 2000 година, се рекласифицирани според новиот Правилник за класификација на приходите.

ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Вкупните приходи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за првото полугодие од 2001 година изнесуваат 11.858 милиони денари, што претставува зголемување од 9,6% во споредба со истиот период минатата година. Истовремено, вкупните расходи на Фондот изнесуваат 12.274 милиони денари, односно се повисоки за 10,6% споредено со периодот јануари-јуни 2000 година. Во разгледуваниот период е остварен дефицит во износ од 416 милиони денари, што претставува зголемување од 135 милиони денари во однос на истиот период минатата година.

Во рамките на вкупните приходи, најголемо учество имаат придонесите од плати (65,5%), чија наплата бележи пораст од 5,0% во однос на првите шест месеци во 2000 година. Потоа следуваат приходите од Буџетот на Република Македонија во износ од 2.650 милиони денари, кои во споредба со првите шест месеци од минатата година се повисоки за 25,1%. Порастот, главно, се должи на зголемените обврски на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија по основ на ретроактивна исплата на разликата од 8% за пензионерите, како и обврските произлезени од реформата на јавната администрација.

Една од поважните причини за зголемувањето на вкупните расходи на Фондот во однос на првата половина од 2000 година се зголемените трошоци за пензии, кои во анализираниот период го достигнаа нивото од 10.619 милиони денари, или за 11,4% повеќе. Истовремено, трансферот до Фондот за здравствено осигурување, односно расходите за уплата на придонесите за здравствено осигурување, изнесуваше 1.397 милиони денари, или 5,1% повеќе во споредба со првото полугодие од 2000 година.

ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

(во милиони денари)

Вид на приходите / расходите	1998 Извршено	1999 Извршено	2000 Извршено	2001 Буџет	2001 Јануари–Јуни Извршено
ПРИХОДИ	**20,717**	**21,229**	**22,883**	**25,109**	**11,858**
Придонес од плати	13,373	14,316	15,722	16,025	7,763
Придонес од доходот	239	311	311	335	154
Приходи од Буџетот на Републиката	3,618	3,266	4,174	6,127	2,650
Приходи од приватен сектор	400	439	404	440	184
Приходи од индивидуални земјоделци	74	65	58	65	20
Приходи од акцизи	691	632	804	837	362
Придонес од Заводот за вработување за невработени лица	961	868	1,101	1,135	560
Други приходи	122	45	74	65	27
Приходи од дивиденди и од продажба на хартии од вредност	50	67	53	80	138
Приходи по основ на нови вработувања	419	841	167	0	0
Пренесени приходи од претходна година	201	201	0	0	0
РАСХОДИ*	**20,521**	**20,669**	**22,940**	**25,109**	**12,274**
Пензии	17,730	17,756	19,774	21,411	10,619
Редовни пензии	16,912	16,977	18,948	19,255	9,513
Воени пензии	464	458	505	500	257
Земјоделски пензии	354	321	321	300	152
Ретроактивна исплата на 8%	0	0	0	1,090	601
Предвремено пензионирање според Законот од 2000 година	0	0	0	106	56
Предвремено пензионирање според Законот од 2001 година	0	0	0	160	40
Надоместок за телесно оштетување	63	69	72	76	36
Надоместоци од инвалидско осигурување	98	95	94	110	48
Вработување и интернатско сместување на деца инвалиди	15	13	12	12	4
Придонес за здравствена заштита	2,321	2,450	2,672	2,869	1,397
Надоместок на стручната служба	133	132	141	141	77
Други расходи	161	154	175	189	95
Капитални средства	–	–	–	301	0
РАЗЛИКА					
Дефицит / Суфицит	**196**	**560**	**-57**	**0**	**-416**

* Расходите во мај 2001 година се планирана големина.

Извор: Интерни податоци на Министерството за финансии.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Во првото полугодие од 2001 година Фондот за здравствено осигурување оствари вкупни приходи во износ од 6.255 милиони денари. Споредено со соодветниот период од претходната година, кога во Фондот се слеаја 5.664 милиони денари, остварен е пораст од 10,4%.

Порастот на вкупните приходи се должи, пред сè, на високиот пораст што во овој период го остварија приходите по основ на придонеси за здравствено осигурување за невработените лица, односно трансферните средства од Заводот за вработување (44,8%), што е резултат главно на зголемениот број невработени лица-корисници на здравствено осигурување. Ваквиот пораст придонесе овие приходи да го зголемат и своето учество во вкупните приходи на Фондот од 10,7% на 14,0%. Приходите по основ на придонеси за здравствено осигурување на пензионерите, односно трансферните средства од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се на нивото од истиот период минатата година, но само како резултат на тешкотиите што ги има овој Фонд при регулирањето на обврските кон Фондот за здравствено осигурување во оваа година. Имено, за разлика од претходните години, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, истите, оваа година, ги плаќа со задоцнување, по последната група на пензии. Поради ова, износот на приходите по овој основ за месец јуни е помал за делот на неплатените придонеси за здравствено осигурување на пензионерите, а кој бил исплатен со задоцнување, во јули.

Изворните приходи (придонесите за здравствено осигурување од плата, од приватниот сектор, од индивидуалните земјоделци и др.), кои во структурата на вкупните приходи имаат доминантно учество (59,4%), во овој период остварија потпросечен пораст од 2,0%.

Вкупните расходи на Фондот во првото полугодие од 2001 година изнесуваат 5.900 милиони денари. Во споредба со истиот период од претходната година истите покажуваат зголемување од 9,2% .

Близу половина од вкупните расходи претставуваат расходите за болничко лекување (48,8%) кои во овој период забележаа пораст од 25,0% во однос на истиот период од претходната година. Амбулантните трошоци, како втора по големина ставка (19,7%) остварија намалување од 4,0%, додека расходите за лекови на кои отпаѓаат 13,7% од вкупните приходи остварија минимален пораст од 0,3%.

Иако расходите за стручната служба учествуваат со само 2% во вкупните расходи на Фондот, забележителен е нивниот пораст од 11,4% што е повисоко од порастот како на вкупните приходи така и на вкупните расходи на Фондот. Ова се објаснува со зголемување на бројот на вработените во Фондот и со промената на квалификациона структура на вработените извршено во втората половина на претходната година.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

(во милиони денари)

Вид на приходите / расходите	1998 Извршено	1999 Извршено	2000 Извршено	2001 Буџет	2001 Јануари–Јуни Извршено
ПРИХОДИ	**11,087**	**12,068**	**12,790**	**12,965**	**6,255**
Придонеси	6,7736	7,363	7,745	8,142	3,718
Придонеси од Пензискиот Фонд	2,309	2,417	2,649	2,854	1,307
Придонеси од Заводот за вработување	1,037	1,350	1,941	1,653	874
Придонеси од Министерството за труд и социјална политика	45	0	0	45	21
Други приходи	851	938	455	137	22
Приходи по договори за сини картони	109	0	0	134	0
Средства од Буџетот на РМ за задолжително здравствено осигурување	–	–	–	134	0
Пренесен вишок од претходната година	–	–	–	–	313
РАСХОДИ	**13,689**	**11,692**	**12,463**	**12,965**	**5,900**
Амбулантни трошоци	5,303	2,491	2,486	2,700	1,161
Болничко лекување	4,702	5,482	5,737	6,100	2,876
Трошоци по програми	214	125	105	0	33
Лекови	1,214	1,249	1,681	1,425	808
Забна заштита	638	667	687	709	294
Ортопедски трошоци	208	154	143	157	66
Лекување во странство	290	161	70	85	41
Друг вид лекување (надоместоци)	719	801	694	770	413
Администрација	326	288	250	245	118
Опрема и одржување	36	39	90	517	4
Други трошоци	41	234	200	71	26
Кредити и камати	0	0	321	71	59
РАЗЛИКА					
Дефицит / суфицит	**-2,602**	**376**	**326**	**0**	**355**

Извор: Интерни податоци на Министерството за финансии.

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Првото полугодие од 2001 година, Републичкиот завод за вработување го заврши со вкупни приходи во износ од 2.518 милиони денари, што претставува пораст од 24,0% во однос на истиот период минатата година. Порастот кај приходите, пред сè, се должи на зголемувањето кај дотациите од Буџетот на Републиката во износ од 1.960 милиони денари, кои во структурата на приходите учествуваат со 77,8%.

Во првите шест месеци од годината вкупните расходи на Фондот забележаа пораст од 22,3% во однос на истиот период минатата година, достигнувајќи го нивото од 2.472 милиони денари. Најголемо учество во вкупните расходи имаа расходите за функцијата (96,4%), кои во разгледуваниот период изнесуваа 2.382 милиони денари, односно беа повисоки за 23,4% во однос на периодот јануари-јуни 2000 година. Во рамките на расходите за функцијата на Републичкиот завод за вработување, средствата за обезбедување паричен надоместок на невработени лица учествуваа со 39,4%, придонесите за здравствено осигурување со 36,6%, додека придонесите за пензиско и инвалидско осигурување со 24,0%.

Како резултат на остварената динамика на приходите и расходите, Републичкиот завод за вработување го заврши првото полугодие од 2001 година со суфицит од 47 милиони денари.

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

(во илјади денари)

Вид на приходите / расходите	1998 Извршено	1999 Извршено	2000 Извршено	2001 Буџет	2001 Јануари–Јуни Извршено
ПРИХОДИ	**4,260,446**	**4,128,879**	**5,118,775**	**4,747,000**	**2,518,494**
Приходи од придонеси	990,240	1,057,733	1,120,684	1,116,000	551,235
Придонес од плати	968,627	1,036,577	1,098,269	1,085,000	540,210
Придонес од работни луѓе кои самостојно вршат дејност	21,610	21,156	22,415	31,000	11,025
Придонес што го уплатуваат работниците на привремена работа во странство	3	0	0	0	0
Дотации од Буџетот на Републиката	3,261,419	3,065,639	3,989,732	3,619,000	1,960,249
За покривање на дефицитот на Републичкиот завод за вработување	2,737,137	2,575,427	3,470,462	2,971,000	1,695,899
За исплата на паричен надомест на вработените од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуба (загубари)	524,282	490,212	515,891	615,000	214,050
По други основи	0	0	3,379	33,000	50,300
Други приходи	8,787	5,507	8,359	12,000	7,010
РАСХОДИ	**4,264,470**	**4,135,373**	**5,110,223**	**4,747,000**	**2,471,772**
Расходи за функцијата	4,084,268	3,970,275	4,912,721	4,558,000	2,381,888
Средства за обезбедување паричен надоместок на невработени лица	2,073,058	1,754,718	1,874,561	1,770,000	938,670
Придонеси за здравствено осигурување	1,038,951	1,347,336	1,935,859	1,653,000	870,809
Придонеси за пензиско и инвалидско осигурување	972,259	868,221	1,102,301	1,135,000	572,409
Расходи за стручната служба	180,202	165,098	197,502	189,000	89,884
Основни плати и наемнини	99,244	105,358	117,970	117,000	58,563
Надоместоци	13,924	17,144	19,230	20,300	7,060
Стоки и останати услуги	43,443	34,161	53,844	49,485	24,261
Тековни трансфери	0	0	0	300	0
Каматни плаќања	0	0	647	0	0
Капитални трошоци	23,591	8,435	5,811	1,915	0
Дел од хартии од вредност и отплата на главницата	0	0	0	0	0
РАЗЛИКА					
Дефицит / Суфицит	**-4,024**	**-6,494**	**8,552**	**0**	**46,722**

Извор: Интерни податоци на Министерството за финансии.

ФОНД ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

Вкупните приходи на Фондот за магистрални и регионални патишта во првите шест месеци од годината изнесуваа 2.046 милиони денари, односно 65,7% повеќе во однос на истиот период минатата година. Најголемиот дел од порастот се должи на повлекувањето на странски кредити, кои во овој период изнесуваа 515 милиони денари, за разлика од првата половина од 2000 година кога не е регистриран прилив по овој основ. Инаку, приходите од централниот буџет во првото полугодие од 2001 година изнесуваа 887 милиони денари и беа повисоки за 51,1% во однос на минатогодишните.

Вкупните расходи во периодот јануари-јуни 2001 година изнесуваа 2.101 милиони денари, односно 70,5% повеќе во однос на истиот период лани. Порастот се должи на значително зголемената инвестициона активност - 1.018 милиони денари, што е 2,3 пати повеќе во однос на првата половина од 2000 година. Меѓу поголемите инвестиции на Фондот во овој период е довршувањето на автопатот Стоби-Неготино, за кое само во првиот квартал од годината беа исплатени 220 милиони денари. Инаку, значителен пораст бележат и трошоците за одржување на патиштата, кои беа остварени во износ од 525 милиони денари, или за 35,3% повеќе во однос на истиот период минатата година.

Во анализираниот период, Фондот за магистрални и регионални патишта има остварено дефицит во износ од 55 милиони денари.

ФОНД ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

(во милиони денари)

Вид на приходите / расходите	1998 Извршено	1999 Извршено	2000 Извршено	2001 Буџет	2001 Јануари–Јуни Извршено
ПРИХОДИ	**2,660**	**3,793**	**3,506**	**5,715**	**2,046**
Приходи од Буџет	668	924	1,590	1,655	887
Надоместок за употреба на патишта штоги користат странските моторни возила	49	54	82	50	31
Годишен надоместок за патни моторни возила што подлежат на регистрација	524	518	746	550	358
Надоместок за употреба на автопат	468	492	537	600	181
Странски кредит	939	1,793	538	2,850	515
Други приходи	12	13	14	10	11
Грантови	–	–	–	0	64
РАСХОДИ	**2,660**	**3,793**	**3,506**	**5,715**	**2,101**
Инвестиции	1,203	1,985	1,662	3,675	1,018
Расходи за студии, проектирање, надзор, провизии и материјални трошоци	0	0	179	200	74
Одржување на патиштата	784	790	952	835	525
Зимско одржување	101	220	261	187	214
Редовно одржување	153	148	196	151	84
Инвестиционо одржување	291	194	261	244	54
Одржување на мостови	65	39	43	35	76
Други работи сврзани со одржувањето	173	189	192	218	98
Отплата на кредити	264	148	212	355	114
Средства за локални патишта	321	386	502	500	219
Останати трошоци	89	142	0	0	0
Обврски од претходната година	0	342	0	0	0
Обврски спрема Агенцијата за санација на банки	0	0	0	150	150
РАЗЛИКА					
Дефицит / суфицит	**0**	**0**	**0**	**0**	**-55**

Извор: Интерни податоци на Министерството за финансии.

МАКЕДОНСКА БЕРЗА ЗА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Котирање на Берзата

Во текот на 2000 и почетокот на 2001 година беа интензивирани подготовките на неколку значајни македонски компании за котација на официјалниот пазар на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност. Долго очекуваната втора котација на акции на Берзата, после првата котација од страна на Инвест банка АД Скопје, се случи во јули 2001 година, кога АД Топлификација ги исполни условите за котирање на првиот пазар на берзата. Исто така, најголемиот македонски фармацевтски производител-АД Алкалоид од Скопје е еден од најсериозните кандидати за котирање на берзата.

Најголемиот придонес од котирање на хартии од вредност на акционерските друштва на Берзата претставува обврската на емитентот да ги објавува сите релевантни податоци од неговото работење, како и промените во дејноста, промените во финансиските услови на работењето и други релевантни податоци, кои можат да предизвикаат значителни флуктуации на цената на хартијата за вредност. Тоа подразбира редовно доставување на годишните финансиски извештаи и информирање на Берзата за промените во структурата на сопственоста на хартиите од вредност. Генерално, се зајакнува транспарентноста во управувањето со едно акционерско друштво.

Берзански показатели за периодот јануари-јуни 2001 година

Во првите шест месеци од годината прометот на берзата е намален за 10 пати во споредба со истиот период минатата година. Ваквата состојба е, пред сè, резултат на намалениот интензитет на инвестирање во целата економија поради политичката и безбедносната нестабилност во Република Македонија во анализираниот период.

Истовремено, бројот на трансакциите е за пет пати поголем. Значајно е да се укаже дека во овој период на Берзата се тргува со една хартија од вредност повеќе во споредба со минатата година, а тоа е обврзницата на Република Македонија која во вкупниот промет учествува во 2,5%.

Во периодот јануари-јуни во 58 денови на тргување реализирани се 5.900 трансакции, истргувани се 25.911.336.671,00 хартии од вредност и остварен е вкупен промет од 26.558.492.978,75 денари, односно 854.273.629 ДЕМ.

Просечно дневно се склучувани околу 102 трансакции со просечен дневен промет од 446.747.183 хартии од вредност и остварен промет од 457.905.051,00 денари или 14.728.855 ДЕМ.

Во однос на првите шест месеци од 2000 година, кога државата тргувала со акции од 40 акционерски друштва, во текот на истиот период во 2001 година се тргуваше со акциите од 56 акционерски друштва.

Во периодот јануари-јуни 2001 година е забележано значително зголемување на учеството на прометот на официјалниот пазар, односно тој изнесува 29,0% наспроти 0,02% во првите шест месеци претходната година. Идентична констатација се јавува и кај структурата на бројот на трансакции, при што првиот пазар доминира со 70,3% од вкупниот број на трансакции во разгледуваниот период.

Најликвидни акции во овој период беа обврзниците издадени за покривање на „старото„ девизно штедење, како и акциите на Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје.

	Мај 2001	Јуни 2001	Јули 2001
❑ **Вкупен промет во денари:**	**441.576.363**	**302.308.195**	**114.617.344**
❑ Вкупен промет во акции:	559.950	3.971.556	1.832.515
❑ Вкупен промет во обврзници во ЕВРА:	4.002.011	3.857.255	1.792.106
❑ Вкупен број на трансакции:	1.302	1.230	839
❑ Вкупен број на денови на тргување:	13	12	13
❑ **Блок трансакции (во денари):**	**236.355.237**	**246.227.946**	**263.685.284**
➢ **Просечен дневен промет (во денари):**	**33.967.412,54**	**25.192.349,6**	**8.816.718,77**
➢ **Просечен број на трансакции дневно:**	**100,15**	**102,5**	**64,54**
➢ **Просечна вредност на една трансакција (во денари):**	**339.152,35**	**245.779,02**	**136.608,59**

Анализирано по месеци, по исклучително високиот промет во јануари, кој се должеше на остварените трансакции на Македонски телекомуникации АД Скопје, во наредните месеци беше присутен драматичен пад. Карактеристично за сите шест месеци е тргувањето со блок трансакции, при што во овој период се остварени 64 блок трансакции со вкупно остварен промет од 668.794.469.475,00 денари, односно околу 22.000.000 ДЕМ.

Берзански показатели - јуни

Во јуни оваа година, на пазарот на долгорочни хартии од вредност е остварен вкупен промет од 302.308.195,00 денари, што претставува пад за 52,0% во однос на претходниот месец. Намалувањето се должи, пред сè, на помалиот обем на тргување со државните обврзници, односно за 4% во споредба со мај оваа година. Падот, воедно е резултат и на помалиот број на денови на тргување (поточно 1 ден помалку) во однос на мај, што резултираше со намалување на бројот на трансакции за 6%.

Во текот на јуни 2001 година прометот на официјалниот пазар (односно првиот и вториот пазар) учествува во вкупниот промет со 58%, што претставува зголемување за 29 процентни поени во споредба со претходниот месец.

Остварен промет по пазари во јуни 2001 година

Пазарен сегмент	Промет во денари	%
Прв пазар	**175.722.965**	**58,13**
Трет пазар		
(без блок трансакции)	**320.400**	**0,11**
Паркет	125.928.830	41,66
Држава	336.000	0,11
Вкупно сите пазари	**302.308.195**	**100,00**

На третиот т.н. неофицијален пазар во шестиот месец од годината е остварен промет во висина од 125.928.830 денари, односно 42% од вкупниот промет на берзата.

Истовремено, продаден е еден пакет на акции во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Од вкупно 10 реализирани блок трансакции во јуни оваа година, како поважни се издвојуваат тргувањето со акциите на Центро Скопје во вкупна вредност од 110.582.270,00 денари и кумулативното тргување со акциите на Караорман Скопје во вкупна вредност од 51.556.480,00 денари.

Најликвидни хартии од вредност во јуни 2001 година беа обврзниците издадени за покривање на „старото“ девизно штедење, чија што цена изнесуваше 74%, како и акциите на Топлификација АД Скопје и Макпетрол АД Скопје.

Берзански показатели - јули

Трендот на опаѓање на прометот на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност продолжи и во јули оваа година. Имено, јули е четврти месец по ред кога вкупниот промет на берзата се намалува, при тоа достигнувајќи вредност од 114.617.344,00 денари, што споредено со претходниот месец претставува пад за 62%. Намалувањето во голема мера е резултат на намалениот промет со обврзници (за 53% помалку), кој во јули изнесува 1.792.106 евра.

Најголемиот дел (72,4%) од вкупниот берзански промет во јули е реализиран на официјалниот пазар, што претставува пораст од 14 процентни поени во однос на претходниот месец. Покрај него, активен беше и третиот т.н. неофицијален пазар, на кој е остварен промет од 30.837.160,00 денари, односно 26,9% од вкупниот промет.

Остварен промет по пазари во јули 2001 година

Пазарен сегмент	Промет во денари	%
Прв пазар	**83.020.308**	**72,43**
Трет пазар		
(без блок трансакции)	**30.837.160**	**26,90**
Паркет	759.876	0,66
Држава	336.000	0,11
Вкупно сите пазари	**114.617.344**	**100,00**

Во текот на јули се реализирани 10 блок трансакции во вредност од 264 милиони денари. При тоа, како поважни се издвојуваат тргувањата со акциите на Фабриката за свиларски платна Илинден-Битола во вкупна вредност од 116 милиони денари и тргувањето со акциите на Извозно и Кредитна банка-Скопје во вкупна вредност од 42 милиони денари.

Обврзниците издадени по основ на „старото„ девизно штедење продолжуваат да бидат најликвидни хартии од вредност на Берза, чија што цена во јули изнесува 75%. Меѓу трите најликвидни хартии од вредност во јули се вбројуваат и акциите на Макпетрол АД Скопје и приоритетните акции на Комерцијална банка АД Скопје.

МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ А.Д. СКОПЈЕ

Извештај за тргување од 01.05.2001 до 31.05.2001

Опис на хартијата од вредност	Номинална вредност	Највисока цена	Најниска цена	Почетна цена	Последна цена	Бр. на трансакции	Вредност	Количина	Бр. ден. на тргув.
Официјален пазар									
Прв пазар - Обични акции									
Топлификација Скопје	100.00 ДЕМ	1.700,00	1.400,00	1.650,00	1.700,00	16	2.111.550	1.436	5
Прв пазар - Обврзници									
Р. Македонија – девизни влогови		75,2	66	75	75	538	80.908.758	1.792.106	13
Вкупно Официјален Пазар						**554**	**83.020.308**	**1.793.542**	
Неофициjален Пазар									
Трет пазар - Обични акции									
Коста Абраш Охрид	100.00 ДЕМ	610	610	610	610	9	358.680	588	2
Алкалоид Скопје	50.00 ДЕМ	1.930,00	1.800,00	1.900,00	1.900,00	26	2.426.740	1.309	9
Коста Абраш Охрид	100.00 ДЕМ				590	0	0	0	1
Алкалоид Скопје	50.00 ДЕМ	1.700,00	1.355,00	1.675,00	1.650,00	41	3.046.362	1.946	9
Алскоп ФКН Скопје	10 ДЕМ	330	330	330	330	1	660.000	2.000	1
Ангропромет–Тиквешанка Кавадарци	100.00 ДЕМ	4.000,00	4.000,00	4.000,00	4.000,00	2	284.000	71	1
Благој Ѓорев Велес	50.00 ДЕМ	160	160	160	160	3	229.280	1.433	3
Бисерка Куманово	50.00 ДЕМ	320	320	320	320	1	1.060.800	3.315	1
Витаминка Прилеп	29.11 ДЕМ	2.500,00	2.500,00	2.500,00	2.500,00	8	1.607.500	643	3
Гранит Скопје	10.00 ДЕМ	66	66	66	66	1	3.960	60	1
Европа Скопје	100.00 ДЕМ	1.655,00	1.600,00	1.610,00	1.610,00	18	2.368.179	1.457	9
Жито Лукс Скопје	100.00 ДЕМ	650	650	650	650	2	117.650	181	2
Жито Прилеп Прилеп	100.00 ДЕМ	800	800	800	800	1	10.400	13	1
Земјод. комб. Пелагонија Битола	100.00 ДЕМ	600	600	600	600	6	240.000	400	3
Извозно и кредитна банка Скопје	10000 ДЕН				13.690,00	0	0	0	1
Ф–ка за св. плат. Илинден Битола	100.00 ДЕМ				3.106,00	0	0	0	1
Караорман Скопје	100.00 ДЕМ	100	100	100	100	1	23.800	238	1
Киро Дандаро Битола	10.00 ДЕМ	160	160	160	160	4	1.174.400	7.340	3
КИБ Куманово	3098.00 ДЕН				499	0	0	0	1
Комерцијална банка Скопје	5000.00 ДЕН	1.955,00	1.852,00	1.852,00	1.860,00	19	1.055.207	564	8
Комуна Скопје	50.00 ДЕМ				1.320,00	0	0	0	1
Култура Скопје	100.00 ДЕМ	2.275,00	2.275,00	2.275,00	2.275,00	1	34.125	15	1
Месна индустрија Св.Николе	63.00 ДЕМ				1.625,00	0	0	0	1
Микрогранулат Гостивар	43.54 ДЕМ	160	160	160	160	1	82.240	514	1
Македонска банка Скопје	4000.00 ДЕН				4.000,00	0	0	0	1
Македонија Гостивар	100.00 ДЕМ	1.610,00	1.605,00	1.605,00	1.605,00	10	1.690.155	1.051	3
Макошпед Скопје	1000.00 ДЕН	160	160	160	160	1	80.000	500	1
Млаз Богданци	45.06 ДЕМ	500	500	500	500	5	362.500	725	1
Макпетрол Скопје	1000.00 ДЕМ	9.900,00	8.500,00	9.650,00	9.600,00	67	4.498.433	474	11
Огражден Струмица	100.00 ДЕМ	465	465	465	465	1	59.985	129	1
ОКТА Скопје	100.00 ДЕМ	500	500	500	500	3	64.500	129	1
ОХИС Скопје	100.00 ДЕМ	580	400	500	500	3	107.380	216	3

Опис на хартијата од вредност	Номинална вредност	Највисока цена	Најниска цена	Почетна цена	Последна цена	Бр. на трансакции	Промет /ден/	Промет /хв/	Бр. ден. тргув.
Пелагонија комерц Битола	100.00 ДЕМ	450	450	450	450	2	12.150	27	1
Рударски институт Скопје	10.00 ДЕМ	430	430	430	430	1	93.740	218	1
Скопски саем Скопје	100.00 ДЕМ	2.000,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	1	60.000	30	1
Рудници САСА М. Каменица	100.00 ДЕМ	842	842	842	842	1	47.994	57	1
Сковин Скопје	10 ДЕМ	350	350	350	350	1	3.150	9	1
Солун Гевгелија	10.00 ДЕМ	396	396	396	396	1	103.752	262	1
Скопски Пазар Скопје	100.00 ДЕМ	2.010,00	2.000,00	2.000,00	2.000,00	5	1.722.800	861	2
Струмичанка Предилница Струмица	100 ДЕМ				1.167,00	0	0	0	1
Технометал Вардар Скопје	100.00 ДЕМ	600	600	600	600	1	6.600	11	1
Текстил Скопје	190.00 ДЕМ	2.200,00	1.600,00	2.200,00	2.200,00	10	619.000	292	4
Тутунска банка Скопје	1000.00 ДЕН	1.200,00	1.200,00	1.200,00	1.200,00	1	2.400	2	1
Топлификација Скопје	100.00 ДЕМ	1.855,00	1.600,00	1.600,00	1.630,00	21	4.889.210	2.848	3
Топлификација Одржување Скопје	60.00 ДЕМ	120.000,00	120.000,00	120.000,00	120.000,00	1	120.000	1	1
Фершпед Скопје	1199.00 ДЕМ	19.000,00	19.000,00	19.000,00	19.000,00	1	19.000	1	1
Фотоцентар Скопје	456.60 ДЕМ	4.000,00	3.000,00	3.500,00	3.500,00	5	289.000	84	3
Фустеларко Борец Битола	100.00 ДЕМ	500	500	500	500	1	8.000	16	1
Трет пазар - Приоритетни акции									
Комерцијална банка Скопје	1000.00 ДЕН	690	620	681	681	31	3.979.508	5.969	11
Вкупно Неофициален пазар						**284**	**30.837.160**	**34.102**	
Државен пазар									
Држава - во готово									
Микрогранулат Гостивар	10 ДЕМ	156	156	156	156	1	759.876	4.871	1
Вкупно Државен пазар						**1**	**759.876**	**4.871**	
Вкупно сите пазари						839	114.617.344		

ПАЗАР НА ПАРИ И КРАТКОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА МАЈ 2001

Во јуни 2001 година нарушената ликвидност на банките се одрази и врз работењето на пазарот на пари, детерминирајќи зголемена побарувачка за ликвидни средства и зголемување на каматните стапки. Притоа, вкупниот промет остварен на Пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност во јуни оваа година во споредба со претходниот месец се намали за 42,2% и изнесуваше 1.033,4 милиони денари. Воедно, просечниот дневен промет во јуни во однос на мај се намали за 35,9 милиони денари. Во текот на јули оваа година на Пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност е регистрирана намалена активност, при што вкупниот промет изнесуваше 580,9 милиони денари, што е за 43,8% помалку во однос на јуни. Просечниот дневен промет во јули (22 работни дена) во споредба со јуни (21 работен ден) се намали за 2,2 милиони денари, односно за 53,6%. На пазарот на пари во јули оваа година вкупната побарувачка на ликвидни средства е поголема од вкупната понуда. Вкупната побарувачка се намали за 1.510,2 милиони денари, односно за 52,9% во однос на претходниот месец. Истовремено, вкупната понуда на ликвидни средства достигна вредност од 580,9 милиони денари и во споредба со јуни е помала за 48,9%. Како резултат на ваквите движења просечната пондерирана годишна каматна стапка на пазарот на пари во јули изнесува 17,15% и во однос на претходниот месец бележи зголемување за 3,4 процентни поени.

Вкупен промет и пондерирана каматна стапка на пазарот на пари

ДЕПОЗИТИ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА КАЈ БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

Депозитите на физичките лица кај банките и штедилниците во јуни 2001 година бележат намалување за 863,3 милиони денари, односно за 5,9% во споредба со мај оваа година, при што достигнаа износ од 13,7 милијарди денари, односно 440,7 милиони ДЕМ. Овој пад се должи, пред сè, на политичките и воените збиднувања што ја потресуваат Република Македонија во последните неколку месеци, предизвикувајќи несигурност кај граѓаните, што се ефектуираше со повлекување на штедните влогови на граѓаните од банките и штедилниците.

Споредено со јуни минатата година, депозитите на физичките лица во банките и штедилниците во јуни 2001 година бележат пораст од 30,4%, односно од 3,2 милијарда денари.

Анализирано според валутната структура на депозитите, 45,78% од вкупните депозити беа денарски, а 54,22% девизни депозити. Во споредба со претходниот месец оваа година, денарските депозити се поголеми за 1,1 процентен поен.

Според рочноста на депозитите, во јуни оваа година 7,6 милијарди денари, односно 55,5% од вкупните депозити, претставуваат депозити по видување, додека 6,1 милијарди денари, односно 44,5% орочени депозити. Во однос на мај оваа година, орочените депозити бележат намалување за 4,6%, додека, пак, депозитите по видување се намалени за 7,3%.

Динамика на состојбата на депозитите на физичките лица кај банките и штедилниците



ФАКТИ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

СОСТОЈБА НА ПОЧЕТОК НА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА

Сектор	Бр. на претпр.	Бр. на вработ.	Вредност (ДЕМ)
Индустрија	403	149,174	2,153,582,302
Градежништво	117	33,499	231,190,832
Трговија	385	20,773	494,080,941
Транспорт и сообраќај	63	12,080	132,028,952
Финансии и услуги	120	4,417	51,334,955
Занаетчиство	58	3,017	18,339,333
Угостителство и туризам	70	5,890	218,710,606
ВКУПНО	**1,216**	**228,850**	**3,299,267,922**

Извор: Изработено врз основа на завршни сметки од претпријатијата (според ЗПП) со состојба 31/12/1994

ПРИВАТИЗАЦИЈА ВО ТЕК ДО 30/6/2001

Сектор	Бр. на претпр.	Бр. на вработ.	Вредност (ДЕМ)
Индустрија	32	5,948	49,026,395
Земјоделие	27	2,006	30,016,803
Градежништво	8	175	9,346,061
Трговија	24	2,967	22,699,907
Транспорт и сообраќај	2	248	2,747,386
Финансии и услуги	14	314	2,862,220
Занаетчиство	1	75	360,000
Угостителство и туризам	5	294	6,145,877
ВКУПНО	**113**	**12,027**	**123,204,649**

ЗАВРШЕНА ПРИВАТИЗАЦИЈА ДО 30/6/2001

Сектор	Бр. на претпр.	Бр. на вработ.	Вредност (ДЕМ)
Индустрија	486	136,343	2,827,070,579
Земјоделие	418	19,607	385,455,401
Градежништво	121	31,848	239,195,714
Трговија	343	17,464	495,924,282
Транспорт и сообраќај	52	7,117	77,387,358
Финансии и услуги	111	7,179	237,808,482
Занаетчиство	55	2,914	48,853,134
Угостителство и туризам	60	4,044	177,813,174
ВКУПНО	**1,646**	**226,516**	**4,489,508,123**

ПРИВАТИЗАЦИЈА ВО ТЕК - БРОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО СЕКТОРИ

Сектор	Приватизирани	Во процес
Индустрија	486	32
Земјоделие	418	27
Градежништво	121	8
Трговија	344	24
Транспорт и сообраќај	52	2
Финансии и услуги	111	14
Занаетчиство	55	1
Туризам	60	5
ВКУПНО	**1,646**	**113**

ПРИВАТИЗАЦИЈА ВО ТЕК- БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ

Сектор	Приватизирани	Во процес
Индустрија	136,343	5,948
Земјоделие	19,607	2,006
Градежништво	31,848	175
Трговија	17,464	2,967
Транспорт и сообраќај	7,117	248
Финансии и услуги	7,179	314
Занаетчиство	2,914	75
Туризам	4,044	294
ВКУПНО	**226,516**	**12,027**

ПРИВАТИЗАЦИЈА ВО ТЕК- БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ

ПРИВАТИЗАЦИЈА - ТЕКОВНА СОСТОЈБА **(ДЕМ)**

Сектор	Приватизирани	Во процес
Индустрија	2,827,070,579	49,026,395
Земјоделие	385,455,401	30,016,803
Градежништво	239,195,714	9,346,061
Трговија	495,924,282	22,699,907
Транспорт и сообраќај	77,387,358	2,747,386
Финансии и услуги	237,808,482	2,862,220
Занаетчиство	48,853,134	360,000
Туризам	177,813,174	6,145,877
ВКУПНО	**4,489,508,123**	**123,204,649**

ПРИВАТИЗАЦИЈА - ТЕКОВНА СОСТОЈБА

БРОЈ НА ПРИВАТИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО СЕКТОРИ

Сектор	Приватизирани
Индустрија	486
Земјоделие	418
Градежништво	121
Трговија	343
Транспорт и сообраќај	52
Финансии и услуги	111
Занаетчиство	55
Туризам	60
ВКУПНО	**1,646**

БРОЈ НА ПРИВАТИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО СЕКТОРИ

БРОЈ НА ПРИВАТИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СПОРЕД МОДЕЛОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА

Модел	Претпријатија	Вработени	Вредност (ДЕМ)
Стар закон	66	11,522	114,471,007
Откуп од вработени	394	17,193	155,259,182
Идеален дел	171	25,908	600,244,765
Преземање на управување	239	71,667	1,386,347,727
Закуп	4	217	1,872,951
Дополнителен капитал	27	7,620	171,472,828
Пренесување на Агенција	28	14,717	305,292,394
Конверзија	86	19,891	594,195,574
Странски капитал	155	1,843	49,400,052
Приватен капитал	138	4,817	67,280,369
Ликвидација	166	987	113,709
Откуп	172	51,134	1,043,557,493
ВКУПНО	**1,646**	**226,516**	**4,489,508,123**

БРОЈ НА ПРИВАТИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СПОРЕД МОДЕЛОТ НА ПРИВАТИЗАЦИЈА



ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТИЗИРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СПОРЕД МОДЕЛОТ

Модел	Вработени
Стар закон	11,522
Откуп од вработени	17,193
Идеален дел	25,908
Преземање на управување	71,667
Закуп	217
Дополнителен капитал	7,620
Пренесување на Агенција	14,717
Конверзија	19,891
Странски капитал	1,843
Приватен капитал	4,817
Ликвидација	987
Откуп	51,134
ВКУПНО	**226,516**

ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТИЗИРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СПОРЕД МОДЕЛОТ



ВРЕДНОСТ НА ПРИВАТИЗИРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СПОРЕД МОДЕЛОТ

Модел	Вредност (ДЕМ)
Стар закон	114,471,007
Откуп од вработени	155,259,182
Идеален дел	600,244,765
Преземање на управување	1,386,347,727
Закуп	1,872,951
Дополнителен капитал	171,472,828
Пренесување на Агенција	305,292,394
Конверзија	594,195,574
Странски капитал	49,400,052
Приватен капитал	67,280,369
Ликвидација	113,709
Откуп	1,043,557,493
ВКУПНО	**4,496,119,828**

ВРЕДНОСТ НА ПРИВАТИЗИРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СПОРЕД МОДЕЛОТ



БРОЈ НА ПРИВАТИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО ГОЛЕМИНА

Големина	Бр. на претпр.	Вредност (ДЕМ)
Големи	262	3,159,184,570
Средни	318	896,718,978
Мали	1,066	433,604,576
ВКУПНО	**1,646**	**4,489,508,123**

БРОЈ НА ПРИВАТИЗИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПО ГОЛЕМИНА



РАНГ ЛИСТА НА ГОЛЕМИ ФИРМИ

ИМЕ НА ФИРМАТА	Основен капитал	Актива	Вкупен приход	добивка	вкупен број вработени	просечна плата по работник	Вкупен пласман
1 „Македонски Телекомуникации“ а.д., Скопје	.2	.2	.2	.1	.2	.18	.27
2 „АЛКАЛОИД“ АД , Скопје	.6	.7	.9	.6	.13	.7	.48
3 “УСЈЕ“ А.Д. ЦЕМЕНТАРНИЦА, Скопје	.13	.11	.7	.2	.23	.5	.61
4 „ПИВАРА“ СКОПЈЕ АД	.5	.8	.8	.3	.40	.2	.66
5 “ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА“, Скопје	.1	.1	.1	.48	.1	.23	.75
6 „ФЕРШПЕД“ АД –СКОПЈЕ	.24	.6	.4	.4	.32	.12	.82
7 „МАКЕДОНИЈА“ ЈП ЗА АЕРОДРОМСКИ УСЛ. Скопје	.12	.15	.22	.5	.24	.8	.86
8 “МАКЕДОНСКА ПОШТА“, Скопје	.8	.19	.25	.8	.8	.24	.92
9 „ГРАНИТ“ АД, Скопје	.22	.10	.3	.9	.5	.56	.105
10 ј.п. ЗА СТОПАН. СО СТАНБЕН И ДЕЛ. ПРОСТ. НА РМ	.3	.4	.23	.26	.38	.15	.109
11 “НАУМ НАУМОВСКИ–БОРЧЕ“ АД ОРГАН. ХЕМ. ИНД. Скопје	.4	.5	.10	.42	.6	.66	.133
12 “ЖИТО ЛУКС“ АД , Скопје	.25	.12	.12	.35	.10	.42	.126
13 РЖ ЛАДНА ВАЛАВНИЦА АД, Скопје	.10	.18	.14	.44	.18	.37	.141
14 “ТОДОР ЦИПОСКИ МЕРЏАН“ “ТЕТЕКС“ АД, Тетово	.15	.17	.15	.29	.3	.65	.144
15 „БЕТОН“ АД, Скопје	.14	.9	.17	.28	.9	.67	.144
16 „ТОПЛИФИКАЦИЈА“ АД, Скопје	.16	.26	.27	.12	.45	.21	.147
17 „ПЕЛАГОНИЈА“ АД ЗЕМЈОДЕЛСКИ КОМБИНАТ, Битола	.11	.22	.39	.21	.17	.40	.150
18 „11 ОКТОМВРИ“ АД, Куманово	.7	.14	.18	.46	.14	.53	.152
19 „ЕМО“ А.Д, Охрид	.20	.25	.6	.45	.7	.59	.162
20 ТК–ЦИГАРИ ДООЕЛ, Прилеп	.66	.16	.13	.18	.26	.30	.169
21 „АВИОИМПЕКС“ АД, Скопје	.40	.33	.5	.43	.43	.6	.170
22 ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО–ТЕЛЕВИЗИЈА, Скопје	.23	.34	.34	.32	.11	.38	.172
23 МЛЕКАРА АД, Битола	.46	.37	.16	.10	.63	.4	.176
24 “МАВРОВО“ АД ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, Скопје	.49	.3	.11	.50	.4	.63	.180
25 “БОРО ПЕТРУШЕВСКИ ПАПУЧАР“ ТУТ. К. А.Д., Куманово	.17	.21	.45	.49	.30	.27	.189
26 МАКЕДОНИЈАТУРИСТ АД, Скопје	.19	.30	.54	.11	.50	.28	.192
27 „РЕПЛЕК“ АД, Скопје	.34	.39	.32	.23	.62	.9	.199
28 ТУТУНСКИ КОМБИНАТ ПРИЛЕП АД, Прилеп	.9	.13	.51	.38	.53	.36	.200
29 “СТРУМИЦА–ТАБАК“ А.Д., Струмица	.47	.38	.29	.7	.29	.51	.201
30 ВИНАРСКА ВИЗБА–ТИКВЕШ АД, Кавадарци	.31	.28	.33	.36	.42	.32	.202
31 “МАКЕДОНИЈАПАТ“, Скопје	.39	.44	.24	.40	.12	.43	.202
32 РЖ ВАЛАВНИЦА ЗА ЛЕНТИ АД, Скопје	.26	.27	.26	.52	.31	.41	.203
33 БЛАГОЈ ЃОРЕВ АД, Велес	.45	.42	.41	.17	.36	.33	.214
34 ЕВРОПА АД, Скопје	.29	.41	.43	.58	.27	.17	.215
35 ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“, Скопје	.57	.46	.48	.34	.21	.14	.220
36 Јака Табак а д, Радовиш	.33	.29	.55	.27	.60	.19	.223
37 “АЛУМИНА“А.Д., Скопје	.30	.23	.31	.51	.25	.64	.224
38 “4 НОЕМВРИ“ ФАБРИКА ЗА ШЕКЕР АД, Битола	.43	.54	.35	.31	.33	.29	.225
39 “ЛОЗАР“ ПОС АГРО ИНДУСТРИСКИ КОМБИНАТ, Битола	.36	.53	.53	.16	.48	.22	.228
40 “МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ“ АД, Прилеп	.52	.52	.58	.15	.28	.26	.231
41 “ВИТАМИНКА“АД, Прилеп	.56	.56	.38	.14	.52	.16	.232
42 ЖИТО ВАРДАР АД увоз–извоз, Велес	.55	.35	.19	.39	.44	.48	.240
43 “ТЕХНОМЕТАЛ ВАРДАР“АД, Скопје	.27	.32	.49	.53	.35	.44	.240
44 “ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД, Скопје	.32	.49	.56	.33	.57	.13	.190
45 „ТИПО“ АД, Скопје	.35	.31	.36	.62	.19	.58	.241
46 “КЕЛОГ БРАУН И РУТ“, Куманово	.68	.68	.21	.68	.16	.1	.242
47 „ЕНЕРГОМАРКЕТ“, скопје	.61	.45	.40	.19	.68	.10	.243
48 „МАКОШПЕД“, Скопје	.53	.61	.42	.13	.55	.20	.244
49 „ЗЕГИН“ БЛАГОЈ ДООЕЛ, Скопје	.60	.50	.20	.25	.67	.25	.247
50 ТУТ КОМБИНАТ–ТУТУН ДООЕЛ, Прилеп	.67	.24	.52	.37	.22	.46	.248
51 “КАРПОШ“ ФАБРИКА АД, Скопје	.41	.59	.57	.22	.37	.35	.251
52 “МЛАЗ“ П.О. А.Д., Богданци	.50	.36	.37	.61	.15	.57	.256
53 “ЧИК“ АД, Куманово	.18	.20	.65	.65	.20	.68	.256
54 “ВЕРОПУЛОС“, Скопје	.42	.48	.28	.24	.61	.61	.264
55 “ПРОАКВА“, Струга	.28	.51	.64	.47	.46	.31	.267
56 КИМИКО ГЕОРГИ МИЛАДИНОВ ДОО, с. Мороишта	.44	.47	.46	.30	.41	.62	.270
57 “ВЕТЕКС“ Ц.О.АД, Велес	.51	.58	.59	.20	.49	.34	.271
58 “ТРЕСКА–МЕБЕЛ АД, скопје	.21	.43	.66	.64	.34	.47	.275
59 “ЛЕК–СКОПЈЕ, Скопје	.59	.57	.50	.63	.66	.3	.298
60 “МЗТ ХЕПОС“ АД–СКОПЈЕ, Скопје	.48	.55	.63	.54	.39	.45	.304
61 “ИЛИНДЕН“ АКЦИОН. ГРАД. ДРУШ., Скопје	.63	.40	.61	.56	.51	.49	.320
62 Друштво за АТШ ТРАНС ВЕЛЕС АД, Велес	.54	.60	.47	.55	.47	.60	.323
63 ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ТЕТОВО ЦО, Тетово	.37	.63	.67	.60	.59	.39	.325
64 “ТАЈМИШТЕ“АД, Кичево	.38	.62	.62	.59	.58	.52	.331
65 БРИЛИЈАНТ ДООЕЛ, Штип	.65	.66	.44	.41	.65	.55	.336
66 ТИНЕКС–МТ ВЛАДИМИР ДООЕЛ, Скопје	.64	.67	.30	.66	.56	.54	.337
67 ЏУМАЈЛИЈА АД, Лозово	.58	.65	.60	.57	.54	.50	.344

ЕВРОПСКАТА УНИЈА - СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За прв пат, Европската унија преку Процесот за стабилизација и асоцијација им нуди можност за интеграција на пет земји од регионот (Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, СР Југославија и Хрватска) базирана на прогресивен пристап. Процесот за стабилизација и асоцијација нуди силни стимулации за наведените земји, но исто така пред нив поставува значајни политички и економски услови

Драган
ТИЛЕВ

Драган Тилев е државен советник кој раководи со Секторот за европски интеграции при Владата на Република Македонија. Роден е 1961 година во Ново село – Струмица, а дипломирал на Економскиот факултет во Скопје 1984 година. Со повеќе од 17 години работно искуство во администрацијата извршувал повеќе функции во Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика како шеф на кабинетот на министерот и координатор за меѓународна соработка и Владата на Република Македонија како раководител на Одделението за координација на странските помошти од 1997 година и раководител на Одделението/Секторот за европски интеграции од 1999 година. Раководел низа меѓународни проекти на Канцеларијата за меѓународна помош на Европската унија, на програмата ФАРЕ и други. Посетувал обуки за Формулација на политики и човекови ресурси во Вашинг–тон 1994 година, за Управување со проекти во Сан Франциско 1998 година и за Европски интеграции во Бриж 1999 година. Учесник е на повеќе конференции од меѓународен карактер, семинари и билатерални состаноци. Тилев бил член на главниот Преговарачки тим за Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а е член и на Работната група на Советот за соработка за хармонизација на законодавството, како и на Советот за соработка помеѓу Европската унија и Република Македонија.
Покрај раководењето со Секторот за европски интеграции, моментално ја извршува функцијата и на Секретар на Работниот комитет за европски интеграции при Владата на Република Македонија, Секретар на министерскиот Комитет за координација на странската помош и Претседавач со Поткомитетот за усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија.

1. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЧЛЕНКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - ТРАЈНА ОПРЕДЕЛБА И СТРАТЕШКА ЦЕЛ

1.1. Стратешка цел

Интегрирањето на Република Македонија во Европската унија претставува недвосмислено изразен стратешки интерес и приоритетна цел во континуитет во политиката на Република Македонија на сите нивоа на власт. Во изминатите 10 години од осамостојувањето и во најтешките моменти со кои се соочуваше Република Македонија, овој стратешки интерес и оваа цел никогаш не беа доведени во прашање. Ниту кога слабата и истоштена економија се соочуваше со мултилатералната и унилатералната блокада на нашите граници, ниту кога се соочивме со бегалската криза предизвикана од војната во Босна и Херцеговина, ниту кога се соочивме со енормниот товар од бегалскиот егзодус од Косово, ниту кога денеска се соочуваме со актуелната ситуација на разрешување на внатрешните меѓунационални односи. Напротив, континуирано низ сите собранискиот и владини состави постојано се работеше на таа цел. Вратата на Европската унија за влез на Република Македонија во семејството на европски нации денес е отворена за нас со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на 9 април во Луксембург. Процесот на ратификација на Спогодбата е во тек.

Но, континуитетот и истрајноста на патот кон Европската унија е постојано следен со различни размислувања, дилеми, прашања. Кои се причините што Република Македонија толку инсистира на што е можно побрзо приклучување кон Европската унија и кои се нашите цели?

1.2. Причини за членство

Која и да било која анализа на причините за интегрирањето на Република Македонија во Европската унија од историски, географски, политички, економски или културолошки аспект, на крајот ќе резултира со идентичен заклучок, Република Македонија е дел од Европа и неминовно ќе стане и дел од Европската унија. Уште една многу важна и во овој момент многу евидентна причина која постои и ја поткрепува нашата аспирација за членство во Унијата е безбедноста на Република Македонија и нејзините граѓани. Сосема е извесно дека во рамките на Европската унија и НАТО структурите безбедноста на Република Македонија ќе биде трајно решена.

1.3. Кои се целите

Основните цели на интегрирањето на Република Македонија би можеле да се дефинираат во насока на

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

консолидација на демократскиот политички систем и унапредување на пазарната економија, забрзување на социјалниот и економскиот развој, зајакнување и продлабочување на соработката со земјите членки на Европската унија и земјите кандидати за членство, консолидирање на македонската позиција на меѓународен план и промоција на македонскиот идентитет како мирољубива земја целосно и безрезервно ориентирана кон интегративните процеси. Вака дефинираните цели не се ексклузивни цели само на Република Македонија, туку универзални цели, во соодветна дефиниција, на секој аспирант за членство во Европската унија.

За да може да се интензивира процесот на интеграција, неминовните трошоци мора да се вклопат во буџетските проекции, и тоа пред сè, трошоците за хармонизација на националното законодавство, реформа на јавната администрација и воспоставување на неоходната институционална инфраструктура за интегрирање во Унијата

1.4. Кои се користите

И натаму во одговор на прашањето, зошто членство во Европската унија, може да се наведат повеќе очигледни користи:

- Општ економски и социјален развој стимулиран со стабилното политичко и економско опкружување;
- Зголемена национална сигурност низ заедничкиот механизам на надворешна и безбедносна политика;
- Можност да се учествува во донесувањето на клучните одлуки за иднината на Европа и светот;
- Достапност и отворен единствен европски пазар (еден од најголемите и секако најмоќен пазар на светот);
- Предвидливост на деловните активности и намалување на ризикот;
- Можност монетарната унија да се искористи за нов развоен импулс;
- Зголемување на трговијата и следење на правилата за конкуренција како мотивирачки фактор;
- Воведување нови технологии, нови производи, европски технички стандарди;
- Нови можности за вработување на македонските граѓани, или

поинаку речено, сосема нов подобар начин на живеење, на ниво на квалитетот на животот на демократските и економски развиените земји -членки на Европската унија.

1.5. Негативни последици

Доколку Република Македонија во догледно време не стане полноправна членка на Европската унија, основните негативни последици би можеле да се посочат во фактот дека Македонија би била надвор од заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија и нејзините механизми. Исто така, таа би морала да се избори за својата меѓународна позиција и за својата сигурност, во најголем дел со сопствени сили, што за мала земја со слаба економија е доста тежок и многу скап процес. Ние сме сведоци дека денес Република Македонија не е оставена надвор од дејствувањето на надворешната и безбедносна политика на ЕУ, но сосема друга, и многу порелаксирана, би била позицијата во овие сегменти доколку сме членка и дел од политиката на ЕУ. Натаму, доколку не стане членка на Европската унија, Република Македонија нема да има можност да учествува, односно би била исклучена од процесот на донесување одлуки за клучни прашања за нашата иднина и економски развој. Навистина, и во овој момент, постојат механизми на консултации, но тоа на среден и долг рок не може да ги задоволи интересите на Република Македонија.

1.6. Трошоци

Прашањето на целта - интегрирање во Европската унија, всушност е прашање на динамиката и на цената на тој процес. Се разбира дека интеграцијата во Европската унија ќе ја чини многу Република Македонија, но факт е дека доколку сакаме повисок квалитет на живеење, цената во најголем дел ќе мора да се плати, независно дали и кога ќе станеме членка на Европската унија. Мора да се биде објективен и да се признае дека до сега Република Македонија и покрај јасно изразената политичка волја за членство во ЕУ, не се осмели, делумно и поради објективни причини, подлабоко да забрази со сопствени средства во процесот на интегрирање. До сега претежно се потпиравме на средствата што ги добивавме низ разни фондови од Европската унија или нејзините земји членки. За да може процесот да се интензивира и да добие во сериозност, мора неминовните трошоци да се вклопат во буџетските проекции, и тоа пред сè, трошоците за:

- Хармонизација на националното законодавство со она на Европската унија, со развиени механизми за мониторинг на имплементацијата на новото законодавство;
- Реформа на јавната администрација со цел за нејзино зајакнување и оспособување да функ-

ционира согласно со новите надлежности и,
- Воспоставување на неоходна институционална инфраструктура за интегрирање во Европската унија.

1.7. Критериуми

Пред да се стекне статусот на полноправна членка, неминовно мора да се исполнат низа прецизно и строго утврдени критериуми и правила, а за тоа неизоставно треба да се впрегнат и искористат сите расположиви сили и ресурси. Во 1993 година на Копенхагенскиот самит, земјите членки на Европската унија се договорија за политичките, економските и другите, критериуми, кои треба да ги исполни секоја земја аспирант. Подоцна, овие критериуми беа надополнети и појаснети на самитите во Мадрид (1995), Луксембург (1997) и Хелсинки (1999).

Политичките критериуми се однесуваат на следните основни прашања:
- Демократија и владеење на правото;
- Човекови права, и
- Почитување и заштита на правата на малцинствата.

Република Македонија, во основа, ги исполнува политичките критериуми, се разбира доколку се споредуваме со земјите кандидати, а не со земјите членки на Европската унија. Но, секоја земја има своја специфична ситуација и одредени прашања имаат различна специфична тежина на различни географски простори. Сепак, крајната оценка за исполнувањето на овие критериуми ја дава Европската унија.

Економските критериуми е далеку потешко да се исполнат онака како што е предвидено во Копенхаген:
- Постоење на функционална пазарна економија што би значело слободна активност на пазарните сили, како и либерализирани цени и трговија;
- Не постојат бариери за влез и излез на пазарот;
- Правниот систем е воспоставен, а законите и договорите доследно се извршуваат;
- Постигната е макроекономска стабилност, што претпоставува ценовна стабилност и одржливи јавни финансии и надворешен долг;
- Финансискиот сектор е доволно развиен за да може да ги канализира заштедите кон продуктивен развој;
- Капацитет да се издржи притисокот на конкуренцијата и пазарните сили внатре во Европската унија. Тука, основното прашање е дали економските субјекти имаат капацитет да се адаптираат и дали во државата има поволна клима и поддршка на нивната адаптација, што понатаму би значело:
- Доволен степен на макроекономска стабилност за да можат економските субјекти полесно да донесуваат деловни одлуки;
- Доволен квантум на човечки и физички капитал по соодветна цена, вклучително и инфраструктура (енергија, телекомуникации, транспорт), истражување и развој и перспектива за развој во овие полиња;
- До кој степен владата низ својата политика и законодавство влијае на конкуренцијата преку трговската политика, државната помош, поддршката на малите и средни претпријатија и сл.;
- Степенот и интензитетот на трговска интеграција на земјата со Европската унија, по обем и вид на трговска размена;
- Бројот, односно пропорцијата на малите и средните претпријатија, делумно затоа што тие се адаптираат полесно и побрзо, а делумно затоа што големите фирми имаат отпор кон промени.

Покрај политичките и економските критериуми за влез во Европската унија постојат и т.н. други обврски за членство:
- Признавање и безусловно прифаќање на целите за политичка, економска и монетарна унија во што порана фаза и нивно инкорпорирање во тековните национални политики;
- Целосно и безрезервно прифаќање на заедничките придобивки (ацљуис);
- Развиен компетентен административен и судски капацитет за примена на усвоените заеднички придобивки (acquis).

Исполнувањето на овие критериуми е предуслов за членство во Европската унија, и ниту една земја со такви аспирации не ќе може да го избегне. Динамиката на остварувањето на целта зависи, пред сè, од самите нас, а потоа и од Европска унија, така што процесот на интегрирање е двонасочен.

2. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ДЕЛ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА - СТРАТЕШКА ЦЕЛ И ИНТЕРЕС И НА УНИЈАТА

2.1. Стратешки интерес и приоритет

Одлуката за проширување на Европската унија по паѓањето на берлинскиот зид е од историски карактер. Со приклучувањето на земјите од Централна,

Источна и Југоисточна Европа, Европската унија ќе добие над 120 милиони нови жители и вкупно ќе брои над 520 милиони жители. По бројност, а имајќи ги предвид и економската, политичката и воената моќ на тој простор, извесно е дека се работи за ново исцртување на светската карта на интереси. Сосема е јасно дека и Република Македонија е дел од тој простор и интерес.

Според Гинтер Ферхојген, член на Европската комисија задолжен за процесот на проширувањето на Европската унија, „проширувањето е историска можност, но и обврска за Европската унија, па оттука и еден од нејзините највисоки приоритети". Европската унија подолго време се подготвува за овој процес со усвојување на низа одлуки, документи, мобилизирање на административните капацитети и неопходните неповратни и кредитни средства.

2.2. Централна и Источна Европа

Користејќи ги инструментите за поддршка низ својата пред-пристапна стратегија (Европа договори, Пристапно партнерство, ФАРЕ, ИСПА, САПАРД, ЕИБ), Европската унија ги стави во полна брзина процесите на приклучување на земјите од Централна и Источна Европа, Чешка , Естонија, Унгарија, Полска, Словенија (земји од првиот бран за проширување), Бугарија, Романија, Словачка, Латвија, Литванија (земји од вториот бран на проширување), дополнети со Малта, Кипар и Турција. Се очекува дека веќе на следните избори за Европскиот парламент во 2004 година некои од земјите кандидати веќе ќе учествуваат како земји членки на Европската унија.

2.3. Југоисточна Европа

Иако издвоени во посебна група, земјите од Југоисточна Европа неизоставно се и ќе бидат дел од процесот на проширување на Европската унија. Унијата тоа јасно го стави до знаење, го афирмираше во повеќе наврати и го потврдува низ тековните активности и идните планови.

„Балканот е дел од Европа. Ние сме, како и досега, на ист брод. Нашето минато и нашата иднина се интимно поврзани. Нашите луѓе сакаат исти нешта, мир, стабилност, висок стандард, слобода" (Крис Патен, член на Европската комисија надлежен за надворешни односи, претставувајќи го неговото видување за Стратегијата на Европската унија за Балканот, јули 2001 година, Брисел).

За перспективите на Југоисточна Европа на патот кон Европската унија, сосема јасно и директно се произнесе Европскиот совет на Самитот во Келн (јуни 1999 година), при што уште еднаш ја реафирмира подготвеноста на Унијата поблиску да ги привлече земјите од регионот (ЈИЕ) со перспектива за целосна интеграција во своите структури, се разбира зависно од исполнувањето на зацртаните и веќе спомнати Копенхагенски критериуми, а врз основа на Амстердамскиот договор.

Европскиот совет беше уште подециден на Самитот во Санта Марија Де Фериа (јуни 2000 година), кога потврди дека негова цел и понатаму е целосна можна интеграција на земјите од регионот (ЈИЕ) во политичките и економски текови во Европа преку Процесот за стабилизација и асоцијација, политичкиот дијалог, либерализација на трговијата и соработка во областа на правдата и внатрешните работи. Уште повеќе, на самитот беше истакнато дека, сите засегнати земји се потенцијални кандидати за членство во Европската унија.

2.4. Република Македонија - дел од Југоисточна Европа

И Република Македонија е дел од Југоисточна Европа, дел од Балканот и дел од стратешкиот интерес на Европската унија. Тоа е потврдено и со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европските заедници и нејзините земји членки и Република Македонија на 9 април 2001 година во Луксембург. Преамбулата од Спогодбата јасно ги дефинира заемните намери на Република Македонија и Унијата и нејзините земји членки, како и основата врз која тие се договараат, имајќи ги предвид актите и повелбите на Меѓународната заедница во одделни области кои се договараат во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација.

Во рамките на преамбулата е поместена т.н. еволутивна клаузула, со која се повикува на подготвеноста на ЕУ да ја интегрира Република Македонија во најголема можна мерка во политичките и економските текови на Европа, а нејзиниот статус се дефинира како потенцијален кандидат за членство во ЕУ, врз основа на Договорот за ЕУ и исполнување на дефинираните критериуми. Од низата различни видови на асоцијативни спогодби, само Европските спогодби склучени со Централно и Источно европските земји и сега Спогодбите за стабилизација и асоцијација ја содржат еволутивната клаузула со перспектива за идно членство во Европската унија.

Доколку постоеја и најмали скриени дилеми околу перспективите за членство на Република Македонија во Европската унија, изјавите дадени за време на пот-

пишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, недвосмислено ги отстрануваат. Министерката за надворешни работи на Шведска, Ана Линт во функција на претседавач на ЕУ изјави: „Добре дојдовте во проширеното европско семејство“. Истото го повтори и г-динот Хавиер Солана, висок претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ, кој нагласи дека иднината на граѓаните на Република Македонија е во Европа и затоа треба да се вложат сите напори за политичка и економска интеграција во Европската унија, додека комесарот за надворешни односи на Европската комисија, Кристофер Патен оцени дека се работи за историски чин за Република Македонија, но исто така и за историски чин за Унијата. Овие изјави се само потврда на конзистентната политика на Европската унија кон Република Македонија и отворената поддршка и помош кои Република Македонија ги добива и ќе ги добива за што побрзо интегрирање во Европската унија.

3. ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА / РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3.1. Пакт за стабилност

Во функција на остварување на стратешката цел за забрзана европска интеграција на земјите од Југоисточна Европа, како и придонес кон нивните напори за обезбедување на траен мир, стабилност и економски подем усвоен е Пактот за стабилност како иницијатива на ЕУ на самитот на Европскиот совет во јуни 1999 година во Келн. Поддршката на Пактот за стабилност и активниот пристап во реализацијата на неговите цели се потврдени со Резолуцијата за односот и улогата на Република Македонија во активноситите на Пактот за стабилност, едногласно усвоена од Собранието на Република Македонија во февруари 2000 година, со што беше потврдена поддршката на сите политички субјекти за реализација на оваа иницијатива.

Придонесот на Унијата во Пактот за стабилност се реализира преку политичка и економско-финансиска поддршка на земјите од Југоисточна Европа. Со отпочнувањето на Процесот за стабилизација и асоцијација се активираат двата клучни инструменти за поддршка на земјите од Југоисточна Европа за интеграција во ЕУ, и тоа: новата Спогодба за стабилизација и асоцијација за регулирање на договорните односи и новиот финансиски инструмент КАРДС. ЕУ се јавува како најголем финансиер на проектите што се реализираат во рамките на Пактот за стабилност.

3.2. Процес за стабилизација и асоцијација

За прв пат, ЕУ преку Процесот за стабилизација и асоцијација на пет земји од регионот (Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, СР Југославија и Хрватска) им нуди можност за ЕУ интеграција базирана на прогресивен пристап, зависно од ситуацијата во поодделните земји. Процесот за стабилизација и асоцијација нуди силни стимулации за наведените земји, но, исто така, пред нив поставува значајни политички и економски услови. Посебно се акцентира потребата за зајакнување и интензивирање на регионалната соработка.

За да се остварат поблиски односи со ЕУ, петте земји ќе мора да го насочат нивниот политички, економски и институционален развој кон вредностите и моделите на ЕУ, што значат демократија, почитување на човековите права и пазарна економија.

Содржината на овој нов процес, како комбинација на постојните надградени инструменти и новите иницијативи е:

Во постојана соработка и координација со ММФ и Светската банка, и покрај сите тешкотии со кои се судира Република Македонија на патот на транзиција и реализација на реформите, како ниедна друга земја во Европа, постигнати се видни резултати

- развој на Спогодбата за стабилизирање и асоцирање, како нов вид на договорни односи, имајќи ја предвид состојбата на секоја земја, со перспектива за членство во ЕУ врз основа на Амстердамскиот договор, се разбира, по исполнувањето на Копенхагенските критериуми;
- развој на постојните економски и трговски односи со и внатре во регионот;
- развој и делумна реориентација на постојната економска и финансиска помош;
- зголемена помош за демократизација, граѓанско општество, образование и надградба на институциите;
- користење на нови можности за соработка во различни полиња, вклучително правда и внатрешни работи (особено по влегувањето во сила на Амстердамскиот договор), како и,
- развој на политичкиот дијалог, вклучително и на регионалното ниво.

3.3. Спогодба за стабилизација и асоцијација

Врз основа на одлуките на Советот за општи работи од 26 април 1999 година и употребената термино-

логија во Пактот за стабилност, Европската унија отвори нов Процес за стабилност и асоцирање, чиј елемент е и новиот вид на Спогодба за стабилизирање и асоцирање. Како преференцијална спогодба, треба да придонесе кон економска и политичка стабилност на земјата и регионот, како и воспоставување на асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ.

Поконкретни цели на Спогодбата за стабилизација и асоцијација се:

- да се приближи регионот до целосна интеграција во структурите на Унијата;
- да се поддржи консолидацијата на демократијата, владеењето на правото, економскиот развој и реформите, соодветната административна структура и регионалната соработка;
- да се воспостави формализирана рамка за политички дијалог, на билатерално и регионално ниво;
- да се промовираат економските односи, трговијата, инвестициите, политиката на претпријатијата, транспортот и развојот и соработката во областа на царината, со перспектива за поблиска интеграција во светскиот трговски систем, вклучително и можноста за воспоставување слободна трговска зона или зони, откако ќе биде постигнат прогрес во економските реформи;
- да се обезбеди основа за соработка во областа на правдата и внатрешните работи;
- да се обезбеди основа за економска, социјална, граѓанска, образовна, научна, технолошка, енергетска, културна соработка и соработка во областа на животната средина, поддржана со програми за помош во апроксимацијата на законодавството со она на Европската унија.

3.4. Финансиски инструменти

Европската унија ги дефинираше и видовите и условите на финансиска соработка која би овозможила реализирање на обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а кои ќе ѝ помогнат на Република Македонија во остварувањето на Копенхагенските критериуми. Соработката би била во форма на грантови (неповратна помош), кредити, макрофинансиска помош и директна буџетска поддршка.

Со Регулативата на Европската унија од 5.12.2000 година веќе е дефинирана помошта за Република Македонија, Албанија, БиХ, Хрватска и Југославија која ќе се операционализира преку Програмата КАРДС. Финансискиот пакет за спроведување на програмата за периодот 2000-2006 година изнесува 4.650 милиони евра за сите пет земји-потенцијални кандидати за членство во ЕУ. Помошта ќе се реализира преку дефинирање на стратешки документ за земјата во периодот 2000-2006 година, подготовка на повеќегодишни индикативни програми за тригодишни периоди и годишни програми за акција.

Кредитите и другата финансиска помош ќе се остваруваат преку поинтензивно користење на средства од Европската инвестициона банка, а по барање на Република Македонија за посебни потреби, во координација со меѓународните финансиски институции, може да се додели и макрофинансиска помош врз исклучителни основи. Исто така, Европската унија може да обезбеди средства и за директна буџетска поддршка на Република Македонија.

4. ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКАТА ОПРЕДЕЛБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВЛЕЗ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската унија прави големи и континуирани напори за реализирање на својот стратешки интерес - приклучување на овој дел од Европа во своето јато. Притоа, ангажира значителен административен потенцијал и огромни средства од своите даночни обврзници. Но, интеграциониот процес, како што во повеќе наврати е констатирано е двостран процес. Не треба постојано и исклучиво да се осврнуваме на тоа што другите прават за нас, туку и што ние самите вложуваме во нашата иднина. Прашањето е повеќе што треба Република Македонија да направи и дали прави сè за да го забрза своето приближување кон Европската унија. Веднаш може да се заклучи дека Република Македонија има внатрешен неискористен потенцијал за многу, многу повеќе, но дека нашиот пат до Унијата нема да биде ниту лесен, ниту кус.

Што Република Македонија неизоставно мора да направи на патот за влез во семејството на развиените демократии и економии, и што Република Македонија прави:

4.1. Да ги заокружи економските реформи и да

обезбеди функционирање на пазарната економија со сиот правен и институционален инструментариум за заштита

Во постојана соработка и координација со ММФ и Светската банка и покрај сите тешкотии со кои се судира Република Македонија на патот на транзиција и реализација на реформите, како ниедна друга земја во Европа, се постигнати видни резултати и се дефинирани натамошните правци. Поради моментната состојба, некои од целите можат да се репрограмираат, но сосема е јасно дека тие во догледно време ќе бидат реализирани.

4.2. Да дефинира и имплементира реалистична развојна политика

Развојната политика со динамика која е остварлива ќе обезбеди поттикнување на претприемништвото, малите и средните претпријатија, извозно ориентираните индустрии, земјоделското производство, се' во насока на конкурентно производство, кое ќе може да се пласира на отворениот единствен европски пазар, со континуиран и контролиран квалитет по европските стандарди. Веќе е лансирана и посебната Национална програма за квалитет со потребна законска, институционална, кадровска и финансиска подлога.

4.3. Безрезервно да ги реализира сите преземени обврски со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Привремената спогодба, како и релевантните Анекси и Протоколи

Веќе се изготвени и презентирани Акциониот план за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација како збир на краткорочни и среднорочни мерки кои треба да се реализираат со утврдени носители и динамика, Националната програма за усогласување на националното со европското законодавство со утврдени приоритетни области и законски и подзаконски акти кои треба да се усогласат, со носители и рокови за реализација и Матрицата за следење на имплементацијата на ССА како инструмент за следење и поттикнување на реализацијата на обврските.

4.4. Да обезбеди брза и целосна транспозиција на европското законодавство во националното законодавство, паралелно со широка реформа на судството и судската администрација

За оваа цел е изготвена посебна Методологија за хармонизација на законодавството и техничките регулативи со која се утврдува постапката при транспозицијата на законодавството, како и институционалниот механизам кој се воспоставува и се става во функција на оваа обврска. Формирано е тело за преведување на европското законодавство, кое е исклучително обемно, комплексно и терминолошки тешко. Основан е и посебен Поткомитет за усогласување на законодавството со 27 работни групи по поодделни области со вкупно околу 350 експерти. Реформата на судството и судската администрација е во тек со специјално дизајнирани проекти за тоа, пред сè, финансирани од страна на Европската унија.

4.5. Да ја продолжи и заокружи реформата на јавната администрација

Целта е градење на мала, ефикасна и компетентна администрација со капацитет што ќе може да се носи со предизвиците на новото европско законодавство и што ќе може непречено да комуницира со европските институции. Потребно е интензивирање и доследна реализација на Стратегијата за реформа на јавната администрација и соодветните оперативни планови, како и реализацијата на Стратегијата за реформа на локалната самоуправа. За да се подигне капацитетот на администрацијата по прашањата врзани со процесот на Европска интеграција, изготвена е и се реализира Стратегија за ЕУ тренинг на државните службеници.

4.6. Да го доизгради, зајакне и прошири институционалниот механизам за управување, координација и синхронизација на процесот на европска интеграција

Механизмот е неопходно да постои, но и да биде соодветно екипиран, координиран и насочен, со цел да се избегнат конфузии и двојни трошоци, и максимално да се искористат расположивите потенцијали. Ова значи интензивирање на работата на Комитетот за евро-атлантски интеграции, Работниот комитет за европски интеграции, значително зајакнување на Секторот за европски интеграции во Владата и соодветните одделенија во министерствата, зајакнување и на политичкиот дел на Секторот за Европска унија во МНР, како и нашата Мисија при Европската комисија во Брисел.

4.7. Да се забрзаат и целосно да се реализираат сите програми/проекти

Еден дел од програмите/проектите кои се на распо-

лагање од страна на Европската унија за Република Македонија (ФАРЕ, ОБНОВА, КАРДС, ЕЦХО, ЕИБ) и од земјите членки на Европската унија доделени на билатерална основа, како и од други донатори, се судираат со проблемот на апсорпционата моќ на македонската администрација, недоволната посветеност, отсуство на професионализам, осетен дисконтинуитет на сите нивоа и сл. Тоа се негативни појави кои треба во најкус можен рок целосно да се елиминираат. Помошта што ѝ се дава на Република Македонија и понудената можност да се компензираат одредени финансиски недостатоци со неповратни средства од страна не смее да се пропушта. Тоа битно влијае на динамиката на реформите и на брзината на приближувањето на Република Македонија кон Европската унија.

4.8. Да се обезбедат соодветни, во рамките на можностите, но во согласност со гласно изразениот приоритет за европска интеграција, буџетски средства кои комплементарно ќе се користат со средствата од Европската унија и нејзините членки и другите странски донации

Реално е да се истакне дека досега не се издвојувани доволно средства од Буџетот на Република Македонија за поддршка и поттикнување на процесот на европска интеграција. Тоа веднаш ќе мора битно да се промени и коригира во насока на ослободување на потребна финансиска подлога за процесот непречено да се одвива.

РЕФОРМАТА НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА

Приватните пензиски фондови со тек на време ќе станат доминантни "играчи" на македонскиот пазар на капитал. Како носители на задолжителното пензиско осигурување, ќе им обезбедат на граѓаните сигурен и профитабилен канал преку кој ќе ги инвестираат заштедите, а како институционални инвеститори ќе го "раздвижат" пазарот на капитал во земјата

Александра **НАЌЕВА**

ВОВЕД

Како повеќето европски национални економии, Република Македонија е на средината на демографската трансформација која ќе резултира со драматично зголемување на соодносот на старо население наспроти работоспособно население. Овој сооднос, често нарекуван „степен на зависност“ сега е 25%, но се очекува рапидно да се зголеми на 35% до 2020 година, 50% до 2040 година и можеби на 60% до 2060 година.[1]

Стареењето на населението ќе има значајно влијание врз задолжителниот пензиски систем на земјата, кој се финансира на т.н. pay-as-you-go (PAYG) основа. Во PAYG системот, придонесите се прибираат од осигурениците во системот и веднаш се трансферираат за исплата на пензиите на тековните пензионери. Ваков систем лесно се финансира кога соодносот пензионери/осигуреници е низок, а тешкотии се јавуваат во финансирањето при постоење на обратен сооднос. Демографските промени (условени од опаѓањето на стапката на наталитет и продолжениот животен век на населението), како и високиот процент на невработеност, ќе резултираат со зголемување на соодносот пензионери/осигуреници во Република Македонија, што ќе го интензивира фискалниот притисок со кој ќе се соочи системот (сè поголем дел од буџетските приходи ќе биде потребен за покривање на дефицитот во пензискиот систем). Типично, владите одговараат на зголемениот фискален притисок преку зголемување на стапката на придонеси, покачување на старосната граница за пензионирање и преку намалување на заменската стапка.[2] Додека овие промени помагаат да се намали фискалниот притисок, тие исто така го прават системот помалку атрактивен за учесниците во него, зголемувајќи ја веројатноста дека вработените ќе се одлучат да оперираат во неформалниот сектор (за да одбегнат плаќање на социјални придонеси и даноци). Поради тоа, пензиска реформа која силно ги заострува условите на постојниот PAYG систем, не е многу атрактивна солуција.

Многу влади со PAYG системи имаат развиено поадекватни солуции со кои ги адресираат демографските промени. Наместо силно заострување на условите на постојниот PAYG систем, овие земји[3] ја имаат изменето основната структура на пензискиот систем преку пренасочување кон капитално финансиран систем (или пак мешавина на двата методи на финансирање). За разлика од PAYG системот, капитално-финансираниот систем е релативно имун на промените во демографскиот фактор. Во него, придонесите на секој

Александра Наќева е помошник на министерот за финансии и раководител на Секторот за супервизија на осигурувањето, а воедно и Координатор на Проектот за реформи во јавната администрација. Родена е во 1974 година, а дипломирала на Економскиот факултет во Скопје во 1998 година на насока – финансиско–сметководствен менаџмент, и истата година е запишана на постдипломски студии на Економскиот факултет во Скопје, насока – монетарна економија. Во периодот 1998–2000 работела како Координатор на Проектот за реформа на пензискиот систем во Министерството за труд и социјална политика. Од март 2000 година работи како советник на министерот за финансии во Секторот за финансиски систем, а на тековната должност е наименувана во јуни минатата година. Учествувала на голем број меѓународни семинари и конференции за професионално усовршување од областа на макроекономијата и социјалната политика. Член е на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити.

[1] Извор: Официјален извештај за 2000 година, Актуарска единица при Фондот за ПИОМ.
[2] Заменската стапка е дефинирана како процент со кој се определува пензијата од пензиската основа.
[3] Меѓу земјите кои веќе имаат воведено капитално-финансиран столб се: Унгарија, Полска, Чиле, Аргентина, Боливија и други.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

осигуреник се депонираат на индивидуална инвестициона сметка, а не се трансферираат за исплата на пензиите на тековните пензионери. Средствата од индивидуалните сметки можат да бидат инвестирани во банкарски депозити, државни обврзници, акции и останати финансиски инструменти.[4] По достигнување на годините на пензионирање, овие средства се претвораат во ануитети преку кои се реализираат пензиските исплати. На овој начин, секој вработен го финансира сопственото пензионирање, а не се потпира на придонесите трансферирани од помладите генерации. Како резултат на постоењето на индивидуални сметки, капитално-финансираниот систем е помалку ранлив на демографските промени, отколку што е PAYG системот. Што е уште позначајно, етаблирањето на капитално-финансираниот систем го промовира развојот на пазарот на капитал, и преку него влијае на зголемување на потенцијалната стапка на раст на националната економија.

Основен индикатор	Постоен систем	Двостолбен систем
Години на пензионирање, маж	64	64
Години на пензионирање, жена	се зголемува постепено до 62	62
Стапка на придонес, прв столб (PAYG)	20%	13%
Стапка на придонес, втор столб (капитално–фондиран)	0%	7%
Вкупна стапка на придонес	20%	20%
Проектирана заменска стапка, прв столб	72%–80%	30%
Проектирана заменска стапка, втор столб	0%	40%–50%
Вкупна проектирана заменска стапка	72%–80%	70%–80%

Забелешка:
1. Заменската стапка е изразена како процент од нето–платата, додека стапката на придонес како процент од бруто–платата.
2. Заменската стапка прикажана во табелата е пресметана за вработен кој целиот работен стаж би го поминал во периодот по 2003 год.
3. Заменската стапка во вториот столб е пресметана врз претпоставката дека пазарните стапки на принос се над порастот на платите за 2%.

Додека капиталниот систем е имун на демографскиот ризик, од друга страна, пак, е изложен на инвестициониот ризик. Пазарите на капитал се соочуваат со периоди на низок или дури и негативен принос на инвестициите, како и со периоди на високи приноси. Иако овие ризици можат да бидат намалени преку законската обврска пензиските фондови да одржуваат диверзифицирани инвестициони портфолија,[5] и преку забрана за инвестирање во високо ризични видови на средства, инвестиционот ризик сам по себе не може да биде комплетно елиминиран. Не е ниту пожелно да се елиминира целокупниот ризик, бидејќи ризикот е здрава карактеристика на пазарите на капитал, кој ги мотивира инвеститорите да донесуваат мудри одлуки, и кој го насочува капиталот кон најпрофитабилните проекти и инвестиции.

Земајќи ги предвид сите позитивности и негативности на различните реформски опции, Владата на Република Македонија, преку донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во март 2000 година, се определи дека најадекватна реформска опција е постепеното заменување на PAYG системот со систем на „три столба“. Тристолбниот пензиски систем ќе се состои од: прв столб, задолжителен финансиран на PAYG основа преку кој ќе се остварува генерациската солидарност, втор столб, задолжителен финансиран на капитална основа и трет столб, доброволен финансиран на капитална основа, преку кои (последните два) ќе се остварува материјалната сигурност.[6] На овој начин, партиципиентите во новиот пензиски систем (задолжителниот дел) ќе имаат две „нозе“ на кои ќе можат да застанат, така што ако едната со тек на време ослабне, другата ќе продожи да дава поддршка. На овој начин, ризиците на системот ќе бидат добро избалансирани помеѓу демографскиот и инвестициониот ризик.

Во продолжение е објаснет постојниот пензиски систем, новиот „двостолбен задолжителен“ систем, како и планот за транзицијата од постојниот кон новиот реформиран систем.

ОСНОВНИ ИНДИКАТОРИ

Табелата 1 ги сумира основните индикатори на едностолбниот и двостолбниот систем:

Согласно со основните индикатори презентирани во табелата, вработен кој е осигуреник на едностолбниот пензиски систем, уплаќа 20% придонеси во PAYG системот, и добива околу 72%-80% заменска стапка при пензионирањето (претпоставувајќи полн работен стаж од околу 35-40 години). Осигуреник во дво-столбниот систем уплаќа 13% стапка на придонес во PAYG системот, и 7% стапка на придонес во вториот столб, кој, пак, се упатува директно на индивидуал-

[4] Согласно со Законот за капитално финансирано пензиско осигурување (Законот е во собраниска процедура) утврдени се 14 видови финансиски инструменти во кои можат да се инвестираат средствата на осигурениците во новиот пензиски систем.
[5] Согласно со Законот, вложувањето на средствата на осигурениците во поодделни инструменти е стриктно лимитирано, и е согласно на принципите на сигурност, диверсификација на ризикот и одржување на ликвидност
[6] За потребите на оваа статија, новиот пензиски систем ќе биде презентиран преку првите два столба кои функционираат на задолжителна основа.

ната сметка на осигуреникот. По пензионирањето, осигуреникот добива околу 30% заменска стапка од PAYG системот, како и пензија генерирана преку ануизирање на акумулираните заштеди на осигуреникот во вториот столб. При конзервативни претпоставки за движењето на каматните стапки, вториот столб ќе биде доволен да генерира заменска стапка од околу 40%-50%, а вкупната заменска стапка на осигуреник би се движела околу 70%-80% (30% од првиот и 40%-50% од вториот столб).

ТРАНЗИЦИЈАТА ОД ЕДНОСТОЛБЕН КОН ДВОСТОЛБЕН ПЕНЗИСКИ СИСТЕМ

Транзицијата кон новиот двостолбен систем ќе се спроведе постепено во текот на наредните 50 години, при што постојниот едностолбен систем и новиот систем ќе егзистираат паралелно. Транзицијата ќе започне во 2003 година кога на сите вработени ќе им биде дадена опција да се вклучат во новиот систем. Бидејќи системот бара од вработените да се откажат од повеќето од стекнатите права, се очекува дека само помладите осигуреници, под 35 години возраст, ќе преминат во новиот систем. Постарите осигуреници најверојатно ќе се задржат во постојниот едностолбен систем. Со тек на време, сè поголем дел од работната сила ќе биде вклучен во дво-столбниот систем, особено бидејќи за нововработените се претпоставува задолжително учество во новиот систем. По приближно 25 години, практично целата работна сила ќе биде осигурена во новиот систем, и ќе дојде до првиот одлив на пензионери од двостолбниот систем. Постепено, помеѓу 25-та и 50-та година од реформата, структурата на пензионери ќе се промени, од 100% во едностолбниот во по 50% во секој од двата столба, за да резултира со 100% пензионери од новиот систем. Кон 50-тата година од реформата, транзицијата се очекува да биде комплетирана со тоа што сите осигуреници и сите пензионери ќе бидат во новиот систем.

Во текот на транзициониот период, Владата ќе се соочи со задачата за финансирање на пензионерите од едностолбниот систем, но без пристап кон постојната 20% стапка на придонес. Бидејќи, секој осигуреник на двостолбниот систем ќе уплаќа 7% стапка на придонес на индивидуалната сметка на вториот столб, само 13% стапка на придонес ќе преостане за финансирање на PAYG системот. Затоа, како што структурата на работна сила ќе се префрла од едностолбниот во двостолбниот систем, просечната стапка на придонес во PAYG ќе опадне од 20% на 13%. Ова опаѓање ќе се појави во текот на првата половина од транзицијата, помеѓу 1-вата и 25-тата година на транзиција. Во текот на втората половина, од 25-тата до 50-тата година од реформата, PAYG просечната заменска стапка ќе започне да опаѓа, исто како што просечната стапка на придонес ќе опаѓа во текот на првата половина на реформата. Постепено, просечната PAYG заменска стапка за осигуреник со полн работен стаж кој партиципира во двостолбниот систем ќе опадне од 72% на 30%.

Многу земји ја имаат изменето основната структура на пензискиот систем преку пренасочување кон капитално финансиран систем (или пак мешавина на двата методи на финансирање). За разлика од PAYG системот, капитално-финансираниот систем е релативно имун на промените во демографскиот фактор

Како резултат на ова, во текот на првата половина од реформата, PAYG системот ќе се соочи со фискален притисок (дефицит), кој е резултат на опаѓањето на просечната стапка на придонес, но во втората половина на реформата овој притисок ќе ослаби како резултат на намалувањето на просечната заменска стапка од првиот столб, како што реформата достигнува еден позрел период.

Актуарските симулации[7] упатуваат на проекциите дека транзицијата ќе биде релативно лесна и ќе бара скромно финансирање преку јавен долг или преку централниот буџет. Умерен економски раст, комбиниран со заострени услови на PAYG системот, како што се зголемената старосна граница, се доволни предуслови за успешна и релативно лесна транзиција без позначајни финансиски проблеми.

Лесната транзиција на системот се должи во најголем дел на несозреаноста на македонскиот PAYG пензиски систем, која е лесно воочлива при компара-

Во текот на првата половина од реформата, PAYG системот ќе се соочи со фискален притисок, како резултат на опаѓањето на просечната стапка на придонес, но во втората половина на реформата овој притисок ќе ослаби поради намалувањето на просечната заменска стапка од првиот столб, како што реформата навлегува во позрел период

ција на системот со оној кој егзистира, на пример во Словенија. Двете земји имаат по околу 2 милиони жители, но македонскиот пензиски систем има само 235 илјади пензионери, додека словенечкиот околу 460 илјади,[8] што е речиси двојно повеќе од бројот на пензионираните лица во нашата земја. Како резултат на ова, Македонија ќе носи на себе помал товар на пензионери преку транзицијата во новиот двостолбен пензиски систем.

[7] Симулациите се изведени во Актуарската единица при Фондот за ПИОМ, а во соработка со консултантите на Светската банка во рамките на Проектот за реформа на пензискиот систем.
[8] Податоците се за 2000 година, извор: Фонд за ПИОМ.

СТРУКТУРАТА НА ВТОРИОТ СТОЛБ

Секој осигуреник во двостолбниот систем ќе има своја лична инвестициона сметка. Овие сметки ќе бидат управувани од приватни друштва за управување со пензиски фондови, кои ќе подлежат на супервизија од страна на Агенција одговорна за обезбедување на сигурноста на средствата на осигурениците во вториот столб. Секој осигуреник ќе има право на трансфер на своите средства од едно во друго друштво за управување со пензиски фондови (доколку осигуреникот е незадоволен од работењето на друштвото за управување со пензиски фондови).

За управување со средствата на осигурениците, секое друштво за управување со пензиски фондови ќе наплаќа провизија (утврдена како мал процент од придонесите на осигурениците). Секое друштво ќе го има правото на индивидуално одредување и наплатување на процентот на провизија. Бидејќи повеќе друштва ќе си конкурираат на пазарот на управување на средствата на осигурениците, ќе постојат доволно силни мотивирачки фактори за одржување на провизијата на релативно ниско ниво.

Иницијално, само две друштва за управување со приватни пензиски фондови ќе можат да добијат овластување за управување со придонесите од вториот столб.[9] Преку лимитирање на бројот на друштва на пазарот, Владата се обидува да привлече големи реномирани друштва да учествуваат на пазарот на пензиско осигурување.[10]

ПРОЕКЦИИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ВТОРИОТ СТОЛБ

Во почетните фази од реформата, придонесите кои ќе се слеваат во вториот столб се проценуваат да достигнат до 1% од БДП (околу 30 мил. УСД). Како што вториот столб ќе созрева, приливот на придонеси постепено ќе се акумулира до 2,5% од БДП на годишно ниво. Средствата со кои ќе располага вториот столб постепено, до 2010 год., ќе се акумулираат до 10% од БДП. До 2020 година средствата во вториот столб се проектирани да достигнат 1 милијарда УСД (во реална големина), а подолгорочно гледано, средствата ќе се стабилизираат на околу 100% од БДП.

Податоците од табелата укажуваат на фактот дека приватните пензиски фондови со тек на време ќе станат доминантни „играчи“ на македонскиот пазар на капитал.

Како носители на задолжителното пензиско осигурување, ќе им обезбедат на граѓаните сигурен и профитабилен канал преку кој ќе ги инвестираат заштедите, а како институционални инвеститори ќе го „раздвижат“ пазарот на капитал во земјата, и инјектирајќи значителни средства во економијата ќе го поддржат приватниот сектор и ќе го зголемат богатството на националната економија, како и потенцијалот на земјата за економски раст и развој.

	2003	2005	2010	2020	2030	2040	2050
Осигуреници во вториот столб (во 000)	120	141	245	448	586	588	564
Придонеси во вториот столб (% БДП)	0.7%	0.8%	1.3%	2.1%	2.6%	2.7%	2.7%
Средства во вториот столб (% БДП)	0.7%	2.2%	7.5%	24.7%	50.5%	78.3%	95.7%
Придонеси во вториот столб (во милиони УСД)	21	25	48	104	173	241	325
Средства во вториот столб (во милиони УСД)	21	70	276	1124	3365	7012	11518

Претпоставки:
1. Реален пораст на БДП = 3% годишно
2. Реални стапки на принос во вториот столб = 5% годишно

[9] Ова ограничување ќе биде во сила само во текот на првите седум години од започнувањето со работа на друштвата за управување со пензиски фондови.

[10] Доколку поголем број на друштва иницијално се овластат за делување на пазарот, пазарното учество на секое друштво поединечно би било минимално, и големите друштва не би биле мотивирани за влез на пазарот.

ОСВРТ НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНОТО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Капитално финансираното пензиско осигурување нуди висок степен на транспарентност што претставува една од неговите важни предности во однос на пензискиот систем врз основа на генерациска солидарност

Зорица **АПОСТОЛСКА**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување донесен во март 2000 година се воспостави повеќеслоен пензиски систем. Новиот пензиски систем е составен од пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност и капитално финансирано пензиско осигурување, преку кој граѓаните во Република Македонија опфатени во ова осигурување ќе обезбедуваат материјална и социјална сигурност. Со тој закон се поставија основите на капитално финансираното пензиско осигурување, што истовремено е причина за донесување Закон за капитално финансирано пензиско осигурување, во кој поблиску системски се уредува обезбедување на материјална и социјална сигурност врз основа на капитализација на средствата. Именно, структурата на идниот повеќеслоен пензиски систем ќе се темели врз три вида (столба) на осигурување и тоа:

- задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност (прв столб);
- задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб);
- доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб).

Задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност (прв столб), всушност претставува досегашен реформиран систем организиран според принципот на тековно финансирање (Pay-as-you-go), односно сегашните осигуреници плаќаат за сегашните пензионери. Овој пензиски систем може да се нарече и јавен пензиски систем, кој ќе обезбедува дефинирани пензии според однапред утврдена формула која ќе обезбедува заменска стапка од 30% за полн пензиски стаж, а останатиот дел од пензијата ќе се обезбедува од капитално финансираниот пензиски систем. Овој вид на осигурување ќе обезбеди остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување во случај на старост, инвалидност и смрт, што значи дека ќе се исплаќа дел од старосната пензија, инвалидска пензија, семејна пензија, како и најнизок износ на пензија.

Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб), значи воспоставување на нов, однапред финансиран систем со дефинирани придонеси. Со ова осигурување ќе се обезбеди остварување право на пензиско осигурување во случај на старост, односно ќе се исплаќа старосна пензија. Овој систем обезбедува тесна поврзаност и зависност помеѓу обемот на вложените средства - придонесите и идните надоместоци што ќе ги

Зорица Апостолска е раководител на Одделението за пензиско и инвалидско осигурување во Министерството за труд и социјална политика и директор на Проектот за реформа на пензискиот систем.
Родена е 1955 година, а дипломирала на Економскиот факултет во Скопје во 1979 година. По завршувањето на студиите до крајот на 1992 година работела во Инжинеринг–Металски Завод Тито–Скопје како Директор на финансиот сектор и Директор на заедничките служби. Од тогаш па сè до денес работи во Министерството за труд и социјална политика како Советник на Министерот, а подоцна Помошник на Министерот. Учествувала на голем број меѓународни семинари, курсеви, презентации, студиски обуки и меѓународни конференции од областа на пензиските системи и социјалното осигурување (Харвард, Вашингтон, Будимпешта, Женева, Софија и др.). Има објавено многу написи, дебати, анализи и неколку трудови од областа на пензискиот систем и неговата реформа, како и учествувала во работењето на неколку проекти од областа на социјалното осигурување. Претседател е на Комитетот за Реформа на пензискиот систем во Република Македонија.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

остварува секое лице базирани на пазарните закономерности. Овој начин на осигурување е заснован врз принцип на собирање на средства преку плаќање на придонеси на лични (приватни) сметки, чии средства понатаму се инвестираат и добивката намалена за трошоците на работењето на системот се додава на имотот на личните сметки. Издвојувањето за овој систем ќе изнесува 7% од бруто платата, а ќе ги уплаќа работодавецот на име на секој поединец.

Во пензискиот систем на Република Македонија е вклучено и доброволно пензиско осигурување на капитално финансирана основа (трет столб). Значајно за ова осигурување е што во него можат да бидат вклучени сите лица кои сакаат да обезбедат повисок обем на материјална сигурност од задолжителното осигурување, како и сите граѓани, кои не се опфатени со задолжително осигурување (во I и II столб).

Капитално финансираното осигурување радикално се разликува од постојното тековно финансирано осигурување во однос на третманот и регистрирањето на уплатените придонеси. Именно, секој член на вториот столб има индивидуална сметка на која се регистрираат неговите уплатени придонеси и приносот од инвестициите, што во голема мера наликува на

Структурата на идниот повеќеслоен пензиски систем ќе се темели врз три вида (столба) на осигурување: задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност (прв столб), задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб) и доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб)

штедење. За ова осигурување е карактеристично што пензиите се актуарски поврзани со придонесите. Идната пензија зависи од акумулираните средства на индивидуалната сметка, чиј износ зависи од стапката на придонес, движењето на платите, стапката на принос од инвестициите и годините на придонесување во системот, како и од очекуваното траење на животот при пензионирање, односно очекуваниот период на користење на пензијата.

Значајна карактеристика на вториот столб е дека тој е приватно и конкурентно управуван, така што уплатените придонеси се инвестираат од друштва за управување со средствата на пензиските фондови. На овој начин се обезбедува економските цели да ја одредат инвестиционата стратегија, создавајќи можност за максимирање не целокупниот принос. Ова се обезбедува со диверзификација на ризиците на инвестициите (вклучувајќи и меѓународна диверзификација), која е една од неопходните карактеристики на овој систем.

Предлогот за донесување на закон за капитално финансирано пензиско осигурување е заснован на следниве основни начела:

- Задолжителност во капитално финансирано пензиско осигурување;
- Заштита на интересите на членовите на пензиските фондови;
- Обезбедување средства за материјална и социјална сигурност на осигурениците со капитализирање на лични средства;
- Зависност на правата од должината и обемот на вложувањата;
- Сигурност на средствата на пензиските фондови;
- Диверзификација на инвестициите на пензиските фондови.

Со цел да се заштитат интересите на членовите на најдобар начин при градењето на структурата на капитално финансираното пензиско осигурување (вториот столб) круцијални се следниве елементи: стандарди за друштвата кои ќе управуваат со пензиските фондови, инвестирањето, механизам за надгледување, односно супервизија и спроведување, чувар на имот на средствата на пензиските фондови, гаранциите, исплатата на пензиите, ограничување на провизиите, објавување на информациите и др.

Согласно со Предлогот на Законот во првите десет години ќе има два пензиски фонда, а тие ќе бидат управувани од посебни друштва за управување со пензиски фонд кои мора да бидат со силен капитал и со добар менаџмент и искуство за да се обезбеди сигурност на членовите на пензиските фондови.

Пензиските фондови претставуваат многу специфичен вид финансиски институции. Тие претставуваат збир на придонесите од осигурениците кои задолжително се собираат и потоа се предаваат на приватните менаџери за управување со средства. Важно е да се истакне дека членовите-осигурениците се сопственици на тие пензиски фондови и заради тоа тие треба да подлежат на високо ниво на заштита. Од големо значење е да се воспостави Пензиска агенција за супервизија која соодветно ќе одговори на потребите на учесниците во вториот столб. Агенцијата мора да има јасни права за регулатива и спроведување, организирајќи го меѓународниот јавен тендер, а потоа со право на давање на дозволите, но во оправдани случаи и нивно одземање. Агенцијата треба да биде независна и за таа цел треба да има соодветен буџет, неопходни физички и технички ресурси и обучен персонал. Најзначајно е дека Агенцијата ќе се основа со единствена цел, а тоа е заштита на интересите на членовите и развој на капитално финансирано пензиско

осигурување, кое ќе биде интегрален дел на социјалното осигурување во Република Македонија.

Тргнувајќи од фактот дека Македонија има недоволно развиен пазар на капитал, во Предлогот на Законот се поаѓа од дефинирање на инвестициони цели, како што е остварувањето на принос. Што се однесува на принципите тие се следниве: сигурност на средствата на фондот, диверзификација на ризикот од инвестициите и одржување на адекватна ликвидност. Исто така, во почетниот период на имплементирањето на реформираниот пензиски систем има потреба од дефинирање на видовите на инвестициони средства (класи или инструменти) во кои може да се инвестира, инвестициони ограничувања во рамките на средствата, како и забранетите инвестиции и ограничувањата и контролата на конфликтот на интереси. Во Предлогот на Законот се предвидуваат законски ограничувања во рамките на кои се движат можностите за инвестирање на средствата и тоа: 80% во домашни инвестиции (обврзници и други хартии од вредност- издадени од Народната банка на Република Македонија, Републиката, Комисијата за хартии од вредност, банкарски сметки и депозити, цертификати за депозити, акции, комерцијални записи и др.) и 20% во странски инвестиции (обврзници и други хартии од вредност- издадени од странски влади и централни банки од ЕУ, Јапонија и САД, акции - со кои се тргува на берзите на ЕУ, Јапонија и САД и др.). Законското ограничување, исто така, предвидува и максимални ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти, како и забрана за инвестирање во акции, обврзници и други хартии од вредност што не котираат на регуларниот пазар, недвижен имот и др.

Сигурноста и заштита на средствата на членовите, пред сè, ќе се постигне со одвојување на тие средства од средствата на друштвата кои управуваат со Пензискот фонд, чувајќи ги на посебна сметка кај чуварот на имот на пензиските фондови. Чуварот на имотот, освен физичкото обезбедување на средствата, ќе има за задача да следи дали трансакциите од друштвата се во согласност со Законот.

Се смета дека е многу важно во Законот да се уреди делот на гаранциите за изведбата и сигурноста на пензиските фондови. Поставувањето на гаранциите ја зголемува довербата кај јавноста во системот и помага да се зачува вредноста на пензиите. Поради тоа, во овој закон се бара гаранција, односно заштита во случај да се појави измама или некакво криминално дејствие, како последица на кое ќе се исцрпат средствата на фондот, и на крајот, Буџетот на Република Македонија да треба да ја надомести загубата во висина од 80%.

Општа и заедничка цел на целокупниот пензиски систем е да се исплаќаат пензии на осигурениците за кои се плаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување, независно дали тоа ќе биде преку обезбедување на ануитет од соодветната институција или преку програмирано извлекување на средствата од друштво кое управува со пензискиот фонд. Во Предлогот на Законот за капитално финансираното пензиско осигурување се предложени две алтернативи:

- Првата алтернатива значи дека откако ќе се остварат условите за пензија акумулираните средства да можат да се исплатат како пензија единствено во вид на ануитет, а членовите да можат да изберат каков вид на ануитет ќе добиваат. Ануитетите претставуваат осигурување до крајот на животот и најчесто се обезбедуваат преку осигурителни друштва.

- Втората алтернатива значи дека откако ќе се остварат условите за пензија акумулираните средства да можат по избор на самиот член да се исплатат како ануитет или програмирано извлекување во зависност од тоа за што тој сака да се определи. Оттука, може да се каже дека оваа варијанта нуди избор на видот на пензија (ануитет или програмирано извлекување), што значи дека со оваа алтернатива се дава можност лицето да избере помеѓу доживотно осигурување (ануитет) или програмирано извлекување и на пократок рок, а со поголеми износи, но со ризик после тој период да остане без средствата акумулирани во вториот столб затоа што ги искористил предвреме. Карактеристично за овој вид на пензија е што доколку лицето почине пред програмираниот период остатокот може да го наследи лице кое членот самиот ќе го назначи.

Заедничко за двете алтернативи е тоа што доколку лицето ја оствари старосната граница како услов за

пензионирање, но не навршил 15 години стаж, за акумулираниот износ ако е еднаков или поголем од 40% од минималната пензија, му се дава право да обезбеди ануитет од причини што тие се негови лични (заштедени) пензиски придонеси. Доколку тој износ е помал од 40% од минималната пензија, на членот му се дава право акумулираниот износ на придонеси да го извлече одеднаш.

Една од најголемите разлики помеѓу новиот систем на капитално финансирани пензии и пензиите врз основа на генерациска солидарност, обезбедени од Фондот на ПИОМ е дека друштвата за управување со пензиски фондови во новиот систем работат на профитна основа. Заработувачката и трошоците ќе бидат покриени со наплатување на надоместоци, односно провизии и затоа е важно провизиите да се наплаќаат на јасен и транспарентен начин, така што членовите, а понатаму и идните членови да можат да разберат што и колку ќе плаќаат. Поточно, во Предлог Законот се дефинира кои провизии можат да се наплаќаат, и тоа: провизија од придонесите и провизија од нето управуваните средства на Фондот. Во првите 10 години од имплементацијата на системот провизиите не смеат да се зголемуваат.

Транзицијата кон новиот систем со два столба ќе се одвива многу постепено, во текот на следните 50 години. Во текот на преминот, постојниот систем со еден столб и новиот систем со два столба ќе функционираат паралелно

Капитално финансираното пензиско осигурување нуди висок степен на транспарентност што претставува една од неговите важни предности во однос на пензискиот систем врз основа на генерациска солидарност. Во систем каде што лицата можат да избираат помеѓу конкурентни фондови, за правилно функционирање на системот е неопходно тие да бидат информирани и пред и во текот на членувањето. Исто така, значајно е дека друштвата за управување со пензиски фондови се обврзани да обезбедуваат информации до Агенцијата со цел да може таа правилно да ги извршува своите функции.

Цената на реформата на пензискиот систем можеме да ја согледаме преку транзиционите трошоци кои произлегуваат од преминот кон пензиски систем со два столба. Во Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување експлицитно е уредено дека недостигот од средствата во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност настанат поради воведување на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување (7%) ќе се обезбеди од Буџетот на Република Македонија. За таа цел, тимот за реформите на пензискиот систем со помош на Актуарската единица во Фондот за ПИОМ изготви финансиски план во којшто се предложени можните извори на финансирање на транзиционите трошоци и истиот е ставен на располагање на Министерството за финансии. Најзначајно е дека оваа одредба дава сигурност за редовна исплата на постојните пензии што значи дека државата си ја презема финансиската одговорност за трошоците предизвикани поради реформите на пензискиот систем.

Имајќи ги предвид сите горни поважни елементи уредени на начин со кој треба да се постигне максимална сигурност и заштита на учесниците во пензиското и инвалидското осигурување, истовремено, со нив ќе се обезбеди и солвентен пензиски систем на долг рок, како и вклучување во европските интеграциони процеси.

Од друга страна, реформата ги балансира интересите на идните генерации на пензионери со интересите на сегашните генерации на пензионери, осигурувајќи соодветни пензии и за денешните и за утрешните стари лица. Транзицијата кон новиот систем со два столба ќе се одвива многу постепено, во текот на следните 50 години. Во текот на преминот, постојниот систем со еден столб и новиот систем со два столба ќе функционираат паралелно. Оттука, може да се каже дека оваа реформа ќе ги опфати повеќето од младите лица, а постарите веројатно ќе останат во системот со еден столб. Како што поминува времето, сè поголем дел од работната сила ќе биде вклучена во системот со два столба, бидејќи младите работници задолжително ќе влегуваат. И можеби по 25 години, практично целата работна сила ќе биде вклучена во системот со два столба, од кој ќе произлезат и првите пензионери. Постепено, помеѓу 25-та и 50-та година од реформата, составот на пензионерите ќе се промени, од системот со еден столб во систем со два столба. До 50-та година по реформата, транзицијата ќе биде завршена - сите работници и сите пензионери ќе бидат членови на системот со два столба.

ВИРТУЕЛНИТЕ Е-ТРГОВИЈА, Е-БИЗНИС И Е-БАНКАРСТВО - ПОВЕЌЕ ОД РЕАЛНОСТ

Што се однесува до законската регулатива во врска со е-бизнисот и е-трговијата, Република Македонија не заостанува многу зад западните земји. Сега останува на приватната иницијатива и на македонската иновативност, е-бизнисот и е-трговијата да заживеат во Република Македонија

Слаѓан **МИХАЈЛОВСКИ**

Повеќето луѓе кои пребаруваат на интернет слушнале за Amazon.com, најголемата on-line книжарница на светот, а терминот точка-ком (.com) компанија е веќе вообичаен. Кој не слушнал за дваесетгодишните мултимилионери, сопственици на некоја дот-ком компанија, кои своето богатство го стекнале за неполна година.

Каталошката продажба денес е во потполност пресликана и функционира на WWW. Исто така, практично и не постои веб страницата на која нешто не се рекламира. Но, електронската трговија (е-трговијата) не е само маркетинг или едноставна замена на хартијата како медиум.

Ако го замислите WWW како уред за комуникација и како база на податоци, а не евтина замена за хартија ќе дојдете до многу интересни идеи. Замислите што сè го прави WWW поинаков и подобар од хартијата и фокусирајте ја вашата енергија таму.

Тоа се вистинските е-трговија и е-бизнис.

Како пример би ја посочил следната идеја: во детска градинка да се постави веб камера и родителот преку интернет да може во секое време да види што прави неговото дете и како воспитувачите се грижат за него. Зар не е тоа нешто што секој родител би го посакал.

Секој успешен е-бизнис мора да понуди нови вредности базирани на четири фундаменти:

- Погодност (Convenience)
- Информација (Information)
- Забава (Entertainment) и,
- Заштеда (Savings).

Сите четири фундаменти се содржани во претходно наведениот пример.

Дури и во ова тешко и кризно време нашата индустрија мора да функционира и да даде сè од себе за да го сопре падот на производството и извозот. Како нашите компании да го понудат својот производ на купувачите во странство, како успешно да го завршат тргувањето и како да се привлечат странските инвеститори да дојдат денес во Македонија, кога повеќето западни земји имаат дадено препорака за забрана на патување во Македонија? Дури и кога кризата ќе „заврши“, Македонија уште некое време ќе биде ризична земја што негативно ќе се одрази врз целокупната економија. За да се намалат овие негативни ефекти како едно од средствата треба да се користи и е-трговијата.

Преку интернет нашите производители можат не само да ги рекламираат своите производи, туку и директно да ги продаваат и тоа повеќе од типот B-to-B (business to business) компанија-на-компанија, отколку B-to-C (business to consumer) компанија-на-потрошувач.

Со објавување на податоците и деловните планови на нашите компании на интернет, привлекувањето на инвеститорите, исто така, може многу да

Слаѓан Михајловски е консултант со големо искуство од сите аспекти на информатичката технологија. Во моментов работи како извршен менаџер во претставништвото на ИЦЛ Фујитсу Гроуп – Лондон, во Скопје. Дипломирал на Електро–техничкиот факултет во Скопје во 1990 година.
Има широки познавања на применета информатичка технологија во областа на комерцијалното банкарство, здравствен сектор, државна администрација и искуство во работа со меѓународни институции и организации во областа на пишување на закони, финансиско планирање, маркетинг и менаџмент. Работел на голем број меѓународни проекти на Светска банка, УСАИД Државен завод за статистика и многу други. Поседува над десет сертификати и дипломи од областа на природните науки и информатиката. Посетил повеќе од 25 семинари и тренинзи за стручно усовршување. Одлично го познава англискиот јазик.

[1] ПКИ ја обезбедува неопходната автентичност, приватност и идентификација, која им е потребна на купувачите и продавачите и кој и да било кој што разменува информации.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

се олесни и да добие како во квантитет, така и во квалитет.

Како специфичен пример би ја посочиле интернет страницата WWW.OK.MK која во денешнава ситуација е една од ретките од кои странците можат објективно да се информираат за состојбата во Република Македонија.

Тоа е добар пример како со една страница на интернет, која не само што може да биде достапна до целиот свет, туку и да биде разбрана од милиони луѓе (текстовите се на англиски јазик), може да се влијае на јавното мислење во странство многу повеќе отколку преку останатите медиуми во Македонија кои не само што се единствено на македонски јазик, туку повеќето од нив се достапни само во Македонија.

Со трансформацијата на Заводот за платен промет (Payment Operations Bureau) на банките им се дава одлична можност да им ги покажат сите свои квалитети на клиентите, коминтентите и потенцијалните инвеститори (акционери), како и да понудат нови услуги и производи

Ова треба да биде пример за сите фирми во Македонија колкава е моќта на интернетот и е-трговијата. Фирмите кои навистина сакаат да успеат во времето на глобализација, кое сè побрзо доаѓа и во Македонија (ако веќе не е тука со присуството на сите силни странски мисии и олеснувачи), мораат во своето работење да ја применат и е-трговијата.

Банкарството како гранка која насекаде е една од најконзервативните, денес е еден од пионерите на е-бизнисот. Европските и американските банки веќе на големо ги нудат своите услуги преку интернет. Е-банкарството денес е нормална појава која секој просечен западен граѓанин има можност да ја користи и веројатно за неколку години повеќето од клиентите во банките, покрај класичното работење, ќе ги користат и интернет услугите на својата банка. Интересно е да се напомене дека еден од првите е-бизниси се банкоматите (АТМ).

Виртуелните е-банки постигнуваат сè поголем успех, а како новитет веќе го нудат и м-банкарството, кое се одвива преку мобилен телефон. Резервирањето и плаќањето на билети, како за театар, така и за воз или авион преку вашиот мобилен телефон, е реалност која од ден на ден добива сè повеќе приврзаници.

Сигурноста при утврдувањето на идентитетот која ја нудат паметните картички (smart cards), на кои се наоѓа електронскиот потпис на носителот, автентичноста, односно PKI (public key infrastructure), како и виртуелните приватни мрежи (VPN), се доволни како за банкарскиот сектор, така и за владините институции да можат својата работа безбедно да ја извршуваат преку интернет мрежата.

Со трансформацијата на Заводот за платен промет (Payment Operations Bureau) на банките им се дава одлична можност да им ги покажат сите свои квалитети на клиентите, коминтентите и потенцијалните инвеститори (акционери), како и да понудат нови услуги и производи. Direct debit услугите кои во западните банки се вообичаени, кај нас сега добиваат шанса за масовно користење. Ако нашите банки го искористат интернетот за овој тип на услуги лесно ќе можат да им ја понудат оваа услуга на заинтересираните клиенти. За вработените во државната администрација лесно може да се организира да добијат одредени поволности (на пример, 5% попуст) доколку се пријават од нивните тековни сметки автоматски секој месец да им се одбиваат износите за комуналиите, а извештаите можат да ги добијат преку пошта или интернет. Во овие трансакции банките тука, исто така, можат да учествуваат и со извесно кредитирање на нивните клиенти во врска со комуналиите, со што би им се помогнало и на граѓаните и на јавните комунални претпријатија, кои и онака имаат многу неплатени сметки.

Друг начин на плаќање на сметките може да се реализира така што клиентот на банката, преку интернет сам ќе си ги плати своите сметки, со пренос на средства од својата на сметката на комуналното претпријатие.

Значи, можностите за е-бизнис се практично неограничени, само е потребна добра идеја (ги имаме многу) и нормално, нејзина добра реализација (што кај нас во повеќето случаи е проблематично).

Приватизираниот Македонски телеком, како и неговите делови МТ-НЕТ и Мобимак (вклучително и новиот втор мобилен оператор кој се очекува) покрај банките би требало да биде еден од пионерите во е-бизнисот во Македонија, не само затоа што со сигурност располага со доволно средства и кадар, туку пред сè, затоа што телекомуникациите се носителот на информациите и во моментов заедно со информатиката, тие се една од областите која најбрзо напредува. Конвергентниот билинг систем, грижата за корисниците и мобилната ГПРС технологија се дел од глобалниот е-бизнис кој го работат светските телеком оператори.

- Сакате да добиете детален извод од вашите телефонски разговори?
- Сакате сами да изберете модел на тарифирање и истиот да го промените кога вие ќе посакате?

Ова се само две од многуте опции кои денес во светот на е-бизнисот ги нудат телеком операторите.

Временската прогноза, курсната листа и многуте други корисни информации, секојдневно, веќе со години ги добиваат корисниците на мобилните телефони ширум светот. Ред е и нашиот Телеком да преземе нешто во таа насока, така што покрај парите од продажбата за кои сите зборуваат, граѓаните да ја видат вистинската придобивка од приватизацијата на Македонски телекомуникации.

Но, е-бизнисот не е само бизнис, денес, исто така, се повеќе се говори и за е-влада (e-government). Услугите кои ги даваат државните органи може во многу да се олеснат и забрзаат доколку би се користеле придобивките на интернетот.

Дали ви се познати редиците пред т.н. пасошко одделение?

Кој не би сакал за поднесување на барање за пасош, наместо да чека со часови на скопските 40 и повеќе степени, истото да може да го стори од дома преку интернет за неполни две минути!

Подигнувањето на исправата би можело да оди и лично (наместо по пошта, доколку е тоа премногу радикално), но барем тие што ќе бидат одбиени нема да мораат да чекаат, бидејќи за статусот на нивното барање граѓаните ќе бидат известени преку е-маил.

Поднесувањето на даночните пријави, како и многу други работи со државната администрација, исто така, може да се одвива преку електронска пошта.

Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис оваа година е донесен и во Република Македонија, а набрзо во сила ќе стапат и подзаконските акти , со што ширум ќе се отворат вратите за е-бизнисот во Македонија.

Во тек е подготовка на предлози за измена на одредени закони и уредби, со што во целост ќе се обезбеди законската основа за функционирање на сите видови на е-трговија во Македонија.

Од ова може да се заклучи дека, што се однесува до законската регулатива во врска со е-бизнисот и е-трговијата, Република Македонија не заостанува многу зад западните земји.

Фирмите кои навистина сакаат да успеат во времето на глобализација, кое сè побрзо доаѓа и во Македонија (ако веќе не е тука со присуството на сите силни странски мисии и олеснувачи), мораат во своето работење да ја применат и е-трговијата

Сега останува на приватната иницијатива и на македонската иновативност, е-бизнисот и е-трговијата да заживеат во Република Македонија.

Да го видиме знакот Made in Macedonia на многу е-трговски и е-бизнис WEB страници во целиот свет.

ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЦАРИНСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Златко
ВЕТЕРОВСКИ

Основните решенија во царинскиот систем на Република Македонија се втемелени врз сознанијата, принципите, критериумите и модалитетите што ги утврдила и што ги препорачува современата економска наука од областа на цариниte и царинската заштита, како и врз основа на Царинскиот закон на Европската унија

Златко Ветеровски е роден 1969 година во Скопје. Во 1992 година ги завршува студиите на Економскиот факултет во Скопје, насока Надворешна трговија и маркетинг. Истата година, почнува со работа во Царинската управа на Република Македонија, како шеф на Царинската испостава – Терминал извоз во Царинарница Скопје. Има учествувано на повеќе семинири од областа на цариниte, вклучувајќи го и присуството на седниците на Комитетот за Хармонизиран систем во Светската царинска организација во Брисел (Белгија).

Со својата содржина и модерниот пристап, Царинскиот закон на сеопфатен и темелен начин ги дефинира сите релевантни институти и инструменти на царинскиот систем на Република Македонија и заедно со Законот за царинска тарифа претставува заокружена институционална целина. Притоа, основните системски решенија се втемелени врз сознанијата, принципите, критериумите и модалитетите што ги утврдила и што ги препорачува современата економска наука од областа на цариниte и царинската заштита, како и врз основа на Царинскиот закон на Европската унија.

Основниот пристап во Царинскиот закон, кој се применува од 1 април 2000 година е во него правно да се регулираат основните институти, инструменти и постапки при царинскиот надзор и царинската контрола, како и сите други релевантни прашања.

Со општите одредби на Царинскиот закон се дефинираат поимите кои се применуваат во царинското работење, како на пример, видовите на царинските постапки (увоз, извоз, транзит, складирање), се определува царинското подрачје, кое е идентично со географското подрачје на Република Македонија. Во општите одредби, исто така, се содржани дефиниции за царинскиот пограничен појас (длабочина до 15 км) правата и обврските на царинските службеници во пограничниот појас итн.

Под царинска стока, според одредбите на Царинскиот закон, се смета:

- секој предмет кој се увезува во царинското подрачје, а не е пуштен во слободен промет и,
- секој предмет за кој се поднесува царинска декларација за извоз од царинското подрачје.

Царинска стока, во смисла на овој закон, не е:

- јавна исправа;
- пратка со пишан (печатен) материјал, која не содржи царинска стока и друга поштенска пратка која содржи книги;
- трговска кореспонденција, деловни книги, стоковна, правна и финансиска документација, кои се однесуваат на стоката и,
- ефективна валута, чекови, менници, акции и други хартии од вредност кои се користат како средства за плаќање.

ДЕЛОКРУГ, НАЧИН НА РАБОТА И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА (ГЛАВА II)

Главата II од Царинскиот закон го определува делокругот, начинот на работа и организација на Царинската управа. Со овој дел се извршени значителни зголемувања на овластувањата на царинските работници, а и на самата Царинска управа. Зголемените права на царинските службеници предвидуваат контрола не само на царинските документи, туку и на останатата

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

финансиска документација, право на носење и употреба на огнено оружје, како и дополнително проверување на потеклото на стоката која е пуштена во слободен промет, а која подлежи на плаќање на високи царински давачки и акцизи. Во поглед на решавање на предметите во управна постапка се применува Законот за општа управна постапка со што царинскиот обврзник на донесеното решение има право да поднесе жалба. Меѓутоа, жалбата не го одлага извршувањето на решението донесено од страна на надлежниот царински орган. Заради поголема сигурност при увозот и извозот при распоредување на стоките заради плаќање на царина и ДДВ, царинските обврзници имаат можност да побараат уверение за распоредување на стоките, кое е задолжително за употреба при царинење на стоките. Уверението за распоредување на стоките важи една година. Важен елемент на оваа глава од Царинскиот закон претставува правото на застапување за работење со царинскиот орган. Тоа значи дека секој застапник мора да достави полномошно со кое на царинските органи ќе им докаже дека настапува во свое име и за туѓа сметка.

ПОТЕКЛО И ЦАРИНСКА ВРЕДНОСТ НА СТОКИТЕ (ГЛАВА III)

Глава III од Царинскиот закон ги определува примената на Законот за царинска тарифа, потеклото на стоките, како и царинската вредност на стоките.

Потекло на стоките

Потеклото на стоките може да биде преференцијално и непреференцијално. Често пати пред донесувањето на Царинскиот закон преференцијалното и непреференцијалното потекло на стоките беа поистоветувани. Сега непреференцијалното потекло на стоки е дефинирано во Царинскиот закон, а преференцијалното потекло и понатаму останува регулирано во Договорите за слободна трговија.

Царинска вредност

Царинската вредност е определена во член 28. Таа претставува основа за примена на Царинската тарифа и за пресметка на сите други обврски пропишани со закон, што ги врши Царинската управа. Царинската вредност на увезената стока е договорената цена (трансакциска вредност), односно вистински платената цена или цената која ќе се плати за стока купена за увоз во Република Македонија. Под цена која претставува царинска вредност, се подразбира дека:

- се вклучени сите трошоци и други издатоци настанати во врска со продажбата и испораката на стоката до местото каде што стоката пристигнува на царинското подрачје;
- се исклучени сите трошоци и давачки, што се пресметуваат во царинското подрачје;
- нема ограничување за купувачите во однос на располагањето или користењето на стоката, освен ограничувањата утврдени во прописите, ограничувањата што се однесуваат на забраната за натамошна продажба во трети држави или ограничувањата што суштински не влијаат на вредноста на стоката;
- во договорот за купопродажба нема услови или обврски чија вредност не може да се утврди по однос на стоката која се царини;
- продавачот нема непосредно или посредно да добие дел од приходот од натамошната продажба или било какво друго располагање или користење од страна на купувачот, освен од членот 32 на овој закон, и
- купувачот и продавачот не се заемно поврзани (управувачки, капитално и роднински), односно доколку се поврзани дека на договорената цена не влијаел трговскиот, финансискиот или било кој друг однос меѓу купувачот и продавачот.

Царинската вредност на стоката која се извезува е нејзината вредност на местото на излез од царинското подрачје на Република Македонија на која се додаваат транспортните трошоци до границата исклучувајќи ги извозните давачки и даноци, како и увозните давачки и даноци, за кои извозникот може да бара враќање.

Ако вредноста на стоката не може да се утврди според трансакциската цена, тогаш се применуваат правилата за идентична или слична стока, правилата за пресметана вредност или продажна цена, односно царинска вредност врз основа на расположливите податоци.

Генерално, со Законот не се предвидуваат некои поголеми измени во поглед на начинот на утврдување на царинската вредност. Поблиско толкување на одредбите за царинска вредност е предвидено во Правилникот за утврдување на царинската вредност, што го пропишува министерот за финансии.

ВНЕСУВАЊЕ НА СТОКАТА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ (ГЛАВА IV)

Во Глава IV е предвидена постапката со стоката која е внесена на царинското подрачје пред да биде дозволена нејзината употреба или користење. Со самото внесување на стоката во царинското подрачје на Република Македонија таа се наоѓа под царински над-

зор и останува сè до започнување на постапката за царински дозволена употреба или користење на стоката. Стоката внесена во царинското подрачје од страна на лицето што ја внело без одложување ја доставува до граничната царинска испостава или до друго место што ќе го определи надлежниот царински орган. Со тоа, стоката е ставена на увид на царинскиот орган. Со ставањето на увид на стоката на царинскиот орган лицето што ја внело стоката поднесува елементарна декларација која е новина во овој закон. Поднесувањето на елементарната декларација се врши кога не е побарана царинска дозволена употреба или користење на стоката. Рокот за привремено чување на стоката со елементарна декларација до започнување на царински дозволената употреба или користење на стоката е најмногу до десет дена. После десеттиот ден, стоката се одзема од страна на надлежниот царински орган. До започнување на царински дозволената употреба или користење стоката ставена на увид на царинскиот орган има третман на привремено чување на стока.

Царинскиот долг настанува во моментот на поднесување на царинската декларација за предвидената постапка. Царински должник за царинскиот долг е декларантот, а во случај на посредно застапување, царински должник е и лицето за чија сметка декларантот ја поднел царинската декларација

ЦАРИНСКИ ДОЗВОЛЕНА УПОТРЕБА ИЛИ КОРИСТЕЊЕ НА СТОКИТЕ (ГЛАВА V)

Во членот 57 од Царинскиот закон е предвидена царинска дозволена употреба или користење на стоката. Според ставот 1 на овој член стоката може во секое време да добие било каков царински статус или дозвола за употреба или користење, независно од нејзината природа или количество или земја на потекло, испраќач или крајно одредиште. По исклучок од ставот 1 на овој член Владата на Република Македонија за определен вид стока може да забрани или ограничи некој од предвидените видови на царинска дозвола за употреба или користење на стоката во интерес на јавниот морал, безбедноста, зачување на здравјето и животот на луѓето, животните и растенијата, заштита на животната средина и природата, заштита на националното богатство со уметничка, историска или археолошка вредност или заради заштита на индустриската сопственост. Владата на Република Македонија може да определи определени видови стока, заради нивните специфични својства да можат, во врска со царинската дозвола за употреба или користење на стоката, да бидат предмет на постапување само на определени организациони единици на Царинската управа.

Царинска декларација и царински декларант

За секоја стока во царинска постапка се поднесува царинска декларација. Формата и содржината е определена од страна на министерот за финансии. Царинската декларација се поднесува од страна на царинскиот декларант. Царински декларант може да биде кое било лице со седиште, односно постојан престој во Република Македонија, кое дава на увид или може да му даде на увид стока на царинскиот орган, заедно со сите други документи потребни за спроведување на определена царинска постапка. Лицата може да поднесат царинска декларација во свое име и за своја сметка, во свое име и за туѓа сметка или во туѓо име и за туѓа сметка. Во свое име и за туѓа сметка, како и во туѓо име и за туѓа сметка, можат да поднесат декларација само оние лица кои се евидентирани во Царинската управа. Начинот и постапката за вршење на застапнички работи ги пропишува Владата на Република Македонија.

Според Законот не се врши пријавување на стоките во внатрешната царинска испостава, туку веднаш со ставање на стоката на увид на царинскиот орган се поднесува деклацарија за започнување на царински дозволена употреба или користење на стоката. Со поднесување на декларација и нејзината иницијална проверка и заверка истата се смета за законски обврзувачки документ за декларантот. Царинскиот орган со прифатената декларација може да ги прегледа приложените документи во неа, да бара од декларантот и други докази, да ја прегледа стоката, да земе мостри, да врши подетален преглед. Царинскиот орган во декларацијата ги запишува наодите од извршениот преглед. Во поглед на преглед на стоките се воведува системот на селективност, со тоа што сите камиони не мора како до сега задолжително физички да се прегледуваат. Царинскиот работник е должен наодот од извршената проверка да го наведе во самото ЕЦД. Прегледот може да се врши без присуство на декларант. Според став 1 од член 69 царинскиот орган ќе ја ослободи стоката веднаш по завршувањето на проверката на податоците, ако се исполнети условите за избраната царинска постапка и ако за предметната стока не важат какви и да било ограничувања или забрани што го спречуваат спроведувањето на избраната царинска постапка. Декларантот не смее да почне да ја употребува или користи стоката пред да биде пуштена, согласно со ставот 1 на овој член.

Царинскиот орган може да примени посебни мерки, вклучувајќи и одземање на стоката и нејзината продажба, доколку:

1. Стоката не може да биде пуштена затоа што:
- не било можно да се започне или продолжи со преглед на стоката во рок што го определил царинскиот орган од причини предизвикани од страна на декларантот;
- документите, што морале да бидат поднесени за одобрување на избраната царинска постапка, не биле доставени од страна на декларантот;
- наплатата или гаранцијата што морала да биде доставена заради обезбедување на обврските за плаќање на царината, не биле извршени или доставени во пропишаниот рок или
- за стоката важат забрани или ограничувања, кои го попречуваат спроведувањето на бараната постапка.

Со цел поедноставување и забрзување на царинската постапка предвидено е олеснување на царинската постапка во врска со царинската декларација со тоа што во одредени случаи пуштањето на стоките во слободен промет може да се врши со:
- непотполна царинска декларација;
- комерцијален или друг службен документ; или
- книговодствен запис на стоката.

Периодот кога може да се врши дополнителната проверка (ревизија) на царинските декларации во поглед на правилно распоредување на стока, вредност и потекло од сегашните 2 години е продолжен на 5 години.

Со пуштање на стоката во слободен промет, царинската стока има третман на домашна стока.

Заради поевтина царинска постапка предвидена е употреба на заедничка стапка, односно највисока царинска стапка.

Царински постапки

Царинските постапки кои се најзначаен дел на Царинскиот закон, бидејќи со нив се регулираат постапките за увоз, извоз или транзит се дефинирани во Глава V.

Како царински постапки со економски ефект се сметаат:
- царинско складирање;
- увоз на стока заради производство наменето за извоз,
- преработка под царински надзор,
- привремен увоз на стока и
- привремен извоз на стока заради облагородување.

Секоја постапка со економски ефект се одобрува со решение на царинскиот орган.

Царинско складирање

Царинскиот склад може да биде јавен или приватен. Јавен царински склад е царинскиот склад во кој може, согласно со пропишаните услови, да се складира стока на кое и да било домашно или странско лице. Приватен царински склад е царинскиот склад наменет за складирање на царинската стока на држателот на царинскиот склад.

Царински склад е кој и да било простор што ќе го одобри директорот на Царинската управа и е под царински надзор, во кој може да се складира царинска стока согласно со пропишаните услови. Царинскиот орган може да дозволи складирање на стоката во други простори, кои првенствено не се наменети за царинско складирање на стока, доколку се обезбедени потребните услови утврдени со прописот од член 82 од овој закон за спроведување на царинскиот надзор. Ако за складирање на некоја стока и постапување со неа се пропишани посебни услови, царинскиот орган ќе дозволи, стоката да се складира во царинскиот склад или во друг простор само доколку се исполнети тие услови.

Во царински склад може да се складира:
- царинската стока за која не е настанат царински долг и не е предмет на други мерки во надворешно-трговскиот промет со стоката, и
- домашна стока за која согласно со посебни прописи, со внесувањето во царинскиот склад се применуваат мерките и прописите кои се предвидени за извоз.

Исто така, предвидено е поднесување на инструменти за обезбедување (гаранција) која држателот на царинскиот склад заедно со уредната евиденција мора да ја достави на надлежниот царински орган пред отпочнувањето на работењето на царинскиот склад, како и за време на складирањето на стоката. Освен тоа, зголемени се и обврските на држателот на складот во поглед на водењето на евиденцијата за влез и излез на стоката од царинските складови. Олеснување претставува продолжување на рокот за чување на стоката во царинските складови, кој од 30 +30 дена е продолжен на една година со можност за продолжување за дополнителни шест месеци. Дефиниран е поимот на депозитор, како лице кое стоката ја предава на чување во царинскиот склад.

Предвидено е и постоење на слободни царински продавници како посебен вид на царинско складира-

ње со тоа што тие единствено може да бидат лоцирани на меѓународните аеродроми после царинските контролни точки.

Привремен увоз на стока заради облагородување

Во постапката на увоз на стока наменета за производство за извоз, на царинското подрачје можат да се користат следниве увозни стоки за една или повеќе производни операции:

- стока пуштена во слободен промет, за која се врши враќање на платените увозни давачки, доколку стоката се извезе од царинското подрачје во вид на добиени производи (систем на враќање на царината - draw back system) и
- привремено увезената стока која останува во сопственост на странско лице, при чиј увоз не се плаќаат увозни давачки, доколку добиените производи или привремено увезената стока повторно се извезе во определен рок (привремен увоз на стока заради облагородување).

Предвидено е и постоење на слободни царински продавници како посебен вид на царинско складирање со тоа што тие единствено може да бидат лоцирани на меѓународните аеродроми после царинските контролни точки.

Новина во постапката на привремен увоз на облагородување, во однос на претходните законски решенија, е воведувањето на категоријата економски услови, при што имателот на правото мора да наведе исполнување на некој економски услов заради кој е одобрена постапката на привремен увоз заради облагородување.

Предвидена е употреба на идентични или слични стоки.

Стоки што биле увезени заради извоз, можат привремено да бидат извезени заради облагородување во странство.

Нов вид на царинска постапка е и преработката под царински надзор, при што имателот на правото има за цел увезената стоката да ја преработи без да плати царина за увезените материјали. После преработката добиениот производ се пушта во слободен промет со плаќање на царинска стапка која е адекватна за готовиот производ.

Во постапката на привремен увоз може да се увезува стока со целосно или делумно ослободување од плаќање на царина. Стоки кои што можат да бидат целосно ослободени од плаќање на царина се следниве:

- случаи во кои стоката, доколку била пуштена во слободен промет, би била ослободена од плаќање царина согласно со овој закон;
- стока која привремено се увезува заради испитување, излагање или вршење на проби, доколку странскиот сопственик ја дал бесплатно и на определено време;
- стока која привремено се увезува заради излагање на меѓународни саеми, изложби и други приредби - за стока која е предмет на излагање и за предмети кои се употребуваат за уредување на саемски, односно изложбени простори;
- животни, инструменти, реквизити и други предмети коишто се наменети за културно-уметнички, спортски и други приредби, односно снимање на филмови;
- амбалажа, товарен прибор и прибор за заштита, кои се наменети за доставување или експедирање на стоката доколку е во странска сопственост;
- опрема наменета за потребите на владини, невладини, меѓународни и меѓудржавни организации или меѓународни, односно меѓудржавни комисии, кои имаат седиште, односно претставништво во Република Македонија;
- опрема наменета за отстранување на непосредна опасност од епидемии, елементарни или други природни непогоди, односно за отстранување на нивните непосредни последици;
- јахти, едрилици и други пловни објекти со нивни везови и прибор за укотвување, доколку се наменети за спорт и рекреација, под услов привремено да ги увезува лице кое е регистрирано за вршење на дејност изнајмување на странски јахти, едрилици и други пловни објекти врз основа на спогодба склучена со странски спортски клубови и нивни сојузи за изнајмување на странски туристи - членови на тие клубови и нивните сојузи во Република Македонија;
- опрема која привремено ја увезуваат постојаните дописници, односно дописништва на странски средства за јавно информирање, регистрирани во царинското подрачје.

Сите стоки кои не се наведени погоре се увезуваат со делумно ослободување од плаќање на царина, освен потрошната стока и стоката за која уште пред почетокот на привремениот увоз може да се утврди дека не е наменета за повторен извоз.

Привремен извоз на стока заради облагородување

Привремениот извоз на стока може да се одобри ако се утврди дека добиениот производ е резултат на преработка на привремено извезените стоки и ако тоа одобрување не ги загрозува суштинските интереси на домашните производители.

При поправка на домашна стока во странство дозволена е употребата на системот на замена со истоветни стоки.

Во транзитната постапка декларантот е должен, на царинскиот орган при започнувањето на транзитната постапка да му достави инструмент за обезбедување на плаќањето царина во случај на настанување на царински долг.

ПРЕСМЕТУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ (ГЛАВА VI)

Во Главата VI од Царинскиот закон е предвидено пресметување и наплатување на царинскиот долг. Царинскиот долг настанува во моментот на поднесување на царинската декларација за предвидената постапка. Царински должник за царинскиот долг е декларантот, а во случај на посредно застапување, царински должник е и лицето за чија сметка декларантот ја поднел царинската декларација. Висината на царинскиот долг се утврдува на денот на настанување на обврската за плаќање на царинскиот долг. Со Законот е предвидена можноста Владата на Република Македонија да пропише компензаторни камати кои се еден вид затезни камати. Обезбедувањето на плаќање на царинскиот долг се врши со инструмент за обезбедување на плаќањето (банкарска гаранција или депозит кај надлежната царинарница). Дополнителна пресметка на царинскиот долг, во случај на грешки во пресметката се врши во рок од една година од денот на настанување на царинскиот долг. Во случај на незаконско постапување со царинската стока, а при тоа дошло до настанување на царински долг, дополнителна наплата е можна во рок од 5 години од денот на настанување на царинскиот долг. Со Законот е дозволено одложено плаќање на царинскиот долг во рок од 60 дена со поднесување со инструмент за обезбедување-гаранција. Враќањето на повеќе уплатената царина и простување на царинскиот долг по барање на странката е во рок од една година од барањето на царинскиот обврзник.

ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

Со Царинскиот закон значително се намалени ослободувањата од плаќање на царина, покрај стандардните ослободувања предвидени со меѓународни конвенции-дипломати и меѓународни организации врз база на реципроцитет. Ослободувањата се поделени како ослободувања за физички лица, правни лица и државни институции и ослободување по видови на стока.

Ослободување за физички лица

- домашни и странски патници, кои доаѓаат од странство - за предмети наменети за нивна лична употреба (личен багаж), без оглед на тоа дали го носат со себе, или го дале на превозник;
- домашни патници на предмети со мала вредност што ги внесуваат од странство, ако тие предмети не се наменети за препродажба;
- државјани на Република Македонија и странски државјани на предмети со мала вредност што ги примаат од странство, ако тие предмети не се наменети за препродажба;
- државјани на Република Македонија и странски државјани - за лекови за лична употреба што ги носат со себе или ги добиваат во пратки од странство;
- инвалиди - за специјална опрема и технички помагала што ги користат непосредно за живот и работа, како и за резервни делови за користење на таквата опрема и помагала, освен патнички автомобили, доколку ги донесат или добијат од странство заради лична употреба;
- возачи за гориво и мазиво, кое се наоѓа во нормалните резервоари на моторните возила и мотоцикли;
- државјани на Република Македонија кои живеат во пограничното подрачје - за растителни и сточарски производи добиени на нивните имоти во пограничното подрачје на соседната држава, како и за подмладок и други производи стекнати од стоката што ја имаат на тие имоти заради полски работи, паша или презимување;
- државјани на Република Македонија - студенти и ученици кои се школуваат во странство, како и странски ученици и студенти, кои се школуваат во Република Македонија - за учебни помагала што за сопствена употреба ги донесуваат од странство;
- странски професори, предавачи и други научници кои работат во Република Македонија, за образовна и професионална опрема, а кои подлежат на одобрение на Владата на Република Македонија;
- добитници на одликувања, медали, споменици, спортски и други трофеи или предмети, што ги добиваат во странство на натпревари, изложби и приредби од меѓународно значење;
- уметниците за сопствените уметнички дела што ги внесуваат од странство.

Ослободување на правни лица

- организација на Црвениот крст на Република Македонија и другите регистрирани хуманитарни и добротворни организации - на стоката што ја увезуваат од странство, а која служи за извршување на нивните хуманитарни задачи;
- противпожарни организации и други спасувачки служби - за техничка противпожарна опрема и резервни делови непосредно наменети за вршење противпожарна и спасувачка дејност;
- музеи, уметнички галерии и Народната и универзитетска библиотека - на предмети непосредно наменети за вршење на нивната дејност;
- предмети, што непосредно се наменети за вршење на културна дејност, а не се наменети за понатамошна продажба и не се произведуваат во Република Македонија, доколку имателот на правото е регистриран за вршење на недоходовна културна дејност;
- предметите што непосредно се наменети за вршење на недоходовна социјална и образовна дејност и не се произведуваат во Република Македонија;
- фармацевтските производи за здравствена, односно ветеринарна намена, што се употребуваат при меѓународни спортски манифестации организирани во Република Македонија.

Ослободување на стока

- опрема и резервни делови (освен автомобили и канцелариски мебел) врз основа на влог на странско лице, кои не можат да бидат постари од пет години од денот на нивното производство, а кои служат за вршење на претежна дејност на друштвото. Влогот на странското лице треба да е подолг од три години и да изнесува 20% од вкупно вложениот траен капитал, под услов обврзникот кој го користел ослободувањето да работи најмалку уште три 3 години по истекот на последната година во која го користел ослободувањето од плаќање царина. Под влог на странско лице се смета и откупот на акции од страна на странски лица;
- мостри на стока со незначителна вредност;
- печатени работи како што се каталози, ценовници, упатства за употреба и брошури и рекламен материјал;
- предмети што странски излагачи кои учествуваат на меѓународни саеми и трговски изложби во Република Македонија ќе ги внесат или примат од странство заради вообичаена распределба и потрошувачка за време на одржувањето на саемот, односно изложбата;
- производи увезени заради проба, истражување, анализирање или тестирање што целосно ќе се употребат при пробите, истражувањата, анализирањето или тестирањето, или при тоа целосно ќе бидат уништени, на начин што повеќе да немаат употребна вредност;
- туристичка информативна документација, ако е наменета за бесплатно делење и чија главна цел е претставување на странска туристичка понуда; странски хотелски листи и проспекти, што ги издаваат странски официјални туристички агенции, ако се наменети за бесплатно делење; рекламен туристички материјал наменет на овластени застапници или кореспонденти на национални туристички агенции, што не е наменет за натамошно делење;
- стоковни марки, патенти, модели и придружни документи, како и поднесоци за признавање на патентите или иновациите, што им се доставуваат на организациите за заштита на авторската и индустриската сопственост;
- храна за животни во транспорт, материјали потребни за заштита на стоката во транспортот;
- стока што се увезува преку регистрирани хуманитарни или добротворни организации и е наменета за бесплатно делење при природни или други несреќи;
- материјали за поставување, одржување или украсување на спомен обележја, гробови или гробишта на жртвите од војните; крстови, урни и погребни артикли;
- стоките кои се добиени како подарок од странски донатори, а се наменети за државните органи, единиците на локалната самоуправа и јавноправните субјекти.

Ослободување на државни институции

Од плаќање царини се ослободени државните органи, корисниците - единки на Буџетот на Република Македонија - по мислење на соодветното министерство, судовите и Народната банка на Република Македонија, а по претходен предлог на министерот за финансии на предметите што не се произведуваат во Република Македонија, а кои ќе ги определи Владата на Република Македонија.

РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ 2001

ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА 2001 ГОДИНА

Имајќи предвид дека реализирањето на макроекономските претпоставки беше дефинитивно оневозможено, а со цел преземање превентивни мерки политичко-безбедносната да не добие димензија и на длабока економска криза, во соработка со ММФ беше извршено ревидирање на основните макроекономски претпоставки и на економската, монетарната и фискалната политика за 2001 година

Ванчо **КАРГОВ**

Релаксираниот економски амбиент, имплементацијата на реформите и здравата фискална и монетарна политика во 2000 година резултираа со:

1) Најголем пораст на бруто домашниот производ во последните неколку години (5,1%);
2) Зголемување на девизните резерви за 250 милиони долари, со што достигнаа историски највисоко ниво од 713 милиони долари;
3) Значителен прилив на странски директни инвестиции (169 милиони долари);
4) Интензивирање на активностите за реформи во јавната администрација и финансискиот сектор, за продажба на државниот капитал и решавање на статусот на загубарите;
5) Склучување на Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската унија и други договори за слободна трговија;
6) Отворање на процесот на враќање на довербата во финансискиот систем и на неговата улога во економскиот развој;
7) Намалување на каматните стапки;
8) Започнување на процесот на денационализација, односно враќање на одземените имоти или давање надомест на поранешните сопственици; и итн.

Реформите во даночната политика, посебно успешното воведување на ДДВ, јакнењето на даночната инспекција и намалувањето на даночната евазија, зголемувањето на економските перформанси и здравата и контролирана буџетска потрошувачка, ѝ овозможија на државата да започне со регулирање и отплата на своите повеќегодишно акумулирани обврски врз основа на девизни штедни влогови, пензии и социјални бенефиции, да издвои средства за финансирање на проекти за намалување на сиромаштијата, да ги зголеми капиталните расходи, да изврши предвремена отплата на дел од обврските и да создаде простор за намалување на даноците во наредниот период, при што е остварен и значителен буџетски суфицит (над 5 милијарди денари) во форма на ликвидни средства и резерва за наредните години.

Врз основа на позитивните трендови остварени во 2000 година, позитивните резултати од реформските зафати, склучената спогодба со Европската унија и други договори за слободна трговија, со Макроекономската политика на Република Македонија за 2001 година беше утврдена следната проекција на макроекономските агрегати: 1) реален пораст на БДП за 6%; 2) номинален пораст на извозот на стоки за 14%, а на увозот на стоки за 10% (по ФОБ методологија); 3) просечен пораст на инфлацијата, мерено преку трошоците на живот за 2,2%; 4) пораст на бројот на регистрирани вработени за 1,5% и реален пораст на просечните плати за 2,3%.

Ванчо Каргов е државен секретар во Министерството за финансии на Република Македонија. Роден е во 1960 година. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1984 година, финансиско–сметководствена насока. Во периодот од април 1987 до јануари 1993 година работи како соработник во Сектор за долгорочно кредитирање во Југобанка – Скопје, а од 1993 до 1997 година работи како советник во Народната банка на РМ во Дирекцијата за девизни резерви. Од 1997 година е заменик директор на Дирекцијата за девизни резерви се до февруари 2000 година кога станува директор на Сектор за сметководство и финансии при Народната банка на РМ. На сегашното работно место е од мај 2000 година, одговорен за координацијата, подготвувањето, надгледувањето и извршувањето на Владината фискална стратегија и Централниот буџет на РМ; координација на трезорските активности, сметководството; воспоставување на контакти, преговори и подготовка на аранжманите со меѓународните институции и организации и други активности. Учествувал на голем број меѓународни семинари и работилници. Одлично го владее англискиот јазик.

БУЏЕТ 2001

Со цел зголемување на транспарентноста на јавните финансии, Буџетот на Република Македонија за 2001 година за прв пат беше презентиран во два дела: 1) споредбен буџет - по структура и содржина на приходите и расходите симетричен на досегашните буџети (во понатамошниот текст: буџет), и 2) буџет на т.н. сопствени приходи и расходи финансирани со овие приходи.

БУЏЕТ И РЕБАЛАНС ЗА 2001 ГОДИНА

Во милиони денари

Назив	Буџет	Ребаланс	Разлика
1	2	3	4=3–2
1. Вупни приходи	**53,579**	**54,790**	**1,211**
1.1 Даночни приходи	49,728	50,484	756
1.2. Неданочни приходи	3,307	3,808	501
1.3. Капитални приходи	100	83	–17
1.4. Странски донации	444	415	–29
2. Вкупни расходи	**55,236**	**70,640**	**15,404**
2.1. Тековни расходи	48,607	46,079	–2,528
2.1.1. Плати и надоместоци	15,271	16,091	820
2.1.2. Стоки и услуги	6,215	6,209	–6
2.1.3. Трошоци за бегалци	472	783	311
2.1.4. Социјални и други трансфери	15,792	16,488	696
2.1.5. Камата	4,162	4,314	152
2.1.6. Резерви	170	170	0
2.1.7. Структурни реформи	980	1,088	108
2.1.8. Реформа на администрацијата	835	936	101
2.1.9. Недефинирани мерки	4,710	0	–4,710
2.2. Капитални расходи	6,629	11,421	4,792
2.2.1. Основни средства	4,121	4,487	366
2.2.2. Капитални трансфери	2,468	2,468	0
2.2.3. Учество во МФО	40	40	0
2.2.4. Телеком проекти	0	4,426	4,426
2.3. Трошоци сврзани со кризата	0	13,140	13,140
3. Дефицит (1-2)	**-1,657**	**-15,850**	**-14,193**
4. Финансирање	**1,657**	**-15,850**	**-14,193**
4.1. Прилив	7,401	18,921	11,520
4.1.1. Приходи и продажба на капитал	787	7,985	7,198
4.1.2. Странски донации	699	610	–89
4.1.3. Капитализација	635	59	–576
4.1.4. Странски кредити	5,280	4,552	–728
4.1.5. Депозити	0	5,715	5,715
4.2. Одлив	5,744	3,071	–2,673
4.2.1. Отплата на главница	3,028	3,071	43
4.2.2. Стабилизационен фонд	2,716	0	–2,716

Приходите во Буџетот на Република Македонија за 2001 година беа планирани на износ од 53,58 милијарди денари, а расходите на износ од 55,24 милијарди денари, со дефицит од 1,66 милијарди денари.[1]

Проекција на приходите во буџетот 2001

Основна карактеристика на приходната страна на Буџетот за 2001 година беше вкалкулираното намалување на приходите од персоналниот данок на доход и од царини во однос на Ребалансот на Буџетот за 2000 година за вкупно 3,7 милијарди денари. Имено, на самиот почеток на годината се намалени стапките на персоналниот данок (од 23% на 15% и од 27% и 35% на 18%), што требаше да доведе до намалување на трошоците на претприемачите, да им ја зголеми профитабилноста и да создаде простор за инвестирање и креирање нови работни места. Истовремено, кај некои стоки сврзани со здравството и земјоделството, стапките на ДДВ се спуштени на привилегираните 5% со цел подобрување на услугите од областа на здравствена заштита и даночно растоварување на земјоделските производители. Во насока на понатамошна либерализација и отворање на домашнот пазар беше извршено и намалување на увозните давачки на над 4000 производи. Овие мерки на економската политика се очекуваше да ги намалат трошоците на работењето за околу 4% со што би се создадал нов импулс за економијата, посебно за вработувањето.

Проекција на расходите во Буџетот за 2001 година

Расходната страна на Буџетот за 2001 година е конципирана да овозможи финансирање на расходите за непречено извр-шување на функциите на државата и реализирање на програмите во областа на образованието, културата, здравството и земјоделството, но при истовремено обезбедување поддршка на социјалните аспекти на структурните и административни реформи, пензионерите, невработените и социјално загрозените, да се продолжи со редовната отплата на обврските на државата заради понатамошно јакнење на довербата од страна на домашна и странска јавност и да се продолжи со јакнењето на материјалната база на државата преку зголемување на капиталните трошоци.

Во вкупно планираните расходи во Буџетот за 2001 година од 55,24 милијарди денари, 4,71 милијарди денари се однесуваа на т.н. неидентификувани мерки,[2] ставка која всушност не претставуваше трошок, туку алокација која требаше да претставува простор за понатамошно намалување на даноците и финансирање на мерки за намалување на сиромаштијата во втората половина од годината, секако по претходно преиспитување на извршувањето на Буџетот во првата половина од годината. Вкупниот износ на трошоци во Буџетот за 2001 година без неидентификуваните мерки е за 2,1 милијарди денари поголем во однос на Реба-

[1] Според методологијата на ММФ, односно Статистиката на владините финансии (GFS).

лансот за 2000 година. Нето зголемувањето на расходите во најголем дел беше резултат на различното движење на повеќе трошоци. Во насока на зголемување на вкупните расходи влијаеа зголемените расходи на име каматни плаќања[3] со 1,82 милијарди денари, на име капиталните трошоци со 1,48 милијарди денари и на име социјални трансфери за структурните и административните реформи со 1,10 милијарди денари. Во насока на намалување на вкупните расходи во Буџетот за 2001 година во однос на Ребалансот на Буџетот за 2000 година, најголемо влијание имаше намалувањето на расходите за исплата на плати и надоместоци на вработените во јавната администрација со 1,1 милијарди денари, или поточно за 2,04 милијарди денари ако се има предвид дека износот за исплата на плати во 2000 година од 16,38 милијарди денари треба да се зголеми за 0,93 милијарди денари - износ кој беше авансно исплатен во декември 1999 година како дел од платата за јануари 2000 година.[4] Намалувањето на расходите за невработени и социјални бенефиции во однос на Ребалансот не е споредливо бидејќи поголемите износи во Ребалансот на Буџетот за 2000 година беа резултат на дополнителните исплати за овие намени и за надминување на повеќемесечното заостанување во исплатата акумулирано во претходните години.

Приходот од продажбата на Телекомот и расходите финансирани со нив не беа антиципирани во Буџетот за 2001 година, бидејќи во периодот на неговото изготвување не се располагаше со доволни информации за да се проектираат приходите, а посебно начинот на нивното користење и неговото влијание врз макроекономската стабилност.

Имајќи ја предвид мошне аналитичката и детална конструкција на трошковната страна на Буџетот, а посебно специфичниот и тешко предвидлив карактер на т.н. сопствени приходи, во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година[5] е предвидена флексибилност во смисла на прераспределба на трошковните потставки по видови и програми, доколку се покаже потреба од тоа.[6]

ПРОЕКЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ

Во милиони денари

Приход	Буџет 2001		Ребаланс 2000		Буџет 2000		Разлика	
	Износ	% (од А)	Износ	% (од А)	Износ	% (од А)	(2–4)	(2–6)
1	2	3	4	5	6	7	8	9
А. Вкупно (од 1 до 9)	**53.579**	**100,00**	**57.175**	**100,00**	**46.961**	**100,00**	**-4.040**	**6.174**
1. Данок на промет и ДДВ	18.254	34,07	16.884	29,53	9.700	20,66	1.370	8.554
2. Данок на добивка	3.026	5,65	2.613	4,57	2.613	5,56	412	412
3. Персонален данок на доход	7.789	14,54	10.523	18,40	10.033	21,36	–2.734	–2.244
4. Акцизи	12.994	24,25	12.248	21,42	12.309	26,21	746	685
5. Царини	7.595	14,18	8.600	15,04	8.600	18,31	–1.005	–1.005
6. Други даноци	70	0,13	55	0,10	141	0,30	15	–71
7. Неданочни приходи	3.307	6,17	3.015	5,27	3.260	6,94	292	47
8. Продажба на капитал	100	0,19	3.237	5,66	305	0,65	–3.137	–205
9. Наменски донации	444	0,83	0	0,00	0	0,00	444	444
10. Продажба на капитал	787		0		0		787	787
11. Ненаменски донации	700		5.399		0		–4.699	700
12. Кредити со репрограм	5.914		2.197		4.033		3.717	1.881
Б. Вкупно (од 1 до 12)	**60.980**		**64.771**		**50.994**		**-3.791**	**9.986**

Дискрециони трошоци

Од вкупно 55,24 милијарди денари колку што изнесуваат расходите во Буџетот за 2001 година, само 10,5 милијарди денари или 19,0% имаат карактер на т.н. дискрециони трошоци кај кои корисниците имаат ограничени можности за контрола и заштеда. Тоа се главно трошоци за: 1)[7] разни видови потрошни материјали, услуги, комуналии, гориво, закупнини, патни

[2] Согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, ставката на неидентификувани мерки може да се користи само врз основа на акт донесен од страна на Собранието на Република Македонија.

[3] Зголемените трошоци на име камати во прв ред се должат на достасаните камати по обврските спрема Парискиот клуб на доверители (првиот квартал од 2000 година беше репрограмиран), како и на достасаните камати по издадените обврзници за сервисирање на старото девизно штедење и за продажбата на Стопанска банка АД Скопје.

[4] Намалувањето на масата за исплата на плати требаше да биде постигнато не преку намалување на просечната плата по вработен, туку пред сè, со намалување на бројот на вработените во јавната администрација, а делумно и преку намалување на персоналниот данок на доход.

[5] Членот 7 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година гласи: „Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на ниво на ставки и програми, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните потставки и програми, по претходна согласност од Министерството за финансии. Утврдените износи во Буџетот на корисникот може да му бидат прераспределени помеѓу расходните ставки, со исклучок на расходните ставки меѓу платите и други расходи. Прераспределбата на утврдените средства меѓу расходните ставки во рамки на еден корисник, како и меѓу корисниците се врши со Одлука на Владата на Република Македонија, по предлог на Министерството за финансии. Претпоследниот и последниот став од член 34 од истиот закон гласат: „Доколку во текот на годината, приходите од став 1 на овој член ќе се остварат во поголем износ од планираниот, истите ќе можат да се користат по претходна согласност на Министерството за финансии. Расходите финансирани од приходите од став 1 на овој член можат да се прераспоредуваат меѓу одделни програми на корисникот, по претходна согласност на Министерството за финансии".

[6] Исклучок претставуваат оние потставки кои претставуваат квантитативни критериуми за извршување на аранжманот со Меѓународниот монетарен фонд.

[7] 6,2 милијарди денари

и дневни трошоци, потребни за нормално функционирање на образованието, културата, социјалната заштита, одбраната, безбедноста, правосудството и на другите државни институции, вклучително и трошоците за планираниот попис на населението во износ од 0,35 милијарди денари, и 2)[8] трошоци за инвестиции, реконструкција, обнова, набавка и изградба на основни средства, компјутеризација, опремување и модернизација,[9] како и трошоци за изградба на инфраструктурни објекти во стопански недоволно развиените подрачја во износ од 0,58 милијарди денари.

ПРОЕКЦИЈА НА РАСХОДИТЕ

Во милиони денари

	Буџет 2001		Ребаланс 2000		Буџет 2000		Разлика	
Економска класификација	Износ	% (од А)	Износ	% (од А)	Износ	% (од А)	(2–4)	(2–6)
1	2	3	4	5	6	7	8	9
А. Вкупно (од 1 до 9)	**55.236**	**100,00**	**48.428**	**100,00**	**45.491**	**100,00**	**6.808**	**9.295**
1. Плати и надоместоци	15.271	27,65	16.376	33,82	15.955	34,73	–1.105	–684
2. Стоки и услуги	6.215	11,25	6.078	12,55	6.251	13,61	137	–36
3. Трансфери	15.962	28,90	15.815	32,66	13.678	29,77	147	2.284
3.1. Пензии	4.962	8,98	4.771	9,85	4.260	9,27	191	702
3.2. Невработени	3.411	6,18	4.209	8,69	3.160	6,88	–798	251
3.3. Социјални бенифиции	3.215	5,82	3.470	7,17	3.187	6,94	–255	28
3.4. Детски додаток	900	1,63	689	1,42	550	1,20	211	350
3.5. Други трансфери	3.474	6,29	2.676	5,53	2.521	5,49	798	953
4. Реформи	1.815	3,29	711	1,47	2.637	5,74	1.104	–822
5. Намалување на сиромаштија	0	0,00	817	1,69	0	0,00	–817	0
6. Трошоци за бегалци	472	0,85	1.003	2,07	148	0,32	–531	324
7. Отплата на камата	4.162	7,53	2.340	4,83	2.376	5,17	1.822	1.786
8. Капитални расходи	6.629	12,00	5.146	10,63	4.896	10,66	1.483	1.733
9. Неидентификувани мерки	4.710	8,53	142	0,29	0	0,00	4.568	4.710
10. Отплата на главница	3.028		6.127		3.753		–3.099	–725
11. Поддршка на монетарна политика	2.716		3.147		1.300		–431	1.416
Б. Вкупно (од 1 до 11)	**60.980**		**57.702**		**50.994**		**3.278**	**9.986**

Недискрециони трошоци

Дури 40,02 милијарди денари или 72,0% од вкупните трошоци претставуваат т.н. недискрециони трошоци, што всушност, претставуваат договорни и законски обврски кои Република Македонија мора да ги плати. Во оваа група трошоци влегуваат расходите за исплата на платите (15,27 милијарди денари), покривање на дефицитот во пензискиот фонд (4,96 милијарди денари), покривање на дефицитот на Заводот за вработување за исплата на надоместоци за невработеност (3,41 милијарди денари), исплата на надоместоци на социјално загрозени лица (3,22 милијарди денари), исплата на детски додаток (0,9 милијарди денари), плаќање на камати по користени странски кредити и издадени обврзници за депонираното девизно штедење и санација и продажба на Стопанска банка АД Скопје (4,16 милијарди денари), исплата на надоместоци на воени инвалиди (0,4 милијарди денари), трошоци за социјални трансфери до работниците кои ќе останат без работа заради структурни и административни реформи (1,92 милијарди денари), трошоци за бегалци кои се речиси целосно сврзани само со користена помош од Европската комисија во врска со косовската криза (0,47 милијарди денари), други тековни трансфери (2,81 милијарди денари) на име трошоци за програми во областа на културата, социјалната заштита, здравството, земјоделието, образованието, спортот, науката, заштита на животната средина, ученички и студентски стандард и др. и капитални трансфери (2,51 милијарди денари), кои во најголем дел се однесуваат на покривање на дел од трошоците на Фондот за магистрални и регионални патишта (1,65 милијарди денари) и на Македонските железници (0,45 милијарди денари) за одржување на патната и железничката мрежа, а потоа и за одржување на комуналната инфраструктура во општините.

Износот од 4,71 милијарди денари или 9% од вкупните трошоци, како што беше претходно кажано, всушност и не претставува расход и можност за трошење, туку алокација која би отворила простор за намалување на даноците и алоцирање на средства за

[8] 4,12 милијарди денари

[9] Голем дел од државните институции со години работат во изнајмени простории за што плаќаат високи износи на кирии, а добар дел од државните институции, посебно во внатрешноста, работат во услови кои не овозможуваат нормално извршување на функциите.

финансирање мерки за намалување на сиромаштијата во второто полугодие од 2001 година, доколку остварувањето на буџетот во првото полугодие покажеше дека е тоа возможно, но по претходна легализација од страна на Собранието на Република Македонија.

Во насока на реализација на заложбите за реформи на јавниот сектор и создавање на мала, но ефикасна администрација, за само три месеци од оваа година е извршено бруто намалување на бројот на вработени во јавната администрација за околу 4.500 лица, без притоа да бидат создадени социјални тензии. Секако дека ова е само една од мерките за реформа на јавната администрација, но сигурно е дека создаде реална основа за намалување на расходите и менување на неповолната структура на буџетот и задржување на масата за исплата на плати во рамките на лимитите согласно на програмата со ММФ. Издвојувањето на несуштинските активности треба да создаде простор за нагорна корекција на платите како еден од најбитните фактори за создавање ефикасна администрација. Планирањето и реализацијата на реформите на јавната администрација се врши во соработка со Светската банка во рамките на активностите за склучување на ПСАЛ аранжманот. Согласно со новиот Закон за државни службеници, беше формирана Агенција за државни службеници како независно тело. Улогата на оваа Агенција е да го следи вработувањето на државните службеници, како и ефикасноста на работењето на државните службеници.

ПРЕДЛОГ РЕБАЛАНС

Имајќи предвид дека реализирањето на макроекономските претпоставки врз кои се базираше економската, монетарната и фискалната политика беше дефинитивно оневозможено, а со цел преземање превентивни мерки политичко-безбедносната да не добие димензија и на длабока економска криза, во соработка со ММФ беше извршено ревидирање на основните макроекономски претпоставки и на економската, монетарната и фискалната политика за 2001 година. Врз основа на претходното, изготвен е и Ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2001 година, како најзначаен инструмент за спроведување на политиките на Владата, во кој се вградени: а) ревидираните макроекономски претпоставки; б) редовното финансирање на функциите и обврските на државата; в) дополнителните трошоци сврзани со кризата; г) мерките за надминување на последиците од пролонгирањето на реформите; д) инвестиционите проекти финансирани со средства од приватизацијата на Телекомот; ѓ) можностите за заштеди; е) финансирање на дефицитот и поддршка на монетарната политика.

Макроекономски агрегати

Ревидираните макроекономски агрегати претпоставуваат пораст на бруто домашниот производ од

СТРУКТУРА НА РАСХОДИТЕ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2001 ГОДИНА ОД АСПЕКТ НА МОЖНОСТА ЗА НИВНО НАМАЛУВАЊЕ

Во милиони денари

Назив	Буџет	Ребаланс	(3–2)	Извршено до 30.06.	% на извршеност
1	2	3	4	5	6
1. Вкупно	**55.236**	**70.640**	**15.404**	**29.421**	**53,26**
2. Недискрециони трошоци	**40.020**	**42.208**	**2.188**	**19.865**	**49,64**
2.1. Плати и надоместоци	15.271	16.091	820	8.218	53,81
2.2. Трошоци за бегалци	472	783	311	294	62,29
2.3. Пензиски фонд	4.962	5.439	477	2.441	49,19
2.4. Завод за вработување	3.411	3.584	173	1.910	56,00
2.5. Социјална програма	3.215	3.215	0	1.540	47,90
2.6. Детски додаток	900	900	0	211	23,44
2.7. Гаранции	90	90	0	0	0,00
2.8. Воени инвалиди	400	400	0	187	46,75
2.9. Други тековни трансфери	2.814	2.860	46	1.308	46,48
2.10. Камати	4.162	4.314	152	1.959	47,07
2.11. Структурни реформи	980	1.088	108	74	7,55
2.12. Административни реформи	835	936	101	596	71,38
2.13. Капитални трансфери	2.508	2.508	0	1.127	44,94
3. Недефинирани мерки	**4.710**	**360**	**-4.350**	**0**	**0,00**
4. Телеком проекти	**0**	**4.426**	**4.426**	**0**	**0,00**
5. Трошоци сврзани со кризата	**0**	**13.140**	**13.140**	**5.545**	**0,00**
6. Дискрециони трошоци	**10.506**	**10.506**	**0**	**4.011**	**38,18**
6.1. Стоки и услуги	6.215	6.209	–6	2.498	40,19
6.2. Основни средства	4.121	4.121	6	1.460	35,43
6.3. Резерви	170	170	0	53	31,18

2,5%, односно 3,5 процентни поени помалку во однос на првично планираните 6% пораст, стапка на инфлација од 4% споредено со првично планираните 2,2%, намален обем на надворешно-трговска размена и фи-

Во насока на реализација на заложбите за реформи на јавниот сектор и создавање на мала, но ефикасна администрација, за само три месеци од оваа година е извршено бруто намалување на бројот на вработени во јавната администрација за околу 4.500 лица, без притоа да бидат создадени социјални тензии

нансиски јаз во платниот биланс од 65 милиони долари. Основен предуслов за остварување на претходното е запирање на борбените активности најдоцна до средината на август, но при продолжен висок степен на борбена готовност до крајот на годината и обезбедување финансирање на јазот во платниот биланс.

Приходи

Ревидираните макроекономски агрегати првенствено свој одраз добија во намалување на очекуваните приходи од персонален данок од доход (за 0,6 милијарди денари) и од акцизи (една милијарда денари). Заедно со воведувањето на данокот на финансиски трансакции, вкупните даночни приходи во ребалансот достигнаа износ од 50,5 милијарди денари, со што вкупното даночно оптоварување во однос на буџетот се зголеми за 0,76 милијарди денари или за 1,5%.

Расходи

Расходите за финансирање на функциите на државата и отплатата на обврските во Ребалансот останаа потполно непроменети во однос на редовниот буџет. Исклучок претставуваат зголемените расходи на име социјални трансфери за 0,7 милијарди денари, кои во прв ред се однесуваат на дополнителни трансфери до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за финансирање на дефицитот заради законското зголемување на пензиите (0,48 милијарди денари), до Заводот за вработување за формирање на Фонд за вработување на инвалидизирани лица (0,17 милијарди денари) и до Бирото за стоковни резерви (0,05 милијарди денари). Покрај ова, зголемување бележат и плаќањата на име камати по користени странски кредити (0,15 милијарди денари), исклучиво заради усогласување со тековните девизни курсеви.

Дополнителните трошоци сврзани со кризата се планирани во износ од 13,14 милијарди денари и истите се однесуваат на финансирање на зголемените расходи на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи за набавка на опрема, материјали, храна, гориво и услуги и исплата на надоместоци на редовниот и резервниот состав на безбедносните сили и лични примања на проектирани нови вработувања. Покрај ова, планирани се и 0,47 милијарди денари за финансирање на трошоците сврзани со згрижување на лицата раселени заради кризата, како и дополнителни 0,05 милијарди денари за Бирото за стоковни резерви.

Ревидираните макроекономски агрегати претпоставуваат пораст на бруто домашниот производ од 2,5%, стапка на инфлација од 4% споредено со првично планираните 2,2%, намален обем на надворешно трговска размена и финансиски јаз во платниот биланс од 65 милиони долари

Планираните трошоци за плати на јавната администрација во Буџетот за 2001 година беа за 2,04 милијарди денари помали во однос на Буџетот за 2000 година. Заштедата требаше да се постигне со намалување на бројот на вработените и намалување на стапките на персоналниот данок на доход. Меѓутоа, заради доцнењето со донесувањето на потребната законска регулатива, кое што доведе до пролонгирање на процесот на намалување на бројот на вработени до крајот на април (полниот износ на заштеди започна дури во мај), како и заради мошне ниската просечна плата, бруто намалувањето на бројот на вработени[10] од околу 4.500 лица резултираше со заштеда од 1,22 милијарди денари (односно 0,82 милијарди денари помалку). Заради редовна исплата на платите на постојниот број на вработени при непроменет износ на просечната плата, со Ребалансот е предвидено зголемување на износот за исплата на плати за помалку остварената заштеда од 0,82 милијарди денари.

Со Ребалансот е опфатен делот од Телеком инвестиционите проекти кој треба да се финансира само во текот на оваа година. Проектите книговодствено се искажани на соодветни збирни расходни ставки во вкупен износ од 4,43 милијарди денари.

Делот од расходите во кој може да се зборува за заштеди (дискрециони трошоци) изнесува само околу 15% од вкупните расходи во Ребалансот и истиот во апсолутен износ е непроменет во однос на Буџетот (10,51 милијарди денари). Остатокот од 85% од вкупните расходи или над 60 милијарди денари, претставуваат законски и договорни обврски, кои државата мора задолжително да ги плати и кај кои нема простор да се вршат заштеди. Од вкупно 10,51 милијарди денари планирани расходи кај кои може да се зборува за штедење во првото полугодие се потрошени 4,01 милијарди денари или 38,18% од вкупно планираните расходи, односно 11,82 процентни поени помалку во однос на условните 50% потребни трошоци за 6 месе-

[10] Врз основа на спогодбено раскинување на работниот однос со исплата на 24 плати, технолоши вишок преку предвремено пензионирање или исплата на 12 плати и редовно пензионирање во периодот од јануари до април, беа отпуштени од работа 4500 лица. Истовремено, во истиот период беа извршени 30 нови вработувања, заради специфичноста на работните места.

ци. Ова значи дека во првото полугодие од оваа година се веќе направени заштеди од 11,82%.

Во насока на поддршка на монетарната политика, воведувањето на данокот на финансиски трансакции



покрај фискалниот аспект, имаше за цел и да се избегне поголемо користење на депозитите на Буџетот кај Народната банка со што би се зголемила и побарувачката за девизи.

Дефицит

Врз основа на вака проектираните приходи и расходи, со Ребалансот се предвидува дефицит од 15,85 милијарди денари, кој во најголем дел треба да се финансира со приходи од продажба на државен капитал, во кој се вклучени и средства од продажба на Телекомот (8 милијарди денари), странски донации (0,61 милијарда денари), користење странски кредити (ФЕСАЛ, ПСАЛ и ЕУ) во износ од 4,55 милијарди денари и повлекување депозити на Буџетот од Народната банка на Република Македонија кои беа акумулирани во претходните, а посебно минатата година (5,7 милијарди денари). Во рамките на финансирањето, отплатата на главницата по користени странски кредити за 2001 година изнесува 3,07 милијарди денари. Ова значи дека евентуалните средства што би се обезбедиле за финансирање на јазот во платниот биланс би биле целосно искористени за пополнување на девизните резерви, а не за финансирање на тековни буџетски трошоци.

Потребно е посебно да се напомене дека вака концепираниот ребаланс практично ја жртвува алокацијата од 4,7 милијарди денари предвидена со основниот буџет за 2001 година како простор кој требаше да биде искористен за понатамошно намалување на даноците и алоцирање средства за финансирање мерки за намалување на сиромаштијата во второто полугодие од годината.

Секако дека доколку дојде до промена на претпоставките и очекуваниот развој на настаните врз кои е изготвен ребалансот, навремено ќе бидат преземени корективни мерки, заради што извршувањето на приходите и расходите се управува, следи и анализира на дневна основа.



ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКИТЕ ПРЕСМЕТКИ ЗА 2002 ГОДИНА И НИВНАТА ПРОГРАМСКА СТРУКТУРА

Трајко
СПАСОВСКИ

Програмската структура треба да ја олесни анализата на буџетот и донесувањето на одлуки (на владино и корисничко ниво) со идентификување и појаснување на поврзаноста помеѓу приоритетите и расходите, а исто така да обезбеди и оперативно следење на реализацијата на програмата

Трајко Спасовски е помошник на министерот кој раководи со Секторот буџет и фондови и Централната внатрешна ревизија во Министерството за финансии. Роден е 1955 година, а дипломирал на Економскиот факултет во Скопје – насока макроекономија. Пред стапување на оваа должност работел во Бирото за стоковни резерви, како советник на министерот и раководел со Секторот за стоковни резерви од индустриски производи. Учествувал на повеќе меѓународни семинари и студиски престој на тема „Финансиски менаџмент и контрола“ во Институтот за јавна администрација во Даблин (Република Ирска) како и семинарот за внатрешна ревизија организиран во рамките на Пактот за стабилност од Банкакадемие, од Франкфурт на Мајна.

ВОВЕД

Согласно член 26 од Законот за буџетите - пречистен текст („Службен весник на РМ“, бр. 35/2001 година), Министерството за финансии достави циркуларно писмо до сите буџетски корисници, со кое ги даде насоките за подготвување на Предлог буџетските пресметки за 2002 година.

Со Насоките за изготвување на Предлог буџетската пресметка за 2002 година, беа доставени и обрасците кои заедно со неопходните образложенија треба да се достават до Министерството за финансии - Сектор за буџет и фондови, најдоцна до 31.08.2001 година.

Министерството за финансии по извршеното усогласување и оценување на ефикасноста, приоритетноста и рационалноста на добиените Предлог - буџетски пресметки за 2002 година ќе го изготви Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКИТЕ ПРЕСМЕТКИ ЗА 2002 ГОДИНА

Основа за изготвување на Предлог буџетската пресметка за 2002 година се: макроекономските индикатори за 2002 година, реформските определби на Владата на Република Македонија и приоритетите утврдени во Фискалната стратегија на Република Македонија за 2001 и 2002 година.

Макроекономските индикатори за 2002 година се изготвени врз основа на проценката дека во 2002 година ќе се нормализира безбедносната состојба во земјата и воедно ќе се интензивира економската активност, при што се очекува реален пораст на бруто домашниот производ од 4%, инфлација од 2,5% и буџетски дефицит од 2,3% од бруто домашниот производ.

Изворните приходи на Буџетот на Република Македонија за 2002 година, се очекува да се остварат на приближно еднакво ниво како и во 2001 година, иако во 2002 година не се планираат приходи од привремено воведениот данок на финансиски трансакции.

Основна карактеристика на вкупните буџетските расходи за 2002 година е нивната димензионираност на приближно еднакво ниво како во 2001 година, при што стриктно е лимитиран износот на масата на плати и надоместоци.

Имајќи ја предвид актуелната состојба во земјата во текот на подготовката на Предлог - Буџетот на Република Македонија за 2002 година, можно е да се извршат одредени корекции на проценката на приходите и расходите во зависност од развојот на настаните.



*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА БУЏЕТСКАТА ПРЕСМЕТКА

Согласно член 27 од Законот за буџети, Предлог буџетската пресметка треба да содржи:

- програмски активности - преглед на работите и задачите кои треба да се извршуваат во текот на фискалната година.
- проценка на трошоците за фискалната година, според трошковните ставки и подставки;
- проценка на трошоците во наредните две фискални години по трошоци, категории, поткатегории и ставки;
- преглед на потребните трошоци за неопходната работна сила за извршување на функциите на корисниците;
- предлози кои ги содржат идните обврски или повеќегодишните трошоци, вклучувајќи ги инвестиционите проекти искажани поединечно ;
- проценка на трошоците кои се исплатуваат од приходите остварени од самофинансирачки активности според трошковните ставки и потставки; и
- образложенија за висината на износите по позиции, заради анализирање и контрола на буџетските предлози од страна на Министерството за финансии.

Планираните износи на приходи треба да бидат искажани по аналитички конта, согласно со Правилникот за класификација на приходите („Сл. весник на Република Македонија" бр.39/2000), а расходите спрема приложената нова класификација на расходите за која буџетските корисници ќе можат да доставуваат предлози за дополнување и изменување.

ПРОГРАМСКО БУЏЕТИРАЊЕ

Согласно со Насоките за изготвување на Предлог - буџетската пресметка за 2002 година, буџетските корисници треба да ги изготват своите предлог-буџетски пресметки преку програми.

При дефинирањето на секоја програма, буџетскиот корисник треба да ги прибере и достави во рамките на предлог-буџетската пресметка следните информации:

- Име на програмата;
- Цели на програмата (поврзани со глобалните цели на самиот буџетски корисник);
- Проекти и активности вклучени во програмата;
- Индикатори за следење на реализацијата во смисла на она што се вложува и она што се добива како резултат;
- Анализа на расходите (буџет за тековната и претходната година) и проценки за наредната година.

Програмската структура треба да ја олесни анализата на буџетот и донесувањето на одлуки (на владино и корисничко ниво) со идентификување и појаснување на поврзаноста помеѓу приоритетите и расходите, а исто така да обезбеди и оперативно следење на реализацијата на програмата.

Секоја програма треба да претставува збир на активности за постигнување на заедничка цел, која треба да биде тесно поврзана со улогата и овластувањето на буџетскиот корисник и краткорочните и среднорочните приоритети на Владата на Република Македонија. Основна карактеристика на секоја програма е да има мерливи цели, утврден буџет, кадар и идентификувана целна група, при што бројот на програмите ќе зависи од бројот на функциите кои се извршуваат.

Основна карактеристика на секоја програма е да има мерливи цели, утврден буџет, кадар и идентификувана целна група, при што бројот на програмите ќе зависи од бројот на функциите кои се извршуваат

Програмите треба да претставуваат интегрален дел од стратешкиот план на буџетскиот корисник. Со него, во зависност од јавните услуги за чие извршување е одговорен буџетскиот корисник, треба јасно да се дефинираат неговата улога и овластувањата согласно закон како и владините политики, приоритети и цели. Стратешкиот план треба да ги дефинира програмите кои ќе се имплементираат од страна на буџетскиот корисник за да се постигнат неговите цели, при што активностите може да вклучат и промени или затворање на постојните програми и започнување на нови.

И покрај тоа што сите буџетски корисници нема да бидат во можност веднаш да подготват детални стратешки планови, тоа не треба да го спречи воведувањето на програмското буџетирање. Воведувањето на програмската структура ќе биде првиот чекор во постигнувањето на поголема ориентираност кон стратешкото планирање.

Кај покомплексните стратегии, програмата може да се подели на голем број под-програми. Една подпрограма може да се однесува само на една програма. Програмите и под-програмите се состојат од активности. Тие претставуваат оперативна компонента на програмата заради што една активност може да се однесува само на една програма или под-програма.

Со цел обезбедување на поголема одговорност во реализацијата на програмите при утврдувањето на програмската структура може да се прифати структура која ја одразува административната и организационата поставеност, при што програмите може да бидат реализирани од една или повеќе административни единици во рамките на организацијата, но треба да се избегнува една административната единица да реализира повеќе од една програма.

Буџетските корисници се одговорни за ефикасна реализација на своите програми, а усогласеноста помеѓу програмите и административната структура, ќе ја лоцира одговорноста

Секоја програма треба да има буџет, а буџетите на сите програми треба да го изразуваат вкупниот буџет на буџетскиот корисник.

Буџетските корисници се одговорни за ефикасна реализација на своите програми, а усогласеноста помеѓу програмите и административната структура, ќе ја лоцира одговорноста.

Следењето на реализацијата на секоја програма, треба да се врши преку дефинирање на индикаторите за следење на реализацијата, а за секоја цел, треба да постои барем еден индикатор за следење на реализацијата.

Овој вид на квантификувани информации за реализацијата на програмите е од суштинско значење при оценување на приоритетите и вршење на буџетскиот избор, а овој вид на програмски информации ја зголемува транспарентноста во трошењето на буџетските средства.

Нада
ПЕНОВА

НОВИНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ОД АСПЕКТ НА ПОЕДНОСТАВУВАЊЕТО И ЗАБРЗУВАЊЕТО НА ПОСТАПКАТА ЗА УПИС

Новините во Законот за трговските друштва кои се однесуваат на поедноставувањето и забрзувањето на постапката за регистрација, во суштина, се мошне значајни. Тешкотиите со кои се сретнуваа правните субјекти при судската регистрација , во најголем дел се однесуваа на долгото траење на постапката и потребата од голем број на документи за регистрација

Нада Пенова е дипломиран правник и државен службеник во Министерството за правда на Република Македонија. Работи во Секторот за правосудство, како началник на Одделението за нормативна дејност од областа на граѓанското право. Има учествувано на повеќе меѓународни конференции и семинари од областа на правото, а активно е вклучена и во подготовка на закони, како и во неколку меѓуресорски работни групи.

I

Законот за трговските друштва е донесен во 1996 година и до сега е менуван и дополнуван во шест наврати. Последните измени од јули 2001 година се резултат на потребата од натамошно либерализирање на претприемништвото, поедноставување на постапката при основањето и уписот на трговските друштва во трговскиот регистар и отстранување на непотребното арбитрирање и администрирање. Со овие измени се овозможува: 1) создавање на трговски друштва со ограничена одговорност без дополнителни податоци за регистрација; 2) определување на максимален временски период за одобрување или одбивање на апликацијата за упис во регистарот на трговските друштва; 3) отстранување на можноста за субјективно донесување на одлуките од страна на судијата; 4) воведување на еден организационен документ за деловна регистрација.

II

Новините во Законот за трговските друштва кои се однесуваат на поедноставување и забрзување на постапката за регистрација, во суштина, се мошне значајни. Тешкотиите со кои се соочуваа правните субјекти при судската регистрација , во најголем дел се однесуваа на долгото траење на постапката и потребата од голем број на документи за регистрација. Ефектите од донесувањето на Законот за измена и дополнување на законот за трговски друштва се:

1) Поедноставување на регистрацијата на трговецот-поединец. Во пријавата за упис на еден образец се наведуваат потребните податоци за уписот, кои се предвидени со Законот. Трговецот - поединец може на свој ризик да стекнува права и да презема обврски од денот на поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

За упис на трговец-поединец, надлежен е судот според местото кое трговецот-поединец ќе го определи како место за вршење на дејноста, а ако не го определил, надлежноста се определува спрема неговото место на живеење.

2) Поедноставување на основањето на трговските друштва и постапката за нивна регистрација. За основање на трговските друштва потребен е еден од следните три акти: Договор за друштвото, Статут на друштвото, односно Акт за основање на друштвото. Актот за основање кој се донесува во форма на писмена одлука, е ново решение, со кое на основачите им се дава законска можност тие да го основаат и регистрираат друштвото, а дури потоа да ги уредат меѓусебните односи и управувањето со друштвото. Во тој случај одредбите од актот за основање стануваат составен дел на договорот за друштвото односно на статутот на друштвото.

Се поедноставува оновањето на трговските друштва и постапката за нивна регистрација. За основање на трговските друштва потребен е еден од следните три акти: Договор за друштвото, Статут на друштвото, односно Акт за основање на друштвото

Актите за основање на трговските друштва, во зависност од нивниот вид (Јавно друштво, Командитно друштво или Друштво со ограничена одговорност), имаат свои битни елементи пропишани со законот кои мора да ги содржат, а кои се однесуваат на идентитетот на содружниците, фирмата и седиштетото на друштвото, предметот на работење, податоци за влогот на содружниците и начин на застапување на друштвото. Доколку недостасува некој од битните елементи, а странките не извршат дополнување, судот ќе го одбие уписот.

Актот за основање, односно договорот за друштвото, доказот за видот и големината на влогот на секој содружник и проценката на неговата вредност и заверените потписи на содружниците, односно лицата овластени за застапување, се прилози кон пријавата за упис на друштвото.

3) Видоизменета улога и надлежност на регистарскиот суд во постапката за регистрација. Обврската да врши задолжителна контрола на договорот за основање на друштвото и на другите акти на друштвото и да утврдува дали се тие во согласност со закон, односно дали се во меѓусебна согласност, се заменува со обврската да утврдува дали податоците што се содржани во актот за основање, во Договорот за друштвото, односно во Статутут на друштвото се во согласност со Законот за трговските друштва. Исклучок е дозволен само по барање на содружник, односно на акционер или на друштвото, откако друштвото ќе биде запишано во трговскиот регистар.

4) Воведување на законско решение со кое идентитетот на содружниците во друштвото со ограничена одговорност може да биде заштитен, со тоа што идентитетот ќе биде регистриран кај нотар. Идејата и целта на ова решение е во функција на зголемување на директните инвестиции, при што од битно значење е капиталот, а не идентитетот на содружникот. Идентитетот на содружникот, или на основачот, останува запазен на тој начин што во актот за основање, односно во изјавата за основање на друштвото со ограничена одговорност, наместо нивните податоци се наведуваат податоците за нотарот кај кого е регистриран идентитетот на содружниците, односно основачот. Заштитениот идентитет на содружниците нема неприкосновен карактер. Нотарот е должен да го објави идентитетот на содружниците само на барање на надлежен суд.

Оваа новина може да иницира потреба од натамошно доразработување на одредбите во врска со заштитениот идентитет.

До сега заштитниот идентитет на содружникот беше регулиран во делот од Законот што го регулира тајното друштво, кое нема правен субјективитет и нема фирма, а се основа со посебен договор за вложување.

5) Внесувањето на податоците од пријавата на единствен образец за упис во трговскиот регистар е значајна новина во функција на поедноставување на постапката за упис на трговските друштва. Сите податоци од пријавата за упис, како и изменувањата и дополнувањата на извршениот упис се внесуваат на единствен образец за упис во трговскиот регистар.

Податоците запишани во трговскиот регистар се чуваат трајно и тие, како и доказите и исправите кои се во збирката на исправи, согласно со начелото на јавност, може секој да ги разгледува на свој трошок, препишува или да бара да му се издаде препис од нив, без да го докажува својот правен интерес.

Судот во постапката за регистрација не може да бара да се поднесуваат други документи за друштвото, освен оние што се предвидени со Законот за трговските друштва.

6) Водење на трговскиот регистар. Трговскиот регистар се води механички и електронски. Водењето на трговскиот регистар, освен со Законот се регулира и со Правилник што го донесува министерот за правда. Со оглед на значителните измени во Законот, промени треба да претрпи и Правилникот за трговскиот регистар и за начинот на упис во трговскиот регистар.

7) Предвидување на рок во кој регистарскиот суд треба да ја прифати или да ја одбие пријавата за упис. Со оглед на тоа што во изминатиот период како една од пречките за брза судска регистрација беше посочувана бавноста на судовите, со новите законски решенија се предвиде рок од осум дена во кој судот е должен по пријавата да донесе решение за упис, односно решение со кое уписот го одбива, освен ако пријавата не е вратена на подносителот заради исправка и дополнување. Во тој случај судот дава рок од 3 дена, односно дополнителен рок од 8 дена за да се отстранат материјалните и процесните недостатоци за упис во трговскиот регистар.

Заради намалување на можностите од пролонгирање на постапката, не е дозволено враќање во поранешна состојба, ниту пак, мирување на постапката. Кога уписот во трговскиот регистар зависи од претходно правно прашање, кое е во судска надлежност, регистарскиот суд ќе го реши тоа прашање, доколку со закон не е поинаку определено. Против заклучокот со кој судот раководи со постапката, не е дозволена жалба, а против правосилно решение не е дозволена ревизија и повторување на постапката.

8) Правно дејство на уписот во трговскиот регистар. Уписот во трговскиот регистар се смета за извршен од денот на уписот, доколку со законот не е поинаку определено. Правното дејство на уписот настанува, односно може да се истакнува спрема трети лица од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, доколку со закон поинаку не е пропишано. Со овој закон се задолжува „Службен Весник на Република Македонија“, како службено гласило, најмалку двапати месечно, а по потреба и во покус временски период, да издава специјално издание со податоци од трговскиот регистар.

Со оглед на тоа што во изминатиот период како една од пречките за брза судска регистрација беше посочувана бавноста на судовите, со новите законски решенија се предвиде рок од осум дена во кој судот е должен по пријавата да донесе решение за упис, односно решение со кое уписот го одбива

III

Последните изменувања и дополнувања на Законот за трговските друштва ја иницираат потребата од натамошно нормативно уредување и усогласување на Правилникот за трговскиот регистар и за начинот за упис во трговскиот регистар, чие донесување е во надлежност на Министерството за правда. Содржината на Правилникот е определена со Законот за трговските друштва, а во него треба да бидат опфатени и прашањата за електронското водење на трговскиот регистар.

РЕОСИГУРУВАЊЕ- НАЈБРЗ И НАЈЕФИКАСЕН НАЧИН НА ДИСПЕРЗИРАЊЕ НА РИЗИКОТ

Марија
КРСТЕВСКА

Реосигурувањето е најбрз и најефикасен начин на дисперзирање на ризикот и претставува секундарна распределба на обврските од осигурувањето, односно осигурување на осигурителот за оној дел од обврските кои што тој не може да ги покрие со свои сопствени средства

Марија Крстевска е помошник на раководителот на Секторот за работи непосредно сврзани со министерот од областа на супервизијата на осигурувањето. Родена е 1975 година, а дипломирала во февруари 1999 година на Правниот факултет во Скопје – насока меѓународно право. Пред да се вработи во Министерството за финансии, работела во Министерството за трговија во Секторот за мултилатерална трговска соработка. Учествувала на повеќе меѓународни семинари, курсеви и обуки од областа на меѓународната трговија, меѓународните финансии, финансиски криминал и спречување на перење пари, менаџмент вештини и сл. Претседател е на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Гази Баба. Во моментот ги завршува постдипломските студии по меѓународно право и меѓународна политика на Правниот факултет во Скопје. Одлично го владее англискиот јазик.

Во услови на пазарна економија главна цел на секој субјект кој дејствува на пазарот е максимизирање на добивката. Друштвата за осигурување, како субјекти на осигурителниот пазар, вршат работи на осигурување и во рамките на своето работење настојуваат да остварат профит, но и во целост да одговорат на преземените обврски кои произлегуваат од склучените договори за осигурување. Сепак, кога станува збор за големи ризици кои друштвата за осигурување не можат да ги покријат со свои сопствени средства, тогаш дел од преземените обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување ги реосигуруваат во друштва за осигурување регистрирани за активно реосигурување.

ПОИМ НА РЕОСИГУРУВАЊЕ

Реосигурувањето е најбрз и најефикасен начин на дисперзирање на ризикот и претставува секундарна распределба на обврските од осигурувањето, односно осигурување на осигурителот за оној дел од обврските кои што тој не може да ги покрие со свои сопствени средства. Осигурителот, дел од преземените обврски од договорите за осигурување ги пренесува во реосигурување, т.е. во покритие на реосигурител, врз основа на склучен договор за реосигурување. Со договорот за реосигурување, едната договорна страна - реосигурителот презема обврска на другата договорна страна - осигурителот, да и плати дел од износот па дури и целиот износ, што осигурителот го платил или треба да го плати на осигурениците во случај на настанување на штетен настан. Во исто време, согласно со договорот за реосигурување, обврска на осигурителот е да плати определен износ на премија. Реосигурителот не е директно обврзан кон осигуреникот. Осигуреникот не мора да знае за реосигурувањето, зашто сите свои права ги остварува директно и исклучиво од осигурителот, врз основа на склучениот договор за осигурување. Договорниот однос помеѓу осигуреникот и осигурителот од склучениот договор за осигурување не се менува.

РЕОСИГУРУВАЊЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СОГЛАСНО СО ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Во Законот за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/97, 79/99 и 13/01) предвидени се следните видови на друштва за осигурување:

1. акционерско друштво за осигурување;
2. акционерско друштво за реосигурување и
3. акционерско друштво за осигурување и реосигурување.

Друштвото за реосигурување, согласно со Законот за осигурување, се основа со донесување на акт за основање и уплата на основната главнина, а врз основа на дозвола за основање и работа издадена од страна на Министерството за финансии. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/01)

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

предвидено е дека висината на основната главнина уплатена во пари при основање на друштво за реосигурување не може да биде помала од 1.000.000 ЕВРА во денарска противвредност.

Од осамостојувањето на Република Македонија па до денес, присутна е постојана тенденција на либерализација во областа на реосигурувањето.

Согласно со Законот за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/97), друштвото за осигурување беше должно во друштво за осигурување со седиште во РМ регистрирано за активно реосигурување задолжително да го реосигура оној дел од обврските кој е над износот што со општ акт на друштвото било предвидено дека треба да го покрие со свои сопствени средства. Исто така, друштвото за осигурување регистрирано за активно реосигурување беше должно понудениот вишок на ризик кој не може да го покрие со свои сопствени средства да го понуди на други друштва за осигурување со седиште во РМ регистрирани за активно реосигурување, а доколку истите не го прифаќаат, друштвото за осигурување може да го реосигура во странство. Со вака предвидените законски одредби друштвата за осигурување немаа друг избор, освен да се реосигураат во земјата.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/99) изменети се одредбите кои се однесуваат на реосигурување во странство. Така, друштвото за осигурување може да се реосигура во странство само доколку:

1. домашните друштва регистрирани за активно реосигурување не го прифаќаат за покривање вишокот на ризик или,

2. условите на странскиот реосигурител се економски поповолни од условите на домашните реосигурители и под услов друштвото за осигурување да им понудило на домашните друштва регистрирани за активно реосигурување, а тие да го одбиле реосигурувањето под условите кои ги прифаќа странскиот реосигурител.

Европската регулатива која ја уредува осигурителната и реосигурителната дејност, забранува секакви рестрикции во однос на слободниот пристап на меѓународниот реосигурителен пазар. Поради тоа законодавецот треба да ги избегнува оние законски одредби со кои се предвидува задолжително пренесување на вишокот на ризик на домашни - национални реосигурители.

Во таа насока се и најновите измени и дополнувања на Законот за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/01) со кои се врши целосна либерализација во областа на реосигурувањето, согласно Директивите на Европската унија. Друштвата за осигурување можат слободно да изберат каде ќе го пласираат вишокот на ризик над сопственото

Европската регулатива која ја уредува осигурителната и реосигурителната дејност, забранува секакви рестрикции во однос на слободниот пристап на меѓународниот реосигурителен пазар

максимално самопридржување, дали во друштва за реосигурување со седиште во Република Македонија, или пак, во странство. Со тоа се отстранува можноста за евентуално монополизирање на оваа дејност на територијата на Република Македонија, а воедно се засилува конкурентноста и квалитетот на осигурителниот и реосигурителниот пазар.

Во рамки на одредбите со кои поблиску се уредува дејноста реосигурување, измените на Законот за осигурување предвидуваат обврска друштвата за осигурување, за секоја деловна година да донесат програма за потребите од реосигурување во зависност од структурата на своето портфолио, како и да определат со кои договори за реосигурување ќе го покријат својот вишок на ризик.

Слободен во својот избор осигурителот ќе се одлучи за оној облик и вид на реосигурување кој ќе му обезбеди најдобра заштита при најповолни услови. Осигурителот ќе избере реосигурително покритие кое во целост ќе одговара на структурата на неговото портфолио, но во исто време ќе настојува да задржи максимален дел од премијата

Слободен во својот избор осигурителот ќе се одлучи за оној облик и вид на реосигурување кој ќе му обезбеди најдобра заштита при најповолни услови. Осигурителот ќе избере реосигурително покритие кое во целост ќе одговара на структурата на неговото портфолио, но во исто време ќе настојува да задржи максимален дел од премијата.

На тој начин друштвата за осигурување ќе можат во целост да одговорат на преземените обврски кои произлегуваат од склучените договори за осигурување, со што ќе се оствари основната задача на осигурувањето - обезбедување на определен степен на сигурност, преку заштита од штетни последици и надоместување на претрпената штета.

ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ ФОНДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МОТИВ ЗА ПРОФИТ

Томо
ТОМОВСКИ

Реалниот период во кој може да се очекува основање на инвестиционен фонд во нашата земја ќе следи дури по основање на приватните пензиски фондови, при што граѓаните ќе имаат прилика да го увидат начинот на работа и функционирање на една колективна инвестициона шема, како што се фондовите

Томо Томовски е директор на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Роден е 1973 година. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје во 1996 година. Во периодот 1998 – 1999 работел како стручен соработник во Секторот за контрола на пазарот на капитал во Стручната служба на Комисијата за хартии од вредност. Од јули 1999 работи како раководител на Служба во Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

ВОВЕД

Инвестиционите фондови претставуваат една од формите, но во исто време и нужност за понатамошниот развој и успешното функционирање на пазарот на капитал, и тоа не само во земјите кои веќе имаат развиен пазар, туку и во оние во кои постоењето и работењето на пазарот на капитал е со понов датум, како што е случајот и со Република Македонија.

Тие се нужност особено во земјите со низок степен на развој на пазарот на капитал, бидејќи преку нив се овозможува мобилизација на капиталот и постабилен понатамошен развој на пазарот на капитал.

Во текот на 1999 година и почетокот на 2000 година Комисијата за хартии од вредност интензивно работеше на текстот на Законот за инвестициони фондови. Резултатот беше донесувањето на Законот за инвестициони фондови во февруари 2000 година.

Од донесувањето на Законот до денес, во Република Македонија сè уште не е основан инвестиционен фонд согласно со одредбите на истиот.

Постојат повеќе причини за неосновање на инвестициони фондови во Република Македонија, но генерално може да се истакнат неколку:

- Иако измина извесен период по донесувањето на Законот, поширокатa домашна јавност сè уште е недоволно запознаена со новата материја која е содржана во текстот на Законот за инвестициони фондови;
- Имајќи предвид дека инвестиционите фондови претставуваат една од формите на прибирање на слободни парични средства за нивно понатамошно инвестирање заради остварување профит, во Република Македонија сè уште најмногу се практикува традиционалното вложување во банки, наместо во некои други форми и институции, како што се, на пример, инвестиционите фондови, кон кои сè уште се гледа со недоверба;
- Во одредена мера, и намалениот расположив доход на домаќинствата, односно можноста за одвојување на дел од сопствените парични средства и нивно понатамошно вложување, влијае кон несигурност кај потенцијалните основачи на инвестиционен фонд дека ќе успеат да мобилизираат доволно парични средства за негово основање;
- Една од причините е и незавршениот процес на приватизација во РМ на не така мал број на друштва, и во многу нешта различен модел на приватизација од другите источно-европски држави, кај кои приватизацијата се спроведуваше преку системот на ваучери, односно преку вложување на истите во т.н. приватизациони фондови, кои во понатамошниот период прераснаа во класични инвестициони фондови;
- Важна причина претставува и недоволниот број на котирани хартии од вредност на официјалните пазари на Берзата и неликвидноста на пазарот на долгорочни хартии од вредност каде што инвестиционите фондови би ги вложиле при-



*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

браните средства, како и неможноста за вложување на фондовите во странски хартии од вредност.

Ова се само дел од причините, кои се воедно и предуслови за неосновање, односно основање на инвестициони фондови во Република Македонија.

Сепак, и покрај моментната ситуација, содржината на Законот за инвестициони фондови дава една цврста правна основа, која ги регулира начините и условите за основање инвестициони фондови и друштва за управување со инвестициони фондови и начинот на нивното работење, изборот на депозитната банка и контролата над нивното работење.

Согласно со дефиницијата во Законот за инвестициони фондови, инвестиционен фонд се основа за здружување на парични средства наменети за инвестирање, прибрани од инвеститорите преку јавен повик, со кои, за сметка на инвеститорите, управува Друштво за управување со фондови, раководејќи се по принципот на диверзификација на ризикот. Според одредбите од Законот прибраните парични средства можат да се вложуваат во хартии од вредност, но не и во недвижности.

Инвестиционите фондови според одредбите на Законот може да се основаат како отворен фонд или како затворен фонд, и со нив управува друштво за управување со фондови во согласност со статутот на инвестициониот фонд и одредбите на овој Закон.

За основање на инвестиционите фондови и на друштвото за управување со фондови, како и за избор на депозитната банка, одобрение дава Комисијата за хартии од вредност.

Иако се работи за два различни вида на инвестициони фондови, според Законот во основа постојат некои заеднички карактеристики кои ги поседуваат овие фондови, како за нивното основање, така и за нивната понатамошна работа и крајната цел за која се основаат - да остварат профит кој ќе го добијат вложувачите на паричните средства во нив.

Статутот на фондот е акт во кој се уредува работењето на инвестициониот фонд, правната положба на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд, односно акционерите во затворениот фонд, како и односите помеѓу инвестициониот фонд и друштвото за управување со фондовите и депозитната банка.

Натамошна заедничка карактеристика при основање на фондовите е Проспектот на Фондот, кој содржи податоци и информации за целите и политиката на инвестициониот фонд кои можат да имаат влијание на одлуката на вложувачот за вложување, односно невложување во инвестициониот фонд. На секој заинтересиран вложувач бесплатно му се дава проспектот најмалку седум дена пред намерата за запишување и купување, ревидираниот финансиски извештај, квартални извештаи на Фондот и сите извештаи за промени настанати по изготвувањето на Проспектот, согласно со Законот.

При нивното основање, се формира и имотот на Фондот, кој се состои од хартии од вредност, парични депозити и други средства. Фондот може да ги вложува прибраните парични средства во хартии од вредност котирани на берзата, кои се продаваат на пазарот на пари или друг регулиран пазар, понатаму, во нови емисии ако во условите на емисијата на хартии од вредност постои обврска за вклучување на хартии од вредност на берзата, пазарот на пари или друг регулиран пазар.

И покрај погоре дадените можности за вложување во хартии од вредност, при инвестирањето, односно вложувањето на паричните средства на Фондот, постојат неколку посебни ограничувања, кои се однесуваат на следново:

- Фондот не смее да вложува повеќе од 20% од вредноста на неговиот имот во хартии од вредност на еден издавач, освен во должнички хартии од вредност на РМ;
- Фондот може да стекне најмногу до 20% од вкупниот број на издадени акции на еден издавач;
- Фондот може да стекне најмногу до 15% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач;
- Фондот не може да инвестира повеќе од 15% од вкупниот број на акции и повеќе од 10% од вкупната номинална вредност на должничките хартии од вредност издадени од еден издавач, освен во случаи на одредени пазарни нарушувања, кога согласност дава Комисијата за хартии од вредност, при што Фондот е во обврска да ја врати состојбата на своите вложувања по воспоставување на нормални пазарни услови, согласно со одредбите од Законот;
- Депозитите во банки и други парични средства на Фондот може да изнесуваат најмногу до 25% од вредноста на имотот на Фондот, со можност за отстапување во максимален период од 4 месеци од денот на неговото основање;
- Фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од избраната депозитна банка или филијали на странска депозитна банка, како и во депозитни средства на тие институции;
- Фондот не смее да инвестира во хартии од вредност издадени од други фондови и,
- Фондот, заради задоволување на своите ликвидни потреби, може краткорочно да се задолжува

до 5% од вредноста на неговиот имот, а за задолжувања повисоки од 5% треба да побара одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

Ограничувањата на вложувањето од страна на инвестиционите фондови се предвидени, пред се', заради распоредување (диверзификација) и намалување на ризикот од загуба и пропаѓање на вложените парични средства од страна на инвеститорите.

ОТВОРЕН ФОНД

Во одредбите на Законот посебно е дефинирано основањето на отворениот фонд, Статутот и проспектот на отворениот фонд, правата и обврските на сопствениците на документите за удел на отворениот фонд, содржината на документите за удел, начинот на нивното издавање од страна на друштвото за управување со фондови, откуп на документите за удел во фондот, распределба на добивката на фондот, престанување на управување и распуштање на отворениот фонд и, притоа, претворање на имотот во пари и негова распределба.

Законот за инвестициони фондови дава една цврста правна основа, која ги регулира начините и условите за основање инвестициони фондови и друштва за управување со инвестициони фондови и начинот на нивното работење, изборот на депозитната банка и контролата над нивното работење

Отворениот фонд претставува посебен имот без својство на правно лице, чии сопственици на документи за удел имаат право на сразмерен дел во добивката во фондот и право да бараат откуп на документите за удел.

Отворениот фонд го основа друштво за управување со фондови, кое за таа цел донесува статут, изготвува јавен повик и проспект на фондот и склучува договор со депозитна банка.

Друштвото за управување со фондови по добивањето на одобрение од Комисијата за основање на отворен фонд преку јавна продажба на документи за удел го врши прибирањето на паричните средства од инвеститорите. Со инвестирање во документите за удел на отворениот фонд сопственикот станува сопственик на сразмерен дел на имотот на фондот.

Врз основа на сопственоста на документот за удел, на инвеститорот му се гарантира сразмерно учество во добивката на Фондот, откуп на документите за удел во секое време според нето пазарната вредност, со што може да истапи од Фондот, како и право на сразмерно учество во остатокот на ликвидационата маса на Фондот.

Од правата кои произлегуваат од поседувањето документи за удел во отворениот фонд, како поспецифични можат да се издвојат следниве:

- сопствениците на документите за удел можат врз основа на одобрено со писмено барање до друштвото за управување со фондот добивката, односно дел од добивката, понатаму автоматски да ја реинвестираат и,
- сопствениците на документите за удел не можат да го користат правото на откуп на документот за удел во рок од една година од денот на објавувањето на првиот јавен повик за купување на документи за удел во отворениот фонд, односно при основањето на отворениот фонд, освен во оправдани случаи утврдени со Статутот на Фондот.

Одговорноста на сопствениците на документите за удел во отворениот фонд е ограничена до вредноста на уделите кои тие ги поседуваат, и заради тоа, Друштвото за управување со Фондот не смее да презема обврски во име на сопствениците на документите за удел во Фондот.

Покрај основањето и работењето на отворениот фонд, Законот за инвестициони фондови го регулира и начинот на престанување на управувањето и распуштањето на Фондот.

Друштвото за управување со отворениот фонд може на неколку начини да престане со управување на отворениот фонд и тоа: да го откаже управувањето со фондот, одобрението за управување да му биде одземено од страна на Комисијата за хартии од вредност и во случај кога во рок од 3 месеци по објавата на јавниот повик за купување на документи за удел не се собрани и уплатени парични средства од најмалку 2.000.000 германски марки во денарска противвредност, како и доколку вредноста на имотот на фондот падне под 2.000.000 германски марки во денарска противвредност во временски период од 6 месеци. Ова значи дека друштвото за управување со фондови мора да собере преку јавен повик најмалку 2.000.000 германски марки во денарска противвредност за да основа отворен фонд.

ЗАТВОРЕН ФОНД

Законските одредби кои се однесуваат на затворениот фонд посебно го дефинираат основањето на фондот, содржината на статутот и проспектот на затворениот фонд, основната главница на затворениот фонд, акциите на фондот и начинот на нивното запишување, трошоците за основање на затворениот фонд, начинот на управување со фондот, распредел-

бата на добивката во фондот и начинот на отказ и ликвидација на затворениот фонд.

Затворениот фонд, за разлика од отворениот, е акционерско друштво кое се основа со прибирање на парични средства преку јавен повик за продавање на акции и вложување на така добиените средства во хартии од вредност.

Затворениот фонд го основа и со него управува друштво за управување со фондови.

Основната главница на затворениот фонд треба да изнесува најмалку 2.000.000 германски марки во денарска противвредност, која мора постојано да ја одржува.

Исто како кај отворениот фонд, и при основањето на затворениот фонд, Друштвото за управување со фондови донесува статут, јавен повик и проспект на фондот и склучува договор со депозитната банка, согласно со одредбите на Законот за инвестициони фондови.

Издадените акции на затворениот фонд се обични акции и истите се неограничено преносливи, односно со нив може да се тргува на берзите. Затворениот фонд не смее да стекнува сопствени акции.

Друштвото за управување со фондови му предлага на Собранието на затворениот фонд за начинот на распределба на дивидендата, која понатаму се исплатува согласно со Статутот и Одлуката на Собранието на затворениот фонд.

Иако со Законот, и кај отворениот и кај затворениот фонд е утврден начинот на откажување на управувањето и распуштањето, односно ликвидацијата, посебна карактеристика на затворениот фонд како акционерско друштво е што неговото Собрание на акционери може да му го откаже управувањето над Фондот на друштвото за управување со фондови.

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОВИ

Друштвото за управување со фондови е акционерско друштво, чиј единствен предмет на работење е основање и управување со фондови, и тоа во исто време со повеќе фондови.

Друштвото за управување со фондови се основа со одобрение на Комисијата за хартии од вредност, при што треба да исполни неколку услови:

- основната главница на друштвото да изнесува најмалку 500.000 германски марки во денарска противвредност, доколку управува со еден фонд, односно дополнителни 250.000 германски марки во денарска противвредност за секој дополнителен фонд со кој ќе управува;
- да е кадровски, технички и организационо оспособено за работа;
- членовите на управниот одбор да имаат согласност од Комисијата за хартии од вредност за управување и раководење со друштвото;
- да има Статут;
- да има именуван овластен ревизор и др.

По добивање на одобрението за основање и работа на друштвото за управување со фондови, истото е должно да започне со истата во рок од 6 (шест) месеци.

Во текот на работењето, друштвото е должно работењето со имотот на фондот да го води со внимание на добар стопанственик, независно од депозитната банка и исклучиво во интерес на сопствениците на документите за удел во отворениот, односно сопствениците на акции во затворениот фонд, при што во правниот промет ќе настапува во свое име и за сметка на сопствениците на удел во отворениот, односно во име и за сметка на акционерите во затворениот фонд.

Имотот на друштвото за управување со фондови се прикажува и се држи одвоено од имотот на фондот со кој управува и сите долгови направени од страна на друштвото, а кои се поврзани со сопствениот имот, не можат да се намират од имотот на инвестициониот фонд со кој управува.

ДЕПОЗИТНА БАНКА

Освен Друштвото за управување на фондови, како институција неопходна за функционирање на инвестиционите фондови, се јавува и депозитната банка.

Законот за инвестициони фондови содржи одредби според кои како депозитни банки може да се јават сите кои се со седиште на територијата на Република Македонија и филијали на странски банки, врз основа на претходно одобрение од Народната банка на Република Македонија.

Депозитната банка ја избира друштвото за управување со фондови и врз основа на склучен договор со друштвото, може да ги врши следниве работи:

- обезбедува паричните средства од продажбата на уделите од отворениот, односно акциите од затворениот фонд да бидат уплатени на посебно отворена сметка на фоднот кај банката;
- издава документи за удел, ги прима откупените документи, врши исплата на сопствениците на удел и го исплатува учеството во добивката на фондот;
- ја утврдува вредноста на поединечниот удел во фондот;
- исплатува дивиденда на акционерите;
- се грижи приходите од имотот на фондот да се користат во согласност со Законот и Статутот на фондот и др.

Депозитната банка е должна работите за кои е овластена од страна на друштвото за управување со фондови да ги врши со внимание на добар стопанственик, при што одговара пред друштвото за управување со фондовите, пред сопствениците на документи за удели во отворениот фонд и пред сопствениците на акции на затворениот фонд.

Регулативната и контролната функција во работењето на инвестиционите фондови, на друштвата за управување со фондови и на депозитните банки во доменот на работењето со инвестиционите фондови согласно со Законот за инвестициони фондови ја има Комисијата за хартии од вредност

КОНТРОЛА

Регулативната и контролната функција во работењето на инвестиционите фондови, на друштвата за управување со фондови и на депозитните банки во доменот на работењето со инвестиционите фондови согласно со Законот за инвестициони фондови ја има Комисијата за хартии од вредност.

Друштвото за управување со фондови е должно да ја известува Комисијата за хартии од вредност за неговата финансиска состојба, за вложувањето на сопствениот капитал во други правни лица, за промена на неговите основачи итн. Истовремено, друштвото е должно до Комисијата за хартии од вредност да доставува ревидирани финансиски извештаи, проспекти на инвестиционите фондови со кои управува, како и годишни ревидирани финансиски извештаи на инвестиционите фондови.

ПРАВИЛНИЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ ФОНДОВИ

Согласно со своите функции, Комисијата за хартии од вредност донесе и подзаконски акти кои произлегуваат како нејзина обврска од Законот за инвестициони фондови, а со цел овозможување негова соодветна примена.

Во октомври 2000 година беа донесени правилници за содржината на проспектот по видови инвестициони фондови; за условите за кадровска, техничка и организациона оспособеност потребни за основање и работа на друштво за управување со фондови; за содржината на јавниот повик за купување документи за удел при основање на отворениот фонд, односно запишување акции при основање на затворениот фонд; потоа за пресметување на нето вредноста на имотот на фондот; за начинот и условите за доставување на информациите до Комисијата за хартии од вредност од страна на друштвата за управување со фондови; за начинот на вршење контрола на работењето на инвестиционите фондови, друштвата за управување со инвестиционите фондови и депозитните банки и за висината и начинот на уплата на акциите на друштвото за управување со фондовите во затворениот фонд.

ЗАКЛУЧОК

Донесувањето на Законот за инвестициони фондови значеше дополнување на законската регулатива во Република Македонија која се однесува на функционирањето не само на пазарот на капитал, туку и на целокупниот финансиски систем во земјата и истиот претставува чекор понапред во процесот на интегрирање на Република Македонија кон Европската унија.

Одредбите од Законот беа позитивно оценети не само од стручната домашна јавност, туку и од соодветните странски институции и лица, додека неговите евентуални недостатоци би се увиделе при неговата практична примена.

Реалниот период во кој може да се очекува основање на инвестиционен фонд во нашата земја ќе следи дури по основање на приватните пензиски фондови, при што граѓаните ќе имаат прилика да го увидат начинот на работа и функционирање на една колективна инвестициона шема, како што се фондовите.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР - ОД ВИЗИЈА ДО СТВАРНОСТ

Системот на Централниот регистар може во голема мера да помогне во напорите на Република Македонија за забрзан економски развој и градење на доверба кај сите заинтересирани инвеститори и кредитори. Впрочем, функционирањето на регистарот на залог на подвижни предмети и права во изминативе две и половина години ни дава за право да веруваме во успешноста на овој проект

Стеван **ШАПЧЕВСКИ**

Искуствата на развиените пазарни економии укажуваат дека еден од најбараните продукти на пазарот се правно валидните и ажурните информации. Информациите од типот за сопственичките права, структурата на правните лица и секако финансиските параметри на работењето на правните лица се најважните индикатори за определување на потенцијалниот деловен партнер.

Република Македонија, согласно со јасно дефинираната определба за развивање на пазарно стопанство, мораше да пристапи кон изградба на систем кој на потенцијалните странски и домашни кредитори и инвеститори ќе им овозможи пристап до информациите неопходни за правилно детерминирање на нивната волја и интерес за соработка.

Идејата за развој и имплементација на таков систем ги доби своите контури со изготвувањето на Пред-студијата за Развој на инфраструктура за работа со регистри во декември 1997 година. Пред-студијата беше изготвена од тим на експерти од повеќе министерства и институции од Република Македонија во соработка со претставници од судовите и Правниот факултет од Осло, Норвешка. Изработката на Пред-студијата беше финансирана од страна на Светската банка, а беше управувана од норвешката компанија NRD A/S Осло.

Често поставувано прашање уште од самиот почеток беше зошто токму Норвешка и норвешкиот модел. Одговорот го дадоа група на независни експерти ангажирани од холандската Влада во 1998 година, со задача да подготват анализа под наслов „Информатичко-комуникациската технологија и административниот товар на правните лица“. Групата експерти ги испитувала бирократските и административните формалности во врска со регистрирањето на податоците и нивната достапност до потенцијалните интересенти во 9 земји и тоа : Австралија, Канада, Данска, Германија, Англија, Норвешка, САД, Шведска и секако, Холандија. Резимето на студијата е содржано во следните неколку реда, а тоа е всушност и најдобриот одговор на прашањето „Зошто норвешки модел?“

„- Ситуација во која претприемачот може да ги исполни своите административни обврски со минимум контакти со Владата, и со најмали можни трошоци, поради фактот дека Владата ги оптимизирала своите процеси за управување со податоците. Развојот на ИКТ е важна алатка за овозможување на оваа ситуација.

- Најефикасниот начин на користење на ИКТ за овозможување на структурно намалување на административните товари е фундаменталниот пристап усвоен од Норвешка, кој што се базира на стратешки развој на ИКТ (најважни елементи се интеграцијата на базите на податоци и развој на клиринг куќа, вклучувајќи и уставна обврска на Владите да ги користат овие алатки пред да бараат фирмите сами да ги достават информациите).

- Експерскиот тим препорачува да се работи кон остварување на норвешкиот модел користејќи го „Лего“ пристапот: правење блокови кои директно придонесуваат за остварување на крајната цел...“

Владата на Република Македонија со Одлука бр. 1974/1 од 20.07.1998 година го овласти Заводот за платен промет да ги преземе сите мерки и активности за имплементирање на проектот за Централниот

Стеван Шапчевски е директор на Дирекцијата за централен регистар во Заводот за платен промет – Централа Скопје.
Роден е во Скопје 1962 година. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје во 1988 година. По полагањето на правосудниот испит во 1997 година, работи во Заводот за платен промет. Претходно работел во ГП „Пелагонија“. Активно го познава англискиот јазик.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

регистар. За таа цел, во координација и соработка со Министерството за финансии на Република Македонија, Заводот за платен промет склучи договор со Норвешката компанија НРД А/С за имплементација на комплетниот проект за Централниот регистер.

Уште од самиот почеток определбата на Владата на Република Македонија го отвори прашањето зошто токму Заводот за платен промет. И покрај едноставноста на одговорот, за волја на вистината ќе понудам само неколку факти, кои според мое мислење, се повеќе од доволни и оваа дилема да се разреши аргументирано:

- Просторна распространетост, која обезбедува покриеност на целата територија на Република Македонија преку 10 филијали, 16 експозитури и 6 деловници;
- Постоење на обучен кадар, како од информатички, така и од функционален аспект;
- Солидна информатичка опременост, надградена со сите новини на информатичката технологија.

Постоењето на централна база на податоци, во која ќе се влеат податоци од другите регистри, не само од регистрите кои ги администрира Централниот регистар, ќе претставува основа за развој на систем на сеопфатност на сите релевантни податоци и нивна дистрибуција до надлежните државните органи и до јавноста во Републиката

По согледувањата направени во Министерството за правда, а во согласност со погоре наведената одлука на Владата на Република Македонија, одлучено е заложниот регистар, до востановувањето на Централниот регистар да го води Заводот за платен промет. При определбата за ваквото решение пред сè, се имаше предвид комуникациската поврзаност на сите организациони делови на Заводот со централната база на податоци, постоењето на просторни капацитети во 32 градови во Републиката и високо образованиот кадар подготвен да отпочне со работа на водење на заложниот регистар.

Заложниот регистар во Заводот за платен промет отпочна со работа на 05.10.1998 и тоа во сите 32 организациони делови на Заводот како прв интегрален дел на Централниот регистар.

Во меѓу време, поточно на 01.11.2000 година, Заводот за платен промет го заокружи системот на Централниот регистар со имплементирање и на:

- Регистар на права врз недвижности;
- Регистар на правни лица;
- Регистар на годишни сметки.

Согласно со усвоените решенија, набавена е комплетно нова компјутерска опрема со одлични карактеристики. Севкупната работа на Централниот регистар ќе се одвива електронски, вклучувајќи го деловодникот. Оригиналните документи пристигнати до Централниот регистар ќе се скенираат и повторно ќе се вратат на подносителот, а во Централниот регистар ќе се чува само оптичкиот запис на пријавите и другите прилози кон нив. Архивата на Централниот регистар со усвојувањето на ова техничко решение ќе биде наполно електронска, со што ќе се овозможи многу лесно пребарување на податоците и од друга страна максимално сигурно чување на податоците.

Со оглед дека станува збор за целосно самостоен систем, со проектот е дизајнирана и имплементирана целосно нова комуникациона мрежа, која е потполно независна од мрежата на платниот промет. Системот за поврзување на регистрационите канцеларии со централната база на податоци е заснован на најновите развојни достигнувања во телекомуникационата сфера, што само по себе во голема мерка го исклучува ризикот за прекин на проток на информации и му овозможува на системот пристигнатите податоци да бидат ажурирани во реално време.

Новиот систем ќе биде поврзан со регистрите кои се водат во другите институции во интерес на проверка на поднесените податоци, како и за ажурирање на другите регистри. Бидејќи секој податок поднесен до системот на Централниот регистер, кој не е во согласност со матичниот регистар нема да биде прифатен и пријавата со таков податок нема да може да се регистрира. На овој начин, регистрите кои се водат во другите институции ќе можат, покрај сопственото ажурирање да постигнат и повисок степен на поврзаност во глобалниот систем на регистрирање на податоци, што е од особено значение за државните и други органи и институции во вршењето на секојдневните должности.

Од опфатноста на регистрите во системот на Централниот регистар е очигледно дека основната функција, покрај регистрирањето на податоците, е издавање на информации кои всушност даваат комплетен бонитет на едно правно лице и се во интерес на потенцијалните доверители или инвеститори, бидејќи тие ќе можат од едно место да добијат претстава за своите идни партнери.

Всушност, станува збор за системот на кредитни информации, дејност која е многу застапена и користена во развиениот свет, со оглед на комплексноста на информациите кои за еден субјект се доставуваат.

Секако дека постоењето на централна база на податоци, во која ќе се влеат податоци од другите регистри, не само од регистрите кои ги администрира Централниот регистар, ќе претставува основа за раз-

вој на систем на сеопфатност на сите релевантни податоци и нивна дистрибуција до надлежните државните органи и до јавноста во Републиката.

Гледано од законски аспект, постоењето на Централниот регистар, предвидува можност за водење на сите оние регистри кои со закон ќе бидат предвидени да се водат централизирано. Од функционален аспект, сосема е јасно дека постоењето на централна база на податоци, комплетно поврзана со развиена инфраструктура на локални канцеларии, е сосема доволен аргумент за избегнување на дуплирањето на податоците во сферата на регистрирањето.

Централниот регистар создаде солидна основа за водење на регистрите кои сега ги администрира Заводот за платен промет. Постојната инфраструктурата и кадарот кој работеше на имплементацијата на Централниот регистар, како и 170 вработени кои поминаа низ сеопфатна обука, се во состојба да ја преземат и одговорноста за успешно водење на Централниот регистар.

Исто така, особено важно е да се одбележи дека имплементацијата на Централниот регистар, како основно начело предвидува задржување на досегашната функционалност во доставувањето на информациите на надлежните државни органи, а во многу сегменти таа соработка е подигната и на високо информатичко ниво (on line пристап до централната база на податоци, автоматска размена на податоци, ажурирање на постојните регистри и сл.).

Во постапката за реформа на платниот систем, согласно Физибилити студијата, покрај овие наведени регистри се планира и имплементирање на други, со што ќе се создадат можности за вработување на дел од вработените во Заводот за платен промет, со соодветна инфраструктура што е и една од причините за ангажирањето на Заводот во овој Проект.

Вака конституираниот Централен регистар, како овластена јавна институција за водење на регистри ќе ги извршува на квалитетен начин сегашните функции на Заводот за платен промет во поглед на регистрирањето.

Сето ова не би претставувало потполна функционална целина ако не е поддржано од дистрибутивниот систем на Централниот регистар. Станува збор за систем кој овозможува пристап до сите информации содржани во базите на податоци на Централниот регистар преку повеќе канали:

1. Со пристап до регистрационите канцеларии каде може да се добие печатан примерок на бараната информација;
2. Преку класичен телефонски сервис, каде бараната информација ќе ја издаде операторот;
3. Преку автоматски телефон и факс;
4. Преку интернет;
5. Преку интернет опција со посебна можност за органите и институциите определени од Владата на Република Македонија да ги преземаат целосно базите на податоци.

Прифаќајќи ги можностите кои ги нуди Централниот регистар, Собранието на Република Македонија со најновите измени на Законот за трговски друштва определи годишните сметки на правните лица да се предаваат во Централниот регистар, а со Измените на Законот за јавни набавки го определи Централниот регистар како институција која во иднина ќе издава документ за бонитет на правните лица.

Имплементацијата на Централниот регистар, како основно начело предвидува задржување на досегашната функционалност во доставувањето на информациите на надлежните државни органи, а во многу сегменти таа соработка е подигната и на високо информатичко ниво

За сето ова да стане реалност не е доволен трудот и ентузијазмот на вработените во Централниот регистар. Користа од Централниот регистар ќе биде повеќекратно поголема доколку поскоро се пристапи кон негово информатичко поврзување со другите институции кои се на изворот на податоците, т.е. нивни креатори како што се судовите, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за геодетски работи, Државниот завод за статистика и др.

Оваа кратка информација за Централниот регистар би сакал да ја завршам со моето длабоко уверување дека системот на Централниот регистар може во голема мерка да помогне во напорите на Република Македонија за забрзан економски развој и градење на доверба кај сите заинтересирани инвеститори и кредитори. Впрочем, функционирањето на регистарот на залог на подвижни предмети и права во изминативе две и полгодини ни дава за право да веруваме во успешноста на овој проект.

НЕБАНКАРСКИ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ

Виолета
СТОЈАНОВСКА ПЕТРОВСКА

Во Република Македонија функционира само еден вид небанкарска финансиска институција: осигурителните друштва. Сепак, во анализата што следи, покрај осигурителните друштва, ќе бидат опфатени и небанкарските финансиски институции за кои во моментов постои законска регулатива или за кои е во тек подготовка на институционална рамка

Виолета Стојановска Петровска е Советник на министерот во Секторот за финансиски систем. Родена е 1956 година. Дипломирала на Економскиот факултет во Скопје во 1984 година, насока економска политика и развој. Во Министерството за финансии работи од 1985 година. Учествувала во реализација на голем број на проекти во рамките на Министерството за финансии од областа на банкарството, осигурувањето, игрите на среќа, реформа на финансискиот систем итн. Член е на повеќе работни тела и управни одбори и овластен претставник на Министерството за финансии во неколку комисии.

ВОВЕД

Финансиските институции или посредници се институции кои ги поврзуваат инвеститорите (изворите на средства) и позајмувачите (корисниците на средствата). Искуствата на современата економска теорија и практика укажуваат на растечката улога на дел од овие институции, односно на т.н. небанкарски финансиски институции: финансиски компании, лизинг компании, ризико фондови, разни форми на договорни штедни институции (осигурителни друштва, пензиските фондови) и заеднички фондови.

Основната карактеристика на небанкарските финансиски институции, по која се разликуваат од комерцијалните банки, е дека истите се финансиски посредници кои ги мобилизираат заштедите, пред сè, на малите инвеститори и овозможуваат финансирање, но вообичаено не прифаќаат депозити. [1]

Имајќи го предвид погоре изнесеното, со жалење можеме да констатираме дека денес во Република Македонија функционира само еден вид небанкарска финансиска институција: осигурителните друштва. Сепак, во анализата што следи, покрај осигурителните друштва, ќе бидат опфатени и небанкарските финансиски институции за кои во моментов постои законска регулатива (инвестициони фондови) или за кои е во тек подготовка на институционална рамка (компании за финансиски лизинг и приватни пензиски фондови).

Пред да преминеме на анализа на состојбите и перспективите на небанкарските финансиски институции во Република Македонија, би сакале да укажеме дека во Република Македонија, барем во постојната регулатива, не се оперира со поимот небанкарска финансиска институција. Најблиску до овој поим, е поимот финансиска институција, кој во Законот за банки е дефиниран како „правно лице кое не е банка, но врши една или повеќе од следниве активности: одобрување на кредити, девизно-валутни работи, издавање на парични картички, економско-финансиски консалтинг, финансиски лизинг, факторинг, работи во врска со хартии од вредност за своја сметка и за сметка на комитенти, чување, управување со хартии од вредност и предмети од благородни метали и друго“. Очигледно дека дефинирањето е за потребите на самиот Закон, односно целта е да се разграничат традиционалните банкарски услуги кои ги вршат само банките, од услугите кои, покрај банките, можат да ги вршат и други финансиски посредници. Веројатно тоа е причината што од дефиницијата е изостава-

вена дејноста на осигурувањето, која патем речено, во земјите со развиен финансиски систем, како што е Швајцарија, сè повеќе е услуга што ја пружаат банките. Истовремено, во рамките на дефиницијата не би можеле да се вклучат штедилниците кои, според основ-

[1] The Role of Non-Bank Financial Intermediaries, Dimitri Vittas, Development Research Group World Bank, 1999

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

ната дејност (прибирање на штедни влогови од граѓаните) и начинот на кој во моментов е регулирано нивното основање, работење и надзор, претставуваат посебен вид банки или, согласно Директивите на Европската унија, кредитни институции.

ОСИГУРИТЕЛНИ ДРУШТВА

Законска рамка

Осигурителната дејност во Република Македонија е регулирана со Законот за осигурување донесен во 1997 година, а кој претрпе измени во 1999 и 2000 година. Внимание заслужуваат последните измени кои имаа за цел понатамошно усогласување на домашото законодавство со директивите на Европската унија кои ја регулираат областа на осигурувањето, либерализацијата на пазарот, привлекувањето на странските инвеститори и јакнењето на конкуренцијата. Истовремено, пазарот на осигурување се збогати со нов вид на финансиски посредници - осигурително брокерско друштво, како посредници помеѓу осигурениците и друштвата за осигурување при склучување на договори за осигурување и реосигурување и при реализација на оштетните побарувања. Во насока на јакнење на сигурноста на осигурениците, зајакната е надзорната и контролната функција на Министерството за финансии. Паралелно со измените на Законот, во Министерството за финансии е формирана единица за супервизија, која веќе започна со теренски контроли на друштвата.

Заднина

Во времето на стекнување на независноста, во Република Македонија постоеја 2 осигурителни друштва: ЗОИЛ „Македонија“ Скопје и Деловница на „Дунав“ од Белград која, по донесувањето на републичкиот Закон за осигурување, се рекапитализираше и се трансформираше во акционерско друштво со доминантен домашен капитал „Вардар осигурување“ АД Скопје. Во текот на 1998 и 1999 година овие две друштва беа приватизирани со откуп на акциите од страна на вработените и, во помал обем, од страна на корпоративните осигуреници. Во март 2000 година, преку откуп на акции, австралиската компанија за осигурување и реосигурување QBE стана мнозински сопственик со околу 53% од вкупниот број на акции на „Македонија“ АД Скопје, при што друштвото се преименува во „QBE Македонија“ АД Скопје.

По осамостојувањето беа основани пет нови осигурителни друштва (од кои денес функционираат само две) и две друштва за посредување во осигурувањето.

Состојби

1. Пазарот на осигурување во Република Македонија може да се оцени како релативно неразвиен што се поткрепува со следниве факти:

а) На територијата на Република Македонија денес функционираат четири осигурителни друштва: „QBE Македонија“ АД, „Вардар осигурување“ АД, „Табак осигурување“ АД и „Макошпед осигурување“ АД, сите лоцирани во Скопје. Само едно од друштвата има лиценца за вршење на работи за осигурување на живот и за реосигурување, а две вршат работи на неживотни осигурувања, главно за потребите на основачите.

Двете друштва за посредување во осигурувањето (корпоративни агенции), чиј основач беше „Македонија осигурување“ АД и кои склучуваа договори за осигурување во име и за сметка на основачот, заради новата законска регулатива, се припоија кон основачот. Брокерски друштва не постојат, а до донесување на подзаконските акти за оваа дејност, не може да се основаат.

б) Понудата и користењето на осигурителните производи е сиромашна. Доминираат задолжителните (превозни средства, трето лице, групно осигурување на вработени од несреќа) и традиционалните видови на осигурување (автомобили, пожар, кражби, машини). Не се практикува осигурување на гаранции, обврзници, кредити, осигурување на ризични работни места, здравствено осигурување, грижа за неспособни лица, невработеност и сл. Осигурителните друштва ретко истражуваат и нудат нови осигурителни услуги.

в) Според остварените приходи од премии, Република Македонија е на претпоследно место во Централна и Југоисточна Европа. Причините за ваквата состојба се финансиската немоќ на населението и фирмите (најголем дел од фирмите и кога вршат осигурување, тоа го прават на книговодствената вредност), отсуството на конкуренција, отсуството на здравствено и пензиско осигурување кои во западноевропските земји се веќе традиционални и широко прифатени осигурувања, несоодветниот начин на продажба на осигурителните услуги што е во врска со непостоењето на брокери за осигурување и недоволното и несоодветно рекламирање на услугите.

2. Постои висок степен на концентрација со доминантна, речиси монополска положба на „ЉБЕ Македонија“ АД кое учествува со 89% во вкупната актива на осигурителниот сектор и со 88,5% во остварената нето добивка. Ова друштво има монопол во осигурувањето на живот и реосигурувањето. Причините за ова се повеќестрани: а) историски: тоа беше државно, прво и единствено македонско друштво за осигурување, кое при осамостојувањето на Република Македо-

нија држеше над 95% од пазарот; б) политички: општествените претпријатија и нивните директори при донесувањето на деловните одлуки се раководеа од пошироките општествени цели и интереси, а не од економската логика; в) економски: релативно мал пазар на кој е ризично, посебно во услови на осиромашено население и фирми, да се влезе во конкурентска борба со постоечки гигант; и г) регулаторни: доскорешното постоење на ограничувања за слободен влез на странски инвеститори во осигурителната дејност, забрана за директно реосигурување во странство и релативно висок износ на основачки капитал.

Основната карактеристика на небанкарските финансиски институции, по која се разликуваат од комерцијалните банки, е дека истите се финансиски посредници кои ги мобилизираат заштедите, пред сè, на малите инвеститори и овозможуваат финансирање, но вообичаено не прифаќаат депозити

Перспективи

Новите законски решенија за можно учество на странска осигурителна компанија со 100% од капиталот на домашно одигурително друштво, целосната либерализација на осигурителниот пазар од 01.01.2003 година, институционализирањето на брокерски друштва и можноста за директно реосигурување во странство, како и евентуалното влегување на странски инвеститор во второто по големина осигурително друштво „Вардар осигурување“ за што има одредени сигнали, би требало да доведат до зголемување на конкуренцијата на пазарот на осигурување и до појава на нови производи и нови техники и методи во работењето. Посебен импулс на развојот на осигурувањето во Република Македонија се очекува и од реформите во пензиското и здравственото осигурување.

ИНВЕСТИЦИОНИ ФОНДОВИ

Законска рамка

По повеќегодишно најавување, на почетокот на 2000 година е донесен Закон за инвестициони фондови. Законот е работен според западно-европски принципи и стандарди и е усогласен со Директивата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (УНЦИТС).

Законот регулира основање на два вида инвестициони фондови: отворен и затворен и на друштвата за управување со фондовите. Покрај принципите за овластување, Законот ги дефинира правилата за продажба и инвестирање на удели, односно акции на фондовите, за чување на имотот на фондовите и за контрола на нивното работење, со што се обезбедува транспарентност и сигурност во работењето.

Состојби

Една година по воспоставувањето на институционалната рамка, и покрај сите очекувања, на финансискиот пазар во Република Македонија не се појави ниту еден инвестиционен фонд.

Перспективи

Во Република Македонија постои поволен амбиент за работа и развој на инвестиционите фондови: а) постојат регулирани пазари на хартии од вредност како основен предуслов за функционирање на инвестиционите фондови; б) довербата на населението кон банкарскиот систем е разнишана, што може да биде пресудно за привлекување на средствата на индивидуалните инвеститори (граѓаните) од страна на фондовите; в) реформите на пензиското, социјалното и здравственото осигурување се фактор кој може да доведе до зголемување на бројот на индивидуалните инвеститори; и г) постојат потенцијални институционални инвеститори (осигурителни компании, банки), а во скоро време ќе се појават и пензиски фодови.

Поволниот амбиент, заедно со предностите на инвестиционите фондови во однос на постојните финансиски институции (повисоки приноси од вложените средства во однос на традиционалното штедење, диверзификација на портфолиото, а со тоа и на ризикот и висок степен на ликвидност на средствата), се фактори кои можат да поттикнат појава и развој на овие институции. За развој на инвестиционите фондови од особена важност е пазарите на пари и капитал да бидат збогатени со финансиски инструменти, во обем и вид, во што може активно да се вклучи државата и единиците на локалната самоуправа. Комисијата за хартии од вредност, исто така, може да одигра значајна улога преку едукација на кадри за управување со фондовите, но и на потенцијалните инвеститори.

ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Законска рамка

Со измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во март 2000 година се поставија основите на новиот пензиски систем во Република Македонија. Имено, постојниот систем на задолжително пензиско и инвалидско осигурување заснован на тековно финансирање е заменет со повеќеслоен пензиски систем: задолжително осигурување врз основа на генерациска солидарност, задолжително капитално финансирање и доброволно капитално финансирање.

Средствата од задолжителното капитално осигурување (7% од бруто платите на осигурениците) ќе се уплатуваат во приватен пензиски фонд на индивиду-

алните сметки на осигурениците и понатаму ќе се инвестираат во сигурни пласмани. Со приватниот пензиски фонд ќе управува Друштво за управување со пензиски фондови.

Согласно со овие измени на Законот, задолжителното капитално финансирање или т.н. втор столб требаше да почне да се применува од 1 септември 2001 година, до кога требаше да се донесе и посебен закон со кој ќе се регулира основањето и работењето на приватниот пензиски фонд и друштвото за управување со пензиски фондови. Меѓутоа, со последните измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување од јули месец оваа година, имплементацијата на капиталното финансирање на пензиското осигурување е одложена до „донесување на Закон со кој ќе се уреди капитално финансирано пензиско осигурување“, односно на неодредено време.

Состојби

Во моментов функционира стариот систем на задолжително, тековно финансирано пензиско и инвалидско осигурување. Доброволно пензиско осигурување може да се оствари само во рамките на осигурителните друштва.

Перспективи

Започнатите реформи на пензискиот систем нужно мора да продолжат што секако ќе резултира со појава на приватни пензиски фондови. Концептот за реформи на пензискиот систем, кој институционализира форма на задолжително капитално финансирање со утврден процент од бруто платите, е гаранција дека пензиските фондови во Република Македонија имаат перспектива. Од своја страна пак, овие фондови ќе го поттикнат развојот на финансиските пазари и другите небанкарски финансиски институции, пред сè, инвестиционите фондови.

ЛИЗИНГ КОМПАНИИ

Законска рамка

Во моментов во Република Македонија не постои посебна регулатива за лизингот. Во Законот за трговски друштва постои една одредба (член 1 точка 7), според која за трговец се смета правно или физичко лице, кое врши дејност лизинг. Од тука, произлегува дека дејноста лизинг може да се врши според одредбите на овој Закон. Покрај тоа, според член 2 точка 21 од Законот за банки, како финансиска институција, меѓу другото, се смета правно лице кое не е банка но извршува финансиски лизинг, а членот 44 точка 5 дава можност и банка да врши финансиски лизинг.

Наведените законски одредби создаваат одредена конфузија во смисла кој и во каква организациона форма може да се занимава со лизинг, дали Законот за трговски друштва се однесува само на оперативниот лизинг, а финансискиот треба да се уреди со посебен закон или не и сл. Едно е сигурно, во моментов не постои прецизна легислатива за начинот на основање и организирање на лизинг компаниите и отсуствуваат правила и стандарди за вршење на оваа дејност.

Состојби

Сознанијата до кои можевме да дојдеме, укажуваат дека во Република Македонија до денес не е регистрирана ниту една компанија чија основна дејност е лизингот. Сепак, лизингот, макар и во рудиментарна фаза и форма, функционира на територијата на Република Македонија. Опрема на лизинг дава организацијата „Можности“ и некои компании кои се занимаваат со продажба на автомобили, при што во улога на кредитори се јавуваат домашни банки. Во моментов, и покрај законската можност, ниту една банка не врши финансиски лизинг.

За развој на инвестиционите фондови од особена важност е пазарите на пари и капитал да бидат збогатени со финансиски инструменти, во обем и вид, во што може активно да се вклучи државата и единиците на локалната самоуправа

Очигледно е дека постојната регулатива не поттикна спонтано формирање на лизинг компании. Тоа е причина поради која Министерството за финансии на Република Македонија, следејќи ги светските трендови во развојот на лизинг индустријата и нејзиното влијание врз економскиот развој на земјите во транзиција, пристапи кон изготвување на посебен Закон за финансиски лизинг. Законот се подготвува во соработка со странски експерти и се конципира така да делува стимулативно на развојот на лизингот во Република Македонија (стимулативно оданочување, сигурна наплата на побарувањата и ефикасна постапка за одземање на опремата во случај на неплаќање). Се планира законот да биде донесен најдоцна до крајот на годинава.

Перспективи

Лизинг компаниите се финансиски посредници кои имаат огромна улога во развојот на економиите, особено економиите во транзиција каква што е нашата. Улогата на овие посредници е посебно изразена во секторот на мали и средни претпријатија (МСП) за

кои лизингот претставува единствен можен и прифатлив извор за финансирање на нивните бизниси.

Во Република Македонија постојат претпоставки за развој на лизингот: а) ограничени извори за финансирање и нивна алокација кај фирми со референца за повеќегодишно успешено работење и капацитет да обезбедат покритие за позајмените средства; б) пос-

Постојната регулатива не поттикна спонтано формирање на лизинг компании. Тоа е причина поради која Министерството за финансии, следејќи ги светските трендови во развојот на лизинг индустријата и нејзиното влијание врз економскиот развој на земјите во транзиција, пристапи кон изготвување на посебен Закон за финансиски лизинг

тојат голем број МСП, а бројката на невработени упатува на можноста за натамошна експанзија на истите. Пристапот на овие претпријатија до банкарските кредити и пазарот на капитал е тежок, речиси никаков поради што се упатени на изнаоѓање алтернативни извори на финансирање. Еден од тие извор, секако е лизингот; и в) текстилната индустрија и рударството, типични големи корисници на лизингот, се значајни индустриски гранки во Република Македонија.

Од друга страна пак, ограничувачки фактор во развојот на лизинг индустријата може да претставуваат изворите за финансирање. Вообичаено во светот е банките да се јавуваат како кредитори на лизинг компаниите. Отворено е прашањето дали и под какви услови домашните банки ќе се вклучат во овој бизнис. Затоа ќе биде корисно во лизинг индустријата да се привлечат странски инвеститори, пред сè, специјализирани институции кои, покрај трансфер на капитал, ќе извршат и трансфер на знаење и поврзување со странски кредитори и производители на опрема. Од голема помош, техничка и финансиска, може да биде и вклучувањето на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), која години наназад е активно вклучена во развојот на лизинг компаниите ширум светот. Други можни извори се издавање на обврзници, акумулираните средства на осигурителните друштва, а во перспектива и на пензиските фондови.

ПРАВНАТА РАМКА - ВАЖЕН ФАКТОР ВО ПРИВЛЕКУВАЊЕТО НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ

- Трет дел -

Златко
АНТЕВСКИ

Златко Антевски е роден 1963 година во Скопје, Р. Македонија. Завршил Правен факултет во Скопје во 1986 година и го положил државниот правосуден испит во Скопје. Учел германски јазик на Универзитетот во Келн, Германија (1987–88), како и на Универзитетот во Берн, Швајцарија (во 1991 година).
Неговото професионално искуство опфаќа работа во адвокатската канцеларија Стојан Антевски во Скопје, адвокат и помошник адвокат во правната фирма Schadelin von Graf во Берн, Швајцарија. Во моментот работи како адвокат во Адвокатската канцеларија Антевски во Скопје и тоа на повеќе области: стопанско и корпоративно право, трговско право, прашања во врска со приватизацијата и инвестиционото право, трговски договори, спојување и припојување, Законите за банки и осигурување и наплата на побарувања и меѓународна арбитража. Специјалност му е застапувањето на интересите на странските клиенти во Р. Македонија. Зборува германски, англиски (овластен судски преведувач) и делумно италијански и француски.

ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ

(Закон за трговски друштва, чл. 106-220)

Друштвото со ограничена одговорност претставува друштво во кое содружниците со сопствените влогови (основачки влогови) заедно учествуваат во претходно утврдената номинална вредност на капиталот на друштвото. Друштвото претставува правно лице. Основните влогови може да се разликуваат. За обврските на друштвото содружниците не одговараат. Најголемиот број на содружници може да изнесува 50.

Фирма

Фирмата на друштвото мора да го изразува предметот на работењето на друштвото и ознаката (Друштво со ограничена одговорност) или кратенката (ДОО). Доколку друштвото е основано од едно лице, фирмата ги содржи зборовите (Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице) или кратенката (ДООЕЛ).



Основање

За основање на друштвото е потребен писмен договор помеѓу содружниците. Во случај друштвото да е основано од едно лице, основачот наместо основачкиот договор дава изјава за основањето на друштвото заверена кај нотар. Основачите го склучуваат основачкиот договор лично или преку овластени лица, чиешто овластување мора да биде заверено кај нотар.

Сукцесивно основање на ДОО е недозволено.

Со договорот, односно со изјавата за основање мора да се регулираат следните прашања:

1) Име, презиме, државјанство, место на живеење и своерачен потпис на основачите, т.е. фирмата и седиштето на основачите во случај основачите да се правни лица;

2) Фирма и седиште на друштвото;

3) Дејност на друштвото;

4) Времетраење на друштвото;

5) Номинална вредност на капиталот, како и на основачките влогови на секој содружник посебно. Во случај основачките влогови да се состојат од предмети или права, мора да бидат наведени нивниот вид и вредност;

6) Начин на плаќање и рок за уплата за влоговите што вкупно треба да се внесат;

7) Начин и мерила за поделба на добивката како и покривање на загубите;

8) Управување со друштвото;

9) Права и одговорности што содружниците ги имаат покрај уплата на основниот влог, и

10) Застапување на друштвото.

Покрај горенаведените области со договорот можат да се регулираат и други прашања.

Освен склучување на основачки договор за основање на друштвото, исто така е потребно, основачите

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

на друштвото, т.е. содружниците до регистарскиот суд да дадат изјава во која ги наведуваат дејствијата извршени со цел правилно да се основа друштвото и со која тврдат дека друштвото е основано во согласност со Законот. Изјавата во врска со основањето на друштвото, мора да биде потпишана од сите создружувачи, од првите членови на органите на управување, како и од контролните органи на друштвото.

За основање на друштвото, исто така, е потребно да се достави барање до надлежниот суд, за внесување на друштвото во трговскиот регистар. Барањето мора да биде потпишано од овластениот застапник на друштвото.

Барањето се поднесува заедно со следните документи :

1) Договор за основање на друштвото;

2) Одлука за назначување на управител на друштвото;

3) Доказ за извршената парична уплата на барем една третина од влогот на секој основач;

4) Доказ за извршена уплата барем на половина од основачкиот капитал на друштвото со ограничена одговорност;

5) Во случај при основањето на друштвото вкупната сума на парични влогови да не е уплатена, остатокот од сумата, во рок од една година од денот на внесувањето на друштвото во трговскиот регистар, мора да биде уплатен.

Трговски регистар

Со заведувањето во трговскиот регистар доаѓа до конституирање на ДОО, при што статусот на правно лице се добива со внесувањето во трговскиот регистар.

Основачи

Основачи на друштвото можат да бидат правни или физички лица од земјата или странство. Друштвото може да биде основано и само од едно лице.

Намена

Основачите можат слободно да одлучуваат околу сопствената организација и одредување на целта на нивната дејност, доколку истата не е неспоредна или е спротивна на законските норми. Можни се разни видови на комерцијални дејности како трговија, производство и останати занимања, поврзани со трговска дејност.

За одредени дејности се потребни специјални дозволи. Од основачкиот договор (изјавата) може да се види областа на дејноста на друштвото.

Капитал

Минималниот износ на капитал за основање на друштвото изнесува 2.500 ЕВРА. Влоговите на основачите не мора да бидат од иста висина, при што можат да се состојат од пари, права или предмети. Најмалиот износ на еден влог изнесува 100 ЕВРА. Влог може да се пренесе на трето лице само доколку целокупниот износ на влогот е уплатен од содружникот, кој сака да го пренесе влогот, како и друштвото или одредено трето лице од друштвото да немаат никаков интерес за купување на понудениот влог.

Одговорност за обврските

На доверителите на друштвото одговара друштвото со целокупниот износ на основачкиот влог. Содружниците не одговараат за обрските на друштвото.

Управување и застапување

Органи на друштвото се:

1) Собир на содружници;

2) Управител или управувачите на друштвото, и

3) Надзорен одбор на друштвото.

1) Собир на содружниците

Највисокиот орган на друштвото е собирот на содружниците. Тој ги има следните компетенции:

- Разгледување и усвојување на годишна сметка и годишен извештај и одлучување за поделба на добивката и покривање на загубата, доколку со договорот за друштвото не е поинаку определено;
- Именување и разрешување на управителите на друштвото, утврдување на нивната награда и вршење на функција на работодавец спрема нив;
- Донесување на одлуки за избор и разрешување на членовите од надзорниот одбор, доколку основањето на еден ваков орган законски е задолжително или со договорот за друштвото е определено;
- Донесување на одлука за враќање на дополнителни уплати;
- Донесување на одлука за контрола на работата на друштвото и именување на контролор;
- Покренување на барање за надоместок на штета до управителите, членовите на надзорен одбор или контролорите на друштвото и именување на застапник на друштвото за водење спорови, во случај друштвото да не може да биде застапувано од управителот, управителите или членови на надлежниот одбор;
- Одобрува склучување на договори за набавка на опрема за сопствени потреби и недвижности,чија

вредност надминува една петтина од основната главница на друштвото;
- Одобрува склучување на договори помеѓу друштвото и некој од содружниците, управителот или со негови блиски роднини, доколку склучувањето на договорот не спаѓа во вообичаена дејност на друштвото, и
- Врши други работи утврдени со закон.

2) Управители на друштвото

Друштвото може да има еден или повеќе управители. Овој орган на друштвото ги има следните компетенции:
- Управување со друштвото;
- Застапување со друштвото;
- Грижа за прописно водење на деловните книги на друштвото;
- Издавање на годишен извештај за управувањето со друштвото и,
- Известување на содружниците за тековните дејности на друштвото и давање на увид во деловните книги на друштвото за содружниците.

За управител може да се именува деловно способно физичко или правно лице од редот на содружуниците или некое трето лице.

Компетенциите на управителот се регулираат со основачкиот договор.

3) Контрола

Друштвото со ограничена одговорност може со основачкиот договор да предвиди основање на надзорен одбор (за надгледување и контрола) на друштвото. Основањето на надзорниот одбор е задолжително, доколку основачкиот влог на друштвото (номиналната вредност на капиталот) изнесува над 50.000 ЕВРА, друштвото се состои од повеќе од 20 содружици или има над 200 вработени. Надзорниот одбор мора да се состои од најмалку три члена. Содружниците можат да одлучат, наместо надзорен одбор, да именуваат еден или повеќе контролори во друштвото.

Членовите на надзорниот одбор се избираат со двотретинско мнозинство. Никој од членовите на надзорниот одбор не смеат да бидат управници на друштвото, нивните брачни другари или нивни роднини до трето колено, како и лица на кои им е забрането вршење ревизорски работи.

Престанок на друштвото

Друштвото со ограничена одговорност може да престане од следните причини:

1) Истек на време,за кое што друштвото е основано;

2) Со одлука на содружниците;

3) Одлука за спојување со друго друштво или одлука за поделба на друштвото;

4) Спроведување на стечај;

5) Одлука на регистарскиот суд и,

6) Од други законски или со основачкиот договор одредени причини.

Друштвото коешто го сочинува едно лице, кое како основач е физичко лице, престанува во смртен случај.

Доколку основачот е правно лице тогаш друштвото со ограничена одговорност сочинето од едно лице престанува со престанокот на правното лице.

ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ПОТРЕБАТА ОД НЕГОВОТО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ

Менка
СПАСОВСКА

Законот за јавни набавки воспостави правна рамка за однесувањето на набавувачите и понудувачите во јавните набавки. Притоа, Законот се заснова на принципите на јавност, економичност, рационалност, функционалност и ефикасност во користењето на средствата, слобода на пазарот и претприемништвото итн.

Менка Спасовска е родена во 1965 година, а дипломирала на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Почетоците на својата работна кариера ги започнува како дипломиран правник со положен правосуден испит во Основниот суд во Охрид. По повеќегодишно стекнато искуство од областа на правосудството, во текот на 2000 година, продолжува со работните должности во Министерството за финансии како Помошник на Министерот за финансии и Раководител на Секторот за правни и административни работи, во чиј состав е и Одделението за јавни набавки.

Законот за јавни набавки е еден од системските закони во правниот систем на земјите, кои имаат или претендираат да имаат развиена пазарна економија. Значењето на овој закон особено се наметнува за земјите во транзиција, бидејќи востановувањето на транспарентен и ефикасен систем на јавни набавки не само што ќе им овозможи поддршка на политиката на демонополизација и приватизација, туку ќе им помогне и во привлекувањето на странски капитал, пристап до заеми и грантови од меѓународни и билатерални агенции за давање на помош.

По својата функционалност Законот за јавни набавки е еден од најприменуваните закони во правните системи на сите земји, а воедно и како правен инструмент за нормално и непречено вршење на набавките од страна на буџетските корисници и другите набавувачи, од една, како и лицата кои ќе го применуваат, од друга страна.

Јавните набавки се мошне важна алка во пазарната економија. Со вршењето на набавките, државата станува директен учесник на пазарот и нејзиното однесување во голема мерка има влијание врз вкупните економски текови. Преку нив, всушност, државата треба јасно да покаже дека ги почитува основните принципи на пазарната економија, односно обезбедувањето и функционирањето на слободната конкуренција.

Во тој контекст, Законот за јавни набавки претставува значајно средство против девијантните појави во општеството, што значи има карактер на антикорупциски закон. Примената на Законот треба да ги отстрани можностите за злоупотреба на таквата позиција.

ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА ПОЧЕТОЦИТЕ НА ЛЕГИСЛАТИВАТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Во текот на минатиот век, јавната потрошувачка како процент од бруто домашниот производ порасна во поголем број држави, а паралелно со тоа се зголеми обемот и вредноста на јавните набавки. Ваквиот процес беше проследен и со зголемување на легислативата која ги регулира јавните набавки.

Во повеќето земји првичната легислатива за набавки беше дизајнирана во функција на заштита само на локалната економија (на пример, американскиот закон за набавки од триесеттите години на дваесеттиот век). Истовремено, конкуренцијата меѓу националните компании растеше во чекор со јавните расходи. Првичната легислатива за набавки им го призна правото на националните компании да бидат третирани рамноправно и да имаат рамноправен пристап до државните договори. Како резултат на тоа, стандардниот метод за набавки се состоеше од објавување повик кон сите заинтересирани компании да земат учество во наддавањето за јавните договори врз основа на аукција, сè во насока на сеопфатна застапеност на принципот на рамноправен пристап на заинтересираните.



Во втората половина од 20-тиот век постоеше тренд на зголемување на

*Мислењата изразени во овој текст се на авторите и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

меѓународното влијание врз националните системи за набавки. Постоеше општа согласност дека слободната трговија им оди во прилог на сите земји. После Втората светска војна, земјите не успеаја да ја реализираат амбицијата за создавање на глобална трговска организација. Меѓутоа, најголемите трговски нации постигнаа Општа спогодба за царина и трговија (ГАТТ) со која се договорија да ги укинат меѓусебните трговски ограничувања. Во ист дух беше и Спогодбата за јавни набавки склучена меѓу потписничките на ГАТТ во 1979 година. Целта на оваа спогодба беше да се олесни пристапот на секоја земја кон пазарите за јавни набавки на другите земји. Спогодбата беше ограничена на индустријализираните земји, при што Европа, Јапонија и САД го имаа водечкото место, а исто така селективен беше и опфатот. Во 1994 година беше потпишана подобрена и проширена Спогодба за јавни набавки која стапи на сила на 1 јануари 1996 година под активно водство на Светската трговска организација (СТО), која сè уште е ограничена во однос на членството. Во комбинација со ГАТТ иницијативите, постоеја и низа шеми за регионална интеграција. Во таа насока со Договорот од Рим 1957 година, беше основана Европската економска заедница (ЕЕЗ). Текстот на Договорот не се осврнуваше со посебни прашања за јавните набавки, меѓутоа содржеше одредби кои им забрануваа на земјите членки да вршат дискриминација врз потенцијалните набавувачи од други делови на Заедницата и да го попречуваат слободниот тек на трговијата. Посебни директиви за набавка беа донесени од страна на Советот на европските заедници кои во голема мера ги подобрија стандардите за јавни набавки со соодветни правила и решенија. Во правец на регионалната интеграција, формирани беа и: Европската зона за слободна трговија (EFTA), Европската економска зона (ЕЕА) и Слободната економска зона на Северна Америка (NAFTA).

Земјите членки на ЕФТА воведоа легислатива слична на онаа на Европската заедница во шеесеттите и седумдесеттите години од дваесеттиот век. Значењето на интеграционите шеми на ЕФТА многу се намали откако мнозинството од нејзините земји членки ѝ се приклучија на Европската унија (ЕУ). „Европа од 15 членки“ сега претставува единствен пазар со јавни набавки од најмалку 600 милијарди евра годишно. За десет години овој пазар веројатно ќе се прошири и ќе ја вклучи Источна Европа.

ЕЕА го прошири режимот на ЕУ директивите и на останатите земји членки на ЕФТА.

Слободната економска зона на Северна Америка (NAFTA) создадена во 1992 година, се состои од низа договори меѓу САД, Канада и Мексико за единствен пазар од над 360 милиони потрошувачи и годишно производство од преку 6 трилиони долари (од кои САД произведува 5,7 трилиони долари). Договорот за NAFTA вклучува посебни правила за јавни набавки.

Голема и значајна улога во обезбедувањето на средствата за спроведување на јавните набавки како и во обликувањето на општо- прифатените начела за јавни набавки одиграа меѓународните финансиски институции. Светската банка, во чиј состав влегуваат Меѓународната банка за обнова и развој (МБОР) и сестринската организација - Меѓународното здружение за развој (IDA), ја имаше водечката улога во финансирање на развојот во смисла на обемот и формулирањето на оперативните политики, влучувајќи ја притоа и политиката за набавки. Во инструкциите за набавки на Банката (последната верзија е од јануари 1995 година) се содржани политиките создавани во текот на 50 години, период во кој Банката беше учесник на меѓународните финансиски пазари. Во однос на финансирањето, Светската банка инсистира на „сигурност дека средствата од секој заем ќе се користат само за целите за кои заемот бил одобрен, имајќи ги предвид економичноста и ефикасноста, а не земајќи ги предвид политичките или другите неекономски влијанија и околности“.

Во духот на наведеното, Банката утврди детални постапки за набавка во врска со проектите кои таа ги финансира. Четири начела ги условуваат барањата на Банката:

а) потребата од економичност и ефикасност;

б) интересот на Банката на сите прифатливи понудувачи да им овозможи да се натпреваруваат при обезбедувањето стоки и работи финансирани од Банката;

в) интересот на Банката да го поттикне економскиот развој на земјите заемопримители;

г) важност од транспарентност на процесот за набавка.

Љубомир
ЈОРДАНОВ

Љубомир Јорданов е роден 1963 година, а дипломирал на Правниот факултет–правосудна насока на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје. Во 1993 година се вработува во Министерството за финансии како самостоен советник за работни односи, а потоа работи како самостоен советник за организација и кадри и како началник на Одделението за управување со човечките ресурси во Секторот за правни и административни работи. Сега има звање Државен советник за работите на Секторот за правни и административни работи и ја координира работите на Одделенијата за второстепена управна постапка од областа на даноците и царините.

Со цел поддржување на развојот на поранешните социјалистички земји, а поттикната од водечките меѓународни финансиски институции, Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право (UNCITRAL) во 1986 година одлучи да преземе активности во областа на набавките. Тоа резултираше со усвојување на Моделниот закон за набавки на стоки, работи и услуги во 1994 година. Одлуката да се формулира моделна легислатива за набавки дојде како одговор на фактот што во неколку земји постојната легислатива беше застарена или неадекватна. Модел законот е широко употребуван при правењето нацрт на новата легислатива за набавки во Централна и Источна Европа.

Законот за јавни набавки на РМ е целосно усогласен со директивите на ЕУ и меѓународно прифатливите принципи на јавни набавки со што се олеснува и подобрува пристапот до позајмувањето од меѓународните финансиски институции

РАЗВОЈНИ ТРЕНДОВИ

Мошне големо влијание врз набавките, а во иднина уште поголемо, има примената на информатичките системи за набавни активности. Софистицирани бази на податоци и системи за контрола на управувањето се веќе широко достапни и веќе постои пораст во употребата на електронските медиуми, вклучувајќи го „интернет“, за спроведување постапки на набавки. Како пример, се наведува Владата на САД која веќе има издадено декрет дека деловните активности со владините агенции за набавки ќе се вршат само електронски, почнувајќи од 2000 година. ЕУ, исто така има, пилот проект за електронски набавки што се нарекува СИМАП.

ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Неопходноста од следењето на пазарната економија ја наметна потребата и земјите во транзиција да воведат ефикасен и транспарентен систем на јавни набавки. Успешноста на функционирањето на овој систем зависи, пред сè, од доследната примена и спроведувањето на повеќе клучни принципи од кои најважни се: одговорноста, професионалноста, транспарентноста и конкуренцијата. Овие концепти и вредности претставуваат радикална појдовна точка во реализацијата на пазарната ефикасност и доследното и правилното функционирање на системот на јавните набавки.

Со воведувањето на пазарниот механизам во развојот на општествено-економските односи во Република Македонија како основно темелно начело на Уставот на Република Македонија, постепено се менуваа постојните и се создаваа основите на новиот општествено-економски и правен систем. Со оглед на компатибилноста со земјите со подолга пазарна традиција, тоа овозможуваше Република Македонија рамноправно да се вклучи во европските интеграциони движења. Во тој контекст, а заради побрзо и поефикасно вклучување во европските процеси на интеграција, неопходно се наметна потребата од донесувањето и на Закон за јавни набавки.

Законот за јавни набавки е донесен од Собранието на Република Македонија на 4 јуни 1998 година, а стапи на сила на 20 јуни 1998 година („Службен весник на РМ“, број 26/98).

Донесувањето на Законот за јавни набавки, создаде нормативна рамка и основи во уредувањето на прашањата на јавните набавки, односно, во однесувањето на набавувачите и понудувачите во јавните набавки. Всушност, со овој Закон, се овозможува и се обезбедува целосна јавност во набавките, односно, целосно информирање на понудувачите за намерата на државата да изврши определени набавки. Тоа претставува и основа за обезбедување рамноправност и еднаква положба на сите учесници на пазарот. Всушност, овие принципи и главни постулати на уредувањето на оваа материја со Законот, во суштина се изразуваат особено преку јавноста на набавките, слободата на пазарот и претприемништвото, одговорноста во постапката при изборот на носител на набавката, еднаква положба на сите субјекти на пазарот, спречување на монополската положба на определени носители на набавките, квалитет и транспарентност во процесот на набавките, економичност, рационалност, функционалност и ефикасност во користењето на средствата, како и контрола во јавните набавки.

Законот е усогласен со меѓународните стандарди, како и со стандардите на Европската унија. Во постапката на изготвувањето се имаа предвид Директивите на Европската унија за јавни набвки, а свое учество преку мислења за одредени фази од Законот имаше и Светската банка.

Со Законот се уредува начинот и постапката за вршење на јавните набавки за корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ, од Буџетите на ЕЛС (единиците на локалната самуправа) од буџетите на републичките и општинските вонбуџетски фондови, агенциите, јавните установи и другите органи и организации основани од Републиката, како и кај јавните претпријатија и друштва во сопственост на државата.

Исто така, со Законот се обезбедува децентрализиран начин на набавки, што се обезбедува преку можноста секој субјект да формира комисија за набавки, а набавките можат да се вршат со отворен повик, ограничен повик, прибирање на понуди и непосредно спогодување.

Согласно со Законот, донесени се следниве подзаконски акти и тоа:

- Одлука за определување на опрема, материјали и услуги од одбранбен и безбедносен карактер („Службен весник на РМ“ бр.34/98) на кои набавки Законот не се однесува, согласно со член 2 став 1 од Законот.
- Правилник за содржината на документот за бонитет („Службен весник на РМ“ бр.32/98 и 55/98), донесен врз основа на член 22 став 2 од Законот.
- Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на службена легитимација на инспекторот за контрола на буџет и за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.35/98), донесен врз основа на член 65 од Законот, и
- Решение за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за жалби по јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.39/98), донесено врз основа на член 61 став 1 од Законот.

Од горе изнесеното, може да се заклучи дека при изработката на Законот беше избран крајно сериозен пристап во уредувањето на содржината на текстот со утврдување на принципи консеквентно и доследно инкорпорирани и изразени на соодветните места во нормативниот дел од содржината на Законот. Следствено на тоа, Законот за јавни набавки создава нормативни претпоставки за рационално, правилно, ажурно и законско користење на средствата на набавувачите за набавките што се во врска со остварувањето на нивните функции и задачи.

За целосна имплементација на Законот, а согласно со член 10 став 3 од Законот, Министерството за финансии определи свои овластени претставници кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ. Овластениот претставник е должен да ја следи постапката за набавка кај субјектот во кој е определен и за истата редовно да го информира Министерството за финансии.

Имајќи го предвид претходно изложеното, како и сознанијата од досегашната примена на Законот за јавни набавки цениме дека Законот воспоставува рамка за законитост во јавните набавки. Ова особено од аспект на делегираните овластени претставници кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ, чија улога е, пред сè, превентивна во однос на наменското користење на средства, како и поради фактот што не може да се спроведе постапка за јавни набавки ако претходно не се обезбедени потребните средства.

Еден од најзначајните принципи на Законот за јавни набавки е начелото на транспарентност во процесот на набавките, а како потврда на доследна примена на принципот на транспарентноста е и податокот добиен од „Службен весник на РМ“, според кој во текот на 2000 година, во Република Македонија се објавени вкупно 485 огласи за јавни набавки од кои 174 постапки по отворен повик, 26 постапки по ограничен повик и 285 постапки со барање за прибирање на понуди.

Втората фаза од предвидените измени и дополнувања на Законот за јавни набавки ќе опфати и воведување на тело (агенција), кое ќе врши истражување на пазарот, односно аналитички пристап кон спроведувањето на јавните набавки во Републиката

КОМПАТИБИЛНОСТ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА РМ СО ДИРЕКТИВИТЕ НА ЕУ И МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАТИТЕ ПРИНЦИПИ НА ЈАВНИ НАБАВКИ

Заради ефикасна и целосна интеграција на земјите во транзиција во меѓународната заедница, се наметна потребата реформите на системите на јавните набавки на овие земји меѓу кои спаѓа и Република Македонија, да се гледаат како важен чекор кон таа интеграција. Сето тоа ја резултираше потребата од хармонизирање на националната политика на јавни набавки на Република Македонија со принципите на директивите за набавка на Европската унија кои ќе помогнат да се воспостави потесна врска со Унијата. Следствено на тоа, Законот за јавни набавки на РМ е целосно усогласен со директивите на ЕУ и меѓународно прифатените принципи на јавни набавки со што се олеснува и подобрува пристапот до позајмувањето од меѓународните финансиски институции. Исто така, во дозволениот транзиционен период, е дадена можност за приспособување кон правилата на Европската унија. Поединечните временски рамки за ова приспособување може да се преговараат во контекст на билатералните асоцијативни договори меѓу Европската унија и секоја нова земја членка. Мошне важна компонента на првата фаза во пристапувањето кон Европската унија е уважувањето на суштинските особини на режимот на набавките на ЕУ, прифаќањето на "acquis comunitaire" (орган на обичајно право разви-

ен од страна на Европскиот суд на правдата) и отстранување на сите елементи од системот на набавка некомпатибилни со режимот на набавки на ЕУ.

ПОТРЕБАТА ОД ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Сознанијата добиени од тригодишното практично применување на Законот за јавни набавки, потврдуваат дека Законот е поставен на високо ниво и дека тој всушност претставува солидно нормативно-правно решение за проблематиката на која се однесува. Но, и покрај ваквите оценки неопходно е наметната потребата од негово натамошно доусовршување и приспособување кон современите и веќе востановени решенија во законодавствата на повеќе европски земји. Поради тоа, во Министерството за финансии се утврдени точките на кои ќе се однесуваат измените и кои би се однесувале во неколку фази.

Измените и дополнувањата во првата фаза ќе се однесуваат, меѓу другото, и на:

- изработка на повеќе подзаконски акти;
- воведување на обука за сите учесници во јавните набавки и,
- воведување на евиденција на набавките.

Втората фаза од предвидените измени и дополнувања, ќе опфати и воведување на тело (Агенција, Служба или Биро) кое ќе врши истражување на пазарот, односно аналитички пристап кон спроведувањето на јавните набавки во Републиката.

ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА РАЗВОЈНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во документите за развој на Република Македонија на долг и среден рок се утврдени цели и приоритети со чија реализација се создаваат услови и претпоставки за успешна трансформација на економијата од транзициона во модерна, современа и конкурентна економија. При тоа, тежиштето е дадено на: продолжување на реформите; одржување на макроекономската стабилност; зголемување на производството и вработеноста; проширување на меѓународната соработка и намалување на сиромаштијата

Доне
ВЛАШКИ

УСЛОВИ ВО КОИ СЕ ОСТВАРУВА ТРАНЗИЦИЈАТА

По осамостојувањето во 1991 година, Република Македонија се определи за изградба на демократско општество со парламентарна демократија од западно-европски тип, правна држава и пазарна економија. Во земјата се гради систем на отворено стопанство со извозно ориентирана економија, со неприкосновеност на приватната сопственост, каде државната дерегулација, либерализираниот режим на надворешната трговија и на цените треба да станат основни атрибути во начинот на стопанисување и живеење.

Како земја во транзиција, Република Македонија остварува длабока трансформација низ реформи во речиси сите делови на општествениот живот. Промените во економската сфера се реализираат низ реформите во секторот на приватизација и преструктуирање-

то, монетарниот систем, финансискиот систем, даночниот и царинскиот систем, надворешно-трговскиот систем и др. Реформи се одвиваат и во јавната администрација, законодавството, судството, образованието, културата, социјалниот сектор, здравството, заштитата на животната средина. Во зависност од интензитетот на реформите во различните области тече и динамиката на приспособување кон европските и светски стандарди.

Изминатиот десетгодишен период на промени во македонската економија е најсложениот и најтешкиот дел од патот наречен транзиција кон пазарна економија. Платена е висока цена за имплементација на реформите и развојното приспособување. Покрај општествените трошоци на транзицијата, на висината на цената влијаеја и трошоците предизвикани од распадот на пазарите на поранешна СФРЈ и случувањата во регионот, посебно изразито високите трошоци и штети од неколкуте екстерни „шокови“ со кои стопанството на земјата се соочи во целиот изминат период на транзиција.

Исто така, врз остварувањето на овој процес влијаеше наследеното изразито ниско ниво на развиеност на земјата. Имено, Република Македонија се осамостои како една од најнеразвиените републики со: повеќегодишен пад на производството и инвестициите; со над 173 илјади невработени; со фискален дефицит од 11% од тогашниот општествен производ; со трговски дефицит од 200-300 милиони долари; со надворешен долг од над 1 милијарда долари; со приближно толкав долг и кон девизните штедачи; како и со хиперинфлација од близу 2000%.

Доне Влашки е роден во 1945 година.
Во 1967 година завршил Економски факултет во Скопје, производно–аналитички смер. Од 1974 година е вработен во јавната администрација и тоа во Републичкиот завод за општествено планирање, односно Министерството за развој. Од 1983 година е советник, а од 1986 година помошник на директорот во Заводот, односно на министерот во Министерството за развој, а од 1994 година е потсекретар на која функција е и денес во Министерството за финансии.
Најголем дел од работното искуство го има поминато на прашањата од макроекономијата и регионалниот развој. Има учествувано со свои текстови во повеќе документи на земјата изготвени од научни институции од макроекономијата и регионалниот развој, а има учествувано и на повеќе семинари од овие области.
Член е на Советот за статистика, стручно советодавно тело, формирано од Собранието на Република Македонија.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

Во вакви услови развојните документи на земјата имаа исклучиво стабилизационен карактер, со одредени развојни перформанси вградени во макроекономските политики во последните години.

И покрај остварените резултати, присутните неповолни состојби и проблеми и сложените услови во кои се остварува процесот на транзиција условија овој процес да се остварува со позабавена динамика од очекуваната, односно реформите во одредени домени да не го поприма потребниот интензитет, а остварената макроекономска стабилност се' уште да биде на ниско ниво.

ГЛОБАЛНИ ЦЕЛИ НА РАЗВОЈОТ

Трајни цели вградени во развојните и други документи кон кои се стреми Република Македонија се:

За Република Македонија, долгорочно гледано, од императивно значење е да се одржи тешко воспоставената макроекономска стабилност и таа да се подигне на повисоко ниво. За ова пресудно влијание имаат поставеноста на фискалната и монетарната политика и нивната усогласеност со стабилизационите цели на другите макроекономски политики, од една страна, и зголемување на понудата со домашно производство од друга

1) Вклучување во европските интеграциони процеси

Република Македонија минува во историски период во кој треба да бидат изменети општествениот систем на вредности, политичкиот систем, економскиот модел и насоките на растежот. При тоа, промените во стопанскиот систем треба да овозможат негово функционирање врз основа на принципите и стандардите кои важат за развиените пазарни економии, при што интеграцијата во Европа е основна цел на Владата на Република Македонија.

Со темелните реформи на општествениот систем, Република Македонија отвори можности за интензивирање на конкретните постапки за зачленување во Европската унија, и забрзана подготовка за членство во НАТО. Зачленувањето во Европската унија и НАТО е стратегиска цел и еден од највисоките приоритети на Владата. Во функција на ова, промените на стопанскиот систем се насочени кон: вклучување во светските трендови на технолошки промени; ослободување на стопанските субјекти од спрегите на државните органи; јакнење на иницијативноста на поединецот, слободен натпревар на економските субјекти и демонополизација на стопанството. Во рамки на вкупните реформи од клучно значење е сопствената трансформација, но не како крајна цел, туку како средство за полесно и побрзо стигнување до побогато општество, побогат граѓанин, динамично стопанство во подем.

Сврзано со ова, Владата на Република Македонија, во рамките на Стратегијата за интеграција што ја гради земјата предвидува: забрзување на процесот на приближување (хармонизација) на легислативата на земјата со таа на Европската унија; усогласување на трговската политика на Република Македонија и на стандардите со тие на Унијата; подготвување на економијата на земјата за предизвиците на европскиот пазар.

Првиот чекор во оваа насока е направен, со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а наведените активности се во функција на создавање на услови за нејзина имплементација.

2) Доследно изградување на отворено стопанство

Република Македонија, како мала земја според територијата и според бројот на вкупното население, има потреба од поширок пазар за пласман на производството. Исто така, во голем број стопански гранки, дури и кога има доволен обем на понуда, тоа најчесто се остварува од мал број на претпријатија, односно со недоволна конкуренција. Во овој случај, Владата ќе го обезбедува пазарниот систем преку спроведување на макроекономска политика на отворено стопанство. Ваквата политика се наметнува и поради фактот што на мала територија е објективно ограничен дијапазонот на природните ресурси, па е неопходен поширок асортиман на увоз. Секако, во оваа фаза на развојот на земјата Владата ќе настојува со макроекономската политика да обезбеди надворешна конкуренција, но таа да биде приближно со нивото на домашното производство и во рамките дозволени од Светската трговска организација (СТО). Со цел проширување на пазарите ќе се продолжи со склучување на спогодби, односно договори за слободна трговија со земјите со кои ќе се најде заеднички интерес. Ова, покрај другото, создава зголемена мотивираност за странски инвестиции во земјата.

3) Завршување на процесот на транзиција и функционирање на современа економија

Економската транзиција и во случајот на Република Македонија се јави на почетокот на деведесеттите години и во практиката се покажа како многу посложен процес отколку што се очекуваше. Дополнителен проблем за Република Македонија се неповолни-

те влијанија од случувањата во регионот и во земјата. Меѓутоа, токму заради тоа, излезот од економската криза траба да се бара преку побрзата изградба на нов интегрално пазарен економски систем, со приватна сопственост на најголемиот дел на капиталот и ресурсите, со менаџерско или претприемничко управување, со преструктуирани претпријатија и сл., односно со позабрзано завршување на процесот на транзиција. Меѓутоа, тоа реално може да се очекува на подолг рок.

ПРИОРИТЕТИ НА РАЗВОЈОТ

За остварување на глобалните цели на развојот, основни приоритети за Владата на Република Македонија претставуваат:

1) Одржување на макроекономската стабилност

За Република Македонија, долгорочно гледано, од императивно значење е да се одржи тешко воспоставената макроекономска стабилност и таа да се подигне на повисоко ниво. За ова пресудно влијание имаат поставеноста на фискалната и монетарната политика и нивната усогласеност со стабилизационите цели на другите макроекономски политики, од една страна, и зголемување на понудата со домашно производство од друга.

Република Македонија со успешноста и остварените резултати во последните години, создаде предуслови за постепено напуштање на чисто стабилизационата макроекономска политика и водење на макроекономска политика со развојни перформанси, што, особено во 2000 година, даде соодветни резултати. Последните случувања во земјата, повторно наметнаа потреба од преземање поригорозни стабилизациони мерки. Имајќи го предвид значењето на макроекономската стабилност овие мерки се нужност, меѓутоа, ќе се настојува со нормализирањето на состојбите истите да се ублажат, односно да се укинат. На среден рок ќе продолжи контролата на агрегатната потрошувачка со примена на најнеопходните стабилизациони мерки, но со поголем акцент на развојните компоненти.

2) Зголемување на ефикасноста на стопанството и премин на траен и одржлив економски растеж

Во економската наука и економската политика постои јасно изразено стојалиште дека фундаменталните цели и потреби се: ефикасноста и растежот. Во случајот на Република Македонија, како недоволно развиена земја, со присуство на периодични осцилации во стапките на растежот на бруто домашниот производ, кои во последно време во најголем дел се предизвикани од меѓународните политички и економски односи, но и од лимитите во ресурсите за развој, се наметна потреба и цел значаен приоритет да биде постигнување не само на повисоко општо ниво на економска развиеност, туку и траен и одржлив растеж на производството, прометот, услугите и сл. Впрочем, одржувањето на макроекономската стабилност на подолг рок е исто така во функција на оваа цел.

Во тесна корелација со можноста за остварување на оваа цел е намалувањето на ризичноста од политичко-безбедносен карактер. Оттука, Владата на Република Македонија во рамките на своите можности и влијание активно се бори и придонесува за намалување на ризичноста во земјата и регионот по сите основи, како предуслов за зголемена деловна и инвестициона соработка на домашните и странските стопански субјекти.

Во рамките на секторските приоритети, кои од своја страна се во функција на зголемено производство, Владата со макроекономската и развојна политика особен акцент дава на развојот на модерна индустриска економија, со витален сектор на услугите и високо продуктивно земјоделство.

Преструктуирањето на индустријата, како една од основните задачи на развојот ќе се остварува преку забрзано менување на структурата на индустриското производство и формирање на мали и средни претпријатија, особено со акцелераторски карактер, со што ќе се добие модерно, пропулзивно, флексибилно и профитабилно производство. При менувањето на структурата на индустриското производство носечки процеси ќе бидат ревитализацијата и осовременувањето на постојните производни програми, како и воведување на нови современи програми и технологии.

Во рамките на индустријата ќе се поддржува производството со повисока финализација, пазарно-компатибилното и извозно ориентирано производство. Во овие рамки зголемување на учеството се очекува кај комплексот на опрема и трајни потрошни добра и преработка на земјоделски производи, а ќе се задржи релативно високо учество на текстилот, кожата, неметалите, градежните материјали. Енергетиката ќе го следи развојот и потребите на стопанството и другите потрошувачи, при што ќе се настојува да се користат поефтини и обновливи енергенти.

Развојот на земјоделството ќе се заснова на нова концепција на експлицитна аграрна политика и аграрен развој и нејзино приспособување кон пазарната

економија, како основа за водење на практична макроекономска политика и во оваа област.

Во рамки на приоритетите во оваа област акцентот ќе се стави кон: рационално искористување на постојните и идни производни потенцијали; зголемување на можноста за поголем пласман на домашниот и особено на странскиот пазар; поголемо производство на квалитетна и здрава храна; поголем степен на финализација на земјоделските производи; сигурност во прозводството и пласманот на производите.

Имајќи ја предвид високата застапеност и значењето на руралните области за вкупниот развој и посебно за развојот на земјоделството, како и фактот дека голем дел од сиромашното население живее во овие средини, Владата на Република Македонија нивниот развој посебно ќе го поддржува преку квалитативно подобрување на условите за живот и работа во овие области и создавање услови за развој на земјоделството, посебно сточарството, како и развојот на мали бизниси во секторот на индустријата и услугите.

Република Македонија со успешноста и остварените резултати во последните години, создаде предуслови за постепено напуштање на чисто стабилизационата макроекономска политика и водење на макроекономска политика со развојни перформанси, што, особено во 2000 година, даде соодветни резултати

3) Зголемување на вработеноста и подобрување на социјалната положба на населението

За Република Македонија проблемот на невработеноста, чија стапка изнесува над 32% (според АРС) е еден од најсложените проблеми од долгорочен карактер. Оттука, меѓу најфундаменталните преференции на земјата, а со тоа и глобален приоритет за Владата претставува потребата од зголемување на продуктивната вработеност и намалување на невработеноста. Иако, решавањето на овој проблем, со оглед на можностите и ограничувањата мора да се остварува на подолг рок, како фактор на развојот од една и крупен социјален проблем од друга страна, тој претставува врвен приоритет за Владата.

4) Извозна ориентираност на стопанството и проширување на надворешно-економските односи

Република Македонија, како мало отворено стопанство со релативно лимитирани природни ресурси и обилен човечки потенцијал, објективно е упатена својата развојна перспектива да ја бара во нагласена извозна ориентација.

Во функција на остварување на оваа цел, Владата ќе создава услови за: забрзан економски раст и развој; отворен домашен пазар; поширок пробив и зголемена конкурентност на странските пазари; целосна интеграција во меѓународната економска заедница (асоцијативно, а потоа и полноправно членство во ЕУ, полноправно членство во СТО и др.); позначајно привлекување на странски директни инвестиции и осетно подобрување на билансот на плаќања, до неговото доведување во одржлив сооднос со екстерната ликвидност, економскиот растеж и макроекономската стабилност на земјата.

5) Продолжување и забрзување на реформските зафати

Основен приоритет на Владата во наредниот период претставува забрзување на процесот на реформите, а во тие рамки јакнење на процесите на преструктуирање и завршување на процесот на приватизација на претпријатијата и банките.

Во овие рамки посебен акцент ќе се даде на изнаоѓање можности за побрзо идентификување на номинирани сопственици на претпријатијата, што е предуслов за подобрување на корпоративното управување и поефикасното работење. Исто така, во оваа фаза акцент ќе се даде на процесот на постприватизација кој е особено значаен од аспект на преструктуирањето. Во овој контекст определба на Владата е проширување на опфатот на субјектите кои ќе се преструктуираат и приватизираат, при што посебен акцент ќе се даде на демонополизацијата на јавниот сектор.

Во рамките на процесот на приватизација, приоритет за Владата е преструктуирањето и приватизацијата на претпријатијата што во своето работење искажуваат загуби.

Во сферата на општествените дејности, здравството ќе се трансформира во нов национален здравствен систем кој ќе обезбедува високо квалитетна здравствена заштита. Социјалната политика на Владата ќе биде насочена кон зголемување на вработеноста, а не кон создавање и финансирање на армија на невработени. Владата ќе започне и со интензивно реформирање на пензискиот систем, со реформи во системот на образованието, при што ќе се залага за образование во кое ќе се развиваат и негуваат креативноста, самоиницијативноста и педагошките слободи, врз чи-

ја основа ќе се градат стопанскиот, научно-техничкиот, општествениот и културниот процес.

6) Намалување на сиромаштијата

Намалувањето на сиромаштијата претставува основен приоритет на Владата на Република Македонија. Во функција на остварување на овој приоритет се и претходно наведените задачи. Сврзано со ова, Владата подготвува посебна Стратегија, во која ќе се посочат приоритетните активности и начинот како тие да се остварат. Цел на Владата во реализацијата на овој приоритет е на среден рок степенот на сиромаштија да се намали од сегашните 20% на околу 17%, а подоцна да се обезбеди толерантна стапка.

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Врз овие основи на подолг рок во Република Македонија ќе се создаде критична маса на потребните елементи за јакнење на демократијата, заживување на стопанската активност и одржување на процес на економски растеж и развој во стабилни макроекономски услови, што ќе придонесува за подобрување на условите на животот и стандардот на населението, како крајна цел и приоритет.

Секако, остварувањето на овие цели и приоритети, имајќи ги предвид условите и можностите ќе биде тежок и сложен процес, но без алтернатива, што бара зголемени напори и самоодрекувања од сите субјекти во државата.

СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ - ПРОПУЛЗИВЕН ФАКТОР НА РАЗВОЈОТ

д-р Борис
БЛАЖЕВСКИ

Странските директни инвестиции претставуваат ефикасен инструмент за мобилизација на материјалните ресурси, работната сила и знаењето, во создавање на услови за растеж на бруто домашниот производ и за економски просперитет на Република Македонија

Борис Блажевски е роден во 1942 година. Завршил Економски факултет и е доктор по економски науки. Од 1967 година работи во Републичкиот завод за општествено планирање кој во 1991–година се трансформира во Министерство за развој. Со укинувањето на Министерството за развој во 2000 година помина на работа во Министерството за финансии. Во ова министерство најнапред беше помошник на министерот, а сега е раководител на Секторот за макроекономска и развојна политика на националната економија. Објавил над сто стручни и научни трудови, учествувал во подготвување на поголем број на научни проекти, а со трудови учествувал на повеќе научни собири. Објавил три книги во кои се истражуваат актуелни прашања од економијата на Република Македонија. Член е на Советот за демографски прашања при Македонската академија на науките и уметностите.

ВОВЕД

За остварување на процесот на транзиција и создавање на услови за трансформација на Република Македонија од земја во транзиција во модерна и конкурентна современа економија од особено значење е динамизирање на инвестициите. Со инвестициите се овозможува ревитализација на постојното стопанство и изградба на нови производствени капацитети, поинтензивно активирање на ресурсите, зголемување на размената и соработката со странство, а со тоа растеж на бруто домашниот производ на вкупната национална економија, поголемо вработување и зголемување на животниот стандард.

Растежот на инвестициите, пред се', треба да се остварува со зголемување на домашното штедење. Меѓутоа, со оглед на ниското ниво на развиеност и ограничените можности за зголемување на домашното штедење согледувањата покажуваат дека Република Македонија на подолг рок ќе биде упатена на користење на дополнителна акумулација од странство. При ова, согледувањата покажуваат дека дополнителната акумулација од странство во се' поголем обем треба да доаѓа по основ на директни вложувања бидејќи овој облик на прилив на средства претставува попропулзивен фактор на развојот.

Со странските директни инвестиции (СДИ) не се зголемува задолженоста на земјата, а се создаваат можности за поддржување на инвестициите, за увоз на современа технологија и кноњ хоњ кои доаѓаат заедно со СДИ, се проширува пазарот, се создаваат услови за преструктуирање на производството, согласно на меѓународните стандарди, се остварува поефикасно производство и слично.

УСЛОВИ ЗА ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Со радикалните реформи во стопанскиот систем кои се интензивирани во последните години и отвореноста на стопанството, се создаваат услови за поголем интерес на странските компании, фирми и лица за СДИ во Република Македонија.

Со Уставот на Република Македонија на странските лица им се дава право на сопственост и право на располагање со добивката. Создавањето услови за национален третман на странските инвеститори е основен принцип вграден во системските решенија во Законот за трговски друштва.

Влогот на странецот може да биде во валута, средства и право.

Создадени се услови за либерален третман на С Д И :

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

странскиот инвеститор, по правило, може да инвестира во сите области и дејности што се вршат во земјата, странецот има широко поле на дејствување и му се даваат подеднакви услови како и на домашните субјекти за користење на концесиско право; странскиот вложувач слободно располага со профитот што го остварува од вложените средства; може да управува или да учествува во управувањето на претпријатието сразмерно на вложените средства, а има и други погодности утврдени во соодветните закони (царински, даночни и други олеснувања и сл.).

Либерализирано е формирањето на слободните економски зони. Основачи на слободните економски зони можат да бидат едно или повеќе домашни или странски трговски друштва или други правни лица. Покрај основачите, корисник на зоната може да биде и друго домашно или странско правно или физичко лице регистрирано за вршење на дејности што се вршат во зоната.

На странските инвеститори, со системските и други решенија, им се создадени услови, покрај националниот третман, и за нивна поголема правна сигурност. Правната сигурност на инвеститорите се остварува со реформи во судската власт, работењето на арбитражите, обезбедувањето на капиталот на доверителите, користење на недвижности од страна на странските лица, заштита на интелектуалната сопственост и слично.

Со Законот за девизно работење, покрај слободниот пренос на добивката и на други финансиски средства, на нерезидентот кој е директен инвеститор му е предвидено право на надоместок или обесштетување во случај на експропријација или поради други мерки на државата. За поттикнување и заемна заштита на инвестициите, Република Македонија со повеќе земји има потпишано посебни договори. Во нив поблиску се уредуваат прашања за: поттикнување на инвестициите, експропријација и надоместок, репатријација и пренос, суброгација, дерогација и друго.

За поголемо привлекување на СДИ се прават напори за промоција на стопанството, а особено на неговите инвестициони иницијативи во странство. Сврзано со ова, подготвени се промотивни материјали, создадена е база на податоци, се одржуваат средби со странските потенцијални инвеститори, се организирани нивни посети во Република Македонија и разговори со стопанските субјекти со кои тие се заинтересирани за соработка и се остваруваат други активности.

Со склучувањето на договори, односно спогодби за слободна трговија со повеќе соседни земји и земји во регионот и пошироко како и со реализирањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија се зголемува пазарот, а со тоа и интересот на странските инвеститори за вложување во земјата.

За поголем прилив на СДИ од особено значење е надворешното опкружување. Тоа во изминатиот период од осамостојувањето на Република Македонија беше неповолно. На ова влијаеше ембаргото на ООН спрема СР Југославија, сообраќајното и економското ембарго на Република Грција спрема Република Македонија, како и воените дејства во регионот. Влошената политичко-безбедносна состојба во земјата во оваа година неповолно се одрази врз ризичноста. Меѓутоа, локалниот карактер на воените дејствија и постигнатиот Рамковен договор упатуваат на оценка дека политичко-безбедносната состојба во земјата ќе се подобрува, а со тоа и ќе се намалува ризичноста за вложување во националната економија.

СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ВЛОЖУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПО ЗЕМЈИ*)

	1995		1997		1998		1999	
	Бр. на договори	Во мил.$	Бр. на договори	Во мил.$	Бр. на договори	Во мил.$	Бр. на договори	Во мил.$
Вкупно	**121**	**8,4**	**117**	**30,9**	**122**	**112,3**	**195**	**38,1**
Германија	44	2,3	23	1,9	10	1,5	29	4,8
САД	5	1,4	3	1,7	4	3,4	7	1,1
Италија	20	1,9	7	0,1	4	1,4	4	0,1
Бугарија	11	0,3	3	0,0	5	0,5	17	0,1
Грција	8	0,2	34	4,4	18	3,2	45	13,1
Турција	8	0,2	3	0,1	4	0,4	17	2,5
Австрија	6	0,1	7	4,3	9	8,3	5	5,6
Лихтенштајн					3	20,3	1	2,1
Кипар					2	62,2	7	1,4
Останати	19	2,0	37	18,4	45	11,1	62	7,3

* Извор: Годишници на Државниот завод за статистика.

ОСТВАРЕНИ СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

1. Во првите години по осамостојувањето на Република Македонија, статистичките податоци покажуваат дека СДИ во 1993 година остварија најнизок обем од 0,8 милиони долари, наспроти 15,1 милиони долари во 1990 година. По 1993 година е остварен тренд на растеж на СДИ кои во 1998 година достигнаа обем од 112 милиони долари, а според претходните податоци од 2000 година - 122 милиони долари.

Учеството на СДИ во бруто домашниот производ се движи од 0,6% колку изнесуваше во 1994 до 3,2% во 1998 година и во 2000 година. Гледано по земји, најголем број склучени договори се остваруваат од инвеститори од Германија, Грција и Италија. Во 1998 година најголем дел од СДИ доаѓаат од Кипар и Лихтенштајн.

За разлика од другите земји во транзиција во Р. Македонија многу мала е застапеноста на инвеститори од САД.

Остварените СДИ имаат влијание врз состојбите на платниот биланс, динамиката на инвестициите и преструктуирањето на производството.

Нето приливот на средства по основ на СДИ позитивно влијае на салдото на финансиските трансакции во платниот биланс на земјата и ги подобрува состојбите во економските односи со странство. Нето приливот на средства по основ на СДИ евидентиран во платниот биланс оствари особено висок обем во 1998 и 2000 година. Имено, во 1998 година по овој основ е остварен прилив на средства во висина од 117, а во 2000 година од 170 милиони долари. Висок обем на средства по основ на СДИ се остварува и во 2001 година. Според податоците на Народната банка на Република Македонија нето СДИ во првиот квартал од оваа година изнесуваат 358 милиони долари (за високиот обем на СДИ во оваа година придонесуваат средствата добиени по основ на продажбата на Телекомот).

СДИ придонесуваат за растеж на инвестициите во основни фондови. Нивното учество во вкупните извори на финасирање на инвестициите во тек се движи од 7,9% колку што изнесува во 1997 година, односно 4,7% во 1998 година до 5,3% во 1999 година. Ова е релативно ниско ниво на учество на СДИ во инвестициите. И покрај ова, согледувањата покажуваат дека без користење на СДИ Република Македонија во последниве неколку години не ќе можеше да оствари растеж на инвестициите во основни фондови со стапка од околу 4%.

СТРУКТУРА НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (СОСТОЈБА ДЕКЕМВРИ 1998 ГОДИНА)

		–структура во %
Вкупно	100,0	
1.Примарен сектор	. . .	
2. Секундарен сектор	91,2	100,0
– храна, пијалаци, тутун	25,8	28,3
–текстил и конфекција	2,2	2,4
–преработка на дрво	0,3	0,3
–преработка на нафта	20,9	22,9
–производство на неметали	21,2	23,2
–производство на основни метали	20,6	22,5
– опрема и трајни потрошни добра	0,2	0,2
3. Терцијален сектор	8,8	100,0
– трговија	7,0	79,6
–транспорт и комуникации	1,8	20,4

Извор: United Nations Conference on Trade and Development, World Investment Report 2000, United Nations, New York and Geneva, 2000, стр. 27

Согледувањата за СДИ според дејноста на вложувањата укажуваат дека тие во основа се насочени во индустријата. Учеството на индустријата се движи околу 80%. По индустријата доаѓа трговијата со учество од околу 10%. СДИ, во оваа фаза на влез, се насочени кон поддршка на развојот на традиционалните дејности во секундарниот и терцијалниот сектор, додека мал е обемот на вложувањата во пропулзивните сектори на индустријата. Оттаму, се оценува дека во досегашниот период СДИ не придонесуваа за остварување на позначајни промени во производствената структура на националната економија.

Од табелата 2 се гледа дека најголем обем на СДИ е вложен во индустријата на преработки на земјоделски производи (храна, пијалаци и тутун), потоа во нафтената индустрија и во производството на основни метали.

Во комплексот на опрема и трајни потрошни добра, кој претставува најпропулзивен дел на индустрија-

та и еден од основните структурни приоритети на националната економија, се вложени минимални средства кои во вкупните инвестиции учествуваат со 0,2%. Отсуствуваат вложувања во комплексот на хемијата, односно преработувачката на хемиски производи.

Согледувањата покажуваат дека СДИ во основа се остваруваат по основ на приватизацијата на претпријатијата и банките, реконструкција и модернизација на постојното стопанство, а во помал дел по основ на изградба на нови капацитети, концесии и слично.

МОЖНОСТИ И НАСОКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СДИ

Во наредниот период посебен акцент ќе се даде на создавањето на услови за зголемена мотивираност за поголем прилив на СДИ. На ова ќе делуваат: заокружувањето на стопанскиот систем и неговата примена во практиката, функционирањето на институциите на пазарната економија, а особено на оние кои се значајни за движењето на капиталот; проширувањето на пазарот со склучување на договори за слободна трговија со соседните земји со кои тоа досега не е направено и со земјите во регионот и пошироко; стабилноста на цените и курсот на денарот; расположливите производствени потенцијали и релативно евтината квалификувана работна сила; либералната политика во привлекувањето на СДИ; мерките на развојната и на макроекономската политика; политичката стабилност на земјата; подобрувањето на надворешното опкружување.

Овие услови сами по себе нема да придонесат за поголем прилив на СДИ во земјата, ако не се прават засилени напори за промоција на стопанството и неговите инвестициони потенцијали, ако не се отстранат системските и административните пречки, кои процесот на вложувањата го прават недоволно атрактивен и доследно спроведлив. Стручните и научните истражувања укажуваат дека СДИ во Република Македонија ќе дојдат во поголем обем ако се создаваат поповолни внатрешни и надворешни претпоставки, со оглед на големата чувствителност на општите услови за развој на националната економија.

Од внатрешните услови кои треба да се создадат, секако треба да се истакне институционалното заокружување на економскиот и правниот систем.

Со системските решенија и развојната политика треба да се создаваат одредени погодности за поголема заинтересираност на странските инвеститори за вложување во стопанството на Р. Македонија. Во овие рамки, треба да се поедностави постапката за регистрирање на склучените договори за странски вложувања во земјата.

За поголемо привлекување на СДИ треба да се интензивираат активностите за промоција на Република Македонија и нејзините инвестициони потенцијали во деловниот свет. Ова треба да се остварува со издавање на водич за инвестирање, организирање на форуми за инвеститори, на кои ќе се сретнат домашните потенцијални инвеститори и странските субјекти заинтересирани за вложување во нашата земја, потоа печатење на разни информативни материјали и сл.

За проширување на пазарот и зголемување на заинтересираноста на странските субјекти за СДИ, треба да се склучат договори за слободна трговија со соседните земји со кои тоа досега не е направено и со земјите во регионот и пошироко. Со ова ќе се надминува „малиот пазар“ и ќе се создаваат услови за освојување на пазарот, што е една од целите на СДИ.

Се очекува СДИ да се остваруваат со формирање на нови производствени капацитети и капацитети за вршење на услуги, потоа со заеднички вложувања со домашни лица, со давање на концесии за користење на одредени природни добра и по други основи.

Создадени се услови за либерален третман на странските директни инвестиции: странскиот инвеститор, по правило, може да инвестира во сите области и дејности што се вршат во земјата, слободно располага со профитот што го остварува од вложените средства итн.

Согледувањата покажуваат дека постојат реални услови обемот на СДИ во наредниот период да се оствари на повисоко ниво од постигнатото во 1998, односно 2000 година.

Согледувањата вршени во врска со изготвувањето на одделни развојни документи на Република Македонија укажуваат дека директните странски инвестиции треба да се насочат кон:

- Пропулзивните индустрии и индустриите кои вклучуваат висока технологија и високо стручна работна сила, а пред сè, во комплексот на опрема и трајни потрошни добра и финални производи од хемискиот комплекс;
- Традиционалните индустрии во кои СДИ се потребни за да го подигнат постојното ниво на технолошка опременост, а пред сè, на комплексот на текстил и кожа, преработката на земјоделски производи, преработките на обоените метали и на други суровини и репроматеријали;
- Суровинските сектори, во кои присуството на

СДИ треба да овозможи не експлоатација на суровините, туку создавање на основна база за развој на блиските индустрии со повисок степен на обработка на производите, а особено на комплексот на основните метали и неметалите и слично.

Странските директни инвестиции во Република Македонија, главно, се остваруваат по основ на приватизацијата на претпријатијата и банките, реконструкција и модернизација на постојното стопанство, а во помал дел по основ на изградба на нови капацитети, концесии и слично

- Секторот на услуги како што се: банкарството, туризмот, градежништвото, телекомуникациите, транспортот и сл., каде предност треба да биде дадена на услугите кои се долгорочни и вклучуваат трансфер на модерна технологија и специфични знаења.

Овие инвестиции се очекува во поголем обем да бидат насочени во гранките акцелератори на развојот во индустријата, како и во другите стопански области.

Покрај условите за поголемо привлекување треба да се изгради и посебна стратегија за СДИ. Привлекувањето на СДИ треба да биде во функција на поддржување на глобалните структурни приспособувања и остварување на стабилен и континуиран растеж и развој на земјата. Ова ќе се остварува врз програмски пристап на одделни проекти кои почитувајќи ги критериумите на пазарната економија ќе ги има предвид и секторско-регионалните аспекти на развојната и макроекономската политика како и платно-билансната состојба на земјата.

ПРЕДИЗВИКОТ НА СЛОБОДНАТА ТРГОВИЈА

ОД ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА ДО ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Договорите за слободна трговија на претпријемачите кои донеле одлука да инвестираат во производство во Република Македонија им обезбедуваат бесцарински пазар за пласман на производите, кој е меѓу најголемите во Европа и изнесува 524,2 милиони потрошувачи

Оливера **ЦВЕТАНОВСКА**

ВОВЕД

Во првата декада на 21-от век светот се соочува со нови предизвици во меѓународните економски односи. Слободната трговија е основата на натамошниот развој на светската економија, која, пак, по достигнатиот степен на либерализација на светската трговија го забрзува својот развој заснован врз дигиталната технологија. Се промовира новиата насока на развој на светската економија именувана како „дигитална економија".

Доминантниот дел на светската трговија се остварува во рамките на, и меѓу регионалните економски асоцијации засновани врз принципите на слободната трговија. На европскиот континент слободното движење на стоките се остварува во рамките на Европската унија, ЕФТА, ЦЕФТА и Заедницата на независни држави. На Северно-американскиот континент функционира Договорот за слободна трговија - НАФТА, кој го овозможува слободното движење на стоките меѓу САД, Канада и Мексико.

Мултилатералната трговска либерализација како процес започнат пред 50-тина години со востановувањето на ГАТТ, после Уругвајската рунда низ регулативата, документите и активностите на Светската трговска организација продолжи со значајно намалување на царинските стапки и квантитативните ограничувања во трговијата, што беше одлучувачко за огромните резултати во либерализацијата на меѓународната трговија остварени особено од средината на 90-те до денес.

Во овој период, повеќето држави во светот се соочија со сознанието дека стратегијата на либерализација на трговијата е клуч за зголемување и унапредување на конкурентноста на домашното производство, основа на ефикасна алокација на капиталот и инвестициите, а со тоа и услов за побрз економски развој.

Либерализацијата на светската трговија придонесе во светски рамки да се подигне нивото на продуктивност на производството, да се забрза трансферот на технологијата и знаењата и со тоа да се динамизира светскиот економски развој. Овој процес придонесе, исто така, да се зголеми мобилноста на факторите на производството, особено на капиталот и технологијата.

Либерализацијата на меѓународната трговија го придвижи процесот на либерализација на инвестициите, односно влијаеше на постепено отстранување на бариерите за влезот на странските директни инвестиции во повеќето земји во светот.

Оценката дека странските директни инвестиции (СДИ) можат да придонесат за зголемување на економскиот развој и технолошкиот напредок, влијаеа повеќето држави во текот на 90-тите години од минатиот век да го либерализираат режимот на слободниот влез и излез на СДИ, низ легислативата да го зголемат степенот на заштита на странскиот капитал и правата кои произлегуваат од него, како и да се воспостават стандарди од статусно значење за странските вложувања.

За овој период е значајно приклучувањето на повеќето земји во развој, како и земјите на Централна, Источна и Југоисточна

Оливера Цветановска е дипломиран економист и работи во Министерството за економија. Дипломирала на Економскиот факултет во Скопје, а потоа се стекнува со богато работно искуство во: ОХИС – Скопје, Македонски железници, Влада на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, Секретаријат за стопанство на Собрание на Град Скопје, Министерство за стопанство, Министерство за трговија и сега, во Министерството за економија. Посетувала неколку меѓународни курсеви и семинари од областа на Принципи на проценка (Colombia University, USA), Макроекономска и финансиска политика (Институт на ММФ, Вашингтон, САД), Анализа на движење на готовинските текови (во организација на Светската банка), Квантитативна анализа на трговска либерализација итн. Активно ги познава англискиот и францускиот јазик.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

Европа во процесот на либерализација на трговијата и инвестициите.

Во овој процес на либерализација на движењето на инвестициите, најголеми резултати се постигнати во секторот на индустријата. Секторот на природните ресурси и дел од секторот на услугите сè уште се под определени ограничувања, дури и во најразвиените земји.

Либерализацијата на трговијата и инвестициите влијаат на интензификацијата на регионалната соработка, која продолжува и преку активностите на Светската трговска организација (СТО).

Низ процесите на регионална и суб-регионална соработка во светот, покрај развиените земји, во процесот на либерализација се вклучени и земјите во развој и земјите во транзиција, со различно ниво на достигнат економски развој, но со започнат процес на постепено приближување и хармонизација кон стандардите на либерализираното пазарно стопанство.

Развојот на технологијата во сите негови димензии (од намалување на транспортните трошоци по единица производ преку комуникацискиот развој до брзиот информатички напредок) го овозможи, и едновремено поттикна, процесот на дигитализација на светската економија. Развојот на дигиталната економија се оценува како предизвик во развојот на светската економија на дваесет и првиот век.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СТРАТЕГИЈА ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА НИЗ ПРОЦЕСОТ НА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА

Република Македонија од своето осамостојување се определи за развој на отворена пазарна економија, чии принципи се вградени во основите на нејзиниот институционален систем.

Основна карактеристика на македонската надворешно-трговска политика е градењето на отворени трговски односи во меѓународната економија. Притоа, од особена важност е процесот на либерализација на трговијата со земјите, кои се најголеми трговски партнери на Република Македонија.

Исто така, како составен дел на оваа политика, со постојната правна рамка целосно е либерализирано подрачјето на странските инвестиции. Се гарантира сопственоста и правата од сопственост на странските инвеститори, слободниот трансфер на капиталот и профитот.

Со Договорите за слободна трговија со Република Словенија, Република Хрватска, СР Југославија, Република Бугарија, Република Турција, ЕФТА државите, Украина и посебно со Привремената спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европските заедници, околу 80% од вкупната трговска размена на Република Македонија во 2001 година се остварува под преференцијални услови на либерализирана трговија.

Прегледот го илустрира значењето на Договорите за слободна трговија за македонскиот извоз. Податокот дека 85% од македонскиот извоз се остварува на странски пазари, на кои е обезбеден бесцарински пристап, покажува дека преференцијалите на слободната трговија се доминантни за конкурентната позиционираност на македонскиот извоз.

Показателот за 75%-ното учество на увозот од државите, со кои се склучени Договори за слободна трговија, укажува дека стопанствениците најголемиот дел од своите потреби за суровини, репро материјали и енергенти го реализираат под преференцијални услови на бесцаринско, или мало царинско оптоварување. Овој индикатор, исто така, укажува за влијанието на Договорите за слободна трговија врз конкурентноста на македонските производи на странските пазари.

Учество на извозот и увозот на Република Македонија во периодот јануари -јуни 2001 година по економски групации и земји со кои Република Македонија има склучено Договори за слободна трговија

Во проценти	Извоз	Увоз
Европска Унија	47,1	40,3
ЕФТА	5,0	1,6
СР Југославија	23,6	9,1
Република Словенија	1,7	7,5
Република Хрватска	5,6	2,6
Република Бугарија	1,8	6,4
Република Турција	0,5	2,6
Украина	0,0	5,1
Вкупно	85,3	75,2

Преку либерализација на трговската размена на производителите и претприемачите им се создава поволен амбиент за зголемување на нивните активности, а воедно на сите инвеститори им се обезбедува еден од клучните елементи за одлука: големината на пазарот.

МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР Е МЕЃУ НАЈГОЛЕМИТЕ ВО ЕВРОПА

Договорите за слободна трговија на претприемачите кои донеле одлука да инвестираат во производство

во Република Македонија им обезбедуваат бесцарински пазар за пласман на производите, кој е меѓу најголемите во Европа и изнесува 524,2 милиони потрошувачи.

Основниот предуслов да се искористат предностите на вака димензионираниот преференцијален пазар е производите да ги задоволуваат правилата за потекло на Европската унија. Тоа значи дека на преференцијалниот пазар може да смета секое производство во Република Македонија, кое доминантно е базирано на искористеноста на домашните ресурси. Тоа се докажува со издадениот доказ за потекло, ЕУР 1 од страна на Царинската управа на Република Македонија.

Во Договорите за слободна трговија на Република Македонија, прашањето на либерализација на увозот е регулирано во рамките на максималните рокови, како и на регулативата што ги допуштаат базичните документи на Светската трговска организација, а особено Членот XXIV на GATT 1994.

Во Договорите за слободна трговија склучени во периодот 1998-2000 година, либерализацијата на увозот е постепена, во транзиционен период од десет години (Европска унија, ЕФТА, Украина, Република Турција). Со тоа, на постојното домашно производство и на сите инвеститори во нови производствени капацитети им е овозможен релативно реален период за производствено и пазарно приспособување кон увозната конкуренција.

Преглед на склучените Договори за слободна трговија од аспект на големината на пазарот кој се обезбедува за преференцијална трговија за македонските производи

Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и:	**Либерализација на индустриските производи при извоз** *(Глава 25-97 од Царинската тарифа)*	**Либерализација на земјоделско-прехранбени производи при извоз** *(Глава 1-24 од Царинската Тарифа)*	**Население-пазар**
Република Словенија	Целосно бесцарински извоз на индустриски производи	Концесиони листи на бесцарински извоз и увоз на годишно ниво	2.000.000
СР Југославија	Целосен бесцарински извоз на индустриски производи	Слободен извоз, освен за определен помал број сензитивни производи кои се остваруваат во рамките на годишните царински квоти	10.300.000
Република Хрватска	Целосен бесцарински извоз на индустриски производи	Концесиони листи на без царински извоз и увоз на годишно ниво	4.800.000
Република Бугарија	Бесцаринска трговија на 85% од индустриските производи Целосна бесцаринска трговија од 1.01. 2004 година	Концесиони листи на без царински извоз и увоз на годишно ниво	8.400.000
Република Турција	Целосен бесцарински извоз на индустриски производи	Концесиони листи на без царински извоз и увоз на годишно ниво	62.697.000
ЕФТА-држави (парафиран)	Целосен бесцарински извоз на индустриски производи	Концесиони листи на без царински извоз и увоз на годишно ниво	12.000.000
Украина	Целосен бесцарински извоз на индустриски производи	Концесиони листи на без царински извоз и увоз на годишно ниво	51.000.000
Европска унија	Целосен бесцарински извоз на индустриски производи	Постепено намалување на царинските стапки, и квоти за одредени производи на годишно ниво	373.000.000
СÈ ВКУПНО			524.197.000

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПРОЦЕСИТЕ НА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

На 27 јуни 2001 година во Брисел (Белгија), министрите за економија на Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, СР Југославија, Република Македонија и Романија го потпишаа Меморандумот за либерализација и олеснување на трговијата. Со Меморандумот се уредени принципите врз кои земјите од ЈИЕ во периодот до 2002 година меѓу себе ќе склучат билатерални Договори за слободна трговија.

Република Македонија од своето осамостојување се определи за развој на отворена пазарна економија, чии принципи се вградени во основите на нејзиниот институционален систем

Слободната трговија претставува основа за траен и стабилен економски развој на Република Македонија. Едновремено, таа е и голем предизвик за инвеститорите кои имаат намера да инвестираат во Република Македонија

Основната определба на Меморандумот, која ги обврзува сите земји од ЈИЕ, е укинување на увозните царини или давачки со еквивалентен ефект на ниво од 90% од меѓусебната трговија и тарифните линии на Хармонизираната тарифа, најдоцна до крајот на транзициониот период кој не треба да биде подолг од 6 години од денот на стапување во сила на Договорите.

Врз принципите на Меморандумот, а пред сè, во насока на зголемување на степенот на либерализација на трговијата ќе бидат изменети постојните билатерални Договори за слободна трговија меѓу земјите од регионот.

Тргнувајќи од принципите на македонската надворешно-трговска политика и Меморандумот, експертската група на Владата на Република Македонија е во фаза на финални преговори за склучување на Договор за слободна трговија со Република Албанија и Босна и Херцеговина. Договорите за слободна трговија со Република Хрватска и СР Југославија ќе бидат изменети и дополнети до крајот на 2001 година.

СЛОБОДНА ТРГОВИЈА: ПЕРСПЕКТИВИ

Слободната трговија е реалност која им дава шанси на претприемачите во Република Македонија да го проверат конкурентното ниво на својот производ во однос на квалитетот, дизајнот, стандардите и цената на светскиот пазар. Таа создава услови за трансфер на капитал, знаење и менаџмент и го лансира индивидуалниот капацитет да се развие сопствена марка, име и препознатливост.

Тешкотиите со кои се соочува македонската економија, и во кои доминантно место имаат неекономските фактори често ја наметнува заблудата дека слободната трговија иѝ штети на ниско продуктивната економија. Меѓутоа, одговорите за причините поради кои ниско продуктивната економија останува тоа што е, не треба да се бараат во слободната трговија.

Во наредниот период ќе се продолжи со оценката на извозната пазарна позиционираност на македонското производство во земјите на ЦЕФТА. Врз тие основи ќе се предложат и соодветни одлуки на Владата на Република Македонија.

Слободната трговија претставува основа за траен и стабилен економски развој на Република Македонија. Едновремено, таа е и голем предизвик за инвеститорите кои имаат намера да инвестираат во Република Македонија.

СЛОБОДНИ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ

основањето на слободните економски зони овозможува подобрување на просторната рамнотежа во развојот и тоа, пред се, преку порамномерно разместување на индустриските капацитети и порационално користење на просторот

Зорица **ДОНЧЕВСКА**

Слободните зони како институционална развојна форма, имаат значајна улога во заживувањето и економскиот напредок на земјите во развој и во транзиционите општества (било тоа да се слободни зони, економски, индустриски, царински и слично). Тие спаѓаат во погодностите што ги обезбедува државата за интензивирање на инвестиционият циклус преку влез на странски инвестиции и поттикнување на домашното предприемништво и како такви претставуваат значаен акцелератор на севкупниот економски развој.

Во Програмата за поттикнување на инвестициите, со посебен осврт на привлекувањето странски директни инвестиции, која Владата на Република Македонија ја усвои во март 1999 година, како дел од стратегијата за инвестирање во земјата, императив, во напорот за изнаоѓање нови институционални развојни форми, е даден на формирање на слободни економски зони во еден релативно кус временски период, паралелно со обезбедување легислатива усогласена со европските стандарди.

Покрај поттикнувачката функција во заживувањето и забрзувањето на економскиот циклус и тоа, пред се, преку интензивирање на инвестиционият циклус, се оцени дека оваа определба ќе им овозможи поголема сигурност на инвеститорите, а со тоа и поголема мотивираност за инвестирање. Истовремено, основањето на слободните економски зони овозможува подобрување на просторната рамнотежа во развојот и тоа, пред се, преку порамномерно разместување на индустриските капацитети и порационално користење на просторот. Воедно, се обезбедуваат можности за развој и заживување на одредени рурални подрачја и погранични подрачја со користење на ресурсите од земјите со кои што се граничат, меѓутоа и можности за растоварување на урбаните средини од дополнителна индустријализација, како и поттикнување на развојот на градовите со средна големина.

Особено значаен аспект, во услови на присуство на релативно ефтина работна сила и обезбедена критична маса на образован кадар, преставува и можноста за отварање на нови вработувања што е од непроценливо значење во остварувањето на едно од основните права на граѓанинот во земјава, правото на работа.

Со основањето на слободни економски зони, кои воедно би имале третман на бесцарински зони, се обезбедува и зголемување на извозот, а со тоа и позитивни ефекти врз надворешно трговската размена на земјата и платниот биланс на истата. Истовремено, со нив се обезбедува трансфер на нови технологии и техники, запознавање со нови производни процеси и нивна имплементација во националната економија, подинамичен развој на домашните технологии, како и јакнење на конкурентноста на стопанството.

Остварувањето на очекуваните погодности од слободните економски зони, наложуваше утврдување на критериуми за избор на можни локации што ќе доби-

Зорица Дончевска е дипломиран економист. Од 1978 година е вработена во Министерството за развој се' до неговото интегрирање во Министерството за финансии. Била советник на министерот од 1986 година до 1999 година, кога е именувана за помошник на министерот. Нејзина потесна специјализираност се фискалната политика и билансите. Член е на неколку работни групи за подготовка на одделни закони (Закон за статистика, Закон за слободни економски зони и сл.), координатор на проект – Стратегија за вклучување на Република Македонија во европските интеграциони процеси, соработник во подготовката на проектот Димензиите на сивата економија во Република Македонија, подготвувач на сепаратни материјали и сл.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

јат статус на слободни економски зони. Природни погодности (релјефни, климатски, хидролошки, сеизмолошки и сл.), близина на регионален развоен центар, инфраструктурна опременост на локациите или можности тие да се обезбедат (поврзаност со сообраќајни јазли, довод на вода, електрична енергија и други енергенси), демографски потенцијали (квалитет и квантитет на расположивата работна сила) и геополитичките и стратешки критериуми беа основните, појдовни критериуми на мултидисциплинарниот стручен тим, во подготовката на физибилити студијата, изработена од Јавното Претпријатие за Просторни и Урбанистички планови.

Со основањето на слободни економски зони, кои воедно би имале третман на бесцарински зони, се обезбедува и зголемување на извозот, а со тоа и позитивни ефекти врз надворешно трговската размена на земјата и платниот биланс на истата

Според истата, како можни локации се обработени и препорачани: Ржнаничино - Скопје, Бунарџик - Скопје, Камник - Скопје, Прдејци -Гевгелија, Ново Лагово -Прилеп и Царински терминал - Битола. Истите се вградени во Просторниот план на Република Македонија, изработени се поодделни урбанистички планови, а од страна на Владата на Република Македонија се донесени урбанистичките планови за локациите Бунарџик - Скопје и Прдејци - Гевгелија. Во фаза на реализација е слободна економска зона во локалитетот Бунарџик - Скопје. Обезбедувањето на надворешната инфраструктура на оваа локација од околу 120м^2 е во надлежност на државата, додека реализацијата на внатрешната инфраструктура ја изведува основачот на зоната.

Паралелно со овие активности предвидени со Програмата за поттикнување на инвестициите, со посебен осврт на привлекувањето странски директни инвестиции, се изврши доградба на законската регулатива со која се обезбедува правната сигурност на инвеститорите. Принципот на правната сигурност и националниот третман на инвеститорите претставуваат најголема погодност за инвеститорите кои ги нуди земјата со цел привлекување , зголемување и насочување на инвестициите во одредени приоритети на државата.

Законска регулатива, која ќе кореспондира со новата клима за отворање на земјата кон странскиот капитал и максимално искористување на нејзините компаративни предности за побрз економски развој, беше основната одредница во реализацијата на овие активности.

Востановувањето посебна законска регулатива за слободни економски зони, односно издвојувањето на одредбите кои ја регулираат оваа проблематика од постојниот Царински закон („Службен весник на РМ“ 21/98 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/98)), произлезе од одредени слабости во структура на постојниот закон, што заедно со несоодветниот амбиент во земјата во целина, не овозможи негова операционализација во практиката, а со што изостана и неговата улога во привлекување странски инвестиции.

Исто така, една од причините за донесување на Законот за слободни економски зони („Службен весник на РМ“ бр. 56/99 и „Службен весник на РМ“ бр. 41/2000) преставуваше и потребата од законско уредување на управувањето со слободните зони и формирањето единствен управен орган, кој пред се ќе се грижи за развој на слободните зони, ќе им дава стручна помош на инвеститорите околу работењето во нив и ќе го следи исполнувањето на пропишаните услови за нивното работење.

Искуството на голем број земји, во транзиција или високо развиени, укажува на преферирање ваква концепција, издвоена од другата законска регулатива, со цел да се прецизира материјата што се регулира со законот и да се поедностави постапката за доградување на истата.

Слободната економска зона, согласно Законот, се утврдува како дел од територијата на Рпепублика Македонија, посебно оградена, означена, во која како во целина и според пропишани услови се вршат стопански дејности и на кој важат посебни даночни, царински и други погодности.

За основање на слободна зона потребно е исполнување на неколку основни услови, од кои покрај техничките, од особено значење се и: обезбедување на извоз во висина од максимум 70% од остварената вредност на производствот и услугите, градуирано од 51% во првата година на работењето, односно 62% во втората и секоја следна 70%; обезбедување потребен почетен капитал и остварување стопанската активност која е прифатлива од еколошки аспект.

Профилот на основач на слободната економска зона од аспект на искуството во работењето во истите, финансиска состојба и сл. како и постапката на стекнувањето на ова својство е, исто така, регулирано со Законот, при што подеднаков третман е даден на домашните и на странските правни лица. Ваков третман имаат и корисниците на слободната зона, со таа разлика што ова својство може да го стекнат, покрај правни, и физички лица регистрирани за дејностите што ќе се вршат во зоната.

Пропишаната постапка во Законот предвидува доставување писмено барање до органот надлежен за работењето со слободните економски зони од страна на основачот, со кое, покрај пропишаните податоци и документи доставува и докази за исполнување на утврдените услови. Владата на Република Македонија, врз основа на одобрение на органот надлежен за работење со слободните економски зони, дава согласност за основање на слободна економска зона. Истовремено, утврдени се и условите при кои Владата ја повлекува веќе дадената согласност.

Посебна погодност за инвеститорите е можноста за ослободување од царински давачки, под услови утврдени во Законот. Покрај тоа, во законот се предвидени даночни погодности и тоа - ослободување од плаќање на данок на промет; данок на добивка и данок на имот (за период од 10 години од отпочнувањето на дејноста во зоната), даноци на недвижнини и други видови сопственост меѓу корисниците во зоната, како и други даночни олеснувања.

Исто така, како посебни погодност, покрај ослободувањето од одделни примарни инфраструктурни давачки, е предвидено и давање на земјиштето во закуп и подзакуп за период од 50 години, со можност за продолжување за 25 години, а под услови уредени со закон.

Во зоната е дозволено да се вршат дејности сврзани со производство и услуги за извоз, промет на големо, надворешно-трговскиот промет, банкарски и други финансиски работи, работи на осигурување и реосигурување на имоти и лица и други стопански активности, со исклучок на текстилната индустрија.

Покрај тоа пропишани се и дејности кои не смеат да се остваруваат во зоната.

Предвиденото институционално решение со Законот - основање на органот надлежен за работење со слободните економски зони - Дирекција за слободни економски зони, односно предвидените надлежности на истата, овозможува утврдување на економскиот интерес од основањето на слободни економски зони, вградување на развојниот аспект во уредувањето и спроведувањето на политиката за слободни економски зони, како и поголема ефикасност во стопанисувањето со слободните економски зони и скратување на времето на инвеститорот потребно за обезбедување одделни дозволи сврзани со отпочнување на работењето во истите.

Особено ангажирање на Дирекцијата се предвидува во промотивната активност за привлекување инвеститори во слободните економски зони, како и во взаемно долгорочно поврзување на домашните и странските инвеститори во функција на побрз развој на земјата

Особено ангажирање на Дирекцијата се предвидува во промотивната активност за привлекување инвеститори во слободните економски зони, како и во взаемно долгорочно поврзување на домашните и странските инвеститори во функција на побрз развој на земјата.

МОЖНОСТИ ЗА СТРАНСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД АСПЕКТ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Лилјана
ПОПОВИЌ

Иако донесувањето на новиот Закон за градежно земјиште одеше бавно, конечно, оваа година, со неговото донесување се изврши долго очекуваната реформа во земјишната политика на Република Македонија. Со оглед на фактот дека Законот го гарантира правото на сопственост на градежно земјиште и правната заштита на сопственоста, отстранети се законските бариери за странски вложувања во Република Македонија

Лилјана Поповиќ е родена во 1955 година во Радовиш. Основно и средно образование завршила во Радовиш, а Правен факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1982 година. Во 1984 година, по дипломирањето, се вработува во Основниот Суд на здружен труд – Скопје, на работно место стручен соработник, а во 1985 година го положила правосудниот испит. Од 1990 година до 1997 година работи во Министерството за правда била на работно место началник на Одделението за управа и локална самоуправа. Од 1997 до 2000 година, работи во Министерството за урбанизам и градежништво, како советник на Министерот за урбанизам и градежништво. Инаку, од 2000 година до сега, работи во Министерството за транспорт и врски на работното место – Раководител на Одделението за нормативно–правни работи.

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 4 јули 2001 година го донесе Законот за градежно земјиште, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 53 од 12 јули 2001 година. Законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се применува од денот на примената на Законот за сопственост и други стварни права, односно средината на септември 2001 година.

Примената на Законот за градежно земјиште е условена со примената на Законот за сопственост и други стварни права од причина што Законот за сопственост и други стварни права е општ закон со кој во правниот систем на Република Македонија се гради новиот сопственички систем.

Темелите на новиот сопственички систем ги постави Уставот на Република Македонија од 1991 година. Законот за сопственост и други стварни права како општ закон и Законот за градежно земјиште, ги уредуваат општите и посебните правила за сопственоста како основен стварно-правен институт, содржината на правото на сопственост, основните и изведените облици на сопственоста, стекнувањето, заштитата и престанокот на правото на сопственост.

Според претходната законска регулатива градежното земјиште беше во општествена сопственост, односно сопственост на Републиката на кое физичките и правните лица можеа да стекнат само право на користење, а прометот со земјиштето беше повеќе од 40 години забранет. Меѓутоа, со новиот Закон за градежно земјиште се пропишани нови правила во управувањето со градежно земјиште, со што конечно се дава силен придонес во заокружувањето на уставната определба на Републиката за пазарно ориентирано стопанство.

Една од најзначајните одредби на Законот за градежно земјиште е одредбата на членот 4 и членот 8, во кои е пропишано дека на градежно земјиште може да се стекнува право на сопственост и дека прометот со градежното земјиште е слободен.

Ваквата законска определба конечно ќе овозможи да заживеат пазарните услови и во земјишната политика, што долго време се очекуваше во Република Македонија, како од домашните, така и од странските инвеститори.

Согласно со Законот за градежно земјиште дефинирано е дека сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа површината на земјиштето и сè она што со него е трајно поврзано, а се наоѓа на површината или под површината на земјиштето.

Законот за градежно земјиште во посебна глава пропишува преоден режим,

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

со кој постојното корисничко право на градежното земјиште треба да се трансформира во право на сопственост или право на долготраен закуп. Физичките и правните лица носители на правото на користење на градежно земјиште, согласно со новиот Закон за градежно земјиште, во рок од 10 години од влегувањето во сила на Законот се должни врз основа на валидна документација да извршат трансформација на правото на користење во право на сопственост или во право на долготраен закуп. Тоа значи дека, физичките и правните лица само по извршената трансформација на правото на користење на градежното земјиште и по запишувањето на правото на сопственост или долготраен закуп во јавната книга, ќе може да го продаваат земјиштето и објектот изграден на него или да го даваат под долготраен закуп. Начинот и постапката на трансформацијата се пропишани во одредбите на членовите од 49 до 67 на споменатиот Закон. Трансформацијата ќе се врши во Министерството за транспорт и врски, како надлежен орган за управување со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

Имајќи го предвид европското законодавство во делот на правата на странците над градежното земјиште, законодавецот се определи странските лица во Република Македонија да не можат да стекнуваат право на сопственост над градежно земјиште, туку само право на долготраен закуп, под услови утврдени во Законот.

Имено согласно со член 6 од Законот, градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија и на домашни физички и правни лица. Ваквата законска норма предвидува дека освен наведените субјекти никој друг нема можност да биде сопственик на градежно земјиште. Во контекст на ова важно е да се истакне дека, за разлика од физичките и правни лица-сопственици на градежно земјиште за кои Законот не пропишува посебен начин на оттуѓување, градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, ќе може да се оттуѓува само преку јавно наддавање и со непосредна спогодба. Постапката на оттуѓувањето ке ја спроведува Министерството за транспорт и врски, како надлежен орган за работите што се однесуваат на градежното земјиште. Начинот на оттуѓувањето на ова земјиште ке биде пропишан во посебен акт, што во најскоро време треба да го донесе Владата на Република Македонија.

Сопствениците можат градежното земјиште да го даваат на домашни и странски физички и правни лица под концесија и под долготраен закуп. Долготрајниот закуп може да трае најмногу 99 години.

Под концесија може да се даде она градежно земјиште, чија намена, утврдена со просторните и урбанистичките планови и актите што ги заменуваат тие планови, е поврзана со дејност или добро во општ интерес на Републиката. Законот за градежно земјиште, поточно неговите одредби 14, 15, 16, 17 и 18, пропишува дека само Владата на Република Македонија може да даде концесија и тоа за она градежно земјиште, кое е во сопственост на Република Македонија. Ова значи дека физичките и правните лица кои се сопственици на градежното земјиште не можат да го даваат своето земјиште под концесија.

Концесијата може да се даде само по претходно спроведен јавен конкурс. Доколку на објавениот јавен конкурс не се јават заинтересирани лица, градежното земјиште може да се даде под концесија во постапка со прибирање на понуди. Постапката на јавниот конкурс и постапката на прибирањето на понудите се спроведуваат согласно со Законот за концесии и Законот за градежно земјиште. Во договорот за концесија се утврдува висината на надоместокот за користење на концесијата, кој зависи од најповолната понуда од јавниот конкурс, односно прибраните понуди.

Една од најзначајните одредби на Законот за градежно земјиште е дека на градежно земјиште може да се стекнува право на сопственост и дека прометот со градежното земјиште е слободен. Со тоа, конечно ќе се овозможи да заживеат пазарните услови и во земјишната политика, што долго време се очекуваше во Република Македонија, како од домашните, така и од странските инвеститори

Стручните и административните работи за давање на користење на градежно земјиште под концесија ги врши органот на државната управа надлежен за работите на управување со градежното земјиште, а тоа е Министерството за транспорт и врски.

За разлика од концесијата, градежното земјиште под долготраен закуп може да го даваат сите сопственици и тоа како на домашни, така и на странски физички и правни лица.

Правото на долготраен закуп е новина во правниот систем на Република Македонија. Со ова право треба да се обезбеди градежна активност, согласно со урбанистичките планови на Републиката и тоа: кога сопственикот на градежното земјиште нема средства за изградба на земјишето, не сака сопственички однос или не може да обезбеди сопственички однос врз градежно земјиште. Во такви случаи сопствениците на градежното земјиште имаат законска можност сопственото градежно земјиште да го даваат под долготраен закуп најмногу до 99 години, на домашни или странски физички и правни лица. Начинот на давањето под долготраен закуп, односно стекнувањето, заштитата и престанокот на правото се уредени во одред-

бите на членовите од 19 до 38 на Законот за градежно земјиште.

Во оваа смисла битно е да се истакне дека со стекнувањето на ова право, носителот на правото на долготраен закуп е сопственик на објектот изграден на тоа градежно земјиште, а во поглед на градежното земјиште кое е оптоварено со право на долготраен закуп тој има права и обврски на плодоуживател.

Во поглед на начинот на стекнувањето, Законот предвидува дека правото на долготраен закуп на градежно земјиште може да се стекне со договор и со одлука на суд. Тоа може да се оттуѓи и да се наследи со закон или со договор за долготраен закуп, доколку со договорот или закон не е поинаку определено.

Под концесија може да се даде она градежно земјиште, чија намена, утврдена со просторните и урбанистичките планови и актите што ги заменуваат тие планови, е поврзана со дејност или добро во општ интерес на Републиката

Што се однесува до објектот кој е изграден врз основа на правото на долготраен закуп, според Законот објектот се пренесува, се наследува и оптоварува заедно со правото на долготраен закуп.

Правото на долготраен закуп задолжително се запишува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите, а Договорот за долготраен закуп произведува правно дејство од денот на запишувањето во јавната книга.

Законот пропишува дека правото на долготраен закуп престанува со пропаѓање на објектот, откажување од правото од страна на носителот на правото на долготраен закуп и со исполнување на условите за запишување во јавната книга. Престанокот на правото на долготраен закуп, исто така, се запишува во јавната книга и произведува правно дејство од денот на запишувањето.

Како еден од условите за раскинување на Договорот за долготраен закуп е уништувањето на објектот до таа мера да не може да се употребува за целта за која бил наменет и доколку во рок од три години од уништувањето не биде повторно изграден во мера колку е неопходно да служи за својата поранешна главна намена.

Законот за градежно земјиште, исто така, става посебен акцент и на уредувањето на градежното земјиште. Така според членот 42, под уредување на градежно земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата со цел да се обезбеди непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона, електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела. Уредувањето како дејност од јавен интерес е надлежност на општините. Согласно со Законот, градењето на објекти се врши на уредено градежно земјиште. За уредувањето инвеститорот на објектот е должен да плати надоместок, меѓутоа доколку општината не го предвидела или не го уредила градежното земјиште, Законот дава можност тоа да го стори инвеститорот на сопствен трошок. Во тој случај, тој не е должен да ѝ плати на општината надоместок за уредувањето.

Претходно наведените аспекти се дел од решенијата што ги содржи Законот за градежно земјиште.

Иако донесувањето на новиот Закон за градежно земјиште одеше бавно, конечно, оваа година, со неговото донесување се изврши долго очекуваната реформа во земјишната политика на Република Македонија. Со оглед на фактот дека Законот го гарантира правото на сопственост на градежно земјиште и правната заштита на сопственоста, отстранети се законските бариери за странски вложувања во Република Македонија.

МАКРОЕКОНОМСКАТА РАМКА ВО РЕДИЗАЈНИРАНАТА ПРОГРАМА ПОДДРЖАНА ОД ММФ

Со сиот ризик да добие забелешки од страна на Мисијата на ММФ дека настапува со несериозен оптимизам, македонскиот тим во текот на разговорите го следеше мотото дека војната нема да престане, пред да престанат мислите за неа

Александар **СТОЈКОВ**

ВОВЕД

Патот кон иднината, за жал, води преку сегашноста.

Неславниот крај на претходниот ESAF аранжман,[1] кој не успеа да ги промовира структурните реформи, ја поттикна Владата на Република Македонија во ноември 2000 година да склучи нов тригодишен финансиски аранжман со ММФ во рамките на PRGF/EFF.[2] Станува збор за среднорочна економска програма која го покрива периодот октомври 2000 - септември 2003 година и чија основна цел е „намалување на сиромаштијата и промовирање на брз и одржлив раст преку зачувување на макроекономската стабилност и забрзување на структурните реформи". Имајќи предвид дека аранжманот е склучен во година во која Република Македонија забележа највисоки резултати во нејзината независна економска историја, година на здрав фискален менаџмент, дисциплинирана монетарна политика и туку што разгорен фронт на структурни реформи, сосема реалистични изгледаа очекувањата дека конечно ќе биде иницираан одржлив економски раст. Како и во секоја програма поддржана од Фондот, беше составена среднорочна макроекономска рамка, беа формулирани политиките и мерките за постигнување на целите на програмата и беа дефинирани квантитативните критериуми за успешност, структурните индикатори и индикативните таргети за следење на реализацијата на програмата.

За жал, почнувајќи од март оваа година дојде до драстично влошување на политичко-безбедносната состојба во земјата, што автоматски се реперкуираше не само врз економските текови, туку и врз формирањето на очекувањата на економските субјекти. Во нарушениот макроекономски амбиент, сосема очекувано, програмата поддржана од ММФ „скршна" од предвидената патека (off-track). Од тие причини, во текот на јуни, претставници на Министерството за финансии, Народната банка на Република Македонија, Државниот завод за статистика, еминентни економски експерти и Мисијата на ММФ пристапија кон нејзино редизајнирање.

Со сиот ризик да добие забелешки од страна на Мисијата на ММФ дека настапува со несериозен оптимизам, македонскиот тим во текот на разговорите го следеше мотото дека војната нема да престане, пред да престанат мислите за неа. Оттаму, ревидираните макроекономски проекции и реформулираните политики се многу повеќе од конзистентен систем на бројки и активности, од едноставна причина што во нив се вградени очекувањата дека набргу ќе дојде до нормализирање на состојбите и заживување на економската активност во втората половина на 2001 година. Знаејќи дека проекциите на експертите на ММФ се своевиден коректив на економскиот оптимизам, кој е универзална особина на владеачките гарнитури, излегува дека и монетарците „отстапија" од ним својствената претпазливост и покажаа разбирање за решеноста на Владата да продолжи со реализацијата на целите на среднорочната економска програма.

Поради комплексноста и широкиот хоризонт на програмата, во трудот е направен осврт само врз ревидираната макроекономска рамка во 2001 година и присутните ризици, кои демнат врз неа.

Александар Стојков е макроекономист во Секторот за буџет во Министерството за финансии. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1999 година, како најдобар студент во својата генерација. Истата година се запишува на постдипломски студии од областа на меѓународната економија при Економскиот институт во Скопје, каде во моментот, го подготвува магистерскиот труд на тема „Програмите за приспособување поддржани од ММФ и искуството на Република Македонија". Воедно, ангажиран е на Правниот факултет во Скопје како демонстратор по предметот „Економика". Има посетувано неколку курсеви од областа на Макроекономската анализа и политика (во организација на ММФ), Балканот –дел од Европа (Универзитет во Тесалија, Грција), а во моментот е на стручно усовршување во Виена, Австрија. Александар Стојков е главен и одговорен уредник на Билтенот во Министерството за финансии.

[1] Англ. Enhanced Structural Adjustment Facility (ESAF) = Олеснување за зајакнато структурно приспособување.

[2] Комбинација на два аранжмани: Poverty Reduction and Growth Facility (PRGF), односно Олеснување за намалување на сиромаштијата и поттикнување на растот и Extended Fund Facility (EFF), односно Проширено олеснување од Фондот.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

РЕАЛЕН СЕКТОР

Уште пред да се пристапи кон редизајнирање на програмата во соработка со Мисијата на ММФ, „разузнавачката“ служба на угледниот британски неделник Економист (The Economist Intelligence Unit) ја обелодени својата проценка дека во текот на оваа година македонската економија не ќе може да оствари реален пораст на БДП повисок од 2-2,5%. Со оглед на тоа што борбените дејствија беа сè уште во почетната фаза, проекцијата беше оценета како мошне песимистичка и ниска во споредба со официјалните проценки (4%). Меѓутоа, неповолниот развој на настаните на теренот едноставно ги депласираше аргументите за повисок реален пораст на БДП, топејќи го и оптимизмот и процентните поени.

Во текот на јунските разговори со Мисијата на ММФ беше направена исцрпна анализа на сите релевантни фактори кои влијаат врз овогодишниот скромен пораст на БДП (јакнење на извозот, имплементација на приоритетните инвестициони проекти финансирани од приходите од продажба на „Македонски телекомуникации“, закрепнување на довербата кај инвеститорите и сл.). Притоа, беше оценето дека засиленият економски раст во втората половина од 2001 година ќе успее да го компензира она што е загубено со лошиот старт на годината и влошувањето на политичко-безбедносната ситуација и дека реалниот пораст на БДП ќе изнесува 2,5%. Имајќи го предвид крехкото примирје по потпишувањето на Рамковниот договор меѓу релевантните политички партии, навистина би сакале да се оствари официјалната проекција и конспиративноста на лондонски „Економист“!

Поради негативните ефекти од силната фискална експанзија, која би создавала големи проблеми во водењето на монетарната политика, одржувањето на ценовната стабилност и девизниот курс, посебно во услови на влошување на платно-билансната состојба, преземени се мерки за зајакнување на приходите и буџетскиот дефицит е позициониран на 6,5% од оценетиот БДП

Инаку, инфлацијата мерена преку трошоците на живот се очекува да биде повисока во однос на првичните проекции (наместо 2,2%, сега 4%). Меѓутоа, вредно е да се одбележи дека некои домашни експерти веќе изразуваат сомежи во официјалните проекции, сметајќи дека голема е веројатноста новиот пораст на инфлацијата во текот на 2001 година да биде 5,5 - 6%, додека пак, просечниот пораст околу 8%.

ФИСКАЛЕН СЕКТОР

И покрај предвидувањата за интензивирање на економската активност во втората половина (особено четвртиот квартал) од годината, фискалните индикатори за 2001 година не можат да се ослободат од тешкото бреме што го наметна влошената безбедносна состојба. Иако проценките се дека кризата ќе ја дочека својата среќна разврска најдоцна до средината на август, јасно е дека централниот буџет ќе биде под силен притисок до крајот на годината (висок степен на мобилизација на резервниот состав на безбедносните сили, згрижување на раселените лица итн.).

ЦЕНТРАЛЕН БУЏЕТ	Буџет 2001	Ребаланс 2001
Вкупни приходи	**53.579**	**54.790**
Даночни приходи	49.728	50.484
Неданочни приходи	3.307	3.808
Капитални приходи	100	83
Странски донации	444	415
Вкупни расходи	**55.326**	**70.640**
Тековни трошоци	48.607	46.079
Капитални трошоци	6.629	11.421
Трошоци поврзани со кризата	0	13.140
Дефицит	–1.657	–15.850

Според ревидираните фискални проекции, приходите на централниот буџет за 2001 година ќе изнесуваат 54.790 милиони денари (според методологијата на ММФ, односно Статистиката на владините финансии), што е за 2,3% повеќе од иницијално проектираното ниво.

Вредно е да се нагласи дека зголемувањето на приходите во услови на влошена безбедносна состојба не е резултат на преголемиот оптимизам во проекциите. Имено, повеќето буџетски (поточно, даночни) приходи ја делат судбината на номиналниот БДП, или неговите компоненти, во зависност од степенот на корелација.[3] Основната причина поради која се предвидува зголемен прилив на средства во Буџетот е привремено воведениот данок на финансиски трансакции,[4] кој заради високиот буџетски дефицит утврден во основното сценарио (8,1% од БДП), мораше да се воведе како привремена мерка. Извесен пораст е предвиден и кај неданочните приходи, кои во 2001 година се проектирани во висина од 3.808 милиони денари, или за 501 милиони денари повеќе.

Истовремено, вкупните буџетски расходи се проектирани на 70.640 милиони денари, што претставува зголемување од 27,7% во однос на проекцијата во Буџетот, донесен на почетокот на годината. Вредно е да се одбележи дека редовните расходи за финансирање на функциите на државата и отплатата на обврските се речиси непроменети во однос на редовниот буџет. Оттаму, порастот на расходите исклучиво се должи на: 1/ дополнителните трошоци за национална безбедност (13.140 милиони денари или 18,6% од вкупните расходи); 2/ инкорпорирањето на приоритетните инвестициони проекти финансирани од приходите од приватизација на „Македонски телекомуникации„ и 3/ зголемените расходи на име социјални трансфери.

[3] Така на пример, поосетно намалување е предвидено кај персоналниот данок на доход, кое изнесува 598 милиони денари, акцизите - 994 милиони денари, увозните давачки кои се проценува дека ќе бидат пониски за 95 милиони денари итн.

[4] Од новововедениот данок на финансиски трансакции се очекуваат приходи во износ од 2.297 милиони денари.

Поради негативните ефекти од силната фискална експанзија, која би создавала големи проблеми во водењето на монетарната политика, одржувањето на ценовната стабилност и девизниот курс, посебно во услови на влошување на платно-билансната состојба, преземени се мерки за зајакнување на приходите и буџетскиот дефицит е позициониран на 6,5% од оценетиот БДП. Тој ќе биде финансиран, главно, преку повлекување на депозитите од централната банка, кои во претходниот период беа на мошне високо ниво.

Со оглед на релативно високиот буџетски дефицит, во ревидираната фискална проекција за 2001 година беа жртвувани иницијално предвидените средства за намалување на сиромаштијата во износ од 4.710 милиони денари. Меѓутоа, и покрај тоа, реформските напори на Владата на Република Македонија продолжуваат, а обврските во земјата и кон странство редовно се регулираат.

МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Централната банка и во текот на 2001 година ќе продолжи со примената на монетарната стратегија на таргетирање на девизниот курс на денарот во однос на германската марка како инструмент за остварување на крајната цел - ценовна стабилност. Поради експанзивниот карактер на фискалната политика и намалената доверба во домашната валута, редефинирањето на монетарната програма во соработка со експертите на ММФ индицираше отежнато водење на монетарната политика во 2001 година.

Така, на крајот на оваа година, најшироко дефинираниот монетарен агрегат (М3) е проектиран на ниво од 45.675 милиони денари, што би претставувало намалување од 10,2% во однос на крајот на минатата година.

Падот би бил значително поголем, доколку учеството на нето домашната актива на банкарскиот систем во намалувањето на паричната маса (М3) од 21,4 процентни поени, не беше во добар дел (11,2 процентни поени) неутрализиран преку порастот на нето девизната актива. Така, според монетарната програма, на 31.12.2001 година нето домашната актива ќе има негативен предзнак и ќе изнесува 13.882 милиони денари. Ваквата состојба е резултат на значително зголемениот износ на депозити на државата, со што се зголемени нето обврските на НБРМ кон државата. Набљудувано според кварталната динамика, во првиот квартал од годината е регистриран висок еднократен ефект на зголемување на депозитите на државата, поврзан со приватизацијата на „Македонски телекомуникации“, кој во следните квартали е проследен со мошне интензивно повлекување на депозитите на државата заради финансирање на високиот буџетски дефицит. Со оглед на изразито експанзивниот карактер на фискалната политика, кредитите кон приватниот сектор наместо оригинално проектираниот раст од 16,5% ќе забележат поскромно зголемување од 4,5%.

Нето девизната актива на банкарскиот систем, дефинирана како разлика меѓу девизните средства и девизните обврски на НБРМ и депозитните банки, на крајот на 2001 година е проектирана на ниво од 59.557 милиони денари, со што нејзиното учество во порастот на монетарниот агрегат (М3) на крајот на 2001 година би изнесувало 11,2 процентни поени. Зголемувањето се должи, главно, на порастот на нето девизната актива на централната банка во износ од 9.485 милиони денари, што, пак, е резултат на вискоиот нето откуп на девизи на девизниот пазар. Порастот би бил далеку повисок, доколку не постоеше потреба од интервенции за одржување на девизниот курс на денарот, особено во вториот квартал од годината, но и за финансирање на платно-билансниот дефицит.

НАДВОРЕШЕН СЕКТОР

МОНЕТАРЕН ПРЕГЛЕД (во милиони денари)	2000	2001	Учество во порастот на М3 2001/2000
Нето девизна актива	**53.851**	**59.557**	**11,2**
НБРМ	42.245	51.730	18,7
Депозитни банки	11.606	7.827	–7,4
Нето домашна актива	**-3.011**	**-13.882**	**-21,4**
Домашни кредити	30.722	19.195	–22,8
Држава	–4.977	–18.166	–25,9
Приватен сектор	35.749	37.361	3,2
Останати ставки, нето	–33.783	–33.077	1,4
Парична маса (М3)	**50.840**	**45.675**	**-10,2**

Колку неблагодарна и тешка задача е економското предвидување, лесно може да се согледа од проекциите на платниот биланс на Република Македонија за 2001 година. Ако во песимистичкото сценарио на Националната стратегија за економски развој на Република Македонија за 2001 година беше проектиран дефицит на тековната сметка на платниот биланс од

Поради премногу студениот мир и неизвесната разврска на безбедносната состојба, недоволно решителните економисти имаат силно претчувство, а оние похрабрите се сигурни дека ќе мора повторно да се ревидира целокупната макроекономска рамка

1,5% од оценетиот БДП, оригиналните проекции во Програмата поддржана од ММФ беа дека дефицитот ќе биде значително повисок (9,1% од БДП). Да биде иронијата поголема, ревидирањето на макроекономската рамка во јуни годинава упатува на продлабочување на дефицитот на тековната сметка при што истиот е проектиран на 16,5% од оценетиот БДП (исклучувајќи ги официјалните трансфери).

Неповолната позиција на тековната сметка во 2001 година, според редизајнираните проекции, главно, ќе се должи на намалувањето на приватните трансфери од странство, кои на нето основа ќе бидат пониски за 44,8% во однос на нивото од 2000 година.[5] Иако, извозот на стоки ќе биде силно погоден од кризата (особено во вториот квартал од годината), зголемениот пристап кон повеќето европски пазари, што го овозможува Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ, се очекува во добар дел да го неутрализира негативното влијание, при што истиот би забележал пад од само 3% во однос на минатата година. Меѓутоа, со оглед на ескалацијата на воените судири во јули и првата половина од август, не е далеку од вистината дека извозот најверојатно ќе претрпи многу потежок удар од првично антиципираниот.

ПЛАТЕН БИЛАНС (во милиони САД долари)	2000	2001
Тековна сметка	–112,9	–503,8
Трговски биланс (фоб)	–556,1	–603,3
Извоз	1.319,1	1.278,8
Увоз	1.875,2	1.882,1
Нефакторски услуги, нето	–59,9	–92,1
Доход, нето	–48,9	–87,2
Трансфери, нето	552,0	278,8
Капитална сметка		
Повлекувања	118,6	188,9
Отплати	122,2	124,5
Директни/портфолио инвестиции	167,1	419,6
Позиција на комерцијалните банки, нето	–49,7	56,2
Грешки и пропусти/краткорочен капитал	189,7	–,19,1
Вкупно салдо	190,9	17,3
Финансирање	–190,9	–17,3
Нето девизна актива	–236,8	–86,4
Промена во доспеаните неплатени обврски	27,9	4,1
Репрограмирање	18,0	0,0
Финансиски јаз	0,0	65,0

Со исклучок на првиот квартал од 2001 година кога салдото на капиталната сметка и платниот биланс е позитивно како резултат на високиот непрограмиран прилив на странски директни инвестиции поврзан со приватизацијата на „Македонски телекомуникации“, во останатите квартали од годината регистрираниот платно-билансен дефицит ќе се финансира, главно, преку користење на девизните резерви. Со оглед на тоа што нивото на девизни резерви е извонредно важен фактор за стабилноста на девизниот курс и освојувањето на довербата на инвеститорите, тие и натаму остануваат клучен таргет во програмата поддржана од ММФ. Така, на крајот на 2001 година се предвидува бруто девизните резерви да изнесуваат 793 милиони долари, достигнувајќи еквивалент на тримесечна покриеност на проектираниот увоз на стоки и нефакторски услуги за 2002 година. Резидуалниот финансиски јаз од 65 милиони долари се очекува да биде покриен преку донаторска конференција, која ќе биде организирана по постигнатиот политички договор меѓу релевантните партии во државата.

РИЗИЦИ

Поради премногу студениот мир и неизвесната разврска на безбедносната состојба, недоволно решителните економисти имаат силно претчувство, а оние похрабрите се сигурни дека ќе мора повторно да се ревидира целокупната макроекономска рамка. Всушност, прашањето не е дали ќе има уште едно редизајнирање, туку кога. Неодамна, високи претставници на меѓународните финансиски институции најавија дека поради неможноста да бидат исполнети одредени услови, доведено е во прашање повлекувањето на очекуваните транши, односно заеми од странство (ПСАЛ, ФЕСАЛ II). Исто така, за волја на вистината, меѓународната заедница воспостави премногу висока корелација меѓу донациите од странство и уставните промени во земјата, така што најверојатно, резидуалниот финансиски јаз во платниот биланс ќе биде значително повисок во однос на првично антиципираниот. Буџетскиот дефицит во најголем дел ќе биде финансиран преку повлекување на депозитите на државата од банкарскиот систем, што неповолно ќе се одрази врз порастот на кредитите наменети за приватниот сектор. Сосема очекувано, Народната банка ќе биде ставена пред уште еден тежок испит за одбрана на стабилноста на цените и девизниот курс на денарот во однос на германската марка. До крајот на 2001 година, поради актуелната безбедносна состојба, можно е да не бидат извршени во целост планираните приоритетни инвестициони проекти финансирани од приходите од продажбата на Телеком. Со оглед на тоа што проектираниот економски раст од 2,5% во голема мера се темелеше на позитивните мултипликативни ефекти од овие проекти, циниците веќе се огласија дека бројката е таа, само треба да ѝ се додаде негативен предзнак.

По сè изгледа, како и многу пати досега, Република Македонија ќе мора сама да ги преброди Сцила и Харибда. Тргнувајќи од народната поговорка, која вели: „Ако сакаш да видиш колку вреди еден човек, погледни го „товарот“ што тој го носи“, уверени сме дека Македонија има сили да се справи со новото премрежие и да се вклучи во европските интеграциони процеси.

[5] Станува збор, главно, за трансферите на македонските работници вработени во странство.

МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА - ДВИГАТЕЛИ НА РАЗВОЈОТ И ВРАБОТЕНОСТА

Во претстојниот период ќе се создаваат услови за поинтензивен развој на малите и средните претпријатија, со што ќе се обезбеди со бројноста, разновидноста, диверзифицираноста и ефикасноста, тие да станат клучен елемент за јакнење на националната економија и развојот

Доне **ВЛАШКИ**

Борис **БЛАЖЕВСКИ**

МАЛОТО СТОПАНСТВО ВО ПАЗАРНИТЕ ЕКОНОМИИ

Развојот на малите и средните претпријатија претставува значаен фактор за вкупниот развој, особено за растежот на бруто домашниот производ и на вработеноста. Нивното значење е особено големо за земјите во транзиција, а со тоа и за Република Македонија. На ова упатува искуството на развиените пазарно ориентирани земји и на напредните земји во транзиција, како и истражувањата сврзани со развојот во наредниот среднорочен и долгорочен развој на Република Македонија. Овие согледувања упатуваат на заклучок дека тие претставуваат динамизирачки и пропулзивен фактор на развојот.

Малите и средните претпријатија претставуваат погодна организациона форма во процесот на приватизацијата; потоа за поефикасно користење на расположивите ресурси; за зголемување на вработеноста; за прифаќање, воведување и примена на современи техничко-технолошки процеси; за обезбедување на поголема снабденост на домашниот пазар, користејќи ги главно домашните ресурси; придонесуваат за супституција на стоки и производи од сопствено производство; се организира мало сериско производство, кое е пофлексибилно на промените на пазарот; полесно го поднесуваат деловниот ризик, поради малиот обем на капитал; придонесуваат за промовирање на нови конкурентни производи; за ефектуирање на знаењето и менаџерските способности на поединци; произведуваат за потребите на големите претпријатија, како нивни кооперанти и субконтрактори („чадор стратегија“).

Имајќи ги предвид предностите на малото стопанство, во развиените пазарни економии тоа претставува најзастапена форма во производствената структура. Во САД и Јапонија овие претпријатија во услови на постоење на индустриски концерни и големи компании учествуваат со над 1/2 во формирањето на националниот доход на стопанството и со 50-65% во вкупната вработеност. Значењето на малото стопанство во земјите од ЕУ е уште поизразено. Имено, во ЕУ во 2000 година дури 99,8% од претпријатијата, 66% од вработените и 65% од обртот на капиталот отпаѓа на малите и средни претпријатија.

МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Транзицијата на македонската економија кон современо пазарно стопанство се манифестира со сопственичко, производствено и организационо преструктуирање на стопанските субјекти. Ова се остварува со приватизацијата и реорганизацијата на големите предимензионирани нерентабилни фирми во помали флексибилни и продуктивни стопански субјекти и со формирање на нови мали приватни субјекти, со што малото стопанство стана доминантна форма на економската активност.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

За поголема застапеност на малите и средни претпријатија во производствената структура на економијата и за нивен континуиран растеж, се преземаат нормативни и институционални решенија и се води активна стимулативна развојна и макроекономска политика. При тоа, решенијата и мерките за поддршка се интегрираат на три нивоа: стратегиско ниво, институционално ниво и ниво на стопански субјекти и претприемачи.

Со решенијата се поедноставува постапката за регистрирање на претпријатија, се обезбедува консултантска и едукативна помош, финансиска поддршка, пред сè, со насочување на квалитетни и евтини средства за поддршка на инвестиционите иницијативи, се формираат специјални институции и служби кои се грижат за развојот на малите и средни претпријатија и сл.

Основни облици на финансиските институции за поддршка на развојот на малото стопанство се: фондовите за развој на малото стопанство; специјализирани банки за развој на малото стопанство, специјализирани институции за одобрување заеми, кредити и сл., фондови за ризичен капитал и франшизинг и лизинг систем

Формите на организираност на малото стопанство се детерминирани од повеќе фактори, а пред сè, од нивото на стопанскиот развој, создадениот поволен амбиент за претприемништво и конкуренција, како и од подготвеноста на менаџерските тимови за поголема примена на иновациите и промените.

Ефикасен облик на организирање на малото стопанство се индустриските зони, каде врз претходно изградена инфраструктура на едно место се организира работењето на сродни дејности.

Друг облик на организирање се инкубаторските центри, односно технолошките и научни паркови, потоа деловните инкубатори. Истовремено, оваа активност може да биде организирана од големите претпријатија, во претходно посочената „чадор стратегија“.

Основни облици на финансиските институции за поддршка на развојот на малото стопанство се: фондовите за развој на малото стопанство; специјализирани банки за развој на малото стопанство, специјализирани институции за одобрување заеми, кредити и сл., фондови за ризичен капитал и франшизинг и лизинг систем.

Во Република Македонија ваквата организираност на институционално и друго ниво сè уште е недоволна, или пак, е во својот зачеток. Имено, речиси нема посебни форми на организирање на малото стопанство. Индустриските зони со потребната базична и институционална инфраструктура се недоволно застапени, односно оформени, не постои долгорочно организирана соработка меѓу малите и големите претпријатија, во зачеток е формирањето на инкубаторски центри, како и франшизинг системот.

Значајна улога во развојот на малото стопанство во Република Македонија, пред сè, од информативен, едукативен и кординативен карактер, како и во давање одредена финансиска поддршка има Националната агенција за развој на малите и средни претпријатија „НЕПА“ со повеќе регионални центри, како и други институционални единици од земјата и странство (Македонски деловен центар, Агенција за развој на претпријатијата, Деловен центар „Можности“, Германско друштво за инвестиции и развој (ДЕГ), Фондација „Мозаик“, коморски единици и друго).

Покрај нормативна и институционална, за развојот на малите и средни претпријатија Владата прави напори да се обезбеди и финансиска поддршка, како и други мерки на економската политика.

Во даночниот систем и политика не е даден посебен третман на малото стопанство. Меѓутоа, имајќи предвид дека над 98% од субјектите во земјата веќе имаат третман на мали и средни, даночните погодности (реинвестирање на добивка, забрзана амортизација, вложување во стопански недоволно развиените подрачја, странски вложувања и сл.) во основа ги користат повеќето субјекти. Исто така, Република Македонија има најниска стапка на оданочување на добивката (15%), а со новите решенија намален е и персоналниот данок, што, исто така, е значаен стимул за субјектите од малото стопанство.

Финансиската поддршка, покрај преку НЕПА, се остварува и преку Македонската банка за поддршка на развојот, а се насочуваат и поволни кредити добиени од странство. Македонската банка за поддршка на развојот, покрај средствата за поддршка на производството, го кредитира извозот, а по потреба дава гаранции за ризикот по основ на извоз.

СТРАНСКИ КРЕДИТНИ ЛИНИИ ЗА ПОДДРШКА

Во изминатиот период се обезбедени и насочени повеќе кредитни линии од странство за поддршка на малите и средни претпријатија, како и за малиот бизнис во земјата. Овие кредитни линии се обезбедени од одделни банки и меѓународни финансиски институции, странски влади и други основи.

Вкупниот износ на овие кредитни линии, заклучно со 2000 година, изнесува 211 милиони германски марки. Од овие средства, крајните корисници од областа на малото и средно стопанство искористиле околу

150 милиони германски марки. Со овие средства се финансирани 1.654 проекти од повеќе стопански дејности, чии носители се субјекти на малото и средно стопанство.

Вкупните вложени средства од сите кредитни линии се насочени, пред сè, за поддршка на производството во: прехранбената индустрија (28%), текстилната индустрија (9,7%), сточарството (9,4%), дрвната индустрија (9%), метало-преработувачката индустрија (4,1%) итн.

Според структурата на вкупните вложувања по општини најголеми се вложувањата во Скопје (33,7%), Охрид (6,8%), Куманово (6,2%), Струмица (5%), Битола (5%), Прилеп (4,3%) итн.

Анализите покажуваат дека и покрај пројавениот интерес за користење на кредитни средства, степенот на искористеноста на овие средства се остварува со забавена динамика. За ова придонесува долгата процедура на оценка на кредитните барања, недоволно квалитетните инвестициони проекти, несоодветниот бонитет на инвеститорите, начинот на обезбедување и докажување на сопственото учество при затворањето на финансиската конструкција, проблеми со осигурување на кредитите, недоволната информираност на претприемачите, измени на технолошката постапка во фаза на одобрување на инвестициите и сл.

Реализацијата на кредитните линии наменети за развој на малите и средни претпријатија, Министерството за финансии постојано ја следи и презема, односно ѝ предлага на Владата на Република Македонија мерки за поголемо и порационално искористување на расположивите средства, како и за склучување на договори за нови кредитни линии. Истовремено, за поголемо користење на овие кредити, како и за поддршка на развојот на овие стопански субјекти, програмирани активности се остваруваат и во надлежните министерства, а особено во Министерството за економија.

ОСТВАРУВАЊЕ И СОСТОЈБИ

Како резултат на создадените поволни системски и други решенија, во изминатиот период за неколку пати е зголемен бројот на деловните субјекти во Република Македонија. Според статистичките показатели за 2000 година, бројот на деловните субјекти достигна ниво од 127 илјади. Во овие рамки над 98% се мали и средни претпријатија од кои околу 90% отпаѓаат на приватните фирми. Според податоците на Заводот за платен промет во 2000 година малите и средни претпријатија учествуваат со 62% во вработеноста, 59% во вкупниот приход, 45% во добивката итн. Ваквиот број, односно растеж на овие субјекти произлегува од процесот на приватизација и од либералниот однос за почнување со нови приватни бизниси.

Од вкупниот број на деловни субјекти во земјата над една половина се во трговијата, а потоа во индустријата и во другите стопански дејности.

Зголемениот број на мали и средни претпријатија придонесува за растеж на бруто домашниот производ, позитивни промени во производствената структура, согласно барањата на странските партнери и за сопирање на трендот на опаѓање и создавање на услови за благ пораст на вработените и сл.

Согледувањата покажуваат дека малите и средни претпријатија имаат значаен придонес за ублажување на интензитетот на намалување на БДП, кој беше присутен заклучно со 1995 година и воспоставување на тренд на растеж на производството во периодот од 1996 до 2000 година.

Со развојот на малите и средни претпријатија се создадени услови за промени во производствената структура, согласно со меѓународните стандарди што претставува императив за растеж на БДП и за просперитет на националната економија. Имено, во изминатиот период е отворен процес на неопходните промени во структурата на производството. Во овие рамки во основната структура на економијата е сопрено повеќегодишното намалување на учеството на индустријата и се создадени услови за растеж на учеството на оваа стопанска дејност во вкупниот БДП. При ова се забележува дека се присутни тенденции на се' поголема застапеност на производството од преработувачкиот дел на индустријата и на производи со повисоки фази на преработувачкиот дел на индустријата и на производи кои поседуваат ИСО стандарди и сл.

Овие промени во структурата на индустријата придонесуваат за растеж на девизниот прилив од извозот и на доходот во економијата.

Промени се присутни и во терцијалниот сектор што придонесува за подобрување на структурата на економијата во насока на поголемо искористување на ресурсите што стојат во овој дел на стопанската активност.

Согледувањата покажуваат дека со развојот на малите и средни претпријатија се создадени услови да се сопре повеќегодишното намалување на вработеноста и почнувајќи од 1998 година да отпочне тренд на благ пораст. Овие тенденции се остваруваат во услови на зголемен број на работници кои се прогласуваат за технолошки вишок, пред сè, во големите фирми, отпуштање на работниците од работа поради напуштање на производството или ликвидација на фирмите и слично.

Со развојот на малите и средни претпријатија, односно со инвестиционата активност што се остварува во овој сектор во Република Македонија се придонесе за сопирање на петнаесетгодишното намалување на инвестициите, при што од 1996 година е воспоставен тренд на растеж. Растежот на инвестициите се остварува со ангажирање на сопствени средства и поволни банкарски кредити од повеќе странски банки и институции.

РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД

Владата на Република Македонија, имајќи го предвид значењето на малите и средни претпријатија за вкупниот развој на земјата и за надминувањето на присутните неповолни состојби и проблеми, во развојните документи и идни активности, нагласено место дава на нивниот забрзан развој.

Со развојот на малите и средни претпријатија, односно со инвестиционата активност што се остварува во овој сектор во Република Македонија се придонесе за сопирање на петнаесетгодишното намалување на инвестициите, при што од 1996 година е воспоставен тренд на растеж

Во функција на ова ќе се забрза и заокружи нормативната рамка со која нагласено место ќе се даде на натамошното поедноставување и забрзување на постапката за нивна регистрација и отпочнување со работа. Имено, присутните бариери и слабости во процесот на регистрирањето и отпочнувањето со бизнисот (добивање урбанистичка дозвола, употребна дозвола, скапите и долги процедури за регистрирање за вршење дејност, особено од аспект на бројната документација, неефикасната и често пати бирократизирана администрација, неефикасниот судски систем), ја наметнуваат потребата од брзи промени на одделни системски и институционални решенија во насока на натамошно поедноставување на процедурите, како и воспоставување на „едношалтерски систем“. Со ова, покрај другото, значајно ќе се зголеми мотивираноста за влез на странски инвестиции во оваа сфера.

Исто така, е предвидено да се создаде база на податоци за малите и средни претпријатија; иницирање и поддршка на претприемништвото, како основа во развојот на малото стопанство; поддршка на формите на соработка меѓу малото и големото стопанство; поддршка на соработката со финансиските институции во земјата и во странство; обезбедување обука на малостопанствениците, пред сè, во областа на стратегискиот, производствен, финансиски и сметководствен менаџмент; организацијата на работа, примена на светските стандарди за квалитет, подготвување на деловните планови; потоа, поврзување на бизнисмените со домашни и странски партнери заради заеднички вложувања; поврзување на малостопанствениците со истражувачки центри во земјата и странство; создавање услови за формирање на деловни инкубатори, центри и технолошки паркови и др.

За поддршка на малите и средни претпријатија ќе се создадат институционални форми и ќе се изградува поволен амбиент за развој на претприемништвото и претприемачката ангажираност како право на самоизбор за сопствено економско самовработување. Ова ќе се остварува со создавање на услови за реализација на претприемачките идеи, отстранување на пречките и ограничувањата за работа на малите и средни претпријатија, овозможување слободна конкуренција со мерките на развојната и тековната политика.

Ќе се оформува и афирмира систем на вреднување (со неговите сегменти, институционален, социолошки, психолошки, едукативен, културолошки, медиумски итн.), што ќе врши интерактивно влијание врз претприемништвото и неговото мотивирање во формирањето на мали и средни претпријатија во сите домени кои пазарот тоа го бара.

Институционалната поддршка на малите и средни претпријатија се предвидува да се остварува преку организационо, кадровско и финансиско јакнење на „НЕПА“; воспоставување на т.н. „бизнис поврзувања“ (business networks), кои обединуваат цели групи на мали и средни претпријатија со комплементарни производни програми, заради нивно оспособување за успешна конкуренција, полесно воспоставување на супконтракторски односи со големите претпријатија и опстанок на пазарот. Исто така, ќе се поддржува градбата на индустриски зони, технолошки и научни паркови, деловни инкубатори и друго.

Финансиската поддршка ќе се остварува преку јакнење на местото и улогата на Банката за поддршка на развојот, или формирање на специјализирана банка, согледување на можноста и потребата од основање фонд за оваа намена, или пак фонд за ризик, т.е. фонд за почетници.

Врз овие основи во наредниот период ќе се создаваат услови за поинтензивен развој на овие претпријатија, со што ќе се обезбедува со бројноста, разновидноста, диверзифицираноста и ефикасноста, тие да станат клучен елемент за јакнење на националната економија и развојот.

Едукативната поддршка на малостопанствениците во областа на менаџментот, маркетингот, деловната

стратегија и сл. е битна компонента во промоцијата на развојот на малите и средни претпријатија и малиот бизнис.

Овие претпријатија ќе се развиваат во сите области каде што организираноста на производството или пазарот бара мали високопродуктивни организациони структури, мошне брзо приспособливи на пазарните потреби, а особено за снабдување со делови и полуфабрикати на големите претпријатија врз супконтрактивна основа во финализација на мали серии и специфични потреби, а во некои сектори тие ќе претставуваат носечки фактор.

Сврзано со ова, Владата ќе изготви посебна стратегија за малите и средните претпријатија во која врз реално утврдени цели, механизми и инструменти, а имајќи ги предвид објективните и субјективни фактори и компаративни предности ќе одбере сопствен пат за развој на малото стопанство. Исто така, се предвидува да се донесе посебен закон за малото стопанство, со кој врз пазарна логика ќе се утврдат критериуми и приоритети и ќе се создаваат други поволни услови за развојот на овие стопански субјекти.

ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПАТИБИЛЕН ПРЕСМЕТКОВЕН СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ирена
ПАПАЗОВА

Следејќи ги искуствата на земјите кои минаа низ истиот процес, Република Македонија се определи процесот на реформирање на пресметковниот систем да го изведе на начин, на кој ќе се обезбеди максимална усогласеност со меѓународните сметководствени стандарди и Директивите на Европската унија

Ирена Папазова е раководител на Одделението за сметководствен систем во Секторот за сметководствен систем и за системот на платниот промет. Родена е 1955 година во Скопје, а дипломирала на Економскиот факултет во Скопје во 1978 година. Во Министерството за финансии работи од 1978 година. Во текот на своето долгодишно работно искуство во Министерството за финансии, активно учествувала во реализацијата на проектите од областа на пресметковниот систем, системот на ревизија, даночниот систем, во имплементацијата на реформата на платниот систем од сметководствен аспект, во промовирањето и имплементацијата на меѓународните сметководствени стандарди, меѓународните ревизорски стандарди, Стандардите за државна ревизија, како и во развојот на сметководствената и ревизорската професија. Ирена Папазова е генерален секретар на Комисијата на сметководствени стандарди и Комисијата за ревизорски стандарди. Претставник е во одделни комисии од повеќе области во рамките на Министерството за финансии и надвор од него.

1. ВОСПОСТАВЕНА ПРАВНА РАМКА ЗА ОДВИВАЊЕ НА РЕФОРМИРАЊЕТО НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Основата на пресметковниот систем во Република Македонија е поставена со Законот за сметководството („Службен весник на РМ“, бр.42/93, 48/93 и 6/95), кој се применува од 1 јануари 1994 година. Овој закон, земено во целина, беше изграден врз современа теоретска основа и претставуваше солиден фундамент за идентификување на сметководствените категории, како и сериозен чекор за приближување на нашата сметководствена методологија кон меѓународните решенија во оваа област. Законот се применуваше на сите стопански и нестопански субјекти, како и физички лица, со седиште во Република Македонија, кои вршат дејност, утврдена со Законот за национална класификација на дејностите.

Директивите кои го сочинуваат кодексот на европското право се вклучени во овој Закон.

Одредбите во врска со начинот на водење на сметководството претставуваа посебен дел во Законот за сметководството. Имено, во него беше содржано решение, според кое, субјектот е должен да води деловни евиденции во согласност со одредбите на Законот за сметководство, прифатената стандардна сметководствена практика и изградените сметководствени стандарди. Оттука, јасно е дека сметководствената регулатива во Република Македонија, уште со овој закон ја имаше предвид потребата од изградени сметководствени стандарди, како замена на регулативата и како инструмент за дефинирање на поимите, принципите, постулатите, правилата и методолошките решенија за водење на сметководството.

Со овој закон, проблематиката на проценување на позициите на сметководствените искази е третирана на начин, како и во меѓународните сметководствени стандарди. Истото се однесува и на позначајните приходи и расходи во билансот на успехот.

Проценувањето се врши со примена на правилата кои се утврдени со сметководствената политика на субјектот, а во согласност со прифатените сметководствени начела, стандарди, принципи и позитивна сметководствена политика. Притоа, беа дефинирани основните претпоставки (постојаност, доследност, евиденција на промените во моментот на настанувањето) и начелата за составување на сметководствените искази (претпазливост, реализација и нееднакви вредности - апаритет, поединечно проценување на имотот и обврските, поврзаност на билансот во времето, материјално значење).

Министерството за финансии, почнувајќи од 1996 година, континуирано соработуваше во воспоставувањето на контакти за остварување на техничка помош за реализа-

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

ција на реформите на пресметковниот систем во Република Македонија. Контактите кои се воспоставуваа со меѓународните институции, значеа поттик за развој на научните приоди во оваа област и подигнување на едукацијата на повисоко рамниште со уважување на изнесените укажувања од експертите на Европската унија за изборот на сметководствените опции, кои се најповолни за нашата земја и кои обезбедуваат усогласеност со меѓународните критериуми и стандарди.

Имајќи ги предвид укажувањата, а следејќи ги искуствата на земјите кои минаа низ истиот процес, Република Македонија се определи процесот на реформирање да го изведе на начин, на кој ќе се обезбеди максимална усогласеност на македонскиот пресметковен систем со Меѓународните сметководствени стандарди и Директивите на Европската унија.

Во согласност со овластувањето коешто е содржано во Законот за сметководството, а почитувајќи ги укажувањата на сметководителите, финансистите и ревизорите на Република Македонија, министерот за финансии, со Правилникот за сметководствени стандарди („Службен весник на Република Македонија“, број 40/97), ја уважи определбата да не се пропишуваат посебни национални сметководствени стандарди, туку да се прифатат утврдените Меѓународни сметководствени стандарди од страна на Комитетот за Меѓународни сметководствени стандарди (ИАСЦ), како сметководствени стандарди кои се во примена во Република Македонија од 1 јануари 1998 година.

Имајќи предвид дека во развиените економии регулирањето на сметководствената практика се врши преку сметководствени стандарди, со усвојувањето на истите, Република Македонија се вклучи во редот на земјите коишто пристапија кон повисок степен на хармонизација на пресметковниот систем во светски рамки. Истовремено, ова значеше и поставување на сметководственото известување на една цврста основа и прифаќање на достигнувањата во меѓународни размери во нашата сметководствена практика.

Поради тоа што меѓународните сметководствени стандарди се глобални и општи и не даваат конкретен и детален одговор на одредени прашања, како и поради потребата за нивно приспособување на условите и специфичностите кои се карактеристични за општествено - економскиот амбиент на нашата држава, Владата на Република Македонија во текот на 1997 година, со посебна одлука, формираше Комисија за сметководствени стандарди (КСС).

Во согласност со Одлуката, Комисијата за сметководствени стандарди ги врши работите во врска со следењето, усогласувањето и објаснувањето на примената на Меѓународните сметководствени стандарди. Комисијата, како самостојно стручно тело кое се грижи за развој на струката и професијата, со ангажирање на посебни стручни лица од областа на сметководството, финансиите и ревизијата врши анализа на сметководствените стандарди, ги отстранува проблемите во нивната примена и се грижи за усогласени правила на однесување.

Согласно со трајната определба на Република Македонија во однос на примената на Меѓународните сметководствени стандарди, во 1999 година се пристапи кон разгледување на ревидираните и новите стандарди, утврдени од Меѓународниот комитет за сметководствени стандарди, од аспект на стручната терминологија и конзистентност со македонската легислатива. Притоа, се одлучи да се излезе во пресрет на нашата современа сметководствена практика, со ново издание на Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) 2000 и на таков начин да им обезбеди на сите заинтересирани страни најажурирани текстови на МСС.

Со усвојување на Меѓународните сметководствени стандарди и со пропишување на единствени билансни шеми кои произлегуваат како задолжителна обврска на земјите-членки на Европската унија (содржани во IV и VII Директива, како и Директивата на Европската унија за годишните извештаи и консолидирани извештаи на банките и другите финансиски институции и осигурителни друштва), во Република Македонија се обезбеди спроведување на единствена сметководствена регулатива на целата територија и постигнување на висок степен на хармонизација на сметководствената практика. Истовремено, се исполнија и барањата за изградбата на компатибилен сметководствен систем со земјите на Европската унија и пошироко.

Иако со Законот за сметководството материјата на сметководството се уредува на единствен начин за сите субјекти кои вршат дејност, без оглед на карактерот на работењето (профитабилен или непрофитабилен), во дел од одредбите од Законот за трговските друштва се содржани решенија со кои се регулира материјата за водење на сметководството, а кои се специфични за трговските друштва и трговците, воопшто, како чисто профитабилни институции. Во овој Закон се внесени решенија коишто се однесуваат на водењето на трговските книги и подготвувањето на годишните биланси на трговските друштва, чувањето на билансите, годишниот биланс, содржината на годишниот извештај, поднесувањето на годишна сметка, содржината на годишните сметки, вреднувањето на ставките на сметководствените искази, рас-

поредувањето на добивката, ставањето на увид на одобрените извештаи и слично.

Република Македонија располага со искусни сметководствени кадри, кои се екипирани со големи стручни познавања и без тешкотии се вклучуваат во сите новини и промени на пресметковниот систем, во трендовите на обработка на сметководствените податоци на модерен начин и во промените на останатите законски регулативи. Тие се организирани во Сојуз на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија. Присутни се и бројни консултантски куќи. Сите имаат мошне активна улога во осовременувањето на сметководствената практика во Република Македонија и нејзино усогласување со светските трендови.

Со Законот за ревизија, во нашата Република се воведе звањето овластен ревизор, односно професија за лицето кое се определило да обезбедува професионални услуги од јавната практика во областа на ревизијата, даноците и консултантските услуги

2. ОСВРТ КОН НОВИТЕ РЕШЕНИЈА СОДРЖАНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

2.1. Одредби кои се однесуваат на сметководството

Имајќи ги предвид изнесените укажувања на меѓународните институции и асоцијации, а користејќи ги искуствата од земјите во транзиција кои поминаа низ истиот процес, се создадоа услови за спроведување на следната фаза на реформирање на пресметковниот систем.

Преку изменување и дополнување на Законот за трговските друштва и Законот за сметководство, се обезбеди, материјата од областа на сметководството, за субјектите кои согласно со Законот за трговските друштва се сметаат за трговци, да се регулира со еден закон. Имено, во Законот за трговските друштва во целост се содржани одредбите коишто се однесуваат на трговците.

Оттаму, во 2001 година, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва и Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководството, делот од одредбите од Законот за сметководството, коишто се однесуваат за трговците се пренесуваат во Законот за трговските друштва, што значи дека за субјектите кои согласно со Законот за трговските друштва се сметаат за трговци, повеќе нема да се однесуваат одредбите од Законот за сметководството, односно овој закон нема да важи за трговците. Со овие измени и дополнувања на Законот за трговските друштва е олеснета примената на сметководствената регулатива која се однесува за трговците.

Според тоа, одредбите од Законот за сметководството ќе продолжат да се применуваат за субјектите од нестопанството (буџети, фондови, корисници на средства од буџетите и фондовите и непрофитабилни организации), односно субјекти кои не вршат деловен потфат и кои не се наведени посебно во Законот за трговските друштва, сè до пристапување кон изготвување на посебен Закон за сметководството за буџет и непрофитабилни организации.

Во оваа смисла, во Законот за трговските друштва се прецизира дека трговецот води сметководство, составува и поднесува сметководствени искази и тоа во согласност со овој закон, општоприфатените сметководствени принципи, сметководствената практика и прифатените сметководствени стандарди, со цел вистинито и чесно да ја прикаже состојбата на средствата, капиталот, обврските и резултатите од работењето.

Малите трговци и понатаму нема да подготвуваат годишен извештај, додека пак министерот за финансии ќе определи кои посебни податоци се потребни за системот на државната евиденција, ќе ја пропише формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција и ќе ги пропише билансните шеми и содржината на одделните сметки во сметковниот план за сите субјекти кои го водат сметководството согласно со овој закон.

Во однос на објавувањето на одделни податоци коишто се поврзани со сметководството, продолжува да се применува обврската за нивно објавување од страна на Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Македонија.

Во Законот за трговските друштва е внесена одредба според која, одредбите на овој закон во однос на водење на сметководството, распоредување на трговците, трговските книги и годишните сметки соодветно се применуваат и на правните и физичките лица со седиште во Република Македонија кои вршат дејност утврдена со Законот за национална класификација на дејностите, а не се сметаат за трговци согласно со овој закон и други прописи, доколку вршат деловен потфат. Со ова решение се обезбедува, за сите субјекти кои вршат деловен потфат, да важат исти правила и принципи во однос на сметководствената материја.

Покрај тоа, со оглед на тоа што со денот на влегување во сила на овој закон некои субјекти сè уште ќе се наоѓаат во процес на трансформација, во овој

закон е содржано решение според кое и субјектите кои на денот на влегување во сила на овој закон не извршиле трансформација согласно со Законот, ги применуваат одредбите од Законот за трговските друштва во делот којшто се однесува на водењето на сметководството, распоредување на трговците, трговските книги и годишните сметки.

Поради тоа што со донесувањето на Законот за трговските друштва е неопходно да се донесат низа прописи, во преодните и завршните одредби е содржано решение според кое се продолжува важноста на примената на одредени прописи. Имено, субјектите кои деловните книги ги водат согласно со Законот за сметководството и Законот за персонален данок на доход и прописите донесени врз нивна основа, во 2001 година продолжуваат да ги применуваат контните планови, билансните шеми и работните книги кои важеа во 2000 година, односно до донесувањето на новите прописи согласно со овој закон, Законот за сметководството и Законот за персонален данок на доход.

Слична одредба е содржана и во донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството, со што се овозможува продолжување на важноста на примената на одредени прописи со 2001 година, до донесувањето на нови прописи согласно со овој закон.

2.2. Регулирање на сметководствената професија со Законот за трговските друштва и Законот за сметководството

Во составот на професијата сметководител постојат повеќе потесни специјалности. Ангажирањето на сметководителите, главно, се остварува преку: вработување кај одредени субјекти или претприемачи, хонорарно давање на сметководствени услуги, вработување кај специјализирани друштва за давање на сметководствени услуги итн.

Посебна форма на давање услуги е преку сопствено друштво или т.н. трговец - поединец, кое го основа сметководителот.

Секоја професија има свои правила со кои се утврдуваат барањата кои треба да ги исполни лицето со намера да стекне припадност кон одредена професија.

Сметководствената професија кај нас е регулирана со Законот за сметководството и Законот за трговските друштва.

Со извршеното изменување на член 12 од Законот за сметководството, којшто се однесува за субјектите кои не се сметаат за трговци, односно за субјектите кои не вршат деловен потфат, е пропишано дека водењето на деловните евиденции субјектот го доверува на стручно лице - одговорен сметководител внатре или надвор од субјектот. Со изменувањето на овој член од Законот за сметководството, всушност е извршено усогласување со Законот за трговските друштва.

Стручното лице - одговорниот сметководител, согласно со Законот за сметководството, е одговорно за исправноста на евиденцијата и за реалноста на податоците и нивно презентирање пред институциите за контрола и ревизија, а според Законот за трговските друштва, стручното лице-одговорниот сметководител, е непосредно одговорен на органот на управување и трговецот, односно на трговецот- поединец.

2.3. Одредби коишто се однесуваат на воспоставување на новата професија овластен сметководител-ревизор

При воспоставување на сметководствената професија од понов тип, појдовна основа беше улогата на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ), која се состои во развивање и поттикнување на сметководствената професија, со цел истата да обезбедува услуги со доследно висок квалитет во интерес на јавноста.

Со Законот за ревизија, во нашата Република се воведе звањето овластен ревизор, односно професија за лицето кое се определило да обезбедува професионални услуги од јавната практика во областа на ревизијата, даноците и консултантските услуги за одреден надоместок, односно да основа друштва за ревизија во кои ќе бидат вработени овластени ревизори кои својата припадност на ревизорската професија ја докажуваат со сертификат добиен според одредбите на Законот за ревизијата.

Со цел да се обезбеди соодветна компатибилност со системите на развиените земји, следејќи ги препораките на меѓународните институции, а заради заштита на јавниот интерес и репутација на самата професија, во Законот за трговските друштва се вгради соодветно решение со кое се воведува звањето овластен сметководител - ревизор.

Имено, во Законот се определува дека лицето кое, како професионален сметководител - ревизор, врши услуги од областа на јавната практика, согласно со дефинициите на Меѓународната федерација на сметководители, е должно да поседува уверение за овластен сметководител -ревизор. Под професионален сметководител во јавната практика се подразбира секој партнер или лице зафатено со позиција слична на онаа на партнерот, секој вработен во практиката кој

обезбедува професионални услуги на некој клиент, без оглед на неговата професионална определба (ревизорство, оданочување или сметководствен консалтинг) и професионални сметководители во практиката кои имаат менаџерски одговорности.

Во Законот за трговските друштва се наведени условите за стекнување на звањето овластен сметководител-ревизор, кои се идентични со условите пропишани во Законот за ревизијата. Имено, овластениот сметководител - ревизор мора: да има високо образование - дипломиран економист; да има уверение на овластен сметководител - ревизор и да даде изјава дека во работењето ќе ги применува правилата утврдени со Кодексот на етика за професионалните сметководители.

При тоа, во Законот е определено дека кандидатот за полагање на испитот за звање овластен сметководител - ревизор, мора да има најмалку 5 години работно искуство на сметководствени или финансиски работи, односно 3 години работно искуство на работи на ревизија или контрола.

Со цел да се обезбеди соодветна компатибилност со системите на развиените земји, следејќи ги препораките на меѓународните институции, а заради заштита на јавниот интерес и репутација на самата професија, во Законот за трговските друштва се вгради соодветно решение со кое се воведува звањето овластен сметководител - ревизор

Испитот за стекнување на звање овластен сметководител - ревизор се полага пред Комисија формирана од страна на Советот на овластени сметководители-ревизори, која дејствува самостојно во рамките на Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија, според програма што ја донесува Советот, а согласност дава министерот за финансии. Комисијата е составена од стручни лица - овластени сметководители - ревизори - определени од Советот. На лицето кое ќе го положи испитот, Советот на овластени сметководители-ревизори му издава уверение на овластен сметководител - ревизор. Лицата кои во странство стекнале исправа за овластен сметководител - ревизор мораат да ги исполнуваат горенаведените услови и да извршат нострификација на исправата во Министерството за финансии, според начин и постапка утврдени од министерот за финансии (член 546-б).

Решенијата од Законот, кои се однесуваат на начинот на стекнување на звањето овластен сметководител, ќе се применуваат од 31 декември 2001 година, до кога се оценува дека ќе завршат сите неопходни активности околу заокружување на овој процес.

Според тоа, до 31 декември 2001 година ќе се применуваат одредбите од Законот за ревизијата во однос на условите и начинот на стекнување на звањето овластен ревизор. Тоа значи дека до 31 декември 2001 година, полагањето на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор ќе се изведува според Програмата и Правилникот за полагање на испит за стекнување на звање овластен ревизор донесени од министерот за финансии, со сите други негови надлежности коишто произлегуваат од Законот за ревизијата.

Со преодните и завршните одредби од Законот за трговските друштва се овозможува, кандидатот, кој до денот на примената на одредбите од член 546-б на овој закон го положил испитот за стекнување на звањето овластен ревизор согласно со одредбите на Законот за ревизијата, во исто време да се стекне со звањето овластен сметководител-ревизор, во смисла на овој закон, поради тоа што е оценето дека, согласно со светската практика, стекнувањето на звањето овластен ревизор ги покрива истите подрачја коишто важат за стекнување на звањето овластен сметководител (се полага единствен испит). Во оваа смисла, се овозможува еднаквост во исполнувањето на професионалните услуги на лицата кои имаат положено соодветен испит.

Со стекнувањето на уверението за овластен сметководител-ревизор, заради заштита на јавноста и репутацијата на самата професија и обезбедување на сигурност дека услугите на овластениот сметководител-ревизор ќе бидат извршувани на едно професионално ниво, овластениот сметководител - ревизор станува член на Советот на овластени сметководители-ревизори.

При тоа, членовите на Советот од своите редови избираат претседател на Советот со мандат од една година.

Советот на овластени сметководители-ревизори, го одзема уверението за овластен сметководител - ревизор, како и нострифицираното звање на овластен сметководител - ревизор, на лицето коешто не ги почитува правилата утврдени со Кодексот на етиката за професионалните сметководители, како и на лицето коешто е осудено за кривично дело кое го прави неподобен за професијата на сметководител - ревизор. Против ова решение може да се поднесе жалба до министерот за финансии, а против решението од министерот за финансии, може да се поднесе тужба до Врховниот суд на Република Македонија.

Со Законот се определува дека лицето коешто го стекнало звањето овластен сметководител - ревизор е должно перманентно да се едуцира во функција на

одржување на професионалната компетентност, според Програмата за едукација донесена од Советот на овластени сметководители-ревизори, согласно со Кодексот на етика за професионалните сметководители.

Заради заштита на професијата на овластени сметководители - ревизори, и обезбедување на професионалните услуги, во Законот е содржано решение, според кое е предвидено Советот на овластени сметководители-ревизори да се грижи за развивање и поттикнување на сметководствената и ревизорската професија.

Во оваа смисла, во Законот се потенцира дека со Кодексот на етика за професионалните сметководители се утврдуваат етичките барања (детални правила, насоки, стандарди на однесување) за професионалните сметководители и се утврдуваат основните принципи кон кои треба да се придржуваат и овластените сметководители - ревизори, со цел да се обезбеди највисок квалитет за нивното успешно работење.

Во Законот за трговските друштва се предвидува за овластените сметководители -ревизори да се води регистар во Советот.

Со одредбите од Законот за трговските друштва, во делот којшто се однесува на Советот на овластени сметководители-ревизори, ќе се обезбеди да се вградат соодветни решенија во Статутот на Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија, со кои ќе се гарантира независноста и самостојноста на Советот на овластени сметководители-ревизори.

Во Законот за трговските друштва се предвидува, почнувајќи од 1 јануари 2003 година, годишните сметки изготвени за 2002 година, кои согласно со овој закон се подведуваат на обврската за задолжителна ревизија, да бидат потпишани од страна на овластен сметководител-ревизор. Според ова решение, почнувајќи од 1 јануари 2003 година, годишните сметки на: големите и средните трговци организирани како акционерски друштва; малите трговци организирани како акционерски друштва, доколку нивните хартии од вредност котираат на берза и доколку со друг закон поинаку не е определено; друштвата со ограничена одговорност кои исполнуваат два од трите услови пропишани со Законот (просечниот број на вработените да е поголем од 150, годишните приходи да се поголеми од 3.000.000 евра во денарска противвредност, или просечната вредност на активата на почетокот и на крајот на деловната година да е поголема од 750.000 евра во денарска противвредност), изготвени за 2002 година, треба да бидат потпишани од страна на овластен сметководител-ревизор).

2.4. Изготвување, доставување и ревизија на годишните сметки

Заради проблемите коишто се јавуваат кај трговците со сезонски карактер на дејноста од аспект на реално прикажување на финансискиот резултат од работењето, со дополнувањата на Законот за трговските друштва се вградува можност трговците со сезонски карактер на дејноста, годишната сметка да ја состават за деловната година која е различна од календарската година, за што министерот за финансии издава решение врз основа на посебно барање.

Поради усогласување на надлежностите кои од досегашниот носител на платен промет се пренесуваат на Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар, во Законот за трговските друштва е извршено изменување на постојното решение. Според тоа, годишните сметки на трговците и субјектите на коишто се однесува Законот за трговските друштва, се доставуваат до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година, односно во рок од 60 дена од денот на отпочнување на постапката за редовна ликвидација или постапка на стечај или настанување на статусна промена, а сметките изготвени за покуси периоди од оние пропишани со закон, се доставуваат до крајот на наредниот месец по истекот на последниот месец од пресметковниот период.

До конституирањето на Регистарот на годишните сметки при Централниот регистар, доставувањето на годишните и периодичните сметки се врши до носителот на платниот промет кај кого трговците имаат жиро-сметка.

Со Законот за трговските друштва, во однос на ревизијата за акционерските друштва е пропишана законската обврска за подложување на ревизија на годишните сметки на сите акционерски друштва. Со оглед на тоа што е оценето дека оваа законска обврска во однос на акционерските друштва, дополнително ги оптоварува малите трговци организирани како акционерски друштва, согласно со критериумите од овој закон (со измената на член 556 од Законот), е предвидено обврската, за задолжително подложување на ревизија на годишните сметки да се однесува само за големите и средните трговци организирани како акционерски друштва, при што малите трговци организирани како акционерски друштва се должни годишните сметки да ги подведат под ревизија само доколку нивните хартии од вредност котираат на берза и доколку со друг закон не е поинаку определено.

Во овој член од Законот износите изразени во ДЕМ се преобразени во евра, со што е извршено усогласување на Законот со промените коишто ќе настанат со повлекувањето на ДЕМ како странска валута и нејзина замена со евро.

2.5. Сметководствени стандарди

Во Законот за трговските друштва, се вградува трајната определба на Република Македонија во однос на примена на меѓународните сметководствени стандарди утврдени од Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди.

Сметководствени стандарди, кои се применуваат во Македонија, се прифатените меѓународни сметководствени стандарди утврдени од Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди установените сметководствени стандарди утврдени од Македонскиот одбор за сметководствени стандарди

Во оваа смисла, се прецизира дека сметководствени стандарди, коишто се применуваат во Македонија, се прифатените меѓународни сметководствени стандарди утврдени од Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди (ИАСЦ) и установените сметководствени стандарди утврдени од Македонскиот одбор за сметководствени стандарди. Заради следење, усогласување и објаснување на примената на сметководствените стандарди се формира Македонски одбор за сметководствени стандарди, кој е единствено овластен за прифаќање, установување и објавување на сметководствените стандарди согласно со овој Закон.

Постојната Комисија за сметководствени стандарди, со денот на влегувањето во сила на овој Закон, продолжува да работи како Македонски одбор за сметководствени стандарди.

Со цел зголемување на значењето на Комисијата за сметководствени стандарди и можноста за извршување на нејзините функции, кои детално се наведени во Законот, содржано е решение според кое Македонскиот одбор за сметководствени стандарди претставува самостоен стручен орган со својство на правно лице, со истовремено наведување на составот на овој одбор: претставници од Советот на овластени сметководители-ревизори, стручни лица - членови на Сојузот, претставници од одделни министерства, Комисијата за хартии од вредност, Народната банка на Република Македонија и врвни стручни лица од професијата и науката.

Македонскиот одбор за сметководствени стандарди ќе ги врши работите, пред сè, околу следењето и објаснувањето на примената на сметководствените стандарди во Република Македонија и усогласувањето на нашиот пресметковен систем со истите, со што се врши пропишување на сметководствената регулатива на територијата на Република Македонија преточена во македонски сметководствени стандарди, заземање на мислења и ставови во врска со сметководствените стандарди. Понатаму, доколку стандардите не се достапни или конкретни, се пристапува кон организирано совладување на проблематиката од областа на сметководството. Покрај тоа, во Законот е утврдено дека усвоените мислења и ставови на Одборот за сметководствени стандарди, претставуваат составен дел на сметководствените стандарди и, по претходно добиена согласност од министерот за финансии, се објавуваат и се задолжителни за сите субјекти.

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА - ВОВЕД ВО ФИСКАЛНА АВТОМАТИЗАЦИЈА

Фискалната автоматизација во блиска иднина ќе овозможи целиот процес на регистрирање на готовински плаќања да се извршува компјутерски on-line преку интегриран автоматски систем за управување

Стивен **НОЧЕСКИ**

Со цел да се зголеми контролата врз регистрирањето на готовинските плаќања, како и да се олесни и подигне на повисоко ниво работата на Управата за јавни приходи при контролирањето на овој вид плаќања, Министерството за финансии и Управата спроведоа проект за воведување на фискална автоматизација. Со овој проект, Управата за јавни приходи се приклучува кон, сродните на нејзе, институции во развиените западно-европски земји и земјите од регионот, кои овој модернизиран модел за регистрирање на готовински плаќања го применуваат последниве години.

Во насока на успешно реализирање на проектот, како и правилна примена на Законот за регистрирање на готовинските плаќања, Министерството за финансии деновиве објави јавен повик за прибирање на барања за издавање дозвола за одобрување на фискална апаратура, читач на платежни картички и интегриран автоматски систем за управување.

Домашните правни лица, производители-барателите на дозвола за одобрување на фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување, што ќе се јават на јавниот повик, потребно е во своето барање да достават информации за цената и рокот на изработка на фискалната апаратура, читачот на платежната картичка и интегрираниот автоматски систем за управување, како и доказ за уплатена банкарска гаранција во висина од 500.000 американски долари. Понудата треба да содржи и повеќе изјави, како изјава за редовно обезбедување на резервни делови, техничко одржување и сервисирање, изјава за потврда дека производителите ќе отворат три сервисни центри во различни градови на Република Македонија со согласност на министерот за финансии, изјава за потврда дека производителот е во можност да спроведе најмалку едно превентивно одржување во текот на годината, изјава со која се гарантира поправка или замена на фискалната апаратура во текот на 36 часа од барањето за интервенција од корисникот, како и изјава со која се потврдува дека еден сервисен техничар во сервисната област нема да биде ангажиран на повеќе од 300 фискални апарати.

Кон барањето се приложува технички и функционален опис на предложениот модел на фискален апарат и одредена придружна документација со која понудувачот задолжително треба да достави извод од регистрација на дејност, документ за бонитет на барателот издаден од носителот на платниот промет, доказ дека не е во стечај или ликвидација, доказ дека не им е изречена мерка на безбедност-забрана на вршење на дејност и други докази по барање на Министерството за финансии.



Министерот за финансии формира Комисија, која ги разгледува пристигнатите барања од јавниот повик и дава стручно мислење за секое барање.

Добивањето на дозвола за произведување на фискален апарат не е ограничено, но важни предуслови за добивање на дозвола за производство на одреден тип на модел на фискален апарат и интегриран автоматски систем за управување се квалитетот, цената и роковите за производство, техничкото одржување и сервисирањето на понудената фискална опрема.

Стивен Ночески е електро–технички инженер, насока компјутерска техника, информатика и автоматика. Првото работно искуство го стекнал во областа на издаваштвото како маркетинг директор и заменик главен и одговорен уредник на спортски магазин. Во периодот септември–ноември 1999 година учествувал во реализација на проект на фирмата ECS (Euro Computer Systems), додека од март 2000 до април 2001 година работел во Државниот завод за статистика на Република Македонија, како технички уредник во Секторот за дисеминација.
Од мај 2001 работи во Министерството за финансии, Управа за јавни приходи – Генерална дирекција на работно место помошник на раководителот на Секторот за фискална автоматизација.
Одлично го говори англискиот јазик и има солидно познавање на италијанскиот.

*Мислењата изразени во овој текст се на авторот и не мора во целост да ги претставуваат ставовите на Министерството за финансии

Сепак, дозвола за произведување на фискални апарати можат да добијат само оние понудувачи кои ќе ги задоволат сите критериуми пропишани со Законот за регистрирање на готовински плаќања, Правилникот за издавање на документ касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, како и критериумите дадени во објавениот јавен повик на Министерството за финансии. Важноста на проектот ја наметнува потребата производителите да ги конструираат прототиповите на фискалните апарати за македонскиот пазар во што е можно пократок рок.

Со имплементацијата на Законот за регистрирање на готовински плаќања, даночните обврзници се должни фискалниот апарат, интегрираниот автоматски систем за управување и читачот за платежни картички да го набаваат од производители кои имаат дозвола од Министерството за финансии

Правните лица кои добиле дозвола за производство на фискални апарати, односно интегриран автоматски систем за управување, пред склучувањето на договорот, до Министерството за финансии доставуваат и идентификациони податоци за производителот на опремата, за расположивата опрема и другите физички капацитети, за расположивите залихи од репроматеријали со кои планира да располага, список на стручен кадар потребен за производство и сервисирање на фискалната апаратура, интегрираниот автоматски систем за управување и читачот на платежни картички, декларација дека фискалната опрема е произведена во согласност со стандардите и одредбите од Правилникот и податок за локацијата на која ќе се спроведе тестирањето на пробниот модел од соодветниот тип на фискален апарат.

Важно е да се потенцира дека при реализирањето на Проектот за регистрирање на готовинските плаќања, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, поучени од искуствата што ги имаат земјите во понапреден стадиум на користење на овој систем, а со цел да се заштитат интересите на државата, од производителите бараат банкарска гаранција во висина од 500.000 американски долари со рок на важење од две години. Тоа е еден од начините со кој државата се заштитува во случај избраниот производител да реши да го прекине произведувањето на фискални апарати поради одредени причини.

Друг начин на заштита на државата од прерано откажување на производителот на фискални апарати е склучувањето на договор помеѓу Управата за јавни приходи и производителот, со кој производителот се обврзува во период од седум години да извршува техничко одржување и сервисирање на продадената одобрена фискална опрема.

Со имплементацијата на Законот за регистрирање на готовински плаќања, даночните обврзници се должни фискалниот апарат, интегрираниот автоматски систем за управување и читачот за платежни картички да го набаваат од одобрени производители од Министерството за финансии кои имаат дозвола за произведување на одреден тип на фискална опрема. По набавката даночниот обврзник го пријавува истиот во Регионалната дирекција на Управата за јавни приходи според адресата на објектот од каде се врши прометот на добра или услуги и кај овластениот сервисен центар поради пуштање во употреба (фискализирање). Секторот за фискална автоматизација во УЈП-Генерална дирекција изготвува информациони соопштенија во кои се наведени сите документи неопходни за регистрација на фискалните апарати, како и соопштенија за точно пополнување на формуларите и роковите за извршување на регистрацијата на фискалните апарати. Овластениот сервисер врши фискализирање на фискалниот апарат и го пломбира апаратот со сервисна пломба. По констатирањето на спроведената процедура на фискализирање, УЈП ја отстранува сервисната пломба и врши пломбирање на фискалниот апарат со фискална пломба. Даночните обврзници не смеат да го употребуваат фискалниот апарат без фискална, односно сервисна пломба.

Како носители на овој проект, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи се подготвени да го спроведат истиот и за таа цел веќе се изготвени Правилникот за издавање на документ касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои теба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, како и процедурите за работа по кои треба да се раководат службените лица од Управата за јавни приходи.

Со цел постигнување квалитетна соработка со Регионалните дирекции и даночните обврзници, Управата за јавни приходи презеде и низа мерки и активности како на организационен и кадровски план, така и на полето на воведување нова компјутерската технологија.

Со проектот раководи Секторот за фискална автоматизација, како дел од Управата за јавни приходи, со веќе постоечкиот тим, кон кој се придодаде нов стручен кадар во вид на координатори и заменици на координатори од сите Регионални дирекции во Република Македонија. Нивна главна цел ќе биде да ги им-

плементираат процедурите за работа и да ги координираат активностите на регионално ниво.

За да се одговори на техничките барања на проектот Управата за јавни приходи кон новата компјутерска опрема со која располага, во изминатиот период успеа да обезбеди средства за набавка на 100 преносни сметачи. Овие сметачи ќе се користат во процесот на отчитување на бараните податоци од фискалните апарати и од интегрираниот автоматски систем за управување.

На крај, многу важно е да се потенцира перспективата која ја нуди фискалната автоматизација при регистрирањето на готовинските плаќања. По имплементирањето на овој систем ќе дојде до значително намалување на сивата економија, што е овозможено пред сè, со воведување на една важна новина која ја овозможуваат фискалните апарати, а тоа е нивното задолжително поврзување со читач на платежни картички кој служи за автоматска наплата од сметката на имателот на платежна картичка. Користењето на платежната картичка ќе овозможи посигурна контрола на извршените плаќања, а со тоа ќе се намалат можностите за малверзации при готовински плаќања (плаќања во кеш). Ова ќе биде овозможено пред сè и поради тоа што во процесот на контрола ќе бидат вклучени и самите купувачи кои при купувањето на доброто или добиената услуга, ќе добијат фискални сметки кои детално го опишуваат целокупниот процес на готовинското плаќање. Фискалната автоматизација во блиска иднина ќе овозможи целиот процес на регистрирање на готовински плаќања да се извршува компјутерски он-лине преку интегриран автоматски систем за управување.

Реализацијата на овој проект од страна на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи индиректно ќе овозможи голем број на нови вработувања во процесите на производството на фискалната опрема, како и за нејзиното техничко одржување и сервисирање.

Со цел постигнување квалитетна соработка со Регионалните дирекции и даночните обврзници, Управата за јавни приходи презеде и низа мерки и активности како на организационен и кадровски план, така и на полето на воведување нова компјутерската технологија

ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Изготвувањето и донесувањето на Законот за спречување на перење пари претставува еден од најважните законски проекти во Република Македонија, во правец на зголемување на финансиската дисциплина и намалување на сивата економија, а воедно и значаен чекор во приближувањето на законската регулатива кон барањата на Европската унија и меѓународните финансиски институции.

Што е „перење пари“ и која е неговата цел?

Перењето пари е сериозен проблем кој подолго време ја загрозува глобалната економија. Тоа е посебен вид на организиран криминал, чија цел е парите или имотот, стекнати на нелегален начин, да се внесат во легалните финансиски текови, да се „измие„ нивното криминално потекло и да се припојат кон останатите средства во системот, со што ќе се оневозможи разликување на илегалното од легално стекнатото богатство.

Зошто да се спречи „перењето пари“?

Прво, „перењето пари“ му овозможува на организираниот криминал да финансира натамошни криминални активности, а особено трговија со дрога, оружје и проституција.

Второ, влезот на валканите пари во банките и другите финансиски институции ги загрозува самите институции и финансискиот сектор како целина.

Трето, неконтролираното внесување на големи износи на пари во државата ја загрозува стабилноста на денарот, создавајќи услови за појава на инфлација.

Четврто, можноста за перење пари создава недоверба кај јавноста во институциите на државата.

Петто, акумулирањето на економска и финансиска моќ во рацете на криминални организации и поединци, може да го загрози економскиот и демократскиот систем на земјата.

„Нечистите“ пари се штетни за угледот на Република Македонија и ги одвраќаат чесните инвеститори

Кои мерки и активности се преземаат за откривање и спречување на перењето пари

Законот за спречување на перење на пари ги определува субјектите, ги дефинира мерките и дејствијата за спречување на перење и го уредува начинот на контрола и примена на овие мерки. Физичките и правните лица, како и службените лица кои вршат активности поврзани со вложување, кредитирање и, замена, трансфер и други трансакции со пари имаат обврска да преземат дејствија за спречување на перење на пари.

Мерките и дејствијата кои се преземаат за откривање и спречување на перење на пари се однесуваат на: идентификација на клиенти кога готовинските трансакции надминуваат износ од 10.000 евра во денарска противвредност или во случај на поврзани трансакции (трансакции кои се повторуваат) кои заедно ја надминуваат вредноста од 10.000 евра; следење на одредени трансакции кои се одвиваат во невообичаени околности и за кои постои сомневање за економската и правната оправданост; собирање, чување и доставување на податоци за трансакциите и сл.

Како да се спречи „перењето пари“?

Заради навремено откривање и спречување на перење на пари, во рамките на Министерството за финансии, ќе се формира Дирекција за спречување на перење пари, како орган кој во соработка со Министерството за внатрешни работи, Јавното правобранителство, Царинската управа и другите државни органи и меѓународните институции ќе презема мерки за откривање и спречување на перење на пари и ќе врши прием, анализа и обработка на податоците и извештаите од преземените активности.

Податоците прибрани во рамките на преземените активности за спречување на перење на пари се доверливи и можат да се користат исклучиво за обработка и анализа од страна на Дирекцијата за спречување на перење на пари.

Како функционира процесот на спречување на перење пари

При настанување на трансакции, кои задоволуваат определени критериуми согласно со овој закон, субјектите се должни да ја известуваат Дирекцијата за спречување на перење на пари.

Доколку Дирекцијата од проверката на податоците, а врз основа на цврсти докази утврди дека постои основано сомнение за перење пари, ги известува надлежните државни органи (судовите, Министерството за внатрешни работи итн.).

Програми за спречување на „перење на пари“

Во согласност со светската практика и стандарди, Законот за спречување на перење на пари предвидува обврска за правните лица кои извршуваат финансиски активности (прибирање на депозити, одобрување на кредити, девизно валутни работи, издавање на парични картички, економско-финансиски консалтинг, финансиски лизинг, факторинг или работи во врска со осигурување и реосигурување или хартии од вредност, чување и управување со хартии од вредност или благородни метали итн.) да изготват програми за заштита од перење на пари.

Со овие програми ќе се обезбеди: централизирање на податоците за идентитетот на клиентот, обука на лицата во институцијата и утврдување на инструменти за внатрешна проверка на спроведувањето на мерките и дејствијата, кои се преземаат во насока на примена на Законот. Законот за спречување на перење пари содржи и многу други детали, а од неодамна ја помина собраниската процедура.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД КРИЗАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2000 година, за првпат можеа да се почувствуваат позитивни ефекти од економските реформи. Оттаму, сосема разбирливо е општото незадоволство од успорувањето на постигнатиот напредок, пред сè, поради влошената безбедносна ситуација

1. ВОВЕД

Тешката безбедносна ситуација во Република Македонија ѝ нанесе големи штети на економијата, која во 2000 година беше во прилично добра состојба.[1]

Во текот на јуни, проекциите на макроекономските индикатори за 2001 година беа ревидирани, под претпоставка дека политичката и безбедносната ситуација ќе се стабилизира до средината на август. Сега, порастот на БДП од 6% е проектиран на максимум 2,5%, додека првично проектираната инфлација од 2,2% е ревидирана на 4-6%. Кај некои владини претставници постои незадоволство поради поврзувањето на странската помош, исклучиво, со постигнувањето на политички договор. Министерот за финансии ова го нарече тивко ембарго, бидејќи помошта е условена од политичкото решение на кризата.

Воените расходи се големо оптоварување за буџетот, а секторот на претпријатија трпи штети поради намалената трговија, која, главно, е резултат на недоволната предвидливост на макроекономскиот амбиент, што ги обесхрабрува планирањето и инвестициите. Психолошко-економските реакции на поединците и претприемачите ја загрозуваат ценовната стабилност и девизниот курс на денарот, кој цврсто го брани Народната банка.

Целосните економски импликации од тековната криза сè уште не се видливи, но ќе бидат евидентни на среден и долг рок. Доколку безбедносната криза не се реши брзо, земјата може да се соочи со двоен предизвик на политичка криза комбинирана со економска криза. Дури и со политичко решение и процес на стабилизација кој ќе следи, економијата веќе претрпе штети, а во период на рецесија ќе биде многу тешко да се продолжи со политичките реформи.

2. ЕФЕКТИ ВРЗ ЕКОНОМИЈАТА КАКО РЕЗУЛТАТ НА БЕЗБЕДНОСНАТА СИТУАЦИЈА

2.1. Зголемени буџетски расходи

Поради кризата, воените трошоци сочинуваат приближно 17% од расходите (вообичаениот процент е 2,5%). Освен средствата за муниција, потребно е да им се исплатат средства на голем број резервисти. Од нејзиниот почеток, Владата потроши 188 милиони американски долари за воената криза и, истовремено, е загрижена дека голем товар за Буџетот ќе претставува реконструкцијата на областите погодени од кризата и згрижувањето на внатрешно раселените лица. Расходите за 2001 година, кои првично беа проектирани на 789 милиони американски долари, сега се ревидирани на нешто повеќе од 1 милијарда американски долари.

2.2. Намалени приходи

Евидентно е намалувањето на сите видови приходи, како што се приходите од персонален данок и другите даноци, и профитот на јавните претпријатија. Нивото на приходите од царини и увозни давачки се намали, не само поради намалената трговија во Република Македонија, туку и поради намалениот степен на користење на земјата за транзит.[2] Царинските термина-

[1] Минатата година беше остварен буџетски суфицит, пораст на БДП од 5,1% и зголемени девизни резерви. Исто така, земјата склучи договори со ММФ и Светската банка, како и Договор за стабилизација и асоцијација (САА) со Европската унија.

[2] Многу деловни активности кои претходно ја користеа земјата за транзит, ги пренесуваат своите стоки преку Бугарија, Романија и СР Југославија.

ли на граничните премини се попразни од вообичаеното. Сепак, како резултат на воениот данок, вкупните приходи ќе се зголемат на нивото од 780 милиони американски долари.

2.3. Начини за финансирање на дефицитот

Со цел да ги зголеми буџетските приходи, државата на 1 јули воведе т.н. „воен данок“ од 0,5%, кој се плаќа на сите финансиски трансакции од страна на невладините претрпијатија, на секое вложување, повлекување средства или готовински трансфер. Ликвидноста е зголемена со цел да се финансираат воените активности. Некои расходи се покриени со дел од буџетскиот суфицит остварен минатата година, а кој иницијално беше наменет за намалување на сиромаштијата. Без воениот данок, дефицитот ќе изнесуваше 8% од БДП. Сепак, како резултат на воениот данок, тој е проектиран на 6%.

Постојат многу потенцијално негативни импликации од данокот, од една страна, а од друга, пак, пак не постоеше друг начин за справување со големите трошоци за национална безбедност, се разбира освен печатењето пари, што би довело до инфлација. Министерството за финансии на мошне транспарентен начин ја одбрани потребата од оваа мерка, а ММФ ја одобри.

Целосните економски импликации од тековната криза сè уште не се видливи, но ќе бидат евидентни на среден и долг рок. Доколку безбедносната криза не се реши брзо, земјата може да се соочи со двоен предизвик на политичка криза комбинирана со економска криза

2.4. Загуби во секторот на претпријатијата

И покрај тоа што е тешко да се добие прецизен износ за штетите во овој сектор, загубите приближно изнесуваат 700 милиони американски долари. Најпогодените сектори се текстилниот, црната металургија, обработката на метали и хемиската индустрија, како и земјоделството. Меѓутоа, и секторите како што се туризмот, градежниот сектор и транспортот, исто така, се значително погодени. Индустриското производство во првите месеци од 2001 година се намали за речиси 9% во споредба со истиот период во 2000 година.

Практично, и земјоделскиот сектор претрпе загуби. Житните растенија се или уништени во областите каде се водеа борбите, или е тешко да се изврши жетвата поради тешкото вооружување на теренот. Мелничката индустрија, исто така, претставува проблем поради отежнатото движење. Многу земјоделци го изгубија нивниот добиток.

Компаниите лоцирани во областите каде се одвиваа борбените дејствија престанаа со работа или работат значително под нормалниот капацитет. Фабриката за облека „Матекс“, која се наоѓа во Теарце, мешано етничко село, јужно од Тетово, е изгорена, област која до сега наводно е под контрола на вооружени групи етнички Албанци. Фабриката броеше 145 работници, од кои најголем дел беа жени од македонско етничко потекло, а помал дел етнички Албанки. Причините за пожарот сè уште не се утврдени, но постои сомневање дека мотивите за тоа беа на етничка основа. Компанијата беше оформена со заеднички вложувања на странски и етнички македонски инвеститор. Без разлика која била причината за пожарот, овој инцидент очигледно не е добар сигнал за инвеститорите. Исто така, Југохром, фабрика за производство на хром, со вработени од мешано етничко потекло, чија бројка изнесува околу 2000, се соочува со проблеми во одржувањето на нормалното ниво на производство. Етничките албански работници престанаа да одат на работа, бидејќи безбедносните услови не се соодветни. Во целиот тетовски регион, каде претходно нормално се одвиваа деловните активности, значителен дел од работната сила од сите етнички групи со резерви го следи развојот на настаните. Фабриката за текстил „Тетекс“ во Тетово е најголемиот работодавец во областа со 3.500 вработени од сите етнички групи. Сега се соочува со тешкотии во исполнувањето на обврските според некои договори склучени со партнери од странство. Ова е тешко бидејќи дел од работната сила доаѓа од селата јужно од Тетово, од каде во моментов се раселени голем дел етнички Македонци.

Во бизнисот, етничкиот проблем почна да претставува многу повеќе од проблем. Некои групи од мнозинското население го поддржуваат бојкотот на производите, кои ги продаваат етничките Албанци или компаниите во нивна сопственост. Претпријатијата во сопственост на Македонците муслимани или на етничките Албанци, исто така, се цел на напади и вандализам од страна на толпите кои протестираат против активностите на етничките албански вооружени групи.

Ова се општите проблеми со кои се соочуваат компаниите/производителите во сите сектори:

Трговија

Трговијата е витална гранка за економија со само 2 милиони жители, бидејќи домашниот пазар е премно-

гу мал да ги апсорбира сите производи. Политичкиот ризик предизвикан од безбедносната ситуација натера многумина нервозни деловни партнери да ги откажат договорите со македонските компании. Сепак, сè уште постојат некои нарачки кои треба да се исполнат од периодот пред да дојде до кризата. Реалните ефекти ќе станат видливи подоцна, бидејќи партнерите под сегашните услови многу ќе се двоумат за склучување нови договори за 2002 година. Дури и компаниите кои се наоѓаат во релативно стабилните региони, до некој степен, се погодени. Исто така, трошоците за осигурување на извозот и увозот се зголемија. Привременото затворање на граничниот премин Блаце, одвреме навреме ги зголемува стравовите дека трговијата ќе биде уште повеќе погодена.

Во периодот јануари-јуни 2001 година, вкупната вредност на трговијата се намали за 20%, споредено со истиот период минатата година. Увозот се намали за 26%[3], а извозот за 11%. Извозот делумно опадна поради тоа што производителите се зависни од увозот на суровини или полупроизводи. Сега, нема голем увоз на овие производи бидејќи партнерите се сомневаат дека може да бидат извршени испораката или плаќањето. Некои партнери бараат плаќањето на овие производи да биде авансно и во готовина. Каматните стапки се невообичаено високи (види го делот за инвестициите и монетарната политика) и кредитите се многу скапи.

Трговијата со Косово, која досега е од големо значење (особено во секторот на градежништвото и прехранбената индустрија), може да се отежни и во политичка и во логистички смисла.

Сепак, бизнис експертите тврдат дека опаѓањето на трговијата не е најзначајниот проблем во секторот на претпријатијата, туку недостатокот од инвестиции.

Недостаток од инвестиции

Инвестициите во голема мера се погодени, бидејќи директорите на компаниите не вршат долгорочно планирање. Тие не се спремни за инвестирање во нови технологии, нови производи и настојуваат да го одложат преструктуирањето. Следствено, индустриското производство опадна за околу 6% во мај 2001 споредено со истиот период минатата година. Компаниите се соочуваат со големи тешкотии во наплатата на нивните побарувања, што создава маѓепсани кругови. Инвестициите се минимални, трошоците за суровини или полупроизводи тешко се покриваат (што создава проблеми кај домашните партнери и компании) и вработените не се платени (што ја намалува личната потрошувачка и наложува помала продажба кај компаниите). Сметките за комуналии и другите сметки не се плаќаат, или пак се плаќаат, премногу доцна.

Кредитите отсекогаш биле главниот извор на инвестиции. Тие, во моментов, се со мала понуда и голема побарувачка, што доведува до зголемување на каматните стапки.[4]

Инстинктот кој преовладува во овие услови е да се максимизираат ресурсите во случај да има девалвација на валутата и/или инфлација. Многу претприемачи се прашуваат како ќе се покрие дефицитот, кај нив постои сомнеж за стратегиите и се скептични дека ќе се одржи девизниот курс на денарот. Во случај на девалвација, очигледно е дека компаниите кои имаат многу готовина деноминирана во денари ќе бидат силно погодени. Најголемиот број од нив цврсто се држат до нивните девизни резерви, што го зголемува ризикот од инфлација.

Што се однесува до странските директни инвестиции, повторно политичкиот ризик претставува огромно застрашување. Шансите за привлекување стратешки инвеститори за претпријатијата загубари значително се намалија.

Воен данок

Воениот данок беше неочекувана и, очигледно, недобредојдена мерка за деловните активности. По воведувањето на ДДВ, на него се гледа како на двојно оданочување. Бизнисмените се, исто така, скептични дека овој данок ќе биде доволен за покривање на дефицитот и стравуваат дека ќе се воведат дополнителни мерки или дека валутата ќе девалвира. Некои ефекти од данокот се следниве:

- генерално, тој ја намали конкурентноста на македонските компании;
- исто така, доведе до засилување на сивата и црната економија, бидејќи ја влошува ситуацијата на компаниите кои работат легално наспроти оние кои работат надвор од законот. Вон-институционалните готовински плаќања се сè почести;
- компаниите кои се погодени ќе ги зголемат цените на нивните производи;
- Данокот може да ја поттикне инфлацијата.

[3] Ова најверојатно не е само резултат на безбедносната ситуација оваа година, туку се должи и на фактот дека увозот минатата година беше невообичаено висок пред воведувањето на ДДВ.

[4] Реформата во банкарскиот сектор е во тек, иако довербата во банките е сеуште релативно мала. Последователно на тоа, има ниско ниво на заштеди во банките. Целта е да се консолидира секторот и да се зголеми конкуренцијата меѓу поголемите и поефикасни субјекти со цел да се намалат каматите. Каматите се исто така високи и поради тоа што сеуште не е имплеметиран законот за хипотеки. Комерцијалните банки не сметаат дека постои сигурен начин за наплата на хипотеки и го компензираат ризикот со високи камати.

Даночните експерти тврдат дека данокот ја спасил земјата од економски крах, и дека нивото на цените само привремено ќе биде погодено, како што беше со воведувањето на данокот на додадена вредност во април минатата година.

2.5. Сиромаштија и психолошко-економски реакции на населението

Населението настојува да троши само за лична потрошувачка, што имплицира пониска продажба за компаниите. Многумина го одложуваат или игнорираат плаќањето на комуналните и другите сметки, поради сиромаштија и недостаток на доверба во институциите. Трошоците на живот се зголемија во јуни, а поради стравот од инфлација, поединците претпочитаат да го држат својот доход во странски валути. Зголемен е бројот на вработени кои не примиле плата со месеци.[5] Егзистенцијалниот минимум со кој се соочуваат луѓето и понатаму го поттикнува неформалниот сектор.

Воените расходи се големо оптоварување за буџетот, а секторот на претпријатија трпи штети поради намалената трговија, која, главно, е резултат на недоволната предвидливост на макроекономскиот амбиент, што ги обесхрабрува планирањето и инвестициите

Економските тешкотии кои ги чувствуваат вработените во фабриките во регионот на Тетово, имаат влијание врз расположението на дел од населението, кое себеси се гледа несразмерно погодено од безбедносната ситуација. Многу од раселените вработени во Тетекс и Југохром се под преголем емоционален стрес за да се вратат на работа (што влијае врз нивото на производство).

Според Државниот завод за статистика, 21% од населението живее под линијата на сиромаштија,[6] а 15% од домаќинствата зависат од социјална помош.[7] Стапката на невработеност изнесува 32%.[8] Очигледно, прилично голем дел од населението ќе биде погодено, доколку цените и трошоците на живот драстично се зголемат.

2.6. Заканата од инфлација спречена од Народната банка

Ниската инфлација отсекогаш била стожер на македонската економска политика. Народната банка на Република Македонија (централната банка) се фокусира на одржување на девизниот курс на денарот, за кој таа тврди дека е од витално значење на долгорочен план и за политичката стабилност. Многу мали флуктуации на девизниот курс имаат големи импликации во една мала економија. Следствено, Народната банка со години прави големи напори за да ја одржи стабилноста на нивото на цените и девизниот курс, и го фиксира денарот во однос на германската марка.

Во јуни, инфлацијата беше за 2% повисока од онаа во мај и 6,9% повисока во споредба со јуни 2000 година. Ова веднаш се одрази на нивото на цените и како резултат на тоа, се зголемија трошоците на живот. Високото ниво на ликвидност стана очевидно.

Постоеја неколку причини: сезонска отплата на тутунот, отпремнини за оние кои ја напуштија јавната администрација поради структурните реформи, плаќање во готово за државните обврзници на старите девизни штедачи и високите износи за финансирање на армијата. Исто така, во текот на март јавноста почна да ги повлекува депозитите, особено девизните, од банките поради чувството на несигурност. Тие продолжија да вложуваат и да ги повлекуваат заштедите во текот на пролетта како што настануваа флуктуации во безбедносната ситуација. Како резултат на тоа, широката парична маса во јуни 2001 година порасна за 9%, споредено со јуни минатата година и почна да врши притисок врз девизниот курс.

Затоа, Народната банка водеше рестриктивна монетарна политика и изготви комплексен сет на инструменти со цел да ја повлече прекумерната ликвидност и да го одбрани девизниот курс на денарот.[9]

На почетокот, комерцијалните банки не сакаа да ги повлечат нивните девизни резерви за да купат бла-

[5] Во април 2001, 20% од сите вработени не добиле плата.

[6] = 70% од просечна месечна потрошувачка.

[7] Министерство за труд и социјална политика, Годишен извештај за социјална помош за 2000.

[8] Завод за статистика, Вработеност и невработеност во Република Македонија, ноември 2000.

[9] Инструментите кои централната банка ги применува се:

- аукција на благајничките записи на централна банка;
- повисоки каматни стапки со цел да се привлечат комерцијалните банки да купуваат благајнички записи;
- преку продажба на благајничките записи на јавноста со различен рок на доспевање и привлечни каматни стапки;
- зголемување на дисконтот (што претставува основа за пресметување на каматите и задолжителната резерва);
- зголемување на минималната задолжителна резерва во комерцијалните банки;
- намалување на максималниот износ на девизи кој банките може да го имаат во странство, со цел да се зајакнат домашните резерви кои почнуваат да се намалуваат

гајнички записи на аукциите на Народната банка, но, на крај, оваа и другите политики, почнаа да даваат резултати, така што девизниот курс на денарот малку опадна во однос на германската марка, намалувајќи го стравот од девалвација.

Банката се соочува со психолошките ефекти од кризата, која ги присилиува претпријемачите и јавноста да се однесуваат надвор од конвенционалната економска логика, што, од друга страна, дополнително ги засили економските импликации од кризата. Дел од проблемот е недостатокот на доверба во институциите.

3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во текот на 2000 година, за првпат можеа да се почувствуваат позитивни ефекти од економските реформи. Оттаму, сосема разбирливо е општото незадоволство од успорувањето на постигнатиот напредок, пред сè, поради влошената безбедносна ситуација. Од друга страна, пак, се тврди дека, за среќа, Република Македонија постигна многу повеќе во процесот на транзиција отколку Босна и Херцеговина пред да ѝ се случи кризата, нешто што до одреден степен ја заштитува од пропаст.

На владино ниво, се тврди дека поддршката на платниот биланс на земјата ќе биде од суштинско значење во намалувањето на притисокот врз девизните резерви. Во едно песимистичко сценарио, зголемувањето на ликвидноста со цел да се финансираат воените активности, може да доведе до инфлација, а населението да се најде притиснато меѓу економска и политичка криза.

Сепак, централната банка се надева дека девизниот курс на денарот ќе биде одбранет и тврди дека воените трошоци не се доволни за дестабилизација на валутата, доколку се преземат соодветни мерки.

Под услов да се најде политичко решение за тековните тешкотии, повеќето учесници во економската сфера се согласуваат за следниве приоритети:

- Да се продолжи со економските реформи и имплементацијата на законите на транспарентен начин;
- Договорот за стабилизација и асоцијација (САА) треба да се имплементира;
- На земјата ќе ѝ треба финансиска помош, а дел од помошта ќе треба да биде и за поддршка на платниот биланс на земјата, под услов трошењето да биде транспарентно. Помошта треба да биде итна и добро насочена, бидејќи мнозинството ја гледа земјата под притисок на меѓународната заедница, без да добива соодветна поддршка за тешкотиите со кои се соочува.
- Веднаш штом се воспостават соодветни безбедносни услови, очигледно е дека ќе биде потребна итна помош за исполнување на други услови за возврат (УНХЦР и партнерските организации се веќе подготвени за ова). Сепак, во оваа фаза ќе биде од големо значење да се започне со разгледување на прашањата на среден и долг рок.
- Некои донатори бараат сите инволвирани страни во владата да подготват сеопфатно развиен план, со цел да се разгледаат прашањата на сите етнички групи и да се „залечи“ општеството.
- Економијата и деловните активности нема значително да се подобрат без поголема доверба во институциите и помеѓу различните сегменти на населението.
- Уништувањето на имотите поради етнички мотиви мора темелно да се испита, а извршителите да се изнесат пред лицето на правдата.
- Довербата помеѓу различни групи може да се зголеми доколку странската помош се потроши и за јакнење на институционалните капацитети (полиција, локални власти) и на проекти кои вклучуваат соработка меѓу локалните заедници.
- Постои огромна чувствителност кај мнозинството од населението, за распределувањето на помошта, која најверојатно е дополнително зголемена по неодамнешните настани. Иако помошта е потребна за обнова на областите директно погодени од воените дејствија, таа исто така треба: а) да биде етнички непристрасна, б) да го земе предвид етничкото чистење поради недостиг на можности, в) да биде директно насочена кон други сиромашни области кои не се погодени од воените дејствија. (Инаку, помошта би можела да се сфати како „награда за оние кои ги создаваат проблемите“.)
- Со цел да се стабилизира тетовскиот регион, ќе биде важно да се одржи нивото на производството во големите компании (во многу од компаниите има етнички мешана работна сила, од кои дел се раселени).
- Може да се основа фонд за политички ризик со цел да се осигураат инвеститорите.

- Потребни се свеж капитал и поволни заеми од банките. Каматите и провизијата треба да се намалат со цел да се зајакнат инвестициите и стопанството, што подразбира понатамошен напредок на реформите во банкарскиот сектор.
- Може да се основа резервен фонд за претприемачите кои имаат продуктивни бизнис идеи, но недоволно средства за обезбедување од ризик.

Извештајот е подготвен од страна на Организацијата за безбедност и соработка (OSCE), 10 август 2001, Скопје.

ДАНОЧНИОТ СИСТЕМ, ДАНОЧНАТА ПОЛИТИКА И НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. ДАНОЧЕН СИСТЕМ И ДАНОЧНА ПОЛИТИКА

Основните принципи и цели на реформата на даночниот систем во Република Македонија, донесени со Рамковната програма за економски развој и реформи „МАКЕДОНИЈА 2003“, имаат основна цел постојниот систем да се изгради во еден нов современ и ефикасен даночен систем кој ќе одговара на пазарните услови на стопанисување и ќе биде компатибилен со даночниот систем на Европската унија.

Во оваа смисла како појдовна основа во уредувањето на даночниот систем се имаа предвид и искуствата и принципите на поновите даночни реформи во развиените западни земји, како и теориските и емпириските сознанија за правците на развојот на современите даночни системи. Во врска со ова, може да се истакне дека појдовни основи беа следниве:

- неутралност на даночниот систем, со цел да се минимизираат оние елементи кои внесуваат дисторзии во ценовниот механизам и кои ги дестимулираат факторите на производството;
- проширување на даночната обврска и на даночната основа кај сите видови даноци;
- овозможување на даночни стимулации со цел да се стимулираат домашните и странските инвеститори, но истовремено да се спречат дисторзивните ефекти;
- прераспределба на глобалниот фискален товар со цел да се оствари поместување на тежиштето од даноците на доход кон даноците на потрошувачка, поради поголемата економска неутралност на овие даноци, како и поради потребата да се зголемува штедењето и новите инвестиции;
- почитување на принципите на хоризонтална и вертикална праведност во оданочувањето;
- зголемување на ефикасноста на даночниот систем во исполнувањето на примарната фискална функција, со цел да се избегне појавата на фискални дефицити и нарушување на макроекономската стабилност;
- подобрување на конкурентската позиција на претпријатијата преку пониско даночно оптоварување, во споредба со соседните земји и земјите конкуренти во надворешно-трговската размена;
- постигнување компатибилност со даночните системи на земјите на Европската унија и прифаќање транспарентни решенија со цел да се стимулираат странските инвестиции во македонското стопанство.

Во даночниот систем на Република Македонија функционираат следниве видови даноци:

- даноци на доход: персонален данок на доход и данок на добивка на корпорации;
- даноци на потрошувачка: данок на додадена вредност (ДДВ), акцизи, царини и други увозни давачки;
- даноци на имот: данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности и права.

Во фискалниот сектор на Македонија постои и систем на социјално осигурување (пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување од невработеност) за кој се обезбедуваат приходи, главно, од три засебни видови придонеси од осигурениците.

1.1. ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

Со реформата на персоналниот данок на доход се премина на систем на комплетно опфаќање и оданочување на сите приходи, односно на вкупната даночна сила на граѓаните, со примена на прогресивни стапки од 15% и 18%, кои се меѓу најниските во Европа. Тоа претставува сериозно

Светлана Јаневска работи во Министерството за финансии, како помошник на министерот во Секторот за даночна политика и администрација. Дипломирала на Економскиот факултет во Скопје во 1981 година. Во Министерството за финансии е од јуни 2000 година. Претходно работела во Собранието на Град Скопје, во секретаријатот за стопанство, потоа во Министерството за стопанство како советник на министерот за трговска политика и во Министерството за трговија како помошник на министерот за надворешно трговска политика и режим. Уѝествувала на повеќе семинари курсеви и форуми во земјата и странство, од областа на цените, надворешно трговската политика и подготовки за пристапување на Р Македонија во СТО.

намалување на даночните стапки, кои претходно изнесуваа 23%, 27% и 35%.

Домашните и странските физички (индивидуални) лица се изедначени во даночниот третман.

Со ваквата промена во рамките на персоналниот данок на доход, се постигнува следното:

- се изедначува фискалниот третман на сите видови приходи кои физичките лица ги остваруваат од различни извори што е во согласност со принципот на хоризонтална праведност во оданочувањето; и
- даночната обврска се утврдува сразмерно на вкупната даночна способност на секој обврзник, што е во согласност со принципот на вертикална праведност во оданочувањето (односно обврзниците со различен доход да плаќаат различен износ на данок). Ова е, исто така, темелен принцип на секој даночен систем.

Предмет на оданочување

Персоналниот данок на доход се плаќа годишно на доходот кој претставува збир на нето-приходите на обврзникот што ги остварува од различни извори во текот на една календарска година-лични примања (плати), приходи од самостојна дејност, приходи од земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, приходи од капитални добивки, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, добивки од игри на среќа и други наградни игри, освен приходите што не подлежат на оданочување (на примањата по основ на награди од меѓународни организации, за достигнувања во науката, културата и спортот, на стипендии, детски додадок, социјална и друга помош, каматите по обврзници издадени од Република Македонија и единиците на локалната самоуправа, каматите на штедни влогови, тековни сметки и депозити по видување, алиментации и надоместоци на штета по судска одлука и сл.)

како појдовна основа во уредувањето на даночниот систем се имаа предвид и искуствата и принципите на поновите даночни реформи во развиените западни земји, како и теориските и емпириските сознанија за правците на развојот на современите даночни системи

Нето-приходот претставува разлика помеѓу бруто приходот на обврзникот и трошоците што ги направил за негово остварување.

Примената на данокот на доход е врз принципот на интегрално оданочување, што значи дека на даночна обврска подлежат сите видови приходи остварени во земјата и во странство без оглед на тоа дали се реализирани во пари, во бонови, парични потврди, во акции, стоки или во некоја друга форма која има парична вредност. Во случај на непарична исплата на приходите, исплатувачот треба да ја искаже денарската противвредност на стоките по пазарна цена и да ја приклучи кон другите приходи.

Даночен обврзник

Обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство, како и физичко лице кое не е резидент за доходот што е остварен на територијата на Републиката. Обврзник на данокот на доход е и физичко лице-трговец, трговец поединец, како и физички лица кои се занимаваат со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност, и лица кои вршат услуги или слободни занимања (адвокати, нотари, лекари, патентни инженери, архитекти, слободни уметници, сметководители и слично).

Даночна основа

Даночната основа на годишниот данок на доход претставува доходот за оданочување што се добива како збир на износите на одделните видови нето-приходи што ги остварил обврзникот во годината за која се утврдува данокот намален за:

1) придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и вработување, освен за придонесите од земјоделска дејност што ги плаќаат земјоделците на катастарскиот приход;

2) придонесите за доброволно пензиско и инвалидско осигурување платени од обврзникот;

3) лично ослободување во износ од 30.000 денари на годишно ниво, односно 2.500 денари на месечно ниво.

Даночни стапки

Стапките на персоналниот данок се прогресивни и изнесуваат: на доходот за оданочување до 360.000 денари на годишно ниво од 15%, а над 360.0000 денари-18%. Аконтациите се плаќаат месечно и тоа на даночна основа до 30.000 денари-15%, а над 30.000 денари-18%.

Видови приходи што го сочинуваат доходот

Доходот што подлежи на оданочување, според кој се утврдува даночната основа го сочинуваат следните категории приходи:

1) Лични примања-претставуваат сите приходи што ќе ги оствари обврзникот по основ на работен однос, вклучувајќи ги и приходите по договор за повремено или привремено вршење на услуги на органите на управата, на домашните и странските правни лица, како и на домашните и странските физички лица кои вршат регистрирана дејност. Личните прима-

ња ги опфаќаат платите и другите дополнителни примања по основ на работен однос, пензиите, примањата на членови на органи на управување и надзор на трговските друштва, плати на функционери, пратеници и советници, плати на професионални спортисти, надоместок на судии поротници, вешти лица, стечајни управници, надоместок на членовите на МАНУ, плата остварена со работа во странство врз основа на работен однос заснован во земјата и секој поединечно остварен приход врз основа на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица.

2) Приходи од земјоделска дејност- данокот се плаќа на катастарскиот приход со тоа што на обврзникот кој остварува приходи кои значително го надминуваат катастарскиот приход, органот за јавни приходи може да му определи данокот на доход да го плаќа според вистинскиот приход. Во тој случај одаочувањето ќе се утврдува соодветно на начинот на кој се утврдува нето-приходот од вршење на дејност.

3) Приходи од самостојна дејност-претставуваат приходите остварени од стопанска дејност, од давање на професионални и други интелектуални услуги, како и приходи од земјоделска дејност и други дејности чија трајна цел е остварување на приходи.

Обврзник на данокот на доход за приходите од самостојна дејност е физичко лице-трговец, трговец поединец, како и физички лица кои се занимаваат со земјоделска дејност, со занаетчиска дејност, и лица кои вршат услуги или слободни занимања (адвокати, нотари, лекари, патентни инженери, архитекти, слободни уметници, сметководители, консултанти, ревизори, новинари, спортисти и др).

4) Приходи од имот и имотни права-ги остваруваат физички лица од издавање под закуп или подзакуп на недвижен имот, опрема, превозни средства или друг вид имот. Даночна основа претставува едногодишниот износ на остварениот бруто приход намален за трошоците на одржување и управување, за едногодишната амортизација и за другите трошоци што се нужни за остварување на приходот во висина од 40% од бруто приходот, а за давање под закуп на опремени станбени и деловни простории, како трошок се зема предвид и абењето на опремата (мебелот и слично) во висина од 50% од бруто приходот, а ако обврзникот документирано докаже дека направил поголеми трошоци од нормираните, му се признаваат стварните трошоци.

5) Кај приходите од авторски права и права од индустриска сопственост, трошоците за остварување на приходите од авторски права изнесуваат од 25% до 60% од бруто приходот во зависност од видот на авторското дело и тоа:

- за вајарски дела, таписерии, керамопластика, уметничка керамика и витраж - 60% од бруто приходот;
- за уметничка фотографија, sидно сликарство и сликарство во простор во техниките: фреска, графика, мозаик, интарзија, емајл, интарзирани и емајлирани предмети, костимографија, модно креаторство и уметничка обработка на текстил (ткаен текстил, печатен текстил и слично) -50% од бруто приходот;
- за сликарски дела, графички дела, индустриско обликување со изработување на модели и макети, ситна пластика, уметнички решенија за сценографија, научни, стручни и публицистички дела, преведување на дела од книжевноста, музички и кинематографски дела и реставраторски и конзерваторски дела во областа на културата и уметноста - 50% од бруто приходот;
- за изведување уметнички дела во областа на сериозната музика, балетот, операта и театарската и филмската глума, за рецитирање, снимање

филмови и идејни скици за таписерија и костимографија - 30% од бруто приходот;
- за преводи (освен преводи на книжевни дела), предавања и слични интелектуални творби -30% од бруто приходот.
- за изведување на естрадни програми на забавна и народна музика-25% од бруто приходот и,
- за други авторски дела и дела од индустриска сопственост, кои не се наведени во точките од 1 до 6 од овој член - 25% од бруто приходот.

На обврзникот, по негово барање, наместо нормираните трошоци, му се признаваат стварните трошоци ако може документирано да ги докаже.

6) Приходите од капитал ги опфаќаат: дивидендите и другите приходи остварени со учество во добивката, каматите по одобрени кредити, каматите по обврзници и други хартии од вредност и каматите на штедни и други депозити.

Основа на данокот на доход за приходите од дивиденди претставува износот од 50% од бруто дивидендите, односно приходите од учество во добивката распределени на обврзникот, основа на данокот на доход за приходите од камата по заеми, каматите по обврзници и камати на орочени штедни депозити претставува разликата меѓу износот на бруто каматата и износот пресметан по стапката на пораст на цените на мало во соодветниот период.

7) Капиталните добивки претставуваат приход што се остварува од продажба на хартии од вредност, учество во капиталот и недвижен имот како разлика помеѓу нивната продажна и куповна (набавна) цена.

Ако разликата е негативна се остварува капитална загуба.

Обврзникот на данокот на доход од капитални добивки е физичко лице кое остварува капитална добивка.

Со реформата на персоналниот данок на доход се премина на систем на комплетно опфаќање и оданочување на сите приходи, односно на вкупната даночна сила на граѓаните, со примена на прогресивни стапки од 15% и 18%, кои се меѓу најниските во Европа

Основата на данокот на доход за капиталните добивки претставува разликата помеѓу продажната цена на хартиите од вредност, учеството во капиталот и недвижниот имот и куповната (набавната) цена.

Капиталната добивка остварена со продажба на хартии од вредност, учество во капиталот и недвижен имот, се внесува во даночната основа во висина од 70% од разликата.

8) Данокот на доход за добивките од игри на среќа и други наградни игри претставува остварената добивка. Данок не се плаќа ако поединечната добивка не го надминува износот од 10.000 денари, а ако поединечниот износ на добивката е поголем од овој износ, данокот се пресметува врз целиот износ на добивката.

9) Други видови приходи се сметаат и приходите кои ги остваруваат физички лица, а кои не се оданочени, или не се изземени од оданочување со овој закон.

Основа за пресметување на данокот е нето приходот кој се утврдува со одбивање на нормираните трошоци од бруто приходот во висина од 35%.

Утврдување и наплата на данокот

Заради утврдување на даночната обврска обврзниците на данокот на доход се должни да поднесат годишна даночна пријава за доходот што го остварile по сите основи по истекот на годината за која се утврдува данокот најдоцна до 15 март наредната година, а обврзникот кој остварува во текот на годината само приход од плата, пензија и инвалиднина, односно само приход од земјоделство, кој се оданочува според катастарскиот приход, не е должен да поднесе годишна даночна пријава.

Во текот на годината се плаќа аконтација на данокот по одбивка и тоа за: личните примања; приходите од авторски права и права од индустриска сопственост; приходите од капитал; приходите од имот, ако исплатувачот на приходите води деловни книги; добивките од игри на среќа и други наградни игри; приходите што ги остварува даночен обврзник-нерезидент од музичка, артистичка, спортска, книжевна, ликовна или друга уметничка дејност. Исплатувачот на овие примања е должен на обврзникот при секоја исплата да му издаде примерок од пресметката на аконтацијата на данокот и придонесите и збирен податок по истекот на годината, најдоцна до 15 февруари наредната година, за вкупно платената аконтација.

Аконтација на данокот на доход според решение на органот за јавни приходи се плаќа за следните приходи: приходите од земјоделство; приходите од самостојна дејност; капиталните добивки; и други приходи на кои аконтација на данокот на доход не се плаќа по одбивка.

Исплатувачот на лични примања и на други приходи на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка е должен запрениот данок да го уплати при секоја поединечна исплата.

Даноците по одбивка се пресметуваат и се плаќаат според стапките што важат на денот на исплатата на личните примања, односно на приходите.

Обврзникот кој остварува лични примања од странство, како и обврзникот кој остварува лични примања од дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви преставништва кои уживаат дипломатски имунитет, е должен во рок од осум работни дена од денот кога му се исплатени примањата сам да го утврди и уплати данокот, ако тој данок не го утврди и не го уплати исплатувачот.

Странски друштва и организации кои не уживаат дипломатски имунитет во Република Македонија, должни се при исплатата на лични примања на вработените лица, резиденти и нерезиденти да го пресметаат данокот на доход според одредбите на овој закон

и да го платат во рок од осум работни дена од денот на исплатата.

1.2. ДАНОК НА ДОБИВКА НА КОРПОРАЦИИ

Данокот на добивка на корпорации претставува данок кој се однесува на претпријатијата организирани во облик на акционерски друштва, на јавните претпријатија, банките и другите трговски друштва кои имаат статус на правно лице.

Даночен обврзник

Даночен обврзник е правно лице, независно од видот и организационата форма, основано или со седиште на територијата на Република Македонија, за добивката што ја остварува во земјата и во странство, како и обврзник-правно лице, нерезидент за добивката што ја остварува на територијата на Република Македонија.

Даночна основа

Даночната основа на данокот на добивка претставува добивката утврдена во даночниот биланс, како разлика меѓу остварените вкупни приходи и вкупните расходи на обврзникот и за таа цел се дефинирани правила и критериуми за нејзиното утврдување.

Приходите остварени по основа на средства кои се строго наменски за одвивање на дејноста на даночниот обврзник (буџети, фондови), не влегуваат во даночната основа за пресметување на данокот на добивка.

Како средства што се строго наменски за одвивање на дејноста се сметаат и средствата од посебните сметки, средствата добиени по основ на донации со наменски карактер, членарина и други средства кои не се наменети за вршење на дејноста и чија единствена функција е само прибирање и распоредување за одредена намена.

Вредноста на залихите на недовршеното производство, полупроизводите и готовите производи се проценува најмногу по полната цена на чинење.

Пресметаните бруто плати на вработените се признаваат како одбитна ставка на товар на деловните расходи, до висина на исплатениот износ, додека примањата на вработените по основа на учеството во добивката, не се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс.

Личните примања на членовите на управниот и надзорниот одбор се признаваат како расходи во даночниот биланс во висина од 50% од исплатениот износ.

Амортизацијата на нематеријалните и материјалните средства се признава како расход во даночниот биланс до износот утврден со примена на амортизационите стапки пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација и амортизационите стапки, додека ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства, вклучувајќи ја и нивната амортизација, се признава како расход во даночниот биланс до висина на износот утврден со коефициентот на растежот на цените на производителите на индустриски производи, според податоците на Државниот завод за статистика.

На товар на расходите во даночниот биланс се признаваат трошоците по основ на камати на кредити кои се користени исклучиво за вршење на дејноста на обврзникот, освен трошоците за камати на кредити кои се користени за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и примената уметност и други украсни предмети за опремување на административните простории.

Трошоците за истражување и развој направени во рамките на сопствени истражувачко - развојни центри, или преку самостојни научно истражувачки институции, премиите платени за осигурување на деловниот имот на обврзникот, трошоците за исплатените надоместоци за превоз до работа и од работа, за

Данокот на добивка на корпорации претставува данок кој се однесува на претпријатијата организирани во облик на акционерски друштва, на јавните претпријатија, банките и другите трговски друштва кои имаат статус на правно лице

исхрана и регрес за годишен одмор на вработените лица, исплатени до пропишаниот износ, придонесите за социјално осигурување што ги плаќа работодавачот, данокот на имот, таксите и другите платени јавни давачки, се признаваат, исто така, на товар на расходите во даночниот биланс.

Трошоците за економска пропаганда кои се во функција на унапредување на дејноста на даночниот обврзник, се предлага да се признаат како расход до висина на стварно направените, врз основа на веродостојна документација, а издатоците за донации и спонзорства за научни, хуманитарни, културни, образовни, здравствени, религиозни и спортски цели, освен издатоците за професионален спорт, да се признаат како расход во даночниот биланс во висина до 3% од вкупниот приход, под услов да се исплатени во корист на јавни установи кои се финансираат од буџетот, или пак, во корист на Црвениот крст на Република Македонија.

Надоместоците по основ на дневници за службени патувања во земјата и во странство и одвоен живот од

семејството, на лицата во работен однос, се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс, во висина утврдена со колективниот договор на ниво на гранка, односно со прописите за органите на управата.

Трошоците за користење на сопствен автомобил за службени цели од лицата во работен однос, се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс во висина од 50% од утврдениот износ според колективниот договор на ниво на гранка, односно според прописите за органите на управата.

Поради специфичниот карактер на банките и осигурителните друштва, задржано е правото издвојувањата во посебната резерва за обезбедување од потенцијалните загуби на банка или друга финансиска организација да се признава во полниот износ, а на друштво за осигурување и реосигурување на имоти и лица, најмногу до 75% од извршените резервирања за осигурување и други ризици.

Побарувањата и финансиските вложувања што не можат да се наплатат и кои се отпишуваат по пат на исправка на вредноста, не се признаваат на товар на расходите во даночниот биланс.

Обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство, како и физичко лице кое не е резидент за доходот што е остварен на територијата на Републиката

Даночен третман на приходите од капитал и на капиталните добивки и загуби

Приходите од дивиденди остварени со учество во капиталот на друг обврзник-резидент на РМ, вклучувајќи ги и приходите од учество во добивката на друштвата со ограничена одговорност не се вклучуваат во даночната основа под услов да се оданочени кај обврзникот кој врши исплата.

Капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност, опрема и недвижен имот се вклучуваат во даночната основа во висина од 70%.

Доколку се оствари капитална загуба, истата се признава на товар на расходите во даночниот биланс, а што се однесува до капиталната загуба остварена со продажба на хартии од вредност, се пребива со капиталните добивки остварени во истата година.

Даночна стапка

Стапката на данокот на добивка изнесува 15%. Таа е меѓу најниските во Европа и е приближно на ниво на просечната стапка кај персоналниот данок на доход. Со тоа висината на оданочувањето на добивката на корпорациите и на добивката од стопанска дејност кај обврзниците на персоналниот данок на доход е приближно еднаква, со што се исклучува влијанието на даночната политика на изборот на организацијата на претпријатието.

Главни видови стимулации за нови инвестиции и отпочнување на деловна активност, што се предвидени кај данокот на добивка на корпорации и персоналниот данок на доход

1. На обврзникот кој за прв пат почнува со вршење на дејност, во првата година во која искажува добивка, пресметаниот данок му се намалува за 50% под услов да продолжи со вршење на дејноста најмалку уште три години од денот на користењето на намалувањето. Во спротивно, го должи неплатениот данок во износ ревалоризиран со стапката на порастот на цените на мало.

Како обврзник кој за прв пат почнал со вршење на дејност не се смета обврзникот кај кого дошло до статусни промени (спојување, припојување, поделба, сопственичка трансформација и слично).

2. На обврзникот му се намалува даночната основа за износот на тековни инвестиции во основни средства, за проширување на сопствената дејност, најмногу до 25% од основата. Од ова ослободување се исклучени инвестициите во патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применета уметност и други украсни предмети за опремување на административни простории.

3. Даночниот обврзник кој остварува технолошка модернизација или набавува средства за заштита на животната средина и природата има право на забрзана амортизација на основните средства, но најмногу до висина која за 25% ја надминува амортизацијата.

4. На обврзникот кај кој се вложени средства од странски лица му се намалува пресметаниот данок сразмерно на учеството на странскиот капитал, под услов учеството на странскиот капитал да изнесува најмалку 20% во вкупно вложениот заеднички траен капитал. Под вложени средства од странски лица во смисла на овој закон се смета и откупот на акции од страна на странското лице. Ослободувањето се однесува за периодот од првите три години почнувајќи од годината во која се остварува добивката, под услов обврзникот кој го користел ова ослободување да работи најмалку уште три години по истекот на последната година во која го користел правото на даночно ослободување.

5. Во функција на развојот на берзата во Република Македонија, пресметаниот данок на добивка се намалува за 50%, за обврзникот кој котира на официјалните пазари на берза, од моментот на котацијата во

наредните три години. Ова даночно намалување ќе се користи до 31 декември 2005 година.

6. Капиталните добивки остварени од продажба на хартии од вредност, опрема и недвижен имот ќе се оданочуваат во висина од 70% од остварената добивка.

Капиталните добивки остварени од хартии од вредност нема да се оданочуваат до 1 јануари 2006 година со цел да се придонесе за развојот на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија.

7. Загубите од деловни, финансиски и неделовни трансакции може да се пренесуваат на товар на добивката во идните пресметковни периоди, но најмногу до 3 години, сметано од годината во која се искажани. Обврзникот кој искажува загуба ова право ќе го оствари со одобрение од органот за јавни приходи, по поднесено писмено барање.

Правото не може да се користи во случај на промена на статусот на даночниот обврзник по основ на спојување, припојување, поделба, сопственичка трансформација и слично.

Даночната основа се намалува и во следниве случаи:

- на обврзникот кој извршил вложување во подрачја на стопански недоволно развиените општини и во специфични подрачја (ридско-планински реони, пограничен појас и компактно заостанати подрачја) му се намалува даночната основа во висина на вложените средства, но најмногу до 50% од основата;
- на даночниот обврзник му се намалува даночната основа во висина на средствата вложени за заштита на животната средина и на природата.

8. Обврзникот кој е корисник на слободна економска зона се ослободува од плаќање на данокот на добивка за период од 10 години од отпочувањето на вршењето на дејноста во слободната економска зона, под услови и постапка утврдени со Законот за слободни економски зони.

9. Кај вршителите на земјоделска дејност со цел да се обезбедат услови за нови вработувања, како и заради заживување и развој на селото, се ослободува од плаќање на данок за период од пет години лицето кое за првпат ќе се определи за вршење на земјоделска дејност како основна дејност, како и лицето кое ќе се врати на село и ќе се реактивира како вршител на земјоделска дејност, а кое било евидентирано како невработено лице.

10. Кај приходите од капитал-каматите по обврзници издадени од Република Македонија како и од единиците на локалната самоуправа се изземени од оданочување. Со ова им се овозможува на граѓаните да не плаќаат данок на каматите за обврзниците кои ги добиваат по основ на исплата на депонираните девизни влогови (старото девизно штедење). Каматите на орочените штедни и други депозити нема да се оданочуваат до 1 јануари 2006 година, со што ќе се зголеми интересот за штедење кај граѓаните и ќе се зајакне довербата во банкарските институции и банкарскиот систем.

1.3. АКЦИЗИ

Акцизите претставуваат посебен вид на потрошувачки данок кој се плаќа на прометот на определени добра.

Новиот Закон за акцизи кој се применува од 1 јули 2001 година целосно е хармонизиран со Директивата за акцизи на Европската Унија број 92/12/ЕЕЦ, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи.

Предмет на оданочување

Со новиот Закон за акцизи предмет на оданочување претставуваат само оние акцизни добра кои се задолжителни со Европските директиви, а тоа се:

- минерални масла;
- тутунски добра; и
- алкохолот и алкохолните пијалоци.

Што се однесува до акцизите на патничките автомобили кои се надвор од новиот Закон, ќе продолжат да се оданочуваат до 31.12.2003 година, во согласност со одредбите на стариот Закон за акцизи („Сл.весник на РМ„ бр. 78/1993 и 11/2001).

Новиот систем на акцизи подразбира низа нови поими кои се инкорпорирани во Законот, а тоа се: непостоење на услови за настанување на акцизен долг; постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг; акцизен склад; имател на акцизна дозвола; добра подлежни на акцизи; акцизно правен слободен промет; имател на акцизно одобрение; производство во форма на здобивање и производство во форма на преработка.

Подлежност на акциза

Акцизните добра кои се предмет на оданочување со овој Закон стануваат подлежни на акциза во три случаи:

- со нивното производство на акцизната територија во РМ,
- со нивниот увоз во земјава, и
- кога добрата се наоѓаат под царински надзор.

Треба да се истакне дека, со фактот што добрата се подлежни на акциза, не значи дека настанува акциза.

За добра подлежни на акциза кои се наоѓаат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, а тоа значи:

- кога се наоѓаат во акцизен склад;
- кога се транспортираат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, и
- кога се наоѓаат под царински надзор, не настанува акциза.

Акцизен склад

Во акцизниот склад можат да се произведуваат, складираат, примаат или испраќаат акцизни добра подлежни на акциза при непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

Акцизниот склад претставува еден или повеќе меѓу себе поврзани загradени површини или простории кои претставуваат технолошка целина и каде имателот на акцизна дозвола произведува, складира, прима или испраќа добра подлежни на акциза во постапка

на непостоење на услови за настанување на акцизен долг и кој треба да биде јасно обележан и физички одделен од останатите површини или простори. Секој акцизен склад треба да е видливо нумериран.

Во акцизниот склад може да се произведуваат во форма на здобивање или во форма на преработка само акцизни добра. Производството во форма на здобивање значи производствен процес во кој од неакцизно добро се добива акцизно добро, додека производство во форма на преработка значи производствен процес во кој едно акцизно добро се преработува во друго акцизно добро. Притоа, во еден акцизен склад може да се произведува само една група на акцизно добро, пр. група на минерални масла, група на алкохол и алкохолни пијалоци или група на тутунски добра. Додека, во случаите кога акцизниот склад служи за цели на складирање во него може да се складираат повеќе групи на акцизни добра, под услов истите да се складираат прегледно по групи, видови и артикли.

Лицата кои сакаат да произведуваат, складираат, примаат или испраќаат минерални масла во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, треба да поседуваат акцизна дозвола.

Кај акцизниот склад на минерални масла, акцизна дозвола се добива само во случаите кога складот служи за цели на трговија на големо, дистибуција на големо од страна на производителот, за мешање на минерални масла или за снабдување на имателите на акцизно добро.

Кај акцизниот склад на тутунски добра, акцизна дозвола добиваат само лицата кои се овластени за добивање на контролни марки (производител и увозник, потоа лицата кои вршат испитување на квалитетот на тутунски добра и лицата кои испраќаат неоданочени тутунски добра.

Кај акцизниот склад на алкохол и алкохолни пијалоци, акцизна дозвола добиваат лицата кои произведуваат, складираат, примаат или испраќаат алкохол и алкохолни пијалоци во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, тоа значи дека кај оваа група на акцизни добра не постојат посебни ограничувања како кај минералните масла и тутунските добра.

Акцизна дозвола

За поседување на акцизна дозвола потребно е да се исполнат следниве основни услови:

- лицата треба да вршат или имаат намера да вршат самостојна дејност и имаат седиште во РМ;
- лицата треба уредно да ги водат деловните книги, согласно со важечките прописи и редовно да поднесуваат годишни пресметки во последните две години
- против лицата да не е покренатa постапка за стечај, односно ликвидација, и
- да не ги нарушуваат даночните принципи, што значи редовно да ги исполнуваат давачките спрема државата.

Покрај овие услови потребно е во барањето за добивање на акцизна дозвола да се достават и други податоци кои се пропишани во Правилникот за спроведување на Законот, а тоа се:

1. Податоци за барателот и тоа: идентификација на лицето (назив и седиште на фирмата, односно име, презиме и адреса на живеење на физичкото лице),

препис од судскиот или друг регистар од кој може да се види дејноста на барателот, единствениот даночен број (ЕДБ) или единствениот матичен број (ЕМБГ) на барателот;

2. Податоци за бројот и локацијата на деловните и други простории што се користат за извршување на дејноста и стекнување на доход; податоци за просториите што се предвидуваат за акцизен склад, со нацрт на просторот со обележување на местото каде што точно ќе биде акцизниот склад, скица на околината на складот; технички опис на просториите на складот;

3. Подетален опис на акцизната дејност со набројување на видовите на постапките што ќе се извршуваат во акцизниот склад;

4. Видови на акцизни добра според тарифните ознаки од номенклатурата на царинската тарифа, за кои се бара акцизната дозвола;

5. Податоци за планираните количини на акцизни добра за производство или складирање за наредната календарска година;

6. Податоци за опремата потребна за извршување на акцизната дејност;

7. Податоци за испраќањето на акцизните добра од акцизниот склад по вид, количина и пакување во една календарска година;

8. Изјава дека против барателот не е отпочната постапка за стечај или ликвидација;

9. Име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ на лицето одговорно за работењето со акцизниот склад, определено од страна на барателот со депониран потпис, како и име, презиме и адреса на неговиот полномошник, исто така, со депониран потпис;

10. Уверение дека против барателот не се води кривична постапка, издадена од надлежен суд;

11. Пријавување на одговорните лица за потпишување на акцизниот документ со депонирани потписи.

Кон барањето се приложуваат документи од надлежните управни, односно инспекциски органи од кои се гледа дека просториите наменети за складирање и производство ги исполнуваат условите наведени во барањето и тоа:

- решение за минимални технички услови кои треба да ги исполнува акцизниот склад;
- решение за минимални хигиенско-санитарни услови на акцизниот склад;
- решение за исполнети мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа на акцизниот склад.

По барање на Управата за јавни приходи барателот треба да обезбеди и други податоци, доколку тоа е неопходно за обезбедување на даночните принципи или на акцизниот надзор.

Акцизната дозвола ја издава Управата за јавни приходи по претходна согласност од министерот за финансии.

Акцизно одобрение

Лицата кои имаат намера да користат добра подлежни на акциза за наменски цели со акцизно повластено користење, треба да поседуваат одобрение издадено од Управата за јавни приходи.

Во рамките на акцизното повластено користење, добрата подлежни на акциза можат да се користат за наменски цели ослободени од акциза или со повластена акциза. Со нашиот Закон за акцизи не се применува повластена стапка, што значи дека добрата подлежни на акциза можат да се користат со акцизно повластување за наменски цели ослободени од акциза.

Акцизното одобрение за повластено користење не е потребно за следниве акцизни ослободувања:

- за прометот во рамките на дипломатските и конзуларните мисии;
- за меѓународните организации, признати од земјата домаќин, како и нивните членови;
- за воените сили на договорните страни на Северноатлантскиот пакт;
- за уништување и денатурирање на акцизни добра под даночен надзор;
- кога патникот акцизните добра ги носи со себе од странство во својство на личен багаж, ако не се од комерцијална природа;
- за минерални масла и гас кои се наоѓаат во стандардните резервоари на моторните возила или авиони кои доаѓаат од странство и не се наменети за понатамошна продажба.

За сите останати акцизни ослободувања наведени во Законот, потребно е поседување на акцизно одобрение за повластено користење, а тие ослободувања се:

Општо

- кога акцизните добра се користат како проба за анализа, за неопходни производствени тестови или научни цели;
- кога акцизните добра се користат за научно-истражувачки цели;

За минерални масла

- кога минералните масла не се користат како погонско гориво или за греење;
- кога се користат во воздушниот сообраќај со исклучок за користење за приватни намени;
- кога се вбризгуваат во високите печки како до-

даток на главното гориво - кокс во рамките на хемиски редукциски постапки;
- кога ги набавуваат Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи за специјалните возила за целите на одбраната и безбедноста;

За етил алкохол
- кога етил алкохолот се користи за производство на оцет;
- за производство на лекови;
- за медицински цели во болници, амбуланти и аптеки;
- за производство на ароми за прехранбени производи со содржина на алкохол од најмалку 1.2% вол.;
- непосредно или користење како составен дел на полуготови производи за производство на прехранбени производи полнети или во друга форма. Содржината на алкохол кај пралините не смее да ја надминува границата од 8,5 литри чист алкохол на 100кг. производ, а кај другите производи освен пралини - 5 литри чист алкохол на 100кг. производ;
- за производство на производи неподобни за човековиот вкус од денатуриран алкохол;

- кога потполно денатуриран, согласно соодветните прописи се пушта во акцизно правен слободен промет.

Транспорт на акцизни добра низ акцизната територија при непостоење на услови за настанување на акцизен долг

Со новиот систем на акцизи, акцизните добра можат да се транспортираат низ акцизната територија при непостоење на услови за настанување на акцизен долг, односно во услови кога не настанува акциза и тоа:

- акцизните добра се транспортираат од еден во друг акцизен склад, или до имател на акцизно одобрение;
- акцизните добра подлежни на акциза се извезуваат од акцизен склад што се наоѓа на акцизната територија;
- акцизните добра подлежни на акциза се транспортираат до акцизен склад или до имател на акцизно одобрение по престанок на царинскиот надзор.

Гаранција за транспорт

Во сите случаи на транспортот на акцизни добра, доколку дојде до нарушување на постапката на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, односно се појават знаци на нарушување на даночните принципи, во Законот е пропишана одредба со која испраќачот на акцизните добра е должен да издаде гаранција за транспортот.

Надлежниот орган може да дозволи наместо испраќачот, гаранција за транспортот на добрата во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг да даде превозникот, царинскиот декларант или сопственикот на добрата.

Гаранцијата за транспортот на акцизните добра низ акцизната територија при непостоење на услови за настанување на акцизен долг се дава во форма на:

- банкарска гаранција, или
- готовински депозит.

Минималната вредност на гаранцијата за транспортот на акцизни добра е во висина на пресметаниот двомесечен акцизен долг за тие добра.

Акцизен документ

Транспортот на акцизните добра во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг задолжително е проследен со акцизен документ издаден од страна на испраќачот.

Акцизниот документ, претставува документ кој го придружува транспортот на акцизни добра со кој се докажува движењето на акцизните добра во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, или при извоз од акцизен склад во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

Акцизниот документ се издава во 4 примероци. Акцизниот документ се применува во следните случаи:

- за транспорт на акцизни добра од еден во друг акцизен склад или до имател на акцизно одобрение;
- за извоз на акцизни добра од акцизен склад;
- за транспорт на акцизни добра до акцизен склад или до имател на акцизно одобрение по престанок на царинскиот надзор; и
- за транспорт на акцизни добра помеѓу акцизни складови на ист имател на акцизна дозвола.

Упростен акцизен документ

Доколку движењето на акцизните добра се врши помеѓу акцизни складови на ист имател на акцизна дозвола во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, а за тоа постои стопанска потреба и не се нарушуваат даночните принципи, УЈП по претходна согласност од министерот за финансии, може да одобри наместо акцизен документ, примена на упростен акцизен документ.

Упростениот акцизен документ може да биде било кој трговски документ кој ги содржи најмалку следните елементи:

- број на документот;
- број на акцизниот склад од каде што се испраќаат акцизните добра;
- број на акцизниот склад каде што се примаат акцизните добра;
- име на превозникот и регистарски број на возилото;
- ознака: „упростен акцизен документ“;
- датум на испраќање од акцизниот склад;
- испратени количини според видот на акцизните добра;
- датум на прием на акцизните добра;
- примени количини според видот на акцизните добра;
- потпис на примателот.

Упростениот акцизен документ се издава во 2 примерока.

Постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг за акцизни добра кои се наоѓаат под царински надзор

Согласно со царинските прописи, за акцизните добра кои се наоѓаат под царински надзор, истовремено се смета дека се наоѓаат во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, односно за таквите акцизни добра не настанува обврска за пресметување на акциза. За такви добра се сметаат оние на кои:

1. им е дозволено привремено чување (документ-елементарна декларација);
2. започнале транзитна царинска постапка (документ - ТИР карнет, сет на ЕЦД за транзит или сет на ЕЦД за извоз);
3. започнале постапка на царинско складирање (документ - сет на ЕЦД за увоз);
4. им е одобрен привремен увоз заради облагородување (документ сет на ЕЦД за увоз);
5. им е одобрена преработка под царински надзор (документ - ЕЦД за увоз);
6. им е одобрен привремен увоз (документ - сет на ЕЦД за увоз и АТА карнет;
7. се внесени во царински зони;
8. се внесени во слободни економски зони;
9. им е одобрено посредување во надворешно-трговскиот промет (реекспорт) (документ - сет на ЕЦД за увоз или извоз);

Настанување на акцизата

1. Акцизата настанува со предавање на добрата подлежни на акциза во потрошувачка во акцизен склад, или со нивно изнесување од него, освен ако не се надоврзува користење на добрата во акцизниот склад ослободени од акциза или нова постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг.

Во овие случаи акцизен должник е имателот на акцизната дозвола.

Во случаите на противправно пуштање на добрата во акцизно-правен слободен промет, акцизен должник станува лицето кое го извршило дејствието.

2. Доколку доброто подлежно на акциза се произведе надвор од постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, акциза настанува со производството.

Акцизен должник е производителот. Тој е обврзан за доброто подлежно на акциза, за кое настанува ак-

циза, неодложно да предаде акцизна пријава. Акцизата се плаќа веднаш.

3. Добрата подлежни на акциза, кои се наоѓаат во акцизен склад во моментот на престанување на важењето на акцизната дозвола, важат за пуштени во акцизно-правен слободен промет, освен ако истите не се пренесат во друг акцизен склад во рок од 10 дена од денот на престанување на важењето на акцизната дозвола.

Акцизен должник е имателот на акцизната дозвола.

4. Акциза настанува за кусокот на акцизните добра, кој ќе се утврди при пропишан или службено спроведен попис, освен во случаи на губење на добрата настанати поради непредвидени околности или виша сила. Калирањето се третира како губење на доброто.

Акцизен должник е имателот на акцизната дозвола.

5. Акцизата настанува и при транспортирање на акцизните добра во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг, во моментот на излегување на добрата од таквата постапка, освен ако се работи за калирање на добрата.

Акциза настанува и кога акцизните добра не му се испорачуваат на примателот наведен во акцизниот документ, освен во случаите кога тие непосредно му се предаваат на друго лице на акцизната територија, кое е овластено за примање на добра подлежни на акциза во постапка на непостоење на услови за настанување на акцизен долг или во случаите на докажливо губење на добрата поради непредвидени околности или виша сила.

Акцизен должник е испраќачот, или превозникот, царинскиот декларант или сопственикот на добрата, доколку некој од нив дал гаранција при постапката на испраќање на добрата наместо испраќачот.

Акцизен должник ќе стане примателот на доброто на акцизната територија, доколку тоа се наоѓа во негово владение пред настанување на акцизата. Акцизен должник станува и лицето кое противправно го присвојува доброто.

6. Акцизата настанува кога акцизно-повластени акцизни добра, се користат спротивно на нивната намена. Акцизен должник е лицето кое поседува одобрение за акцизно-повластено користење, а го користи доброто спротивно на намената. Акцизата се плаќа веднаш.

7. Во случаите на увоз на акцизни добра, на акцизната територија важат соодветните царински прописи (ако поинаку не е предвидено со овој Закон).

Многу е важно да се истакне дека горенаведените случаи на настанување на акциза не може да важат за тутунските добра и етил алкохолот и меѓупроизводите од групата алкохол и алкохолни пијалоци од причина што акцизата за нив се плаќа преку користење на контролни марки што не е во спротивност со директивите на Европската унија.

Акцизен период

Акцизниот период за кој се пресметува и плаќа акцизата е еден календарски месец, во кој настанала акцизата.

За секој акцизен период, акцизниот должник е должен да поднесе акцизна пријава и да ја плати акцизата во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец.

Имателот на акцизната дозвола е должен да поднесе акцизна пријава во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец и тогаш кога не настанал акцизен долг за соодветниот акцизен период.

Акцизни ослободувања

Акцизните ослободувања кои се однесуваат за сите акцизни добра се:

- за дипломатските и конзуларните мисии;
- за меѓународните организации;
- за воените сили на договорните страни на Северно-атлантскиот Пакт кога се користат како проба за анализа за неопходни производствени тестови или научно-истражувачки цели;
- кога се уништуваат и денатурираат под даночен надзор;

- кога патникот ги носи со себе од странство во својот личен багаж;
- кога минерални масла и гас се наоѓаат во резервоарите на моторните возила или авионите кои доаѓаат од странство, а не се наменети за понатамошна продажба.

Постојат и акцизни ослободувања кои се однесуваат поодделно за секое акцизно добро, а тие се:

Акцизни ослободувања за минерални масла во случаи кога:

- не се користат како погонско гориво или за греење, освен моторните масла, компресорските масла, белите масла, турбинските масла, течностите за хидраулична намена, течниот парафин, маслата за менувачи и редуктори, мастите за подмачкување, мастите за калапи и антикорозивните масла;
- се користат во воздушен сообраќај, освен за приватни цели;
- се вбризгуваат во високите печки како додаток на главното гориво-кокс во рамките на хемиски редукциски постапки; и
- се користат за специјални возила за целите на одбраната и безбедноста .

Акцизни ослободувања за алкохол и алкохолни пијалоци ако се користат:

- за производство на оцет;
- кога потполно денатуриран, согласно соодветните прописи, се пушта во акцизно-правен слободен промет;
- за производство на производ неподобен за човековиот вкус од денатуриран алкохол;
- за производство на лекови;
- за медицински цели во болници, амбуланти и аптеки;
- за производство на ароми за прехранбени производи и безалкохолни пијалаци со содржина на алкохол од најмногу 1,2% вол, и
- непосредно или користење како составен дел на полуготови производи за производство на прехранбени производи, полнети или во друга форма. Содржината на алкохол кај пралините не смее да ја надминува границата од 8,5 литри чист алкохол на 100 кг производ, а кај другите производи освен пралини - 5 литри чист алкохол на 100 кг производ.

Акцизни стапки по кои се пресметува акцизата

Минерални масла

Специфична акциза

1) моторен бензин од тар. ознаки 2710 00 26 00, 2710 00 27 00, 2710 00 29 00, 2710 00 32 00, 2710 00 34 00, 2710 00 36 00, и тоа:

1.1. бензин со содржина на олово повисока од 0,013 г/л и авионски бензин = 32,923 ден/кгр.

1.2. безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 г/л = 29,274 ден/кгр.

2) гасно масло од тар. ознаки од 2710 00 66 00 до 2710 00 68 00, и тоа за употреба:

2.1. како погонско гориво = 14,746 ден./кгр.

2.2. како гориво за греење = 3,742 ден./кгр.

3) течен нафтен гас од тар. ознаки од 2711 12 11 00 до 2711 19 00 00 и метан од тар. ознака 2711 29 00 00, и тоа за употреба:

3.1. како погонско гориво = 4,900 ден./кгр.

3.2. како гориво за греење = 4,876 ден./кгр.

4) керозин од тар. ознаки 2710 00 51 00 и 2710 00 55 00, и тоа за употреба:

4.1. како погонско гориво = 9,000 ден./кгр.

4.2. како гориво за греење = 1,800 ден./кгр. и

5) масло за ложење од тар. ознаки 2710 00 74 00, 2710 00 76 00, 2710 00 77 00, 2710 00 78 00 = 0,100 ден./кгр.

Пропорционална акциза

Минералните масла (масла за подмачкување) од тарифните ознаки 2710 00 39 00, 2710 00 87 00, 2710 00 88 00, 2710 00 89 00, 2710 00 92 00 и 2710 00 94 00 се оданочуваат во висина од 10%, а основица е продажна цена без данокот на додадена вредност која во себе не содржи акциза, а при увоз основица е вредноста на тоа добро утврдена според царинските прописи вклучувајќи ги царината и другите увозни давачки што се плаќаат при увозот.

Алкохол и алкохолни пијалоци

Специфична акциза

1) Акцизата на пиво во смисла на член 35 став 1 на овој закон изнесува 3 ден. по литар/степен на алкохол или 1,25 ден. по литар/степен екстракт.

2) Акцизата на пенливо вино во смисла на член 35 став 2 на овој закон изнесува 0 ден. / литар.

3) Акцизата на вино во смисла на член 35 став 3 на овој закон изнесува 0 ден. /литар.

4) Акцизата на други пенливи пијалаци во смисла на член 35 став 4 точка 1 на овој закон изнесува 30 ден. /литар.

Вера Казанкова
дипломирала на Правниот факултет во Скопје во 1973 година. Во Министерството за финансиии работи од 1975 гоина, како прво вработување во првите две години работи како стручен соработник во Секторот за правни и општи, а потоа десет година како самостоен советник на второстепена управна постапка од областа на даноците, таксите и другите јавни давачки.
Од 1987 година е началник на Одделението за персоналниот данок од доход и даноците на имот, во Секторот за системот на даноци и такси. Член е на делегацијата за водење на преговори за успгласување на одредбите од Договорот за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал, кој Република Македонија го склучува со други држави.
Од јуни 2000 година е советник на Министерот за финансии.
Согласно најновиот статус на државни службеници, распоредена е на работно место помошник на раководителот на Секторот за даночна политика и администрација.

5) Акцизата на други непенливи пијалаци во смисла на член 35 став 4 точка 2 на овој закон изнесува 30 ден. /литар.

6) Акцизата на меѓупроизводи во смисла на член 35 став 5 на овој закон изнесува 300 ден./ литар чист алкохол.

7) Акцизата на етил-алкохол во смисла на член 35 став 6 на овој закон изнесува 300 ден./ литар чист алкохол, мерено при температура од 20“С.

Тутунски добра

Комбинирана акциза

На следните тутунски добра, при пуштањето од акцизен склад во слободно правен-акцизен промет акцизата изнесува:

1. на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 0 ден. по парче и 33 % од малопродажната цена;

2. на цигари во смисла на член 41 став 3 на овој закон, 0 ден. по парче и 33% од малопродажната цена;

3. на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 0 ден по килограм и 33 % од малопродажната цена и,

4. на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став (6) на овој закон, 0 ден по килограм и 33% од малопродажната цена.

На следниве тутунски добра, при увоз акцизата изнесува:

1. на пури и цигарилоси во смисла на член 41 став 2 на овој закон, 1,35 ден. по парче и 0% од малопродажната цена;

2. на цигари во смисла на член 41 став 3 на овој закон, 1,35 по парче и 0% од малопродажната цена;

3. на тутун за пушење како фино сецкан тутун во смисла на член 41 став 5 на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена и,

4. на тутун за пушење како друг тутун за пушење во смисла на член 41 став (6) на овој закон, 1.350,00 ден. по килограм и 0% од малопродажната цена.

1.4. ДАНОЦИ НА ИМОТ

Даноците на имот се даноци на локалната самоуправа. Се применуваат со релативно ниски пропорционални стапки, кои се сообразени со ниското ниво на доходот на граѓаните. Нивните фискални ефекти се помали во споредба со приходите од овие даноци во развиените земји. Меѓутоа, со проширувањето на опфатот на имотот што треба да подлежи на оданочување и со ажурирањето на даночната основа (пазарната вредност на имотот), фискалните ефекти ќе се подобрат. Во врска со опфатот на имотот, определба е еднакво да се оданочува имотот на физичките и правните лица-сопственици на имотот.

Имотот што е во функција на вршење на деловната активност (обработливо земјиште, деловни згради и сл.) не подлежи на оданочување.

Законот за даноците на имот ги регулира сите даноци на имот кои се плаќаат по основ на сопственост на имот и по основ на промет на имот - купопродажба, замена на недвижен имот, наследување, подарок и сл.

Во категоријата на овие даноци спаѓаат:
- данок на имот;
- данок на наследство и подарок; и
- данок на промет на недвижности и права.

а) Данокот на имот се плаќа по основ на сопственост на недвижен и подвижен имот.

Обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице сопственик на недвижен и подвижен имот.

Данок на имот не се плаќа на: зградите и земјиштето во државна сопственост; зградите и земјиштето кои се користат за просветни, културни, научни, социјални, здравствени, хуманитарни и спортски цели; зградите и земјиштето кои се во сопственост на Македонската православна црква и другите верски заедници; економските згради во земјоделството; деловните згради и деловните простории, освен административните згради; објектите на јавните претпријатија и установи; згради и земјиште на странски дипломатски и конзуларни претставништва; станбените згради во селските населби во ридско-планинските подрачја; брани (акумулации) за водоснабдување, наводнување или производство на хидроенергија, како и објектите подигнати за заштита на земјиштето, водите и воздухот; градежното земјиште; објектите на претпријатијата за работно оспособување, професионална рехабилитација и вработување на инвалиди; патишта, пруги, пристаништа, аеродроми, улици, паркови, национални паркови, шуми кои не се користат за остварување на приход и слично; водени површини кои не се користат за економски цели; земјиште што се користи за површински коп во рударството и за геолошките истражувања и земјоделско земјиште што се користи за земјоделско производство.

Обврзникот на данокот на имот за станбена зграда или стан, во кој живее со членовите на семејството

има право на намалување на пресметаниот данок во висина од 50%.

Стапката на данокот е пропорционална и изнесува 0,10%.

б) Данок на наследство и подарок се плаќа на недвижен и подвижен имот, кои наследниците односно примателите на подароци ги наследуваат, односно примаат на подарок.

Обврзник на данокот на наследство и подарок е физичко и правно лице- резидент на Републиката кое наследува недвижен и подвижен имот, како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок, во земјата и во странство.

Данок на наследство и подарок не плаќа: наследникот, односно примателот на подарок од прв наследен ред. Наследникот, односно примателот на подарок од втор наследен ред на еден наследен односно на подарок примен стан, односно семејна станбена зграда ако оставителот односно давателот на подарок живеел во заедничко домаќинство најмалку една година пред смртта на оставителот, односно во моментот на приемот на подарокот, под услов тој и членовите на неговото семејство да немаат друг стан односно станбена зграда. Наследникот, односно примателот на подарок од втор наследен ред на кој земјоделството му е основна дејност што ќе наследи, односно прими на подарок земјоделско земјиште и економски згради, ако со оставителот, односно давателот на подарокот живеел во заедничко домаќинство во моментот на смртта на оставителот, односно во моментот на приемот на подарокот.

Од данок на наследство и подарок се ослободени државните органи, органите на општините и градот Скопје, организациите на Црвениот крст, хуманитарните и социјалните установи, научните, образовните, културните установи и верските заедници за подарокот што го примиле во вид на недвижен или подвижен имот, парични средства и побарувања.

Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 3%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот данокот се пресметува по стапка од 5%.

в) Данок на промет на недвижности и права

Обврзник на данокот на промет на недвижности и права е правно и физичко лице - продавач на недвижноста, односно правото.

Данок на промет на недвижности и права не се плаќа: на прометот на недвижности во постапката на комасација и експропријација; кога странско дипломатско, односно конзуларно претставништво го пренесува правото на сопственост на недвижности, под услов на реципроцитет; при вложување на недвижности во капиталот на акционерски друштва, односно друштва со ограничена одговорност; кога правото на сопственост или друго право се пренесува заради подмирување на обврските по основа на јавни приходи во постапката за присилна наплата; на прометот на недвижности меѓу државни органи; и кога правото на сопственост на недвижност се пренесува на давателот на доживотното издржување кој во однос на примателот на издржувањето се наоѓа во прв наследен ред и тоа само за делот на недвижноста кој би го наследил спо-

Каматите на орочените штедни и други депозити нема да се оданочуваат до 1 јануари 2006 година, со што ќе се зголеми интересот за штедење кај граѓаните и ќе се зајакне довербата во банкарските институции и банкарскиот систем

ред Законот за наследување и без давање на издршката; на првиот промет на станбени згради и станови кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата на кој е пресметан данок на додадена вредност.

Стапката на данокот на промет на недвижности и права е пропорционална и изнесува 3%.

1.5. ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Данокот на додадена вредност претставува потрошувачки данок. Модернизацијата на даночната структура во РМ се постигна првенствено со воведувањето, односно примената на ДДВ од април 2000 год. Законот на ДДВ е во согласност со Шестата директива за ДДВ на Европската унија и е потполно компатибилен со европскиот модел на овој данок.

Воведувањето на ДДВ има повеќекратни позитивни ефекти: стопанските субјекти се во еднаква економска положба, бидејќи сите (освен најмалите) се даночни обврзници; економската неутралност во поглед на изборот на потрошувачите и алокација на ресурсите значајно се подобри во однос на претходниот данок на промет; во извозот може целосно да се идентификува износот на данокот кој треба да се одбие, со што се подобри конкурентската позиција на македонските претпријатија; фискалните ефекти се исклучително добри, со што можеше да се компензираат планираните намалувања на приходите од цариниите и од снижувањето на стапките на директните даноци; се намали сивата економија, бидејќи ДДВ се наплатува доследно при увозот и при продажбите од страна на домашните производители.

Значајна предност на ДДВ во однос на другите видови данок на промет претставува тоа што тој ги стеснува или скоро ги исклучува можностите за евазија на данокот поради фактот што даночните обврзници се

заинтересирани да им се признае даночен кредит или да им се рефундира данокот што го платиле во цената на инпутот на своите набавки.



Предмет на оданочување

Предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е прометот на добра и услуги, кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност, како и увозот на добра.

Значајна предност на ДДВ во однос на другите видови данок на промет претставува тоа што тој ги стеснува или скоро ги исклучува можностите за евазија на данокот поради фактот што даночните обврзници се заинтересирани да им се признае даночен кредит или да им се рефундира данокот што го платиле во цената на инпутот на своите набавки

Увоз на добра

Увозните стоки подлежат на оданочување со данокот на додадена вредност на границата, при увозот, со исклучок за оние за кои при увозот е предвидено даночно ослободување.

Даночна основа

Даночната основа на ДДВ е вкупниот износ на надоместокот што е добиен или треба да се добие за прометот во кој не е вклучен ДДВ.

Под надоместок се подразбираат пари добра, услуги и други бенефиции според пазарната цена која ја плаќа или треба да ја плати примателот на доброто или корисникот на услугата или некое друго лице.

Даночни обврзници

Даночни обврзници на данокот на додадена вредност се сите претпријемачи кои вршат стопанска дејност на територијата на Република Македонија, а со задолжителна регистрација само за оние даночни обврзници кои остваруваат вкупен промет во текот на календарска година над 1.300.000 денари.

На малите претпријемачи обично им се дава можност да бираат дали ќе бидат регистрирани како обврзници на ДДВ. Доколку изберат да останат надвор од системот на ДДВ, тие се оданочуваат како финални (крајни) потрошувачи и немаат право на одбивка на претходниот данок.

Даночни ослободувања во земјата без право на одбивка на претходен данок

Од данок на додадена вредност без право на одбивка на претходниот данок се ослободуваат следниве видови добра и услуги: прометот на станбени згради и станови, во оној дел, во кој истите се користат за станбени цели, со исклучок на првиот промет, кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата; изнајмување на станбени објекти и станови, доколку истите се користат за станбени цели; прометот на поштенски и таксени марки по нивната номинална вредност, на коверти, поштенски картички и други поштенски вредносници на кои се втиснати поштенски марки, како и на контролни маркици (бандероли); поштенски услуги од страна на Македонската пошта; банкарски и финансиски промет; игри на среќа и забавни игри, чие изведување е регулирано со Законот за игрите на среќа и за забавните игри; прометот на установите од областа на културата; услуги на радиодифузни и телевизиски станици, освен комерцијалните дејности; здравствени услуги; услуги и промет на добра од страна на установи за социјална грижа и заштита; услуги во рамките на згрижување и надзор на деца и младинци, како и со нив тесно поврзан промет на добра; услуги во рамки на сместување на деца и младинци со цел нивно воспитување, образование или дообразување, како и со нив тесно поврзан промет на добра; прометот на човечка крв, мајчино млеко, човечки органи, клетки и ткива; образовни услуги; услуги на погребални институции и крематориуми, како и прометот на добра поврзан со ваквите услуги и меѓународен превоз на патници.

Даночни ослободувања во земјата со право на одбивка на претходен данок

Се ослободуваат од данокот на додадена вредност со право на одбивка на претходниот данок: испораки на добра кои се превезуваат или испраќаат во странство; прометот на добра кои се превезуваат или испраќаат од земјата во слободни зони, царински зони или царински складови; услуги поврзани со увозот, извозот и транзитот; работи на движни материјални добра кои биле набавени или увезени во земјата за цели на овие работи и кои потоа биле извезени; прометот на злато и други благородни метали према централни банки; прометот, модификацијата, поправката, одржувањето, чартерингот и изнајмувањето на летала кои се користат главно во меѓународниот комерцијален воздушен сообраќај.

Даночни стапки

Данокот на додадена вредност се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки и тоа по општа даночна стапка од 19% и по повластена даночна стапка од 5%.

Намалената даночна стапка се применува на прометот на потесна листа на добра и услуги, како и на увозот на добра, кои се од исклучително значење за нивото на животниот стандард на населението.

Повластената даночна стапка од 5% се применува врз прометот и увозот на: производи за човечка исхрана, освен алкохолни и безалкохолни пијалаци; електрична енергија, јаглен, брикети од јаглен, огревно дрво, мазут, гас, разладување и греење; лекови, замени за делови од телото, ортопедски апарати и справи, справи за отстранување на функционални оштетувања, како и инвалидски колички, за луѓе; детергенти за миење на садови и перење на алишта, тоалетен сапун, сапун за перење, пасти за заби, пудра и креми за деца, беби-масла, беби - млека, шампони за коса и капење (освен за домашни миленичиња), презервативи и средства за заштита од бременост и хигиенски влошки; минерални и хемиски ѓубрива; средства за заштита на растенија; медицински потрошен материјал ; првиот промет на станбени згради и станови, во оној дел во кој истите се користат за станбени цели, кој ќе се изврши во период до пет години по изградбата; полиетиленско платно(најлон) за потребите во земјоделството; публикации и тоа: книги, брошури и слични печатени материјали, весници и други периодични публикации.

Повластената даночна стапка од 5% се применува и на прометот на следните услуги: превоз на лица; отпремување на отпад и услуги за одржување на јавна чистота; услуги на адвокати; сметководители и ревизори.

Даночен и пресметковен период, пресметување на данокот, поднесување на даночна пријава, плаќање и враќање на данокот

Даночниот период за пресметување и плаќање на данок на додадена вредност е една година, но даночните обврзници поднесуваат и аконтативни месечни односно тримесечни пријави за пресметан и платен данок.

Пресметувањето и наплатата на данокот се познати како механизам на даночен кредит и како метод на враќање (рефундација) на данокот или метод на фактури. Имено, даночната обврска се пресметува според сите продажби што подлежат на оданочување, кои се остварени во пропишаниот период (месец или тримесечие), а од така утврдените вкупни обврски се одбива данокот платен на набавките извршени во истиот или во друг пропишан период. Ако даночниот кредит (данокот на набавките) е поголем од данокот на продажбите, обврзникот има право на рефундирање на разликата. Меѓутоа даночниот кредит (пребивањето) и рефундацијата може да се остварат само врз основа на точна евиденција и оформените фактури за извршените трансакции. Примената на овој метод на оданочување на додадената вредност е наједноставен и за даночните обврзници и за даночната администрација.

Во однос на даночниот третман на инвестиционите добра преку механизмот на одбивка (рефундирање) на претходниот данок на платениот данок на инвестиционите набавки, прифатено е решение според кое се постигнува целосно ослободување од платениот данок на опремата наменета за производство на стоки и услуги кои подлежат на оданочување, со што значајно ќе се стимулираат инвестционите вложувања.

1.6. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗГРАДБАТА НА МРЕЖА НА ДОГОВОРИ ЗА ОДБЕГНУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ

Во време кога во светски рамки на широко се зборува за глобализација и интеграција на економијата, од огромно значење за земјите во транзиција, а следствено и за Република Македонија која претендира активно да се вклучи во тековите на Европскиот заеднички пазар, е изградбата на мрежа од Договори за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал.

Но, што е, всушност, целта на овие договори. Движењето на капиталот и посебно инвестициите би било сериозно нарушено доколку постои опасност од тоа резултатот од инвестициите да се оданочува два-

Борче Смилевски е роден на 21.05.1968 година во Скопје. Средно училиште завршил во Борис Кидрич, а дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1991 година. Одлично го познава англискиот јазик, а во Министерството за финансии е од февруари 2000 година и тоа во Секторот за даночна политика и администрација каде што ја покрива работата сврзана со Законот за персонален данок на доход, како и работата околу Договорите за одбегнување на двојното оданочување што Република Македонија ги склучува со други земји и директно учествува во билатералните преговори.
Учествувал на повеќе семинари надвор од земјата организирани од страна на Светската Банка и ММФ, како и од Мултилатералниот даночен центар на ОЕЦД во Виена, од областа на даночната политика.

пати, и тоа еднаш во земјата каде што е инвестирано и уште еднаш во земјата, чијшто резидент е инвеститорот. Поинаку речено, двојното оданочување настанува како резултат на преклопување на јурисдикцијата на различните даночни власти. Токму договорите за одбегнување на двојното оданочување имаат за цел да го разрешат овој проблем и да ги отстранат даночните бариери во економските односи помеѓу земјите, пред сè, во трговијата и инвестициите.

Двојното оданочување настанува како резултат на преклопување на јурисдикцијата на различните даночни власти. Токму договорите за одбегнување на двојното оданочување имаат за цел да го разрешат овој проблем и да ги отстранат даночните бариери во економските односи помеѓу земјите, пред сè, во трговијата и инвестициите

Во светот се познати два модела на овие договори и тоа: моделот на Обединетите нации, и моделот на ОЕЦД. За повеќето видови на доход, посебно за добивката од деловното работење и доходот остварен со инвестиции, двојното оданочување се одбегнува со договорите врз база на моделот на ОЕЦД. Како и повеќето земји, и Република Македонија во билатералните преговори со другите земји како основа го користи моделот на ОЕЦД.

Во продолжение ќе се осврнеме на некои карактеристични моменти на овој модел.

Во првиот дел се опишува што сè се опфаќа со него, односно кои лица и кои видови на даноци се третираат со овој договор. Во вториот дел се даваат дефиниции на термините кои се употребуваат во самиот договор, а најважен дел од договорот претставува делот во кој се разработува до кој степен секоја од двете земји договорнички можат да го оданочуваат доходот и капиталот, и како ќе се елиминира правото и двете земји да го оданочуваат истиот. Овде се третира доходот остварен од недвижен имот, добивката од деловно работење, доходот од копнен, воден и воздушен транспорт, доходот остварен помеѓу поврзани претпријатија, дивидендите, каматите, авторските права, капиталните добивки, доходот од работен однос, примањата на директорите, примањата на уметниците и спортистите, пензиите, доходот остварен во владиниот сервис, примањата на студентите и друг доход.

Од стекнувањето на својата независност, па сè до денес, Република Македонија има склучено вкупно 18 билатерални договори за одбегнување на двојното оданочување

Методите за елиминирање на двојното оданочување, кои ги нуди овој модел се:

1. методот на изземање (ослободување), и
2. методот на даночен кредит.

Според првиот метод, земјата договорничка нема да го оданочи доходот, кој што во согласност со договорот ќе се оданочи во другата земја договорничка, додека според вториот метод, земјата договорничка го оданочува вкупниот доход на даночниот обврзник, вклучително и доходот остварен во другата земја договорничка, но притоа му одобрува даночен кредит, односно му го одбива данокот што го платил во другата земја договорничка.

Суштинската разлика меѓу овие два метода се состои во тоа што во првиот метод се гледа на доходот, додека во вториот се гледа на данокот.

Исто така, во овој модел се разработуваат некои посебни одредби како што се одредбите за недискриминација, за процедурата за заедничко договарање, размена на информации, за членовите на дипломатски мисии и конзуларни претставници, влегувањето во сила на договорот, како и начинот на неговиот престанок.

Со отстранувањето на даночните бариери со помош на договорите за двојно оданочување се постигнува:

- елиминирање на двојното оданочување;
- сигурност во даночниот третман;
- се намалуваат даночните стапки;
- се намалуваат споредните трошоци;
- заштита од фискална евазија;
- заштита од даночна дискриминација, и
- разрешување на даночните несогласувања помеѓу земјите.

Од стекнувањето на својата независност, па сè до денес, Република Македонија има склучено вкупно 18 билатерални договори за одбегнување на двојното оданочување што не е за потценување, но со оглед на тоа што иднината мора да се гради преку се' поцврсти и пораспространети економски врски со надворешниот свет, како и преку поголемо раздвижување на капиталот и луѓето помеѓу границите, тогаш секако дека има уште многу работа на овој план.

Бидејќи за Република Македонија е од извонредно значење привлекувањето на странски инвестиции, треба да се има предвид и тоа дека секој инвеститор ќе биде мошне заинтересиран дали Македонија има склучено договор за одбегнување на двојното оданочување со неговата матична земја. А кога станува збор за инвестиции, тие секако може да се очекуваат

од поразвиените економии, па оттука произлегуваат и приоритетите на Република Македонија во проширувањето на својата мрежа од договори за одбегнување на двојното оданочување, а тоа се земјите од непосредното опкружување, земјите на Европската унија, САД, Канада, итн.

Земји со кои Република Македонија има склучено Договори за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот на доход и данокот на капитал

Ред. број	ПРЕГЛЕД	Службен весник на РМ
1	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.17/95
2	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.45/95
3	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.8/97
4	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.17/97
5	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Владата на Република Италија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.34/97
6	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.49/97
7	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.7/98
8	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал и за заштита од фискална евазија	бр.16/98
9	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Македонија и Кралството Шведска за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.21/98
10	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Украина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.21/98
11	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.31/98
12	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.13/99
13	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.23/99
14	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Франција за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.23/99
15	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход	бр.44/99
16	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Арапска Република Египет за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.7/2000
17	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.48/2000
18	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот Федерален Совет за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал	бр.55/2000
	* Завршена е постапката на усогласување со следните земји: Романија, Финска, Унгарија, Исламска Република Иран и Чешката Република.	бр.55/2000

Душанка Илиева
дипломирала на Економскиот факултет во Скопје во 1974 година. Од 1974 до 1977 година работи во Државниот завод за статистика, во одделение за доход. Од 1977 до 1992 година работи во Собранието на општина Чаир, најпрво во Секретаријатот за стопанство, на аналитичко – плански работи и управна постапка, а потоа во Секретаријат за финансии во истата општина, како шеф на буџет.
Од 1992 година работи во Министерството за финансии, во Секторот за системот на даноци, најпрво како самостоен советник, па началник на одделение и од крајот на 2000 година како советник на Министерот за финансии.
Согласно најновиот статус на државни службеници, распоредена е на работно место помошник на раководителот на Секторот за даночна политика и администрација.

1.7. Практични примери за пресметување на персоналниот данок на доход

Пресметување на данок и придонеси на плати

Пресметувањето на данокот и придонесите на платите и на другите лични примања се врши согласно пропишано Упатство за начинот на пресметување и плаќање на аконтациите на данокот.

Пресметувањето на данокот на платите може да се врши на два начина: од бруто платата или од нето плата (кога пресметковно се вградува данокот и придонесите на платата), во зависност од тоа што е договорено како плата. Нето плата е износот на плата што го прима вработеното лице, а бруто плата е трошокот на работодавачот по вработен и во себе ја содржи нето платата, персоналниот данок на платата и придонесите за социјалните фондови пресметани на платата.

Во Македонија пресметувањето на данокот на платите најчесто се врши од нето платата бидејќи во договорите за работа платата се утврдува во нето износ, а обврската за пресметување и плаќање на данокот и придонесите е на исплатувачот (работодавачот) на платата.

При месечото аконтативното пресметување на данокот на платата се одобрува и даночно ослободување утврдено во месечен износ од 2.500 денари, кое се пресметува на секоја плата без оглед на големината.

а) пресметка на данокот и придонесите, кога е позната бруто платата

Бруто плата	45.000
– вкупни придонеси за социјално осигурување од 32% (пензиско 21,2%, здравство 9,2%, вработување 1,6%) (45.000 * 32/100)	–14.400
–лично месечно ослободување	–2.500
–даночна основа 45.000 – (14.400+2.500)	28.100
–пресметан данок по стапка од 15% (28.100 * 15/100) (ако даночната основа е поголема од 30.000 ден. разликата се оданочува со данок по стапка од 18%)	–4.215
нето плата за исплата (бруто–придонеси и данок) 45.000 – (14.400 + 4.215)	26.385

б) пресметка на данокот и придонесите, кога е позната нето платата

нето плата	26.385
–лично ослободување	–2.500
основа за пресметување на данокот	23.885
–пресметан данок (23.885 * 15/85) (за основа до 25.500 ден. се множи со 15 и дели со 85) (за основа над 25.000ден. разликата (основа –25.500) се множи со 18 и дели со 82)	–4.215
пресметување на придонесите (нето плата + данок) * 32/68	14.400
бруто плата (нето + придонеси + данок)	45.000

Лични примања по договор за повремено или привремено вршење на услуги на органи на управа, домашни и странски правни и физички лица што вршат самостојна дејност се оданочуваат по стапка од 15% или 18% на целиот износ на бруто примањето. Даночното ослободување кај овие лични примања не се одобрува аконтативно, туку само на годишно ниво кога обврзникот поднесува годишна даночна пријава по основ на годишниот доход по основ на сите остварени приходи.

в) пресметка на данокот кај договор за повремено или привремено вршење услуги

бруто примањето е даночна основа	50.000
пресметан данок –за основа до 30.000ден. по стапка од 15%	4.500
пресметан данок – 18% за износот над 30.000 денари (50.000–30.000)*18%	3.600
вкупен данок	8.100
нето за исплата(бруто примање – данок)	41.900

Остварени приходи од имот и имотни права

Аконтациите на приходите што физичко лице-даночен обврзник ги остварува од издавање под закуп или подзакуп на земјиште, станбени и деловни простории, гаражи, простории за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и други видови движен и недвижен имот се плаќаат на два начина:

- врз основа на решение што го носи даночниот орган за секој обврзник одделно, по пријавен приход

што обврзникот го остварува од друго физичко лице, или овој данок го пресметува закупецот (исплатувачот на приходот), ако тој води деловни книги.

Пријавувањето на приходите од имот и имотни права се врши со аконтативна пријава, најдоцна до 15 март до органот за јавни приходи, на територијата на која се наоѓа имотот.

За одржување и управување се признаваат нормирани трошоци (кој не треба обврзникот да ги докажува), во висина од 40% од бруто приходот, а за приходите остварени од закуп на опремени станбени и деловни простории, како трошок се зема предвид и абењето на опремата, во висина од 50% од бруто приходот.

На обврзникот кој направил поголеми трошоци од нормираните, може да му бидат признаени стварно направените трошоци, ако документирано ги докаже.

Аконтацијата на данокот на овие приходи се пресметува по стапка од 15%.

г) пресметка на данокот по договор за закуп

Бруто износ на закупнината	35.000
Нормиран трошок од 50% (35.000 * 50/100)	–17.500
Нето даночна основа	17.500
Пресметан данок по стапка од 15%	2.625
Нето закупнина за исплата	32.375

Приходите од авторски права и права од индустриска сопственост

Обврзникот на данокот на ове приходи има право бруто приходот да го намали за нормираните (во % утврдени трошоци кои во зависност од делото се движат од 25 - 60%), или документирано да ги докаже стварните трошоци.

Аконтативно, за секој поединечно освтварен приход, данокот се пресметува по стапка од 15%, освен за обврзник нерезидент, за кој утврдената нето основа до 30.000 денари се оданочува со стапка од 15%, а нето основата над 30.000 со стапката 18%.

д) пресметка на данокот кај договор за авторски права и права од индустриска сопственост

бруто приход	30.000
нормиран (или стварен) трошок	9.000
нето приход како даночна основа	21.000
пресметан данок по стапка од 15%	3.150
нето приход за исплата (бруто приход – данок)	41.900

2. ТРГОВСКИ РЕЖИМИ ПРИ УВОЗ И ИЗВОЗ НА СТОКИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Вовед

Република Македонија има отворен трговски режим, кој ја искажува определеноста на државата, дека трговијата има големо значење во вкупниот процес на либерализација и јакнење на конкурентната способност на економијата. Во 2001 година 99% од вкупниот извоз и 98% од вкупниот увоз се либерализирани, односно увозот и извозот не подлежат на квантитативни ограничувања. Со стапувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија сите количински ограничувања и мерки со ист ефект се укинати во трговијата со стоки со потекло од Република Македонија или Европската унија. Тоа практично значи дека во трговијата помеѓу Република Македонија и Европската унија не постојат никакви количински ограничувања при увозот или извозот на стоки со потекло од овие земји или територии.

Количински ограничувања при увоз во Република Македонија

98% од вкупниот увоз е без квантитативни ограничувања. Следниве стоки подлежат на квантитативни ограничувања при увозот:

- банани, портокали, мандарини, пченица, ориз, брашно од пченица;
- бензини и нафтени деривати, азотни ѓубрива;
- лимови, цевки од лим.

Дозволата (согласноста) за увоз на овие производи кои подлежат на квантитативни ограничувања (ЛБ8) ја издава Министерството за економија врз основа на писмено барање од страна на увозникот.

Количински ограничувања при извоз од Република Македонија

99% од вкупниот извоз е без квантитативни ограничувања. Следниве стоки подлежат на квантитативни ограничувања при извозот:

- пченица, брашно, шеќер, суров зејтин;
- сурова нафта, бензин и преработки од нафта.

Дозволата (согласноста) за извоз на овие производи кои подлежат на квантитативни ограничувања (ЛБ8) ја издава Министерството за економија врз основа на писмено барање од страна на извозникот.

Златко Ветеровски е роден 1969 година во Скопје. Во 1992 година ги завршува студиите на Економскиот факултет во Скопје, насока Надворешна трговија и маркетинг. Истата година, почнува со работа во Царинската управа на Република Македонија, како шеф на Царинската испостава – Терминал извоз во Царинарница Скопје. Има учествувано на повеќе семинири од областа на цариниите, вклучувајќи го и присуството на седниците на Комитетот за Хармонизиран систем во Светската царинска организација во Брисел (Белгија).

КОЛИЧИНСКИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА И ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА

Република Македонија има склучено Договори за слободна трговија со повеќе земји. Ослободувањата од примена на количинските ограничувања се однесуваат само на производи со потекло од Договорните Страни. Примената на количинските ограничувања според Договорите за слободна трговија е следнива:

- **Словенија:**

Количинските ограничувања во трговијата со Словенија (ЛБ8), се применуваат за сите производи кои се распоредуваат во Глава 1 до Глава 24 (земјоделски и прехрамбени производи) на Хармонизираниот Систем.

За производите кои се распоредуваат во Глава 25 до Глава 97 (индустриски производи), количинските ограничувањаисто (ЛБ8) не се применуваат.

- **Југославија:**

Количинските ограничувања при извозот и увозот со Југославија, не се применуваат за сите производи кои се распоредуваат во Глава 1 до Глава 97 на Хармонизираниот Систем.

Со стапувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија сите количински ограничувања и мерки со ист ефект се укинати во трговијата со стоки со потекло од Република Македонија или Европската унија

- **Хрватска:**

Количинските ограничувања во трговијата со Хрватска (ЛБ8), се применуваат за сите производи кои се распоредуваат во Глава 1 до Глава 24 (земјоделски и прехрамбени производи) на Хармонизираниот Систем.

За производите кои се распоредуваат во Глава 25 до Глава 97 (индустриски производи), количинските ограничувањаисто (ЛБ8) не се применуваат.

- **Бугарија:**

Количинските ограничувања при извозот и увозот со Бугарија, се применуваат за сите производи кои се распоредуваат во Глава 1 до Глава 97 на Хармонизираниот Систем.

- **Турција:**

Количинските ограничувања во трговијата со Бугарија, се применуваат за сите производи кои се распоредуваат во Глава 1 до Глава 97 на Хармонизираниот Систем.

- **Европска Унија:**

Количинските ограничувања при извозот и увозот со Европската Унија, не се применуваат за сите производи кои се распоредуваат во Глава 1 до Глава 97 на Хармонизираниот Систем.

ТАРИФНИ КВОТИ И ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА

Во Договорите за слободна трговија што ги има склучено Република Македонија покрај ослободувањата од плаќање на царина при увоз на индустриски производи, предвидени се и ослободувања од плаќање на царина при увоз на земјоделски и прехрамбени производи во рамките на тарифните квоти. Во следниов текст е даден табеларен приказ на земјоделски и прехрамбени кои можат да се увезуваат од соодветните земји без плаќање на царина. За остварување на правото за ослободување од плаќање на царина, увозникот е должен да добие решение од Министерството за економија за користење на тарифна квота од Договорите за слободна трговија.

- **СЛОВЕНИЈА**

Тарифен број	Наименување на стоката
0207 12 00 00	Месо од домашни кокошки, несечено во парчиња, замрзнато
0207 14 00 00	Месо од домашни кокошки, парчиња замрзнати
0207 14 00 00	Месо од домашни кокошки, отпадоци (џигер замрзнат)
0207 27 00 00	Месо од мисирки, парчиња и отпадоци (освен џигер замрзнати)
0210 19 00 00	Месо свинско, друго
0401 20	Млеко со содржина на маснотија над 1% до 6% по маса
0402 10	Млеко во прав, гранули или во други цврсти форми, со содрж. на маснотија до 1,5% по маса
0405 10	Путер со содржина на маснотија до 85% по маса
0406 90 00 90	Друго
0701 10 00 00	Компир семенски
1502 00 10 00	Маснотии од животни од видовите говеда, овци или кози, освен оние од тарифен број 1503 (за индустриски цели)
1601 00	Колбаси и слични производи од месо, од други кланични п–ди за јадење или од крв, сложени прехранбени п–ди врз база на овие п–ди
1602	Други приготвени или конзервирани производи од месо, од други кланични п–ди или од крв
1604 13 00 00	Сардини, сардинели и папалини
1704 90	Друго (бонбони и други шеќерни производи)
1806	Чоколада и други прехранбени производи што содржат какао
1905 30 00 00	Слатки бисквити, вафли и обланди
1905 90 00 00	Друго (солени бисквити)
2009 80 00 00	Сок од друго овошје или зеленчук
2103 30 00 90	Приготвен синап (сенф)
2309 90 00 11	Храна за риби на младенка
2402 20 00 00	Цигари што содржат тутун

ЈУГОСЛАВИЈА

Тарифен број	Наименување на стоката
0203	Свинско месо
0210	Месо сушено или чадено
0401	Млеко и павлака
0406	Сирење и урда
1001 90 00 30	Пченица и наполица
1001 90 00 50	Пченица и наполица
1001 90 00 90	Пченица и наполица
1101 00 00 00	Брашно од пченица или наполица
1512 19 00 00	Рафинирано масло од сончоглед
1601	Сувомеснати производи
1701 99 10 00	Рафиниран шеќер од репа
2402 20 00 00	Цигари

ХРВАТСКА

Тарифен број	Наименување на стоката
0207 12 00 00	Месо од домаш. кокошки, неисечено, замрзна.
0207 14 00 00	Месо од домаш. кокошки, парчиња, замрзнато
0210	Месо и јастиви месни и други кланични п–ди, солени, во саламура, сушени или чадени
0302 69 00 10	Слатководни риби, свежи или разладени
0401 20 00 10	Млеко и павлака, со содржина на маснотија над 1% до 6% по маса
0401 30 00 10	Павлака со содржина на маснотија над 6% по маса
0402 21	Млеко во прав, без додаден шеќер или други шеќери за засладување
0403 10 91 00	Јогурт, ароматизиран или со додадено овошје, јатчесто овошје или какао, друго
0403 90	Маштеница, кисело млеко, павлака, кефир и друго ферментирано или закиселено млеко и павлака, друго
0405 10	Путер
0406 30 00	Сирење топено
0406 90 00 90	Друго сирење, друго
0701 90	Компир, свеж или разладен, друг
1601	Колбаси и сл. производи од месо, од други кланични производи за јадење или од крв
1602	Други приготвени или конзервирани п–ди од месо, од други кланични п–ди или од крв
1604	Приготвени или конзервирани риби, освен т.бр. 1604 30 00 00 – кавијар
1704 90	Производи од шеќер, без какао, друго
1806	Чоколада и др. прехранбени п–ди што содржат какао
1901 10 00 00	Производи за исхрана на деца, во пакувања за продажба на мало
1901 90	Друго, екстракти на слад
1905 30 00 00	Слатки бисквити, вафли и обланди
1905 90 00 00	Други пекарски производи
2007 99 00 00	Џемови, овошни желеа, мармалади, овошни пиреа и овошни пасти добиени со варење, др.
2009 19 00 00	Сок од портокали, друго
2009 30 00 00	Сок од други аргуми
2009 90 00 00	Мешаници на сокови
2102 10 31 00	Квасец за мешање, друг
2103 30 00 90	Приготвен синап (сенф)
2103 90 00 90	Друго, мешани мирудии и мешани мирудиски средства, друго
2104 10 00 00	Супи и чорби и препарати за тие производи
2105 00 00 00	Сладолед и др. јастив мраз, со додаток или без додаток на какао
2106	Прехранбени п–ди на друго место неспомнати или опфатени (храна за доенчиња и диететски п–ди)
2202 90 00 00	Други безалкохолни пијалоци, друго
2208 20 00 00	Алкохолни пијалоци добиени со дестилација на вино, на пулпа или комина, од грозје (вињак, коњак, армањак, бренди)
2209	Оцет и замена за оцет добиени од оцетна киселина
2401 10	Тутун, неоџилен

БУГАРИЈА

Тарифен број	Наименување на стоката
0201	Месо говедско, свежо или разладено:
0202	Месо говедско, замрзнато
0203	Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато
0207	Месо и јастиви делови, од живина од тар. број 0105, свежи, разладени или замрзнати
0301 93	Крап
0301 99 00 10	Слатководни риби
0303 79 00 10	Слатководни риби
0406 90 00 10	Бело сирење
0406 90 00 20	Кашкавал
0701 90	Друг компир
0802 31	Обични ореви
1108 12	Пченкарен скроб
1202	Кикиритки, непржени или непечени, во лушпа, лупени, кршени или дробени
1209 21	Семе од луцерка
1209 91	Семе од зеленчук
1211 90	Други растенија
1517 10	Маргарин, исклучувајќи течен маргарин
1601	Колбаси и слични п–ди од месо, од други кланични п–ди за јадење или од крв, сложени прехранбени п–ди врз база на овие п–ди
1602	Други приготвени или конзервирани п–ди од месо, од други кланични п–ди или од крв
1702 30; 1702 40; 1702 60	Гликоза и фруктоза
1704 90	Други производи од шеќер
1806	Чоколади и други п–ди што содржат какао
1902	Теста, варени или неварени или полнети (со месо или со други материи) или поинаку приготвени, како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони; кускус, приготвен или неприготвен
1905	Леб, печива, колачи, бисквити и др. пекарски п–ди, со додаток на какао или без додаток на какао; нафора, капсули за фармацевстка употреба, обланди, оризова хартија и сл. п–ди
2003 10	Печурки
2007 99	Други џемови
2009 80	Сок од друго овошје или зеленчук
2009 90	Мешаници на сокови
2105 00	Сладолед и друг јастив мраз, со додаток или без додаток на какао
2201	Вода, вклучувајќи природна или вештачка мин–ерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на др. средства за засладување или амортизација; мраз и снег

2202	Вода, вклучувајќи вештачка или природна минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на др. средства за засладување или ароматизација, и др. безалкохолни пијалаци, освен сокови од овошје и зеленчук што се распоредуваат во тар.број 2009
2203	Пиво добиено од слад
2204 21 00 21 2204 21 00 29	Бело вино
2302 10	Трици од пченка
2302 30	Трици од пченица
2306 30	Маслени погачи од семе од сончоглед

● ТУРЦИЈА

Тарифен број	Наименување на стоката
0207	Живинско месо
0713 40	Леќа
0802 22 00 00	Лупени лешници
0805 10, 20, 30, 40, 90	Портокали, мандарини, лимони, грејпфрут и друго цитрон овошје
0806 20	Суво грозје
1509 10 90	Маслиново масло
1604 14; 1604 20 70	Конзервирана риба туна
2005 70	Маслинки
2008	Овошје, јатчесто овошје и др. јастиви делови на растенија, поинаку приготвени или конз–ервирани си додавање на или без додавање на шеќер или др. средства за засладување или алкохол на друго место неспомнати или опфатени
2203	Пиво
2905 43	Манитол
2905 44	Сорбитол
3505	Декстрини и други модификувани скробови, лепила врз база на скробови
3809	Средства за доработка, носачи на бои кои служат за забрзување на бојосувањето или за фиксирање на материите за бојосување и др. производи и препарати
5201 00	Памук, невлачен или нечешлан
5301	Лен, суров или преработуван но непреден, колчишта и отпадоци од лен (вклучувајќи и отпадоци од предиво и скубени текстилни материјали)
5302	Коноп (Cannabis sativa L) суров или прерабо–туван но непреден, колчишта и отпадоци од коноп (вклучувајќи и отпадоци од предиво и скубен текстилен материјал)

Други мерки што се применуваат при увозот и извозот

За да се применат меѓународните договори, да се обезбеди безбедност на општеството, да се заштити животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, како и заштита на животната средина, контролирање на увозот и извозот на предметите на уметноста и на некои благородни метали, некои стоки се увезуваат или извезуваат врз основа на дозвола. Оваа дозвола ја издава соодветното Министерство.

Министерството за здравство е надлежно за издавање на дозволи при увозот или извозот на лекови, помошни лековити средства, медицинска опрема, како и на отрови, опојни дроги и психотропни материи.

Министерството за земјоделство е надлежно за издавање на дозволи при увозот или извозот на семиња, вештачки ѓубрива.

Увозот или извозот на материи што ја оштетуваат озонската обвивка, како и на употребувана бела техника (телевизори, фрижидери) е контролиран од страна на Министерството за животна средина кое е надлежно за издавање на дозволите за увоз.

Стоките што се увезуваат во Република Македонија, мора да се во согласност со пропишаните стандарди и технички регулативи кои се во сила. Сертификацијата обично се врши од страна на надлежна институција. Според Законот за стандардизација при увозот на одредена техничка стока, апарати и машини, увозникот е должен да поседува потврда од Министерството за економија за извршен преглед и евидентирање на придружна техничка документација на увезениот производ.

Увозот на мерни инструменти и апарати е регулиран со посебна дозвола и за него е потребно да се прибави потврда од Министерството за економија - Служба за стандардизација и метрологија дека ги исполнуваат метролошките и другите услови пропишани со закон.

Дозвола за увоз и извоз на уметнички предмети, антика, оружје, муниција, монетарно злато, благородни метали и отпадоци издава Министерството за економија.

Одредени увози (на храна, добиток, растенија, некои потрошувачки добра), мора да бидат придружувани од страна на специјални сертификати (санитарни сертификати, ветеринарни и фитопатолошки сертификати, сертификати за квалитет). Сертификатите се издаваат од страна на надлежните институции, во зависност од видот на стоката.

Со стапување во сила на Договорот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија, сите количински ограничувања и царински давачки при увозот на текстилни производи и производи од железо и челик со потекло од Република Македонија во Европската унија беа укинати. Беше воведен систем на двојна контрола за најосетливите текстилни категории (машки кошули, машки одела, женски блузи), како и за производите од железо и челик кои се распоредуваат во тарифниот број

7208 до 7212 на Хармонизираниот систем. Овој систем функционира преку издавањето на извозни и увозни дозволи. При извозот на текстилни производи и производи од железо и челик во Европската унија, извозниците од Република Македонија се должни да поседуваат извозна лиценца која ја издава Министерството за економија. Врз основа на оваа извозна лиценца, увозникот во ЕУ добива дозвола за увоз на текстилни производи и производи од железо и челик, со што се ослободува од обврската за плаќање на царина.

Извозот на текстилни производи (производи кои се распоредуваат во Глава 50 до 63 од Хармонизираниот Систем) во САД, исто така, подлежи на контрола од страна на царинските органи. Според Договорот за трговија со текстил помеѓу Република Македонија и САД сите извозни фактури мора да бидат оверени со VISA печат од страна на царинските органи. Без заверка со VISA печат не е можно да се изврши увозно царинење на текстилните производи во САД. За одредена категорија на многу осетливи текстилни производи (машки капути, машки одела, машки сакоа, женски блејзери и женски панталони), потребно е да се добие дозвола за извоз од страна на Стопанската комора на Македонија, бидејќи овие производи подлежат на увозни ограничувања, односно количински квоти во САД.

СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Канцеларија - Скопје
Адреса: 11 Октомври 7, 1000 Скопје, ПО Боц: 582
жиро сметка: 40100-623-79
Тел: ++ 389 02 295-295; Факс: ++ 389 02 114-503
E-mail: sbank@stb.com.mk
Web site: http://www.stb.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Јорго Ќука
Претседател на Управен одбор:
Теодорос Карасас
Работоводен орган:
Глигор Бишев, Прв генерален директор,
Спасе Лазаревски, Втор генерален директор
Основачки капитал: 3.483.042 илјади ден.
Вкупна актива; 29.952.829 илјади денари
Вкупен приход: 2.275.228 илјади денари
Број на вработени: 1485

Имплементација на современото европско банкарство

Поддржана од акционерите во земјава, како и од реномираните странски инвеститори, Националната банка на Грција, (НБГ) ЕБОР, Европската банка за обнова и развој и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), Стопанска банка, првата македонска банка, основана во 1944 година, прави нови значајни чекори за вклучување во модерните текови на современото банкарство. Истовремено, за корисниците на нејзините услуги се отвораат нови перспективи што и овозможуваат на банката насочување кон актуелните движења во ЕУ и пристап кон финансиските институции од еврозоната.

Новите стандарди во банкарското работење се воведени во 1989 година. Во април 2000 година Стопанска банка е целосно приватизирана со реализацијата на Договорот за откуп на 85% од управувачките акции од НБГ, ЕБОР и ИФЦ. Стратешките инвеститори учествуваат во акционерскиот управувачки капитал со 91,8%, а во тек е дополнително зголемување на капиталот од 10 милиони марки.

Стопанска банка учествува со 37 % во вкупната актива на банкарскиот сектор во земјава, учеството во вкупните депозити изнесува 41%, а во вкупните кредити 39 %. Таа располага со 22 филијали, 89 експозитури и шалтерски простории со 380 шалтерски места во Македонија. Издадени се над милион депозитни и штедни сметки и повеќе од 17.000 активни ВИСА картички. Во 2000 година банката оствари значаен напредок особено во чистењето на кредитното портфолио. Во споредба со 1999 година, активата се зголеми за 14 %. Поради зголемениот ризик на крајот на 2000 година, кредитите на комитентите изнесуваа 238 милиони марки, што е помалку за 4 % во споредба со 1999 година. Депозитите на банките и на другите финансиски организации достигнаа 107 милиони марки, а на комитентите од редовно работење 544 милиони марки. Со докапитализацијата акционерскиот капитал на банката е зголемен за 50 милиони марки и достигна 112,1 милиони марки, а вкупниот капитал на 115,6 милиони марки. Во 2000 година Стопанска банка одобри нови кредити во износ од 60 милиони марки и оствари платен промет со странство од 1.036 милиони долари, додека вкупните приходи изнесуваа 73,2 милиони марки.

До крајот на оваа година Стопанска банка ќе го инсталира најсовремениот компјутерски систем („Глобус“) кој ќе овозможи извршување на трансакции во банката во реално време, нудење модерни банкарски производи за населението и претпријатијата, вклучувајќи го и електронското банкарство.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво, Скопје
Адреса: Кеј Димитар Влахов, 4, 1000 Скопје
жиро сметка: 40100 - 620 -16
Тел.: 107-107
E-mail: contact@kb.com.mk
Web site: www.kb.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Трајко Давитковски
Претседател на Управен одбор:
Трајко Давитковски
Членови: Ристо Гушков, заменик претседател, Сали Ворен, член (Европска банка за обнова и развој - Лондон), Димитар Хаџимишев, Андреја Јосифовски, Трајче Мукаетов, Савка Димитрова, Драгољуб Лазов и Михаил Петковски, членови.
Кредитен одбор: Хари Костов, претседател, Лазар Цветковски, зам.претседател, Штерјо Димов, Јадранка Мршиќ и Мирјана Павловска, членови
Менаџерски тим: Хари Костов, генерален директор, Лазар Цветковски, зам.генерален директор, Мирјана Павлоска, директор на Сектор за деловна политика, Асен Целески, директор на Сектор за работа со население, Штерјо Димов, директор на Сектор за кредитирање на стопанство, Маргарита Здравковска, директор на Сектор за односи со странство, Славко Размилиќ, директор на Сектор за општи и правни работи, Јадранка Мршиќ, директор на Сектор за средства, ликвидност, девизен пазар, хартии од вредност и трезор, Јагода Кузмановска, директор на дирекција за финансиско работење, Зорица Черепналковска, директор на дирекција за информатика

Основачки капитал: 1.959.510 илјади денари
Вкупна актива: 17.426.001 илјади денари
Вкупен приход: 211.003 илјади денари
Добивка: 163.774 илјади денари
Распоред на добивката:
Дивиденди 124.414,00 илјади денари
Дел за менаџментот и вработените
17.360.00 илјади денари
Откуп на сопствени акции: 20 милиони денари
Резерви 20 милиони денари
Број на вработени: 923

Според рангирањата на списанието „Банкар“, Комерцијална банка АД Скопје е водечка банка во Македонија и меѓу најдобрите сто банки во Централна Европа. Таа има пазарен удел од 15 % во вкупната банкарска актива во државата и е посебно позиционирана за развој и заздравување на стопанството. Почетоците на нејзиното работење датираат во 1955 година. Во 1990 година прерасна во акционерско друштво. Во 1996 година ЕБОР вложи 4 милиони марки во нејзиниот акционерски капитал, со што стана втор акционер по големина во Комерцијална банка.

Комерцијална банка е овластена за вршење на сите видови банкарски дејности, штедните влогови и инвестициите, а на граѓаните и на претпријатијата им ги нуди своите банкарски услуги во домашниот и платниот промет со странство. Капиталот е 79,66 % приватизиран. На крајот на 2000 година вкупниот број на акционери изнесуваше 4.158, од кои 666 се правни лица. Раширената мрежа од 33 експозитури низ земјата и воспоставените кореспондентски односи со 600 банки низ светот овозможуваат вршење на брзи и ефикасни меѓународни услуги за клиентите. Банката посветува особено внимание на примената и развојот на современите електронски банкарски производи.

Во 1997 година во Комерцијална банка почна да работи првото брокерско друштво во земјава „КБ Брокер“. Со репутацијата која ја ужива во меѓународните услуги, таа е лидер на пазарот на електронски услуги и е прва македонска банка која издаде Еурокард / Мастеркард и инсталира банкомати и продажни места низ Републиката.

ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво - Скопје
жиро сметка: 40100-620-175
Депоситор банка:
Народна банка на Република Македонија
Тел: 114 111; Факс: 161 114
Web site: http://www.tb.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Таше Патриотов

Управен одбор: Марко Вољч, Претседател, Нова Љубљанска банка, Љубљана; Алојз Јамник, член, Нова Љубљанска банка, Никола Мркиќ, член на Управата на ЛХБ АГ, Франкфурт, Блаж Стипловшек, директор во менаџментот за односи со комитенти во ЛХБ АГ, Франкфурт, Газменд Кадриу, независен банкарски консултант, Славко Бурназовски, генерален директор на ТК Боро Петрушевски Папучар, Куманово, Ило Тасевски, директор на Сокомак, Битола

Работоводен орган: Ѓорѓи Јанчевски, прв генерален директор, Љубе Рајевски, втор генерален директор и Томе Перински, трет генерален дирекотор на Банката

Секторски директори: Александар Игњатовски, директор на сектор за односи со странство, Стојна Стојкоска, директор на сектор средства, Душко Спиковски, директор на сектор за работа со население, Јорданка Грујоска, директор на сектор за финансиско работење, деловна политика и информатика, Тихомир Трајковски, директор на сектор за внатрешна ревизија

Основачки капитал: 1.320.637 илјади денари

Вкупна актива: 6.053.017 илјади денари

Вкупен приход: 496.948 илјади денари

Добивка: 123.663 илјади денари

Број на вработени: 106

Креирање на комерцијални и профитни продукти

Тутунска банка е формирана како Интерна банка на претпријатија пред 15 години и од тој период прерасна во комерцијална банка со широк спектар на банкарски услуги во земјата и со овластување за вршење на промет и кредитни и гаранциски услуги во земјата и во странство. Банката се вбројува во солвентните, профитабилни и најликвидни банки во Република Македонија. Кон неа пристапија голем број нови основачи и комитенти, главно нови приватни претпријатија, што придонесе банката да не биде само банка на претпријатијата од тутунскта индустрија, туку да стане вистинска комерцијална банка за давање услуги и на останатите сектори од стопанството.

Годинава беше особено значајна за Тутунска банка, бидејќи се реализира Договорот за стратешко партнерство со Нова Љубљанска банка ДД - Љубљана и со ЛХБ АГ банката од Франкфурт. Денес овие две банки се сопственици на 52 % од акциите, со право на управување, а Тутунска банка стана член на НЛБ групацијата, која, кон крајот на 2000 година имаше 314 акционери, од кои 191 правни лица со 97, 43 % учество во акционерскиот капитал.

Во деловната 2000 година се распишани и успешно реализирани 2 емисии на акции, финансискиот потенцијал на банката е зголемен за 72 %, зголемено е кредитното портфолио, учеството на девизниот пазар достигна 12,92 %, а остварена е нето добивка од 123 милиони денари. Според годишниот извештај за 2000 година вкупната актива на банката изнесува 6.053.017 илјади денари.

Како единствен основач на Тутунска брокер, банката на своите комитенти ги нуди и брокерските услуги на електронското тргување со хартии од вредност, покровителство на котации и подготовка на документи за котација на официјалните пазари на берзата.

МАКЕДОНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво - Скопје
Адреса: ВМРО, 3/12-2, 1000 Скопје
жиро сметка: 40100 - 620 -21
Депозитор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 02 117-111;
E-mail: info@makbanka.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Михаил Салтировски
Претседател на Управен одбор:
проф. д-р Александар Николовски
Кредитен одбор: Јасмина Киркова,
Бранко Станоески, Катерина Петреска
Менаџерски тим: Генерални директори:
м-р Марјан Бојаџиев, Бранко Тозија
Пом. директор: Надка Спировска
Пом. директор: Петко Гашоски
Дата на основање:
17 септември 1992 година
Трансформација: 6 јуни 2001 година
Основачки капитал: 1.043.380.000 денари
Вкупна актива: 3.796.480.000 денари
Вкупен приход: 1.337.155.000 денари
Вкупно вработени: 285

Македонска банка АД - Скопје е основана во 1972 година како филијала на Љубљанска банка - Љубљана, Словенија.

Од 1972 година Банката беше регистрирана односно доби „поширока“ дозвола за работа со странски плаќања во меѓубанкарскиот платен систем.

Во октомври 1994 година, Банката го промени името во Македонска банка АД - Скопје, што беше важен чекор во креирањето на сопствениот имиџ и репутација во Македонија и пошироко.

Оттогаш Македонска банка перманентно расте, ја шири мрежата на експозитури на територијата на Република Македонија. Во 2000 година оваа банка е една од најзначајните чинители на пазарот на капитал во Република Македонија.

Со десет експозитури надвор од Скопје и две во Скопје Македонска Банка има втора мрежа по големина во Македонија. Експозитурите во Битола, Охрид, Тетово, Гевгелија, Штип, Валандово, Кавадарци, Куманово, Ресен и Струмица ги покриваат и регионите со нивните специфичности: Охрид - туризам, Гевгелија, Струмица, Валандово - се специјализираат за соработка со земјоделците, Ресен со производителите на јаболка, а Кавадарци со производителите на грозје и вино.

Банката планира отворање уште на две експозитури во Скопје и две експозитури надвор од Скопје, во Прилеп и Кочани. Со тоа Македонска Банка целосно ќе ја покрие територијата на Република Македонија. Ова е од голема важност поради промените на прописите во финансискиот сектор но и поради желбата оваа банка да биде во функција на развојот на македонското стопанство.

СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА

Адреса: „Добривое Радосављевиќ“ Ст. , Н.21, Битола
жиро сметка: 40300-620-16
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 097 33-563; 37-048; 223-876
E-mail: stbbt@mt.net.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Вангел Торков, дипл. ек.

Управен одбор: Иванчо Наумов, дипл. инг. тех., претседател, Драги Милошевски, м-р Вангел Гагачев, Живко Радевски, Ѓоре Димовски, Добре Ангелевски, м-р Јаким Ивановски, членови.

Кредитен одбор: м-р Јаким Ивановски, претседател, Драганчо Митревски, Нада Дарковска, Веле Стефановски, Борис Поповски, Олимпија Бицева, Софка Ангелевска, членови.

Менаџерски тим:
Директор: м-р Јоаким Ивановски
Директор: Драганчо Митревски
Пом. директор: Нада Даровска
Пом. директор: Веле Стефановски
Пом. директор: Борис Поповски

Дата на основање: 29.10.1948 година

Трансформација на банката: 01.06.1995 година

Основачки капитал: 799.707.000,00 денари

Стопанска банка а.д. Битола во финансиската сфера опстојува над пет децении, а од 1995 година, како акционерско друштво успешно работи според меѓународната пракса и стандарди.

Банката се вбројува во петте најголеми и најуспешни банки во Република Македонија, а е најголема банка со седиште надвор од главниот град. Стопанска банка а.д Битола е универзална банка што ги врши сите видови на депозитни, кредитно-гаранциски работи, работи на платниот промет, работи со хартии од вредност и други банкарски работи со комитенти и депоненти (правни и физички лица) во земјата и странство, пропишани со Законот за банките.

Банката има овластување за вршење на платниот промет и кредитно-гаранциски работи со странство и има воспоставено кореспонденски односи со околу 110 странски банки и конто-корентни односи со 20 банки во светот.

Банката работи на подрачјето на целата држава. Иако учеството на Банката во финансискиот потенцијал на банкарскиот сектор на Република Македонија е околу 2,7 %, нејзиното пазарно учество во пласманот на кредити во земјата е над 8%, а значително е нејзиното учество и во извршувањето на други банкарски услуги. Тоа е резултат на високостручниот менаџерски тим, искуството и стручноста на вработените, како и домакинското и квалитетно управување со активата и пасивата на Банката.

Банката одобрува разни видови кредити на правни и физички лица, од сопствени извори и од странски кредитни линии, во согласност со кредитните политики и стручната анализа на кредитната способност и рентабилноста на инвестициите на заемобарателите.

Каматните стапки на кредитите од сопствени средства се реално позитивни и најатрактивни во Република Македонија. Тоа е овозможено со пласман кај бонитетни коминтенти, следење на финансиската состојба на заемокорисниците, ангажирање за редовна наплата на каматите и ануитетите на достасаните кредити.

Во Стопанска банка Битола нагласуваат дека показателите за деловна успешност, години со ред, се подобри во однос на просекот на банките во замјата.

Банката континуирано остварува добивка, а дивидендата за нејзините акционери е значителен приход. Сопствениците на приоритетни партиципативни акции секоја година добиваат поголема дивиденда од загарантираната и интересот за купување акции е евидентен, па Банката секоја година распишува нова емисија на акции, што успешно се реализира.

ЕКСПОРТ ИМПОРТ БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво, Скопје
Адреса: Даме Груев, 14б, Т. Ц. „Палома Бјанка“,
5-спрат, 1000 Скопје,
жиро сметка: 40100-620-245
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 133-411;
E-mail: info@eximb.com.mk
Web site: www.eximb.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Методија Смиленски
Претседател на Управен одбор:
Миле Цветановски
Членови: Роте Заовски, Борко Станоевски, Елена Ефремова, Горан Смиленски, Јовица Крајчев, Мите Георгиев
Менаџерски тим:
Јовица Крајчев и Јасмина Мојсиевска
Дата на основање: 20 јуни 1994 година
Основачки капитал: 564.040 илјади денари
Вкупна актива: 3.833.722 илјади денари
Вкупен приход: 1.068.638 илјади денари
Добивка: Нето 188.331 илјади денари
Распоред на добивката:
во резервите на Банката
Број на вработени: 38

Експорт Импорт Банка е основана на 20 јуни 1994 година, како акционерско друштво за депозитни и кредитни работи, за вршење платен промет во земјава и странство, за работа со хартии од вредност и други банкарски работи. Преку централата и експозитурата во Скопје и со претставништвата во Битола и Куманово, во своето досегашно успешно и профитабилно работење, банката континуирано ја зацврстува и проширува соработката со правните и физичките лица во земјата и во странство. Унапредувањето на квалитетот на услугите на комитентите има за цел да се изнајдат нови форми на штедење кај граѓаните. Привлекувањето на слободните парични средства од граѓаните и нивното трансферирање во штедни влогови банката го врши преку денарски и девизни штедни влогови, тековни и жиро сметки, наменски и ненаменски депозити со стимулативни каматни стапки, менувачки работи и друго.

За одобрување на кредитите се користи сопствениот кредитен потенцијал и поволни странски кредити. За таа цел е остварена соработка со повеќе домашни и меѓународни финансиски институции, меѓу кои со ЕБОР, Националната агенција за поддршка и развој на средни и мали претпријатија (НЕПА), Македонската банка за поддршка и развој на средни и мали фирми и Фондот за меѓународна соработка и развој од Република Кина - ИЦДФ. Банката одобрува краткорочни и долгорочни кредити за граѓаните и правните лица. Потрошувачки кредити најчесто се доделуваат за набавка на патнички возила и за станбен простор.

Со цел да се прошират услугите во работењето со граѓаните, Експорт Импорт Банка, во договор со Master Card почна со издавање патнички чекови, а следејќи го интересот за користење на кредитни и дебитни картички, склучи договор за лиценца и членство во Europe International.

Во 2000 година вкупниот финансиски потенцијал на банката изнесуваше 3.833,7 милиони денари. Кредитните средства достигнаа 1.099,5 милиони денари, при што нивното учество во вкупната структура на финансискиот потенцијал изнесува 28,68 %. Минатата година Експорт Импорт банката ја заврши со 1.676,5 милиони денари сопствен капитал и 580,3 милиони денари основачки влог. Од кредитните средства во висина од 2.641,5 милиони денари, 1.235,6 милиони денари или 46,78 % се пласирани во претпријатија. Кредитирањето на населението во споредба со 1999 година е зголемено за 86,8 %.

МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Адреса: Кочо Рацин 97
Тел.: 115 840
E-mail: gmanager@mbdp.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Лазар Цветковски
Претседател на Управниот одбор:
Рубинчо Заревски
Директор:
Владимир Наумовски
Дата на основање:
1 ноември 1998 год.

Ефикасна финансиска поддршка за извозно ориентираните фирми

Македонската банка за поддршка на развојот е основана со цел да го стимулира развојот на малите и средните претпријатија во Република Македонија, како и за финансиска поддршка на домашното производство наменето за извоз. Во текот на 2000 година таа забележа значителен напредок во своето работење, а поткрепа за тоа е и оценката на германската КФВ банка, според која МБПР е пример за успешна промотивна банка во земјите во транзиција. Во изминатите две години се склучени рамковни договори за соработка со 11 комерцијални банки од земјава, одобрени се 52 кредити во износ од над 15 милиони евра за мали и средни претпријатија и во 15 различни стопански гранки е дадена поддршка на производството наменето за извоз. Во 2000 година започна реализацијата на италијанската кредитна линија во износ од 24,6 милијарди лири, а се склучи договор за комерцијална кредитна линија со КФВ во износ од 15 милиони евра. Во тек се преговорите со германската инвестициона и развојна корпорација ДЕГ за реализација на билатералната германско - македонска програма за поддршка на бизниси на повратници во земјава и на мали и средни претпријатија. Едно од најзначајните достигнувања е комплетирањето на подготовките за воведување на нова финансиска програма - осигурување на побарувањата од реализиран извоз од комерцијални ризици.

МБПР е структурирана според концептот на развојна банка кој содржи четири основни елементи: целосно почитување на пазарните принципи во банкарското работење - независност во деловното одлучување, комплементарност наместо конкуренција со комерцијалните банки и нефинансирање на државни органи и други корисници на државниот буџет. Во текот на 2000 година кредитниот одбор на банката одобри 25 кредити во вкупен износ од 7.034.252 евра, од кои во рамки на програмата за кредитирање на инвестиции во МСП е одобрен еден кредит од 400.000 евра, а останатите 24 се одобрени во рамките на програмата за поддршка на производството наменето за извоз. Средствата се пласирани преку шест домашни комерцијални банки. Во споредба со 1999 година, во 2000 година е постигната поголема диверсификација на пласманите по банки. Посматрајќи ја целината на кредитното портфолио од аспект на структурата според стопанските дејности во кои делуваат крајните корисници, може да се оцени дека постои солидна диверсификација на 14 дејности, со доминантно учество на три дејности - производство и преработка на тутун, на обоени метали и на производство на сообраќајни средства.

Во текот на 2000 година се наплатени сите достасани побарувања по одобрени кредити во износ од 349 илјади денари.

КРЕДИТНА БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво - Скопје
Адреса: Даме Груев 1, 1000 Скопје
жиро сметка: 40100-620-128
Депозитор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 116-433, генерален директор; 113-493,
директор за односи со јавност, 117-315

Претседател на Собрание:
Душан Туџаров, Генерален директор на "Реплек Македонија" АД, Скопје

Претседател на Управен одбор: Спирос Филаретос, Извршен генерален директор, Алпха Банк АЕ, Атина

Членови: Василиос Караиднорос, Директор Алпха Банк АЕ, Јоанис Јорданидис, Втор генерален директор, Кредитна Банка - АД, Скопје, Павлина Черепналковска, Прв генерален директор на Кредитна банка - АД, Скопје, Трајан Иванов, Директор Реплек Македонија, АД, Димче Николовски

Кредитен одбор: Павлина Черепналковска, Прв генерален директор, Јоанис Јорданидис, Втор генерален директор, Јорго Караџас, финансиски инспектор, Александар Кировски, Директор на девизен сектор Бранко Пенов, директор на работи со население, Жељко Ракиќ, дир. на сектор за финансии и развој

Дата на основање: 15 април 1993

Основачки капитал: 843.029.000 денари

Структура: Alpha Bank AE 83,59 %, Реплек Македонија, АД, 13,31%, Димче Николовски 1,94%, други 1,16%

Вкупна актива: 1.471.676. 000 денари

Нето добивка:
64.355.000 денари

Распоред на добивката:
нераспределена

Број на вработени: 53

Член на семејството на европски банки

Користејќи ја ефикасноста и флексибилноста како своја предност и почитувајќи ги основните банкарски принципи на ликвидност, сигурност и профитабилност, Кредитна банка АД Скопје, од своето формирање во 1993 година до денес мина низ континуиран и стабилен развој. Банката е меѓу првите приватни банки во Република Македонија и е основана од македонски и од австриски капитал. Во сериозна конкуренција на постоечките банки, Кредитна банка остварува значителни резултати и покрај нестабилното економско, политичко и финансиско опкружување. Седиштето е во Скопје, а има свои експозитури во Тетово, Струмица и Битола. Преку сопствената мрежа од 360 кореспондентски банки Кредитна банка нуди широка лепеза на банкарски услуги во земјата и во странство.

Со капитализација на средствата направена во 2000 година вкупниот акционерски капитал изнесува 185.760 илјади денари. Таа има издадено 1.548 обични акции со номинална вредност од 120.000 денари. Најзначаен момент во 2000 година беше откупот на 83.60 % од акциите од страна на Алфа Банк од Атина, со што Кредитна банка доби силна финансиска поддршка и се здоби со сериозен инвеститор со традиција и искуство. Алфа Банк е втора по големина банка во Грција. Со откупот на управувачкиот пакет акции Кредитна банка АД Скопје стана дел од Алфа Банк Групацијата и член на семејството на европските банки.

Кредитна банка нуди асортиман на банкарски услуги за работа со физички и правни лица - орочени и депозити по видување, потрошувачки кредити, банкарските сефови, менувачките работи, патничките чекови и друго. Во деловната 2000 година пред одаочување е остварена добивка во висина од 72,4 милиони денари, а вкупната пасива и фондови достигнаа 1,4 милијарди денари.

Т.Ц. ЗИРААТ БАНКА

Адреса: 11 Октомври, 3 - 1000 Скопје
жиро сметка: 40100-620-27
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел. 00 389 111 337 Факс 00 38991 110 013
Telex: 51 500 TCZBSK MB Swift Code: TC ZBMK22
E-mail: tczbsk@mol.com.mk

Членови на Управен одбор:
Претседател: Осман Тунаболу
Членови: Осман Акузу, Берки Мели, Фикрет Баран Ахмет Олгун и Б. Чаглар Унал
Менаџмент тим на банката:
Генерален директор: Осман Тунаболу
Извршени директори: Емин Ердем, Б. Чаглар Унал, Махмут Хабоглу, Ахмет Олгун, Ертан Јонгалик, С. Булент Селџук,
Х. Селџук Арсевен
Генерален директор на Т.Ц Зираат Банкаси - Подружница - Скопје:
Халил Макаскесен
Основачки капитал: 21.800.000 ДМ, државна сопственост на Република Турција
Вкупна актива:
1.806.891.041,00 денари на 31.12.2000
Вкупен приход:
197.663.135,00 денари на 31.12.2000
Добивка: 88.477.677,00 денари на 31.12.2000
Број на вработени: 19

Т. Ц Зираат Банкаси е основана 1863 година во градот Пирот близу Ниш. Во периодот од 1909 до 1912 година Зираат Банкаси основа свои филијали во Скопје и Битола.

Капиталот на Банката е во целосна сопственост на државата. Се работи за најголема банка во Турција, бидејќи Зираат Банкаси учествува со 30 % во банкарскиот сектор чија билансна вредност изнесува околу 120 милијарди долари.

Во Турција оваа банка има околу 1200 филијали со 34.000 вработени, додека надвор од земјата има 17 филијали меѓу кои во Њу Јорк, Лондон Франкфурт и други. Надвор од Турција Зираат Банкаси има основано седум банки меѓу кои во Москва, Франкфурт, Сараево и други. Со своето искуство и мрежата на филијали претставува најголема банка во Турција, како во рамките на домашното така и на полето на меѓународното банкарство.

Следејќи ја современата банкарската технологија, Зираат Банкаси располага покрај со 1200 филијали, и со 66 канцеларии, 71 Центри за посебни трансакции, 1.263 банкомати и приближно пет милиони корисници на кредитни картички.

Т. Ц. Зираат Банкаси Подружница - Скопје, своето работење го започна на 22 февруари 1999 година. Банката е лоцирана на плоштадот Македонија, сместена е во современи и атрактиви простории. Има вкупно 19 вработени, образовани според европските банкарски стандарди, од кои три лица се странски државјани а 16 лица се локален персонал.

Банката го користи најдобриот, најбрзиот и најфлексибилниот Software во земјата, сите вработени користат модерни персонални компјутери со Hardware поврзани со NT мрежа.

Со својот вкупен капитал од 21.800.000 ДЕМ, од кој на оснивачкиот капитал одат 21.000.000 ДЕМ кој е платен во целост е капитализирана добивката од 800.000 ДЕМ за 1999 година.

За премин од централизираниот систем на плаќање на Заводот за платен промет во RTGS и Claearing House го има потребниот Software и Hardware, но најважно е што го има персоналот кој ќе ги користи по извршената адаптација.

Во работењето секогаш се настојува квалитетот на услугите да биде на највисоко ниво. И Скопскиот одел на Зираат Банкаси, почитувајќи ги вообичаените стандарди на матичната банка, работи со ниска цена, на услугата, вистинитост, брзината и што е најважно доверливост и при тоа со клиентите да го сподели своето знаење, способноста и искуството.

ИК БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво, Скопје
Адреса: Партизански одреди 2, 1000 Скопје
жиро сметка: 40100-620-107
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 122 207;
E-mail: ikbinfo@ikbanka.com.mk
Web site: www.ikbanka.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Светлана Шаљинска
Претседател на Управен одбор:
Светлана Шаљинска
Директор: Панче Манчевски
Датум на основање: 15 март 1993 година
Основачки капитал: 712.753 илјади денари
Вкупна актива: 1.630,429 илјади денари
Добивка: 32.190 илјади денари
Распределба на добивката:
27.362 илјади денари
Вкупен приход: 164.031 илјади денари
Број на вработени: 50

Одржувањето на ликвидноста - гаранција за економично работење

Извозна и Кредитна Банка е формирана на почетокот на 1993 година. И покрај тешките услови за работење и засилувањето на конкуренцијата, ИК банка во 2000 година успеа да оствари позитивни трендови во сите сегменти од работењето, да ја сочува сигурноста и довербата и континуирано да остварува добивка за акционерите. Особено е значаен склучениот договор со Европската банка за обнова и развој, која купи акции во износ од 6 милиони марки и стана еден од најголемите акционери на ИК банка. Поради влошената финансиска состојба на претпријатијата инвестиционата активност е сведена на минимум.

Појдовна точка во кредитирањето се принципите на ефикасност, рентабилност и сигурност на пласманите за остварување на добивка. Одобрувањето на кредитите се темели врз претходно изготвени анализи на кредитниот ризик, а особено се цени кредитната способност и бонитетот на кредитобарателот. Во текот на 2000 година во банката се примени вкупно 318 барања за краткорочни кредити за претпријатија, од кои се одобрени 236 во вкупен износ од 565 милиони денари. Покрај кредитирањето на стопанството, одобрени се 434 краткорочни потрошувачки кредити на населението во износ од 60 милиони денари.

Во текот на 2000 година правните лица остариле девизен прилив од 12,3 милиони долари, нерезидентите од 26,9 милиони долари, односно остварен е вкупен прилив од 39,2 милиони долари. Во однос на трансферите кои се вршат преку Вестерн Унион извршени се вкупно 18.368 трансфери за уплати и исплати во вкупен износ од 8,4 милиони долари. За потребите на Вестерн Унион преку сметките во странство се пристигнати 5,7 милиони долари и се наплатени провизии во износ од 201.237,13 долари.

Работењето со населението во 2000 година се карактеризира со два елемента: зголемено учество на депозитни средства и зголемен износ на пласмани кај истите. Депозитните средства од физичките лица на крајот на 2000 година изнесувале 353 милиони денари што е за 679 % повеќе од 1999 година, додека вкупните депозити изнесуваат 579 милиони денари.

Просечниот износ на задолжителна резерва изнесува 8,10 милиони денари. Во утврдувањето на приходите и на расходите на банката за 2000 година се постигнати позитивни финансиски резултати. Вкупниот приход на банката изнесува 237 милиони денари, а вкупните расходи 205 милиони денари и остварена е бруто добивка од 32 милиони денари.

ОХРИДСКА БАНКА АД ОХРИД

Акционерско друштво - Скопје
Адреса: Македонски посветители, 19, Охрид
жиро сметка: 40100 - 620 -16
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 107-107
E-mail: obinto@ov.com.mk;
Web site: www.ob.com.mk

Претседател на Акционерското собрание:
Науме Хаџи Лега
Раководен орган на Банката:
м-р Најденко Попоски и Мито Ѓорески
Советник на Работодавниот орган:
Николина Белеска
Советник на Банката: Радован Трпески
Секретар: Богољуб Новаковски
Директори на дирекции:
Директор за кредитирање: Крсте Блажески
Директор за работа со населението:
Стања Ристеска
Дирекција за општо-правни и кадровски работи:
Петар Тегоски
Дирекција за платен промет и кредитни односи со странство: Биљана Андреска
Дирекција за средства, план и анализа:
Љупка Серафимоска
Дирекција за платен промет во земјата:
Митре Митрески
Служба за сметководство:
Славица Муртеска
Служба за АОП и Микрофилм: Боро Упевче

Вкупниот потенцијал на Банката е 3.101,1 милиони денари.

Нето добивка во 2000 година изнесува 57.348 милиони денари.

Средствата од населението 1.063,7 милиони денари што зборува за високата доверба на штедачите во Банката.

Пласманот во стопанството изнесува 30,8% од вкупните пласмани на Банката.

Со последната Супервизорска контрола од Народната банка на Македонија, Охридска банка беше во петте најдобро рангирани банки во Македонија. Во прилог на ова зборува и фактот што Охридска банка е добитник на традиционалната награда на Стопанската комора на Македонија за 2000 година која се доделува за постигнати резултати за најмалку пет години.

Охридска банка АД Охрид е основана на 19 април 1995 година, усогласена со Законот за банките на 27 октомври 2000 година и регистрирана во Трговскиот регистар на 8 декември 2000 година.

Во Охридска банка се вработени 117 лица.

Банката води политика на реални позитивни каматни стапки кои ги усогласува со движењето на есконтната стапка на Народна банка на Република Македонија, понудата и побарувачката на пари и движењето на каматните стапки на конкурентскиот пазар, а со цел одржување на реалната вредност на капиталот, мотивирање на штедењето и јакнење на кредитниот потенцијал на Банката.

АД РАДОБАНК СКОПЈЕ

Акционерско друштво - Скопје
Адреса: Јуриј Гагарин 17 - 1000 Скопје
жиро сметка: 40100-620-180
Депозитор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 393 300; 393 233
Web site: www. radobank.com.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Владе Стојановски
Претседател на Управен одбор:
Бранимир Матевски
Менаџерски тим: Ванчо Михајлоски
Дата на основање: мај 1993
Вкупна актива: 1.568.192 илјади денари
Вкупен приход: 328.569 илјади денари
Добивка: 76.623 илјади денари
Број на вработени: 52

Кредитниот потенцијал насочен во развојот на мали и средни бизниси

Од своето основање во 1993 година, во периодот на структурните реформи во македонското стопанство, АД Радобанк развива стратегија на раст и презема нови и значајни иницијативи за заземање пристојна позиција во банкарскиот систем на земјата. Притоа, мошне значајна компонента е зголемување на капиталот, што ја чини основата на финансиската и кредитната активност на банката, која, покрај во земјава, извршува платен промет и кредитно гаранциски работи со странство. Формирана како чисто приватна банка со домашен акционерски капитал, денеска таа има мешовит капитал, по последната емисија на обични акции во 2000 година, кога како купувачи се јавија две странски лица.

Во насока на остварување на деловните цели, во 2000 година беше значително подобрен кредитниот биланс со депозитни и кредитни средства од земјата и странство и со зголемување на основниот капитал. Тоа овозможи соодветна кредитно гаранциска и вонбилансна поддршка на своите коминтенти. Банката посебно се ангажира на промоција, прием и обработка на инвестициони програми и одобрување на инвестициони кредити од кредитните линии на Македонската развојна фондација за претпријатија, на Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија - НЕПА, на ИФДЦ - тајванската кредитна линија и на Македонската банка за поддршка на развојот.

Во текот на 2000 година се одобрени 10 инвестициони програми за мали и средни бизниси во вкупен износ од 1.408.500 евра, две програми за развој на земјоделскиот сектор во износ од 179.500 евра и две програми за извозни аранжмани вредни 230.000 евра. Општата оценка на менаџментот за работењето на банката во 2000 година е дека таа во целост успешно ги оствари планираните задачи и цели. Финансискиот потенцијал на Радобанк на крајот на 2000 година изнесуваше 1.558,4 илјади денари, што е повеќе за 18,5 % во споредба со 1999 година, при што во неговата структура најголемо е учеството на основните фондови - 36,5 %.

Најголемиот потенцијал на банката е концентриран во кредити и други пласмани кај финансиски и нефинансиски субјекти и тие во вкупната бруто актива учествуваат со 79,5 %. Добивката остварена во 2000 година во висина од 76.623 илјади денари е за 67 % поголема од онаа во 1999 година. Еден од најзначајните проблеми со кои се соочува банката, како и вкупниот банкарски систем во земјава, е кредитниот ризик кој, и покрај воспоставените ефикасни методи и процедури за негова проценка, се уште е присутен поради влошената ликвидност во стопанството.

ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ПРИВАТНА БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво - Скопје
Адреса: 27 Март, 1, 1000 Скопје
жиро сметка: 40100-620-250
Депозитор банка: Народна банка на Република Македонија
Тел.: 119-191 / 124-288 Факс: 112-830
E-mail: inpb@mt.net.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Ханс-Детлеф Нимц
Претседател на управен одбор:
Ханс-Детлеф Нимц
Членови: Елена Лошченкова, Алексеј Григориев, Христодоулос Г. Василиадес и Глигорие Гоговски
Дата на основање: 6 март 1996 година
Основачки капитал (износ и структура): 777.451.000 денари; 11 странски и 2 домашни правни лица. Поединечното учество на домашните правни лица не надминува 10 %
Вкупна актива: 647.135.000 денари
Вкупен приход: 97.315.000 денари
Добивка: 720.000 денари
Распоред на добивката:
покривање на загуба од минати години
Препознатлив имиџ: добитните картички
Број на вработени: 30

Почетоците на работењето на Интернационалната Приватна банка се во 1996 година, со тогашно име Столична банка Интернационал Македонија АД Скопје, формирана со 95 % акционерски капитал на московската Столичнаја банка и 5 % капитал на Тетекс банка. Во 1998 година таа го смени името во СБС Агро Банка Интернационал, а кон крајот на минатата година се изврши комплетна трансформација во независен правен субјект под сегашното име, по извршениот берзански откуп на акциите на СБС - Агро од новите акционери, 11 странски и 2 домашни правни лица. Банката е регистрирана за вршење платен промет, кредитни и депозитни активности во земјата и странство, а согласно законската регулатива, работи според принципите на ликвидност, сигурност на пласманите и профитабилност. Банката е овластена да работи со кредитни карти во Република Македонија.

Интернационалната Приватна банка врши универзални услуги на клиентите. Посебен белег на работењето на банката е емисијата на разни модели на пластични картички, според он - лајн принципот. На задоволство на менаџментот, бројот на комитентите речиси секојдневно се зголемува и денес изнесува околу 3.000. Од нив повеќето се македонски граѓани, а мал дел се странски лица. Се очекува наскоро, по добивањето на лиценца за вршење кредитни дејности и трансакции со странство од Народната банка на Македонија, значително да се зголеми бројот на клиентите од другите земји. Банката ги кредитира партнерите со кои има потврдена долгогодишна и сигурна деловна соработка. Причината за тоа е да се избегне присутниот степен на ризик при пласманот на кредити на пазарот. Во 2000 година Банката пласираше разни кредити за комитентите во износ од 25.209 илјади денари. Краткорочните и долгорочните кредити се одобруваат на претпријатијата заради унапредување

на нивното работење, а главно се обезбедени од комитенти и депоненти на банката. Краткорочните пласмани се одобруваат за ликвидност на претпријатијата со период на враќање до три месеци.

Според извршените ревизии на билансите на состојбата на крајот на 2000 година, во согласност со меѓународните стандарди за ревизија, банката располагала со вкупни парични средства во висина од 647.135 илјади денари, при што вкупните обврски достигнале износ од 87.432 илјади денари.

ИНВЕСТ БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво - СКОПЈЕ
Адреса: Мацедониа 9-11, 1000 Скопје
жиро сметка: 40100-620-84
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 114-166; генерален директор- 135-451
Е-маил: инвбкЖмол.цом.мк

Претседател на Собрание на акционери:
Наум Хаџи - Лега „кјуби„ Македонија
Претседател на Управен одбор:
Светлана Пендаровска „Пивара“ Скопје
Дата на основање: 30 декември 1992
Трансформација:
Усогласување со законските прописи 26 април 2000
Членови на Управен одбор: Саша Лекиќ, АД Макпетрол, Александар Симески, ЛТД Алватрон, Даблин, Кираца Трајковска, АД Фершпед, Скопје, Кирил Митровски, ГП СМ 94, Скопје, Весна Циниќ, Инвестбанка ДД Белград, Весна Стоилковска, претставник на вработените во Банката
Менаџерски тим:
Прв генерален директор Јосиф Ефтимовски, Втор генерален директор Драган Коцески
Одбор за ревизија: Ружица Филипчева, економист, Бобек Шуклев, Др по економски науки, Мирјана Кромидаровска, економист.
Основачки капитал: 577.977.000 денари
Вкупна актива: 2.376.598.000 денари
Вкупен приход: 580,3 милиони денари
Добивка: 35,4 милиони денари
Број на вработени: 54

Продолжување на трендот на ликвидно работење

Иако во 2000 година, Инвест Банка продолжи со квалитетно работење, ја сочува сигурноста и довербата и оствари добивка за своите акционери, со што ја зголеми капиталната основа. Зголемениот и квалитетен потенцијал на банката, со високо учество на траен, сопствен, акционерски капитал овозможи не само краткорочно кредитирање на стопанството и на населението, туку и долгорочно инвестиционо кредитирање. Банката е основана како акционерско друштво во 1992 година и ги следи инвестиционите идеи и проекти на малите и средните претпријатија, како и индивидуалните замјоделски производители, при што по потреба беа користени и кредитни линии од странство. Беа одобрувани кредити на бонитетни економски субјекти кои остваруваат добивка и обезбедуваат квалитетни инструменти за наплата на побарувања, а сето тоа е во согласност со деловната политика на банката. Притоа, се користат кредитни линии од ИФАД, од Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина -Тајван, кредити од италијанската кредитна линија и од кредитната линија на Македонската банка за поддршка на развојот.

Инвест Банка кредитира правни лица, им издава гаранции, врши услуги во платниот промет со странство и на девизниот пазар во земјата. Во работењето со населението банката отвора и води тековни и жиро сметки и овозможува наменски и станбени кредити.

Остварувајќи ги своите функции банката и во 2000 година во континуитет од нејзиното постоење успеа да оствари позитивни трендови во сите сегменти од работењето, да ја сочува сигурноста и довербата и да оствари добивка. Со перформансите што ги има постигнато, според супервизорските и ревизионите оценки за нејзиниот биланс и ангажманот на менаџерскиот тим и вработените, Инвест банка докажува дека умее да ги распознава вистинските вредности, да ги зачува и унапредува. Нејзината вкупна билансна состојба на

изворите и пласманите во 2000 година достигна износ од 2,45 милиони денари, што во споредба со 1999 година е повеќе за 44 %. Депозитите на правните лица изнесуваа 938 милиони денари и се поголеми за 84 % во однос на 1999 година. Средствата на населението изнесуваа 478 милиони денари, а акционерскиот капитал е зголемен и достигна 571 милион денари. Во неговата структура, акциите со право на управување учествуваат со 85,7 %, а приоритетните со 14,3 %. Во текот на 2000 година се одобрени 160 кредити на правни лица во износ од 770 милиони денари и 477 кредити на физички лица во износ од 85 милиони денари. Банката оствари особено зголемени активности во одобрувањето на долгорочни кредити од кредитната линија ИФАД, од каде досега се одобрени 491 кредитно барање во износ од 2,4 милиони долари. Кредитното портфолио на крајот на 2000 година изнесуваше 995 милиони денари и тоа е зголемено за 72,8 % како резултат на новите вложувања преку новообезбедените извори на средства.

ТЕТОВСКА БАНКА АД ТЕТОВО

Адреса: "М. Тито" 14, 91200 Тетово
жиро сметка: 41500 - 620 - 16
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: ++389 44/20 - 316, 23-901
E-mail: tbtb@mt.net.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Тевдо Ѓорѓески
Претседател на Управен одбор:
Борислав Трповски
Членови: Боривоје Михајловски, Душко Ѓорѓески, Миха Лаброски, Мино Михајловски, Станимир Милоевски, Таиб Муратовиќ, Атанас Спироски, Мирјана Манојловска
Кредитен одбор: Атанас Спироски, Олгица Ќироска, Мирјана Манојлоска, Љиљана Трпоска, Андромахја Стефановска
Менаџерски тим: Атанас Спироски, Олгица Ќировска, Пуниша Христов, Мирјана Манојлоска, Љиљана Трпоска, Андромахја Стефановска, Зилфи Алиу, Ќенан Идризи.
Дата на основање: 27.06.1995
Трансформација: 20.06.2001
Основачки капитал (износ, структура) 570.294 илјади денари
а) акционерски капитал
524.174 илјади денари
б)резерви 46.120 илјади денари
Вкупна актива: 1.216.374 илјади денари
Вкупен приход: 10.404 илјади денари
Добивка: 9.617 илјади денари
Распоред на добивката:
- дивиденда на приоритетни акции
7.987 илјади денари
- резерви 1.630,00 илјади денари
Вкупно вработени: 79

Тетовска банка А.Д. - Тетово е банка со традиција чии почетоци се во далечната 1961 година. Оваа банка помина низ сите фази на развој на македонското банкарство. Банката уште од основањето на нејзиниот правен претходник во 1961 година - Комунална банка - Тетово е поставена како универзална банка за вршење на сите банкарски работи, освен платниот промет во странство. Започна како Комунална банка - Тетово за во 1962-та година се трансформира во Комерцијална банка - Тетово. Од 1973 година се здружува со Стопанска банка - Скопје и во наредните години работи во системот Стопанска банка како филијала и како Основна банка.

Како самостојна Тетовска банка А.Д. - Тетово ја започнува својата работа во 1995 година со издвојувањето од Стопанска банка А.Д. - Скопје. Таа делува во тетовскиот регион, а во некои дејности -кредитирање на правни и физички лица, прибирање депозити и друго и во поширокиот регион.

Тетовска банка А.Д. - Тетово е Банка од универзален тип која обавува депозитна и кредитна функција на правни и физички лица, емисија на хартии од вредност, како и купување и продажба на истите и други банкарски работи, девизно-валутни работи во земјата. Од 1997 година банката со добивање на Решение од Народна Банка на Република Македонија отпочна со вршење на платен промет и кредитно-гаранциски работи со странство за своите комитенти, а во тек се почетоците за вршење на платен промет во земјата.

БАЛКАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво - Скопје
Адреса: Максим горки 6, 1000 Скопје
Депозитор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел: 398 02 127 155; 128 139 Факс: 132 186; 230 268
E-mail: balkanbank@mt.net.mk
Web site: www.bbs.com.mk

Претседател на Управен одбор:
Илија Павлов
Заменик: Кирил Јанев
Членови: Бојана Поповска, Николај Валканов, Кирил Пендев, Михаел Џамбазов, Климент Заров
Менаџерски тим: Кирил Пендев (претседател), Георги Кехајов и Михаел Џамбазов (заменици), Николина Богданова и Мира Шекутковска
Дата на основање: 1993 год.
Основачки капитал - 9 милиони евра
Вкупна актива - 1.355 милиони денари
Вкупен приход - 205 милиони денари
Добивка 4,3 милиони денари

Балканска банка е основана на почетокот на 1993 година, во периодот кога започна сопственичката трансформација во стопанството и промените во системот на пазарната економија. Таа е една од првите приватни банки во Република Македонија. Банката е акционерско друштво со мешовит капитал од акционери - претпријатија и банки од Република Македонија и Република Бугарија. Денес располага со капитал од над 9 милиони евра. Од основањето до денес, преку разни банкарски активности во доменот на депозитните и кредитните работи, платниот промет во земјата и странство, работењето со хартии од вредност и останатите банкарски работи, стекнато е значително искуство и воспоставена е соработка со поголем број на клиенти, правни и физички лица од земјата и странство.

Стратегијата за идниот развој се темели на подобрување на квалитетот и разновидноста на банкарските активности. Менаџментот на банката презема конкретни мерки и активности за организациско, персонално и техничко - технолошко приспособување, неопходно за прифаќање на предизвикот да се изгради универзална и ефикасна банкарска институција. Условите во кои работеше Балканска банка во деловната 2000 беа поповолни од 1999 година, од аспект на интензивирање на позитивните економски процеси во стопанството во државата, постигнатото ниво на макроекономската стабилност, стабилноста на девизниот курс и нивото на инфлацијата.

Така, вкупниот потенцијал на банката во 2000 година достигна ниво над 1.355 милиони денари, што е повеќе за 34,1 % од 1999 година, депозитните извори на средства пораснаа за 45,1 %, а кредитните извори се сведоа на исклучително ниско ниво. Од кредитните активности најзастапено е краткорочното кредитирање. Банката потпиша договор со Македонската банка за поддршка на развојот со што стана овластен сервисер на повеќе долгорочни кредитни линии. Во областа на платниот промет со странство во 2000 година се остварени приливи и одливи во вредност од над 128 милиони долари, што е зголемување за 37 % во споредба со 1999 година. Добивката пред оданочувањето изнесуваше 4,3 милиони денари, а вкупниот приход 205 милиони денари.

Во текот на 2001 година значаен предизвик претставува вклучувањето во новиот платен систем, за кој се очекува да биде најголемата промена во финансискиот систем. До крајот на 2001 година се очекува натамошен пораст и преструктуирање на кредитното портфолио.

СИЛЕКС БАНКА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво - Скопје
Адреса: Градски Зид, блок 2, локал 5, 1000 Скопје
жиро сметка: 40100-620-154
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел: 02/115-288, 115-880; Факс: 02/114-891
E-mail: silbank@unet.com

Претседател на Собрание на акционери:
Дипл.инж. Љубисав Иванов
Претседател на Управен одбор:
Дипл.инж Љубисав Иванов
Членови на Управен одбор:
Љ. Иванов, В. Савевски, П. Мијалков,
Јосифовски, М. Цветков
Кредитен одбор: Розета Ивановска, Борка Цветановска, Снежана Милановска
Менаџер:
Дипл. ек. Розета Ивановска
Дата на основање: 1 ноември 1993
Трансформација: постапка за припојување на Земјоделска банка АД Скопје кон Силекс банка АД Скопје
Основачки капитал (износ структура): 565.507 илјади денари во 2000 година
Вкупна актива: 731.192 илјади денари на крајот на 2000 година

Пет основачи во 1993 година ја формираа Силекс банка, а од нив најголем удел во основачкиот капитал има една од најуспешните македонски компании, Холдинг Компанијата, РИК Силекс од Кратово. Бројот на акционерите изнесува 33, од кои 21 се домашни, а 12 се странски лица. Банката нуди широк спектар на банкарски услуги. Таа, меѓу другото, се занимава со депозитни и кредитни работи, издавање на сите видови гаранции и други форми на емство, работа со население, штедење во сите видови, издавање на парични картички, давање кредити и други работи на платен промет врзани со овие работи. Освен тоа, Силекс банка се ангажира на купување на меници и чекови, трезорски работи, продажба на хартии од вредност како и планирање на слободните парични средства на банката и на филијалите. Во нејзиниот домен на работење спаѓаат и работите со финансискиот инженеринг и консалтинг, развивањето на работите со населението, како и партиципирањето во работење на конзорциумот на банки и други финансиски организации.

Средствата со кои банката располага се користат во согласност со нивната пригода и намена, а во рамки на законските норми и Договорот за основање и работење. Таа работи во свое име и за своја сметка, во свое име и за сметка на други, а според организационата мрежа располага со две експозитури и три менувачници. Експозитурите и менувачниците не се правни лица и се составни делови на банката, а модемски се поврзани со службата за автоматска обработка на податоците - АОП.

Силекс банка, заклучно со 31 декември 2000 година, има капитал во износ од 556.215.371 денари, а во завршна фаза е нејзиното припојување со Земјоделска

банка АД Скопје. Со спојувањето, капиталот на банката ќе достигне 600.521.859 денари. Инаку, анализите на билансот на состојбата за 2000 година покажале висина на вкупната актива од 731.192 илјади денари, а на вкупната пасива од 260.114 илјади денари. Остварената нето добивка на Силекс банката во 2000 година изнесува 95.384 илјади денари.

ПЕЛАГОНИСКА БАНКА АД ПРИЛЕП

Акционерско друштво - Прилеп
Адреса: Горцхе Петров, бб, Прилеп
жиро сметка: 41100-620-16
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
E-mail: pelabp@mt.net.mk

Директор:
Кире Неделкоски

Пелагониска банка АД - Прилеп е основана 1962 година со здружување на повеќе штедно-кредитни задруги на територијата на општина Прилеп под името Комунална банка Прилеп. Од 1963 година работи како Комерцијална банка - штедилница, а три години подоцна преминува во Комерцијална инвестициона банка Скопје. Од почетокот на 1973 година Банката има ново име: Стопанска банка - Основна банка Прилеп, со кое име работи следните 12 години за во 1990 година иако останува во Стопанска, сепак се преименува во Стопанска банка АД Скопје - Главна филијала Прилеп. Пет години подоцна, во декември 1995 година, Прилепската банка се осамостојува и функционира како Пелагониска банка АД Прилеп.

Меѓу најголемите акционери се Тутунскиот комбинат, „Витаминка“, Мермерскиот комбинат, Пиварницата, и „Жито Прилеп“. Пелагониска банка располага со гарантен капитал од 300 милиони денари од кои 170 милиони денари е акционерски капитал. Вкупната актива и пасива со која располага Банката е над една милијарда и сто милиони денари. Од тоа кредитен потенцијал е 800 милиони денари. Најмногу се пласираат кредити за развој на мали и средни претпријатија, а околу 80 милиони денари се потрошувачки кредити. Пелагониска банка со 106 вработени располага со доволно стручен потенцијал. Пелагониска банка ги нуди сите банкарски услуги: давање - земање кредити, примање на сите видови парични депозити, девизно-валутни работи, издавање парични картички, платен промет во земјава, издавање денарски гаранции, купување и продажба на краткорочни хартии од вредност, освен надворешно-трговското работење, кое е оневозможено бидејќи спаѓа во банките со помал потенцијал.

Собранието на акционерите во 2 001 година донесе одлука за интеграција на Банката со Комерцијална банка АД - Скопје. Со тоа, Банката ќе може да го врши надворешно-трговското работење и да користи странски кредити. Пелагониска банка иднината ја гледа токму во интеграцијата со Комерцијална банка, со што квалитетот и квантитетот на работењето на Банката ќе се зголемат, а ќе се намалат високите пласмани само во една фирма и, што е најбитно, ќе се овозможи побрз развој на прилепското и другите стопанства кои ќе ги користат услугите на Банката.

КОМЕРЦИЈАЛНО ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД КУМАНОВО

Адреса: Нова Југославија, бб - Куманово
жиро сметка: 40900-620-16
Депоситор банка: Народна банка
на Република Македонија
Тел.: 031/414 333, 24 333, 26 455
E-mail: kib-ku@mt.net.mk

Претседател на Собрание на акционери:
Бранислав Даштевски
Претседател на Управен Одбор:
Новица Дамјановски
Членови: Власте Савевски, Влатко Крстевски, Мире Јовановски, Татјана Чавдар - Цубалевска, Мирослав Стојановски, Јордан Спасовски
Кредитен Одбор: Стојан Филиповски, Славица Стојановска, Сашо Димовски, Сузана Цветковска, Миле Ристовски, Јовица Ангеловски, Јасна Петровска, Зоран Јовановски
Директори:
Славица Стојановска и Стојан Филиповски
Трансформација: Извршена во Акционерско Друштво на 15 јуни 1995 год.
Номинална вредност на акционерски капитал: 304.169.818,00 денари
Капитал на Банката: 374.617.694,00 денари
Вкупен приход (декември 2000 г.): 377.265,00 денари
Нето добивка: 810.787,50 денари,
распоредена во резервен фонд на банката.

Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово е правен следбеник на Банката која е формирана од 1955 година на подрачје на бивша Кумановска околија со 30 вработени, а нејзиниот развоен пат и растеж говорат за една позитивна динамика за современо банкарство денес.

Од 1968 година работи како Комерцијално Инвестициона банка вршејќи ги сите видови активни, пасивни и други банкарски работи.

Од 1 јануари 1973 година Комерцијално Инвестициона банка станува филијала на Стопанска банка Скопје. Ваква трансформација беше всушност наложена од самите новонастанати услови во стопанството.

Од 1 јануари 1978 година Стопанска банка Скопје, филијала Куманово се трансформира во Стопанска банка Куманово. Оваа трансформација е направена согласно одредбите на Уставот на СФРЈ и СРМ за основите на кредитниот и банкарскиот систем. Како Основна банка Куманово, Банката ги донесе Статутот на Банката, Самоуправна спогодба за здружување во Стопанска банка Основна банка Куманово и конституира Собрание на Банка, како и други органи на Банката. На 31 јануари 1990 година донесена е Одлука за основање на Стопанска банка АД Скопје каде што Стопанска банка Основна банка Куманово е Главна филијала на Стопанска банка АД Скопје. Основна цел за основање на ваквата Банка е да со средствата вложени во нејзините фондови, со средствата од депозитите и земените кредити, како и со други средства прибавени на пазарот на пари и хартии од вредност во земјата и странство, со емитирање и продажба на хартии од вредност и средства од резултатот на работењето на начелото на ликвидност, сигурност и рентабилност самостојно да врши дејност заради остварување на добивка.

Поради наложената трансформација во банкарскиот ситсем на Македонија Стопанска банка АД Скопје Главна филијала Куманово се трансформира во Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово.

Основачкиот одбор на Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово донесува Одлука за основање Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово на чиј предлог Основачкото собрание на оваа Банка ќе

го донесе и Статутот на Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово.

Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово се основа како акционерско друштво за извршување на депозитни, кредитни и други банкарски работи во земјата и во странство. Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово во своето работење и управување ќе се организира како единствена банка по принципите на акционерско друштво.

Банката ќе се смета за основана со пренос на капитални вложувања на основачите на Главна филијала Куманово во Комерцијално Инвестицона банка АД Куманово.

Како Комерцијално Инвестициона банка АД Куманово работи од 15 јуни 1995 година.

Влогот на секој основач во основачкиот капитал на Банката е утврден во списокот на основачите што е составен дел од Статутот на Банката.

Основачкиот капитал на Банката ќе изнесува 12.000.000 германски марки. Вредноста на една обична акција изнесува 100 германски марки во денарска противвредност.

ПОДГОТВУВА И ИЗДАВА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ул. "Даме Груев" 14, 1000 Скопје, Тел: (389) 02 117 288, Факс: (389) 02 117 280
Интернет адреса: **http://www.finance.gov.mk**

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Александар Стојков

ЗАМЕНИК ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Дејан Рунтевски

РЕДАКЦИСКИ КОЛЕГИУМ
Ванчо Каргов
м-р Анита Ангеловска
Александра Наќева
Гордана Јанкулоска
Гордана Ивановиќ
Никица Мојсоска
Дејан Рунтевски

ЛЕКТОР
Лилјана Пујовска

"ПРОДУКЦИЈА М"

ДИЗАЈН:
Зоран Ризовски - Рижо
Мирослав Милановиќ

ФОТОГРАФИЈА
Кире Галевски

ФОТОЛИТИ
МагнаСкен, Скопје

ПЕЧАТИ
Нико Компани, Скопје

ТИРАЖ
500 примероци

ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА, ГИ МОЛИМЕ КОРИСНИЦИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА ГО НАВЕДАТ ИЗВОРОТ

ISSN 1409 - 9209
Билт. Минист. Финанс.
7-8/2001